**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1088**
**Скопје, 14 ноември 2014 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет:** **Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**è**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1088 од 14 ноември 2014 година**


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Анастас Крстевски, Јованка Цветкова, Маја Михаилова, Маја Марковска, Билјана Ристаќовска)**............................8

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Математика I дел (за студенти по биологија)** од авторите **проф. д-р Драган Димитровски, проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ, доц. д-р Ѓорѓи Маркоски**............................................................9-14

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов: **Радиографско-ултрасонографско-остеодензитометриска анализа на коскатa при хируршки елонгации и корекции на деформации на екстремитетите** од **д-р Ненад Атанасов, м-р сци.**, пројавена на Медицинскиот факултет во Скопје.........................................................................................................15-20

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Силвана Ивановска, Тања Тимова, Катерина Арсова, Виолета Тројачанец, Александра Петкова, Тони Димов, Ирена Илиевска, Зоран Милков, Марија Митевска, Вилијамс Зекировски, Мартина Хараламииева, Маја Казанџиева, Билјана Огненова, Ханифе Зибери, Драгица Чекаровска, Марјан Калевски)**...................................................21-22

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(Јехона Бериша, Скендер Рушити, Ибраим Ајдини)**..........................................................................................23

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Катерина Смиљкова, Виолета Јованоска, Давид Алексовски, Дамјан Чудо, Румен Крепиев, Билјана РистескаТијана Трифунова, Елена Петрова, Јовица Василевски, Мери Кокановска, Љубомир Стојчески, Нина Бојковска, Даниела Којческа, Викторија Маринкова, Фросина Митровска, Марија Крстева, Ацо Николовски, Душица Ангелова, Верица Каракашова, Иван Роглиќ)**............................24-26

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на учебникот **Ветеринарно-санитарен надзор на животните за колење и месо** од авторите **Павле Секуловски, Мирко Проданов, Андреј Кирбиш, Мања Крижман и Петар Распор-Лаиншчек** пријавен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје..................................................................27-31

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Александар Наумовски, Емилија Петреска)**....................32

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на еден наставник во звањето доцент по предметот костимографија на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Александар Рашковиќ)**.........................................................................................33-39

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Имране Селмани, Елма Јашар, Сандра Липша, Влатко Поповски, Драгана Тасевска, Антонио Кочовски, Иван Стојановски, Симона Ѓеоргиевска, Ида Реепагиќ, Сања Ристески, Кити Николова, Славе Петковски, Алберто Грозданов, Александар Блажевски, Мартин Мирчевски, Рената Џон, Андриана Винарова, Александра Георгиевска, Марко Трајанов, Маја Атанаскоска, Кристина Алексова, Еркин Хасан, Иџлал Керим, Кристијан Цветановски, Лина Андоновска, Виолета Мицајкова, Ивана Евтимовска, Паша Кариќ, Томи Илиевски, Ивана Димитровска, Иле Цинговски, Марија Димчевска, Ана Сотировска, Билјана Ѓеоргиевска, Оливија Кукоска, Арта Јусуфи, Марија Крстеска, Мики Петкоски, Ивона Бузук, Томе Пулејков, Виолета Денковиќ, Марија Стојановска, Сашка Ѓорѓиоска, Дејан Недељковиќ, Елизабета Серафимова, Ирена Трајковска, Дамјан Малиновски, Адријана Наумовиќ, Катерина Петревска, Банина Цамиќ, Билјана Илиевска, Мартина Иванова)**......................................................40-49

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два наставника во сите звања по предметот оториноларингологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(в. н. сор. д-р Никола Николовски, в. н. сор. д-р Јане Нетковски)**..............................50-76

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор во звањето доцент на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Марија Паунова)**..............................................77-92

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Бојан Блажевски, м-р Тане Димовски, м-р Анастасија Трајковска)**..........................93-94
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Валдет Фејза, Габи Лазароска, Катерина Чаловска)**..............................................95

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Ана Стојковиќ, Калина Димчева, Славчо Таушанов, Сандра Станисављевска, Јасмина Стојмирова, Дејан Ивановски, Драган Молеровиќ, Сања Здравковска, Марина Бачановиќ, Славица Јовановска, Дарко Малевски, Иван Атанасовски, Влатко Данчев, Миона Турковиќ, Вида Андонова, Билјана Лозановска, Трајче Тефов, Огненка Гаврилоска, Ивана Анастасовска)**..............................................96-98

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Габриела Ивановска, Мајљинда Иљази, Горан Ѓошевски, Гоце Михајловски)**..............................................99-100

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензијата на докторската дисертација **Студената војна како израз на биполарните меѓународни односи 1945-1991 (од аспект на НАТО и Варшавскиот пакт)** од **м-р Елена Иванова,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје..............................................101-106

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Технологија и безбедност при производство на бистар сок од сортите јаболка ајдарет и златен делишес** од **м-р Намик Дурмиши,** пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје..............................................107-113

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Теута Кутловци)**....................................114

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите: металургија на обоени метали, хидрометалургија, хидрометалуршки постапки во обоената металургија и современи постапки во металургијата на обоени метали на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Ана Томова)**...........................................................................115-125

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Етичките основи на наставата,** поднесена од **м-р Горица Поповска Налевска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.........................................................................................126-129

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Магдалена Љубиновска, Ана Димитровска, Јанко Лазаревски, Маја Најдовска, Јована Лазаровска, Ивана Стаменков, Филимена Бошковска, Зоран Глигоров, Иван Андреевски, Ива Петрова, Дарко Бежаноски, Емилија Чадиковска, Јана Михаилова, Дафинка Богданова-Петровска, Маја Петрушевска, Ивана Трајковска, Филип Цветковски, Владимир Кировски)**............................................................130-132

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на математичката анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Љупчо Настовски)**.........133-143

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“**

1. Реферат за преизбор на научен советни во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје **(д-р Лидија Тантуровска)**...........................................144-159

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на соработник во звањето асистент од научната област економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(м-р Марина Нацка)**..........................................................................................160-164

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на Рефератот за избор на четири наставници во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, поднесен од **ас. д-р Огнен Ивановски**, објавен во Билтен бр. 1087 од 3.11.2014 година....................................165
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на четири наставници во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1087 од 3.11.2014 година.......................................166
3. **Приговор** на Рефератот за избор на четири наставници во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, поднесен од **ас. д-р Рецеп Сељмани**, објавен во Билтен бр. 1087 од 3.11.2014 година................................167-172
4. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на четири наставници во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1087 од 3.11.2014 година.................................173-174

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање – редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(д-р Ганка Цветанова)**...........................................................................................175-184

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Ирена Авировиќ, д-р Христина Игнатовска-Димитрова, д-р Зоран Вучев, д-р Љубица Топузовска-Темелковска)**..........................................................185-202

2. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Ирена Авировиќ, д-р Христина Игнатовска-Димитрова, д-р Даниел Павловски, д-р Зоран Вучев, д-р Македонка Радуловиќ, д-р Љубица Топузовска-Темелковска)**..........................................................................203-227

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“**

1. Реферат за избор на научен советник во Одделението за лексикологија и лексикографија во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје **(д-р Олгица Додевска-Михајловска)**...............................................................228-242

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Ефекти на три тренинг-модели врз развојот на експлозивната сила на горните и долните екстремитети по спроведен 8-неделен тренинг кај ракометари-младинци** од **м-р Влатко Неделковски,** пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје..............................................................................................................243-246

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два наставника во сите звања по предметот физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(доц. д-р Слободан Николиќ, доц. д-р Људмила Ефремовска)**..............................................................................247-266

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на ракописот **Балканот и американската дипломатија во XX век** од авторот **доц. д-р Мишо Докмановиќ**, пријавен на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.............................................................................................267-271

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во научното поле на општествените науки, подрачје: економски науки и во областа на меѓународните економски односи на Економскиот институт во Скопје **(д-р Весна Георгиева Свртинов, д-р Игор Тантуровски)**..............................................................................................272-289

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од XVI-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 31.10.2014 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор |
|---|---|---|---|
| Анастас Крстевски | Оцена на некои лактациски, репродуктивни и морфолошки особини кај млечни крави | Estimation of some lactation, reproductive and morphological traits of dairy cows | Проф. д-р Ѓоко Буневски |
| Јованка Цветкова | Влијание на хербожинизацијата врз квалитетот на грозјето и виното кај сортите вранец и кабарне совињон | The effect of carbozenization to the quality of the grape and wine (vranec and cabarnet souvignone) | Проф. д-р Звонимир Божиновиќ |
| Маја Михаилова | Контаминација на храна за несилки со афлатоксини | Aflatoxin contaminationof feed for laying hens | Проф. д-р Среќко Ѓорѓиевски |
| Маја Марковска | Процена на ризик од афлатоксини во млеко и млечни производи | Risk assessment of aflatoxin in milk and milk products | Проф. д-р Соња Србиновска |
| Билјана Ристаќовска | Влијание на рокот на сеидба и фазата на косење врз приносот на зелена маса кај маслодавната репка (*Brassica napus* L. ) | Influence of sowing date and harvest stage on green forage yield of oilseed rape (*Brassica napus* L. ) | Проф. д-р Татјана Прентовиќ |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ „МАТЕМАТИКА I ДЕЛ (ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО БИОЛОГИЈА), ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р ДРАГАН ДИМИТРОВСКИ, ПРОФ. Д-Р ВЕСНА МАНОВА-ЕРАКОВИЌ И ДОЦ. Д-Р ЃОРЃИ МАРКОСКИ

Наставно-научниот совет на Природно-математички факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" од Скопје, на седницата оджана на 26.06.2014 година донесе Одлука за избор на рецензентска комисија во состав проф. д-р Никита Шекутковски, проф. д-р Валентина Миовска и проф. д-р Дана Прелиќ за оценка на ракопис под наслов ,,Математика I дел (за студенти по биологија)" од авторите проф. д-р Драган Димитровски, проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ и доц. д-р Ѓорѓи Маркоски. По разгледувањето на ракописот ја доставувам следната

## РЕЦЕНЗИЈА

Ракописот ,,Математика I дел (за студенти по биологија)" од авторите проф. д-р Драган Димитровски, проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ и доц. д-р Ѓорѓи Маркоски е работен според дел од предметната програма на предметот математика со биостатистика на наставните програми биохемија-физиологија и молекуларна биологија на првиот циклус студии на Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Овој предмет е предвиден со 3+3 часа неделно и вкупно 7 кредити. Ова е прво издание на овој ракопис.

Ракописот се состои од 210 страници поделени во 3 глави. На крајот на ракописот има содржина.

Првата глава ,,Реални броеви" е поделена на 39 параграфи. Опфаќа елементи од теоријата на множества и од математичката логика. Се дефинираат поимите за кореспонденција, релација, пресликување, операција и дадени се некои основни својства. Дефинирани се односот, пропорцијата и процентот и дадени се видови процентни задачи. Дефиниран е поимот за низа, дадени се основните особини на конвергентните низи. Обработени се и аритметичката и геометриската прогресија. Воведен е поимот за ред. Разгледани се и природните низи и бројот *e*.

Втората глава ,,Реални функции" е поделена на 16 параграфи. Освен основните поими за реалните функции од една реална променлива, дадени се дефиниции на поимите (парност, локални екстреми, периодичност, монотоност, ограниченост) и својства поврзани со реални функции. Дефинирана е гранична вредност на функција, непрекината функција и дадени се некои својства на непрекинати функции. Разгледани се елементарните функции. На крај, дефинирана е функцијата од повеќе реални аргументи.

Третата глава, ,,Диференцијално сметање", е поделена на 9 параграфи. Тука се дефинира прв извод на функција, а потоа и изводи од повисок ред. Освен геометриското значење на изводот, дадено е и биолошко значење на изводот. Разгледани се и теоремите на Ферма, Рол, Лагранж, Коши, како и правилото на Лопитал. Дадени се примери на испитувања на функции.

Имајќи предвид дека овој ракопис е наменет за студенти по биологија, на некои места е избегната математичката строгост (определени тврдења не се докажуваат), а дадена е предност на практичната примена. Така, има доста примери и решени задачи од областа на биологијата.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените аргументи, овој ракопис можат да го користат студентите од првиот циклус студии по биологија на Природно-математичкиот факултет како учебник по предметот математика со биостатистика, кој го содржи првиот дел предвиден со предметната програма, но можат да го користат и студенти од факултети во чии наставни програми се опфатени содржините што се обработуваат во овој ракопис.

Затоа, му предлагам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да го прифати овој ракопис како учебник за првиот дел по предметот математика со биостатистика за студентите на првиот циклус студии на Институтот за биологија.

Рецензент
Проф. д-р Валентина Миовска, с.р.

НА РАКОПИСОТ „МАТЕМАТИКА I ДЕЛ (ЗА СТУДЕНТИ ПО БИОЛОГИЈА)” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ДРАГАН ДИМИТРОВСКИ, ПРОФ. Д-Р ВЕСНА МАНОВА-ЕРАКОВИЌ И ДОЦ. Д-Р ЃОРЃИ МАРКОСКИ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на седницата оджана на 26.6.2014 година, донесе Одлука за избор на Рецензентска комисија во состав проф. д-р Никита Шекутковски, проф. д-р Валентина Миовска и проф. д-р Дана Прелиќ за оцена на ракопис под наслов „Математика I дел (за студенти по биологија)” од авторите: проф. д-р Драган Димитровски, проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ и доц. д-р Ѓорѓи Маркоски. По разгледувањето на ракописот го доставувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Со развојот на биологијата сé повеќе има потреба од вклучување на математички методи во истражувањата, и тоа не само оние што се во секојдневна употреба за изведување на заклучоци со анализа на резултати добиени од експерименти, туку и многу посуштински кои бараат и многу подлабоки познавања од разни математички дисциплини. Во обратната насока, истражувањата во биологијата влијаат на развојот на одреден математички апарат. Заемната интеракција ја потврдуваат научните списанија од областа на математичката биологија.

Заради ова сметам дека ракописот „Математика I дел (за студенти по биологија)” од авторите проф. д-р Драган Димитровски, проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ и доц. д-р Ѓорѓи Маркоски се појавува во вистински момент, како учебник за студентите по биологија.

Во ракописот се вклучени и многубројни примери од биологијата како: Малтусов закон за растење, објаснување како бројот e = 2,7182... игра многу важна улога во процесите во природата, растење на колонија микроорганизми и многу други примери и решени задачи од областа на биологијата.

Ракописот „Математика I дел (за студенти по биологија)” од авторите проф. д-р Драган Димитровски, проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ и доц. д-р Ѓорѓи Маркоски е работен според првиот дел од предметната програма на предметот математика со биостатистика на наставните програми биохемија-физиологија и молекуларна биологија на првиот циклус студии на Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Овој предмет е предвиден со 3+3 часа неделно. Ова е прво издание на овој ракопис. Ракописот се состои од 210 страници поделени во 3 глави.

Првата глава „Реални броеви” е поделена на 39 параграфи. Опфаќа елементи од теоријата на множества и од математичката логика. Се дефинираат поимите за кореспонденција, релација, пресликување, операција и дадени се некои основни својства. Дефинирани се односот, пропорцијата и процентот и дадени се видови процентни задачи. Дефиниран е поимот за низа и дадени се основните особини на конвергентните низи. Обработени се и аритметичката и геометриската прогресија. Дефиниран е бројот $e$, и објаснета улогата на оваа математичка константа во процесите во природата.

Втората глава „Реални функции“ е поделена на 16 параграфи. Освен основните поими за реалните функции од една реална променлива, дадени се дефиниции на поимите (парност, локални екстреми, периодичност, монотоност, ограниченост) и својства поврзани со реални функции. Дефинирана е гранична вредност на функција, непрекината функција и

дадени се некои својства на непрекинати функции. Разгледани се елементарните функции.

Третата глава ,,Диференцијално сметање" е поделена на 9 параграфи. Тука се дефинира прв извод на функција, а потоа и изводи од повисок ред. Освен геометриското значење на изводот, дадено е и толкување на овој поим како брзина во одреден временски момент на процес во природата. На повеќе примери и задачи разгледани се стандардните примени на поимот извод . Дадени се примери на испитувања на текот на реална функција со помош на изводи.

Забелешките се доставени до авторите и тие ќе бидат внесени во конечната верзија на учебнкот.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените аргументи, го препорачувам ракописот ,,Математика I дел (за студенти по биологија)" од авторите проф. д-р Драган Димитровски, проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ и доц. д-р Ѓорѓи Маркоски како учебник за студентите од првиот циклус на студиите по биологија на Природно-математичкиот факултет, по предметот математика со биостатистика, за првиот дел од предметната програма.

Рецензент

Д-р Никита Шекутковски,

професор на Институтот за математика
при Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ „МАТЕМАТИКА I ДЕЛ (ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО БИОЛОГИЈА), ОД АВТОРИТЕ: ДРАГАН ДИМИТРОВСКИ, ВЕСНА МАНОВА-ЕРАКОВИЌ И ЃОРЃИ МАРКОСКИ

Комплексноста на биолошките науки и вклучувањето на математиката како научна дисципилина во биолошките истражувања е од суштинско значење. За математичарот, биологијата отвора нови и возбудливи предизвици, додека за биологот, примената на математиката овозможува презентирање, предвидувања и моделирање на биолошки процеси, со користење на различни применети математички техники и алатки. Рапидниот прогрес на биолошките науки наложува осовременување на наставниот процес, што во овој контекст подразбира и современи актуелни учебници од областа на математиката, што ќе овозможи студентите да се информираат за новите, понекогаш и многу значајни откритија од овие две области.

Со оглед на потребата од едуцирање на биолозите од математички аспект, сметам дека овој ракопис се појавува во вистински момент, корисен е на многу нивоа и ја пополнува празнината од оваа област.

По деталниот преглед на ракописот се стекнува мошне поволен впечаток во поглед на изборот на содржината и нејзиното дидактичко обликување, распоредот и систематизирањето на материјалот, како и во поглед на дозирањето и неговата интерпретација, со изразена тенденција на јасен и концизен начин да се презентираат основните математички принципи.

Ракописот е презентиран на околу 200 страници распоредени во три главни поглавја: РЕАЛНИ БРОЕВИ, РЕАЛНИ ФУНКЦИИ И ДИФЕРЕНЦИЈАЛНО СМЕТАЊЕ.

**Во првото поглавје**, кое содржи 39 потпоглавја, разработени се следниве едници: поим за множество; кореспонденција; еквиваленти множества; основни особини на неориентирани графови; множество на природни броеви; множество на цели броеви; множество на рационални броеви; однос и пропорција; величини; проценти; бројна права; поим за низа; метод на децимално мерење на отсечките; воведување на реален број; постапка на делење; подредување во Р; операции во Р; Њутнова биномна формула; својство на густина на реалните броеви; неравенство на Бернули; апсолутна вредност; низи од реални броеви; точка на натрупување на низи; гранична вредност на низа; бескрајно мали и бескрајно големи низи;операции со гранични вредност на низи; операции меѓу конвергентни низи и бескрајно големи низи; критериуими за конвергенција на низа; реален број како граница на низа на рационални броеви; степен на реален број со реален експонент; аритметичка прогресија; геометриска прогресија; поим за ред; теорема за апроксимација; природни низи, бројот е; теорема за пресметување на бројот е.

**Во второто поглавје** (16 потпоглавја) се опфатени: основни поими за реалните функции; збир, разлика, производ, количник на функции, производ на функција со реален број; инверзна функција; парност на функција; локални екстреми на функција; периодичност на функција; монотоност на функција; ограниченост на функција; скицирање графици на функции; гранична вредност на функција; непрекинатост на функција;

бескрајно големи лимеси; асимптоти на криви; елементарни функции; карактеристични гранични вредност; функции од повеќе реални аргументи.

**Во третото поглавје** (9 потпоглавја) се дадени следниве единици: мерење промени на процеси; моментна брзина на процес; изводи од елементарните функции; геометриско значење на изводот; биолошко значење на изводот; диференцијал на функција; изводи од повисок ред; теореми; испитување на функции.

Целокупниот материјал е претставен концизно, систематично и егзактно. Мноштвото примери после секоја методска единица, претставени од биолошки аспект, ќе му овозможат на студентот со леснотија да ја совладува материјата.

Целта во ова учебно помагало е постигната бидејќи на студентите им се дава математичка основа за решавање на различните проблеми кои се јавуваат во сите динамички системи во биологијата. Материјалот е интерпретиран со лексика и кондензирана застапеност на стручна терминологија и стил, адаптиран за повисоко образовно ниво, што подразбира и поседување на одреден квантум предзнаење од оваа област. Ова значи дека ракописот ќе биде од голема корист за студентите по биологија на додипломските (прв циклус) и постдипломските студии (втор циклус). Се надевам дека овој ракопис ќе им овозможи на студентите кои имаат силен интерес за биолошката наука и математички предзнаења, фокусот на нивниот интерес да продолжи во тој правец. Дел од материјалот може да им послужи и на студентите од другите природни науки кои покажуваат интерес.

Врз основа на изнесеното, би можело да се заклучи дека станува збор за ракопис со повеќедимензионален квалитет. Ракописот ги задоволува сите потребни норми и содржини да биде третиран како универзитетски учебник. Затоа, без каква било резерва препорачувам ракописот да се одобри за печатење.

Рецензент
Д-р Дана Прелиќ,
редовен професор на Институтот за биологија
Природно - математички факултет
- Скопје, Македонија, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ:
„РАДИОГРАФСКО-УЛТРАСОНОГРАФСКО-ОСТЕОДЕНЗИТОМЕТРИСКА АНАЛИЗА НА КОСКАТА ПРИ ХИРУРШКИ ЕЛОНГАЦИИ И КОРЕКЦИИ НА ДЕФОРМАЦИИ НА ЕКСТРЕМИТЕТИТЕ”
ОД Д-Р НЕНАД АТАНАСОВ, M-R SCI., ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј ” во Скопје, на својата редовна VII седница одржана на 30.9.2014 година, по предлог на Научниот одбор, а врз основа на Законот за високото образование на Република Македонија и на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, определи Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација на д-р Ненад Атанасов, m-r sci., вработен на Клиниката за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар, со наслов:

**„Радиографско-ултрасонографско-остеодензитометриска анализа на коската при хируршки елонгации и корекции на деформации на екстремитетите”**

Рецензентската комисија во состав:

1. доц. д-р Зоран Божиновски
2. проф. д-р Анастасика Попоска
3. проф. д-р Михаел Груневски

по разгледувањето на приложената документација во врска со докторската дисертација, го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Докторската дисертација со наслов: **„Радиографско-ултрасонографско-остеодензитометриска анализа на коската при хируршки елонгации и корекции на деформации на екстремитетите”** ги содржи сите делови за осмислување на една научноистражувачка студија: вовед, цели на научноистражувачката студија, клинички материјал, методологија, резултати, дискусија, заклучоци, библиографија и легенда на акроними. Начинот на разработувањето на проблемите на кандидатот е концизен, јасен и разбирлив, така што приложениот материјал може едноставно да се следи.

Во *воведниот дел* се обрнува внимание на научните обиди за продлабочена биомеханичка и морфолошка анализа на коската во минатиот век, со посебен осврт на методата на оптоварување на затегнување и компресија на Гаврил Абрамович Илизаров, со која се актуализира стимулативниот процес на новото коскено формирање како и мекоткивната регенерација под влијание на бавната и постепена дистракција/компресија. Постепената дистракција, но и корекцијата на деформациите на екстремитетите користејќи специјално дизајниран циркуларен надворешен апарат има за последица создавање на простор во кој се одвива процесот на

ново коскено формирање во биомеханички пренапрегната состојба. Во овој дел, особено се истакнува потребата од една компаративна студија со вклучување на три, во основа различни дијагностички методи, од чии резултати се очекува придонес во попрецизното толкување на динамиката на процесот на неоостеогенеза, како и во сознанијата за состојбата и степенот на консолидацијата и ремоделацијa на новоформираното коскено ткиво. Изнесени се историски податоци за истражувањето на екстерната фиксација и остеогенезата, како и за изолираната и компаративна примена на ултрасонографската и остеодензитометриската метода во евалуацијата на новоформираното коскено ткиво во дистракциониот простор.

Со оглед на изнесеното, јасно и концизно се поставени *целите на научноистражувачката студија*:

- да се анализираат поединечните резултати од радиографската, ултрасонографската и остеодензитометри-ската метода во испитувањето на коската во сите стадиуми на коскено формирање, со унифицирани коскени параметри од методолошки аспект;
- да се процени значајноста на разликите помеѓу резултатите од радиографската, ултрасонографската и остеодензитоме-триската метода на испитување, користејќи ги унифици-раните коскени параметри во секој единечен стадиум на ново коскено формирање;
- да се детерминира влијанието на етиопатогенетската основа на заболувањата, возраста и видот на сегменталната корекција врз степенот на новото коскено формирање од аспект на трите применети методи на испитување, кај пациентите лекувани со елонгации и/или корекции на деформитети на екстремитетите вклучени во студијата;
- да се процени влијанието на добиените резултати врз планирањето на динамиката на хируршката елонгација и корекцијата на деформитетите.

Во поглавјето *Клинички материјал* се истакнува дека клиничкиот материјал се состои од 79 третирани коски анализирани во 3 различни стадиуми на ново коскено формирање во рамките на клиничка, интервентна, проспективна студија кај 50 пациенти со различна етиопатогенеза, третирани според методата на оптоварување на затегнување по Илизаров на Универзитетската клиника за ортопедски болести во Скопје во периодот од 2007-2013 година. Клиничкиот материјал е дистрибуиран според: полот, возраста, анатомската локализација на третираниот сегмент и етиопатогенезата на скратувањето и/или деформацијата. За да се детерминира влијанието на етиопатогенетската основа на заболувањата, возраста и видот на сегменталната корекција врз степенот на новото коскено формирање од аспект на трите применети методи на испитување кај пациентите лекувани со елонгации и/или корекции на деформитети на екстремитетите вклучени во студијата, направена е поделба на клиничкиот материјал на две различни етиопатогенетски групи. Во првата група припаѓаат пациентите со конгенитални заболувања лекувани со сегментална елонгација по методата на Илизаров. Вкупниот број на пациенти во оваа група изнесува 27, а вкупниот број испитувани коски е 41. Втората група ги

содржи пациентите лекувани заради стекнати нарушувања на коскено-зглобниот систем со фиксација, корекција на деформацијата или компресивна артродеза на зглоб според горенаведената метода. Бројот на пациенти во оваа група е 23, а анализата се врши на 23 сегменти и 38 коски.

Во поглавјето *Методологија на научноистражувачката студија* се назначуваат две фази на испитувањето и споредувањето на резултатите. Во првата фаза на студијата се врши споредување на истовремено добиените резултати помеѓу двете етиопатогенетски групи, користејќи ги трите наведени методи на испитување, а во втората фаза се врши споредување на истовремено добиените резултати од нативните радиографии, ултрасонографските прикази и остеодензитометриските испитувања за сите пациенти вклучени во студијата. Анализата се спроведува во 3 стадиуми на процесот на ново коскено формирање:

1. стадиум на почетно коскено формирање
2. стадиум на оптоварување на сегментот и напредно коскено формирање
3. стадиум на коскена консолидација и ремоделација.

Во продолжението се разработува во детали методологијата на радиографското, ултрасонографското и остеодензитометриското испитување на анализираните коски во студијата, а особено методата на компаративна анализа на добиените резултати од применетите дијагностички методи во вид на континуирано следење на дистрибуцијата на методолошки унифицираните параметри на новото коскено формирање на сите испитувани и анализирани коскени примероци. Во тој контекст, при испитувањето на морфолошките аспекти на новото коскено ткиво со трите методи се детерминира присуство/отсуство на:

- почетни параметри на ново коскено формирање;
- цистични промени во просторот на новоформираното коскено ткиво;
- кортикалниот раб во просторот на новоформираното коскено ткиво;

За *статистичка обработка на податоците*, добиени во текот на истражувањето, се користи база во статистичката програма SPSS for Windows 13,0. За статистичка анализа се користат:

- кај сериите со нумерички белези пресметани се мерките на централна тенденција (просек, стандардна девијација, кај сериите со хомогена дистрибуција и медијана кај сериите со хетерогена дистрибуција);
- кај сериите со атрибутивни белези се одредувани проценти на структура (односи, пропорции);
- за одредување на значајноста на разликите во анализираните параметри меѓу применетите квалитативни и квантитативни методи, се користат тестови за независни примероци (Chi-square test, Fisher exact test, Mann-Whitney U test , Kolmogorov- Smirnov two-sample testt, Kruskal-Wallis ANOVA);
- за одредување на значајноста на разликите во анализираните параметри меѓу различните стадиуми на ново коскено формирање се

користат тестови за значајни примероци (McNemar test, Cohran Q test, Friedman ANOVA test).

За статистички сигнификантни се сметаат вредностите на p<0,05.

Во поглавјето *Резултати* изнесени се резултатите од радиографската, ултрасонографската и остеодензитометриската метода поединечно, а потоа следува компарацијата на резултатите од трите методи на испитување.

Резултатите од радиографското испитување се презентираат за двете различни етиопатогенетски групи поединечно, а потоа следува компарација на вредностите помеѓу двете групи добиени во трите стадиуми, со дополнително процентуално претставување. Резултатите јасно покажуваат високосигнификантни разлики во дистрибуцијата на сите три испитувани радиоморфолошки параметри користејќи ги McNemar и Cohran Q тестот, за секоја група поединечно. Компарацијата на резултатите од двете етиопатогенетски групи на пациенти открива пак статистички сигнификантни разлики во присуството само на почетните параметри и тоа само во првиот стадиум на ново коскено формирање, како и сигнификантност во разликите во присуството на цистичните промени во просторот на новоформираното коскено ткиво, исто така во првиот од трите стадиуми на новото коскено формирање. Во првиот стадиум, почетните радиографски параметри на новоформираното коскено ткиво во групата на пациенти лекувани заради конгенитално скратување се присутни кај 15 од вкупно 41 испитувана коска во таа група (36,59%), додека во групата на пациенти лекувани заради стекнати деформации, присутни се кај 31 од вкупно 38 испитувани коски во таа група. (81,58%) Разликата е статистички сигнификантна (Pearson Chi-square test (16,4144, df=1, p=,000051). Цистичните промени во просторот на новоформираното коскено ткиво во првиот стадиум, во групата на пациенти лекувани заради конгенитално скратување се присутни кај една од вкупно 41 испитувана коска во таа група (2,44%), додека во групата на пациенти лекувани заради стекнати деформации, присутни се кај 10 од вкупно 38 испитувани коски во таа група. (26,32%) Разликата е статистички сигнификантна (Pearson Chi-square test (9,38089, df=1, p=0,002193). Во сите останати 7 компарации на резултатите помеѓу двете групи со помош на радиографијата не се регистрираат статистички сигнификантни разлики во присуството на трите испитувани коскени параметри во трите стадиуми (Pearson Chi-square test, Yates Chi-square test).

Резултатите на ултрасонографското испитување, исто така, јасно покажуваат високосигнификантни разлики во дистрибуцијата на сите три испитувани параметри користејки ги McNemar и Cohran Q тестот, за секоја група поединечно. Компарацијата на резултатите од двете етиопатогенетски групи на пациенти открива пак статистички сигнификантни разлики во присуството само на цистичните промени во просторот на новоформираното коскено ткиво во првиот од трите стадиуми на новото коскено формирање. Цистичните промени во просторот на новоформираното коскено ткиво во првиот стадиум, во групата на пациенти лекувани заради конгенитално скратување се присутни кај 3 од вкупно 41 испитувана коска во таа група (7,32%), додека во групата на пациенти лекувани заради стекнати деформации, присутни се кај 10 од вкупно 38 испитувани коски во таа група (26,32%). Разликата е статистички сигнификантна (Pearson Chi-square test (5,17793, df=1, p=0,022878). Во сите останати 8 компарации на резултатите

помеѓу двете групи со помош на ултрасонографијата, не се регистрираат статистички сигнификантни разлики во присуството на трите испитувани коскени параметри во трите стадиуми (Pearson Chi-square test, Yates Chi-square test).

Резултатите од остеодензитометриското испитување, истотака јасно покажуваат високосигнификантни разлики во дистрибуцијата на сите три испитувани параметри користејки ги McNemar и Cohran Q тестот, за секоја група поединечно. Компарацијата на резултатите од двете етиопатогенетски групи на пациенти открива пак статистички сигнификантни разлики во присуството само на цистичните промени во просторот на новоформираното коскено ткиво во третиот стадиум на новото коскено формирање. Цистичните промени во просторот на новоформираното коскено ткиво во третиот стадиум, во групата на пациенти лекувани заради конгенитално скратување се присутни кај 12 од вкупно 41 испитувана коска во таа група (29,27%), додека во групата на пациенти лекувани заради стекнати деформации, присутни се кај 20 од вкупно 38 испитувани коски во таа група. (52,63%) Разликата е статистички сигнификантна (Pearson Chi-square test (4,46699, df=1, p=0,034). Во сите останати 8 компарации на резултатите помеѓу двете групи со помош на остеодензитометријата, не се регистрираат статистички сигнификантни разлики во присуството на трите испитувани коскени параметри во трите стадиуми (Pearson Chi-square test, Yates Chi-square test).

Компаративната радиографско-ултрасонографско-дензитометриска анализа се однесува на резултатите од целокупната статистичка серија, настаната со спојување на двете етиопатогенетски групи. Создавањето на хомогена статистичка серија се засновува на ретката сигнификантност во разликите помеѓу добиените резултати од двете групи на пациенти. Трите дијагностички методи применети на сите испитувани и анализирани коскени единици различно ги детектираат сите методолошки унифицирани коскени параметри, прикажувајќи високосигнификантни разлики во нивната истовремена застапеност низ трите стадиуми на ново коскено формирање, користејќи ги расположливите статистички тестови.

Во поглавјето *Дискусија*, која согласно со целите на научноистражувачката студија е поделена во 4 дела, кандидатот особено детално се осврнува на статистички сигнификантните разлики во резултатите од трите применети методи добиени со радиографско-ултрасонографско-остеодензитометриската анализа. Компаративната анализа на коскените примероци спроведена на клиничкиот материјал се однесува на резултатите од целокупната статистичка серија, со спојување на резултатите од двете методолошки прецизно поставени етиопатогенетски групи на испитаници. Ваквото спојување во една хомогена статистичка серија е засновано на ретката статистичка сигнификантност во разликите меѓу двете етиопатогенетски групи за резултатите добиени во трите стадиуми со трите методи на испитување, за трите аналогни унифицирани коскени параметри на новото коскено формирање. Во дискусијата, кандидатот особено обрнува внимание на високосигнификантните разлики во детекцијата на почетните индикатори на новоформираното коскено ткиво со трите методи на испитување во сите три стадиуми на ново коскено формирање, како и во детекцијата на цистичните формации во просторот на новоформираното коскено ткиво во вториот и особено во третиот стадиум, како резултат на високосигнификантно почесто нивно регистрирање со

остеодензитометриската метода отколку со радиографската и ултрасонографската метода. Ваквите резултати ја откриваат сензитивноста на остеодензитометријата во визуелизацијата на цистичните промени во стадиумот на коскена консолидација и ремоделација. Високосигнификантните разлики во детекцијата на кортикалниот раб како трет коскен параметар на новото коскено формирање со трите методи, се должи на супериорноста на радиографската и ултрасонографската метода во неговата визуелизација. Ваквите резултати се сложуваат во голема мера со резултатите од посочената литература во трудот од страна на кандидатот.

*Заклучоците* на дисертацијата се јасно формулирани и концизни, одговараат на поставените цели во студијата и претставуваат аналитички одраз на добиените резултати. Трите применети методи во студијата, значајно влијаат на динамиката на хируршкото лекување, како и на одлуката за ослободување на сегментот од апаратната конструкција и негово самостојно комплетно механичко оптоварување.

На крајот, кандидатот во *литературата* наведува 122 правилно цитирани референци кои се всушност базични студии од биомеханиката на локомоторниот систем, но и современи прикази за примената на радиографската, ултрасонографската и остеодензитометриската метода во евалуацијата на новоформираното коскено ткиво при елонгациите и корекциите на деформациите на екстремитетите.

## ЗАКЛУЧОК

По разгледувањето на докторската дисертација на д-р Ненад Атанасов, m-r sci. со наслов: **„Радиографско-ултрасонографско-остеодензитометриска анализа на коската при хируршки елонгации и корекции на деформации на екстремитетите”** Комисијата констатира дека темата е актуелна и од големо научноистражувачко значење. Следењето на биолошкиот одговор на потпорните ткива во различните стадиуми на коскеното формирање е од големо теоретско и практично значење. Оттаму, компаративната анализа на резултатите од трите наведени методи доведува до отворање на нови перспективи во хируршкото лекување по методата на оптоварување на затегнување и компресија, како и во детекцијата на новоформираното коскено ткиво во целиот тек на лекувањето. Докторската дисертација е со јасно дефинирани цели и методологија на работа и со јасно и комплетно формулирани резултати и дискусија. Кандидатот е способен за одбрана на докторската дисертација по предложениот наслов.

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да го прифати овој извештај и на д-р Ненад Атанасов, m-r sci., да му се овозможи постапка за одбрана на докторскиот труд.

Рецензентска комисија

1. Доц. д-р Зоран Божиновски ________________________с.р.
2. Проф. д-р Анастасика Попоска ______________________с.р.
3. Проф. д-р Михаел Груневски _______________________с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО**
**СКОПЈЕ X СЕДНИЦА одржана на 22.10.2014 година**

| Ред бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | ТЕМА НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК | МЕНТОР |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Силвана Ивановска | Анализа на современите тенденции и димензии на разузнавањето | Analysis of contemporary tendencies and dimensions of the Intelligence | проф. д-р Митко Котовчевски |
| 2. | Тања Тимова | Приватната безбедносна индустрија во Европската унија со посебен осврт на СР Германија | The private security industry of European Union with special reference to Germany | проф. д-р Оливер Бакрески |
| 3. | Катерина Арсова | Бизнис тенденциите и човечките ресурси кај малите и средните претпријатија во Република Македонија | Business tendencies and human resources in small and medium enterprises in the Republic of Macedonia | проф. д-р Јован Пејковски |
| 4. | Виолета Тројачанец | Управувањето на односите со клиенти од аспект на човечкиот потенцијал | Managing relationships with customers from human potential standpoint | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 5. | Александра Петкова | Мерки и стратегии во справување со сиромаштијата во Република Македонија на национално и локално ниво | Measures and strategies in dealing with poverty in the Republic of Macedonia on national and local level | проф. д-р Јован Пејковски |
| 6. | Тони Димов | Менаџирање на буџетите во основните училишта во Република Македонија | Managing budgets in primary schools in Republic of Macedonia | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 7. | Ирена Илиевска | Позитивно родителство- воспитен концепт во современото семејство | Positive parenting- educational concept in the modern family | Проф. д-р Лена Дамовска |
| 8. | Зоран Милков | Улогата на граѓанскиот сектор во процесот на помирување (студија на случај на етничкиот конфликт во Република Македонија) | The role of the civil society sector in the process of reconciliation (study case of ethnic conflict in the Republic of Macedonia | Проф. д-р Зоран Матевски |
| 9. | Марија Митевска | Анализа на стратегиските концепти на НАТО | Analysis of the strategic concept of NATO | Проф. д-р Зоран Нацев |
| 10. | Вилијамс Зекировски | Михаил Горбачов и процесот на распаѓање на СССР | The collapse of the USSR-Gorbatchev's role in the collapse of the USSR | |
| 11. | Мартина Хараламлиева | Населувањето на Македонците бегалци од Егејска Македонија во НР Македонија (1945-1955) со посебен осврт на Штип и | Colonization of the fugitive people from the Aegean part of Macedonia in | проф. д-р Виолета Ачкоска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | штипско | Democratic Republic of Macedonia from the period 1945-1955 document from Stip and environment | |
| 12. | Маја Казанџиева | Карактеристики на работата и работна ангажираност кај вработени во секторот за информатички и комуникациски технологии: примена на моделот работни барања-ресурси | Work characteristics and work engagement among employees in the sector of information and communication technologies: application of job demands-resources model | доц. д-р Билјана Блажевска Стоилковска |
| 13. | Билјана Огненова | Поврзаноста на диспозиционата благодарност, доброволното организациско однесување и размената лидер-член со интерперсоналната правичност | Correlation between dispositional gratitude, organizational citizenship behavior and leader-member exchange with interpersonal justice. | проф. д-р Николина Кениг |
| 14. | Ханифе Зибери | Ефектите од примената на мултикултурните програми врз соживотот во општина Кичево | The effect of applying multicultural programs in educational institutions for `collaboration in the Kicevo municipality | доц. д-р Светлана Трбојевиќ |
| 15. | Драгица Чекоровска | Античката керамика во Музеј на град Неготино | Ancient pottery in the Museum of Negotino | доц. д-р Марјан Јованов |
| 16. | Марјан Калевски | Душата и вегетаријанството во антиката | Soul and Vegetarianism in Antiquity | проф. д-р Витомир Мицевски |

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд на
Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Јехона Бериша | Современите методски аспекти на наставата од природно-научното и општественото подрачје<br><br>Contemporary didactic aspects of teaching in the natural-scientific and social area (domain) | проф. д-р Билјана Камчевска |
| Скендер Рушити | Професионалната етика на наставникот во воспитно-образовниот процес<br><br>Professional ethics of the teacher in the educational process | проф. д-р Емил Сулејмани |
| Ибраим Ајдини | Откривање и работа со надарени и талентирани ученици за математика во одделенската настава<br><br>Disclosure and forthcoming work with talented students in mathematics in the elementary school | доц. д-р Агим Рушити |

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени тези за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Катерина Смиљкова | **„Карактеристики на локалните финансии во Република Македонија со посебен осврт на Општина Кичево”.** „Characteristics of local finance in the Republic of Macedonia: the case of the municipality of Kichevo”. | проф. д-р Михаил Петковски |
| Виолета Јованоска | **„Ефектите од кредитирањето на приватниот сектор врз економскиот раст во Република Македонија”.** „The effects of the private sector crediting on the economic growth in the Republic of Macedonia”. | проф. д-р Михаил Петковски |
| Давид Алексовски | **„Методолошки и апликативни аспекти на фискалните сметки и случајот на Република Македонија”.** „Methodological and application aspects of the fiscal accounts and the case of the Republic of Macedonia”. | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |
| Дамјан Чудо | **„Анализа на ефикасноста и ризиците во процесите на спојувања и преземања на компании со посебен осврт на нафтената индустрија”.** „Analysis of merger and acquisition deals’ efficiency and risks with emphasis on oil companies”. | проф. д-р Сашо Арсов |
| Румен Крепиев | **„Премија за ризик на капиталот во Македонија – идентификување и детерминанти”.** „Equity risk premium in Macedonia – identification and determinants”. | проф. д-р Горан Петревски |
| Билјана Ристеска | **„Економска анализа на класите за неживотно осигурување во Република Македонија”.** „Economic analysis of non-life insurance classes in the Republic of Macedonia”. | проф. д-р Драге Јанев |
| Тијана Трифунова | **„Анализа на процесите за транспорт, ракување и складирање во синџирот на снабдување”.** „Analysis of transportation, handling and storage processes in the supply chain”. | проф. д-р Лидија П. Ивановска |

| | | |
|---|---|---|
| Елена Петрова | **„Триаголник на измами како алатка на ревизорот за ефикасно откривање на измамите”.** „The triangle of fraud as auditor's tool for efficient fraud detection”. | проф. д-р Зорица Б.Лазаревска |
| Јовица Василевски | **„Влијанието на рецесијата врз меѓународните маркетинг-активности во компаниите кои дејствуваат на пазарот со јаглеродни материјали”.** „The impact of the recession on international marketing activities of companies operating on the market with carbon materials”. | проф. д-р Снежана Р.Јовановска |
| Мери Кокановска | **„Нефинансиските награди на вработените и подобрување на перформансите на претпријатието”.** „Non-financial rewards of employees and improvement of enterprise performance”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Љубомир Стојчески | **„Клучни предизвици и фактори за успех во управувањето со социјално претпријатие”.** „Key challenges and success factors in the social enterprise governance”. | академик Таки Фити |
| Нина Бојковска | **„Влијанието на бонусите врз перформансите на вработените”.** „The impact of bonuses on employees' performance”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Даниела Којческа | **„Улогата на лидерот и потребните лидерски компетенции во кризниот менаџмент”.** „The role of the leader and leadership competencies in crisis management”. | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Викторија Маринкова | **„Стратегии за одржливост на зелените бизниси”.** „Strategies for sustainable green businesses”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Фросина Митровска | **„Влијанието на финансиските награди врз перформансите на вработените”.** „The impact of financial rewards on employees' performance”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Марија Крстева | **„Преговарањето во современиот бизнис”.** „Negotiating in modern busines”. | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Ацо Николовски | **„Групно едноумие”.** „Groupthink”. | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Душица Ангелова | **„Стратегиската анализа предуслов за стратегиското планирање во претпријатијата”.** „Strategic analysis as prerequisite for strategic | проф. д-р Бобек Шуклев |

| | | |
|---|---|---|
| | planning in enterprises”. | |
| Верица Каракашова | **„Примена на теоријата на застапување и корпоративното управување”.** „Application of agency theory and corporate governance”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Иван Роглиќ | **„Обука и развој на човечките ресурси преку е-учење”.** „Training and developement of human resources through e-learning”. | проф. д-р Кирил Постолов |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИКОТ „ ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРЕН НАДЗОР НА ЖИВОТНИТЕ ЗА КОЛЕЊЕ И МЕСО“ ОД АВТОРИТЕ ПАВЛЕ СЕКУЛОВСКИ, МИРКО ПРОДАНОВ, АНДРЕЈ КИРБИШ, МАЊА КРИЖМАН И ПЕТРА РАСПОР-ЛАИНШЧЕК

Со посебно задоволство и голема благодарност ја примив Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на седницата одржана на 25.8.2014 година, бр.0201-2051/7, за избор на рецензент за учебникот „Ветеринарно - санитарен надзор на животните за колење и месо“ од авторите: Павле Секуловски, Мирко Проданов, Андреј Кирбиш, Мања Крижман и Петра Распор-Лаиншчек.

Учебникот „Ветеринарно - санитарен надзор на животните за колење и месо“ претставува прво издание наменето за подготвување на испитот хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, во склоп на курикулумот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, кој е задолжителен предмет во деветтиот (45 часа 3,5 ЕКТС кредити) и десеттиот семестар (60 часа и 4 ЕКТС кредити).

Учебникот „Ветеринарно-санитарен надзор над животните за колење и месо“ претставува ново дело од областа на хигиената и технологијата на месото и месните производи. Со овој учебник авторите од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Република Македонија и Ветеринарниот факултет во Љубљана, Република Словенија, заокружуваат една целина наменета за студентите на ветеринарните факултети. Овој учебник е усогласен со усвоениот наставен план и програма по предметот хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Учебникот е поделен во 12 поглавја:

1. Вовед
2. Постапки пред колење
3. Зашеметување на животните
4. Post mortem преглед
5. Оцена на кланичниот квалитет на трупот
6. Болести и преглед на месо од говеда
7. Болести и преглед на месо од свињи
8. Болести и преглед на месо од овци и кози
9. Болести и преглед на месо од коњи
10. Болести и преглед на месо од живина
11. Болести и преглед на месо од зајци
12. Литература.

Во учебникот, на 147 страници (формат А4), се дадени 15 слики и 10 табели кои се интегрален дел од текстот.

Содржините во учебникот даваат ново светло на суштината, местото и улогата на ветеринарно-санитарниот надзор во системот за безбедност на храната. Интегрираниот систем на безбедност на храната од животни кои се доставуваат на кланица не може да се замисли без постоење на научна и методолошка позиционираност на контролата во кланиците. Поради тоа се истакнува дека задача на ветеринарната професија е преглед на животните за колење, и следење на усогласеноста со начелата на добрата практика и системот на анализа на опасностите и критични контролни точки во моментот на нивното производство и трговијата со животни.

Авторите го истакнуваат значењето на животните за колење како потенцијални носители на штетни агенси кои претставуваат најголем ризик по здравјето на луѓето чиј извор е храната од животинско потекло. Со оглед на ова, авторите потенцираат дека целта на ветеринарно-санитарниот преглед е заштита на човековото здравје, превенција на ширењето на заразни болести и заштитата на економските интереси на потрошувачите и општеството. Исто така, авторите го истакнуваат податокот за позицијата на Ветеринарно-санитарната контрола во Европа која е регулирана со законодавството на Европската унија, кое Република Македонија како земја-кандидат треба да го имплементира и спроведува.

Учебникот и неговите научни и корисни содржини во голема мера ќе ги збогатат и продлабочат знаењата не само на студентите по ветеринарна медицина, туку и ќе им послужат во секојдневните активности и на официјалните ветеринари кои работат во овој сегмент во однос на хигиенскиот и безбедносниот дел.

Учебникот „Ветеринарно - санитарен надзор на животните за колење и месо“ е во согласност со предметната програма која е конципирана врз сите современи и научни достигнувања во оваа сфера кои се изучуваат на најпознатите академски средини во развиениот свет, односно најпознатите факултети за ветеринарна медицина.

Врз основа на целосните согледувања и оцени, со чувство на огромно задоволство, имам чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицна во Скопје да му препорачам да го одобри печатењето на учебникот „Ветеринарно - санитарен надзор на животните за колење и месо“, од кој несомнено огромна корист ќе имаат студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, официјалните ветеринари, операторите на кланиците и сите кои се вклучени во синџирот на одгледување животни наменети за производство на месо во Република Македонија.

**Рецензент**

**Доц. д-р Деан Јанкулоски, с.р**

**РЕЦЕНЗИЈ А**

НА УЧЕБНИКОТ„ ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРЕН НАДЗОР НА ЖИВОТНИТЕ ЗА КОЛЕЊЕ И МЕСО“ ОД АВТОРИТЕ ПАВЛЕ СЕКУЛОВСКИ, МИРКО ПРОДАНОВ, АНДРЕЈ КИРБИШ, МАЊА КРИЖМАН И ПЕТРА РАСПОР-ЛАИНШЧЕК

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, бр.0201-2051/7, одреден сум за член на Рецензентската комисијаза рецензирање на учебникот ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРЕН НАДЗОР НА ЖИВОТНИТЕ ЗА КОЛЕЊЕ И МЕСО од авторите: Павле Секуловски, Мирко Проданов, Андреј Кирбиш, Мања Крижман и Петра Распор-Лаиншчек, наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за предметот хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед.

По добивањето на ракописот од учебникот и негово детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје го поднесувам следниов

**ИЗ В ЕШТАЈ**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕБНИКОТ

**1. Назив на учебникот:**

„Ветеринарно-санитарен надзор над животните за колење и месо“.

**2. Назив на предметната програма:**

Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед.

**3. Назив на студиската програма:**

Ветеринарна медицина.

**4. Фонд на часови и ЕКТС – кредити:**

Предметот Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е задолжителен предмет и се слуша во деветтиот (45 часа 3,5 ЕКТС-кредити) и десеттиот семестар (60 часа и 4 ЕКТС- кредити).

**5. Согласност со предметната програма:**

Учебникот “Ветеринарно-санитарен надзор над животните за колење и месо“, е напишан согласно со усвоената програма, адаптирана според кредит-трансфер системот, со наставниот план и програма за наведениот предмет за студентите од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**6. Име на авторите на учебникот:**

Павле Секуловски, Мирко Проданов, Андреј Кирбиш, Мања Крижман и Петра Распор-Лаиншчек.

**7. Време и акт на изборот на рецензентите:**

Избор во звање вонреден професор со одлука на ННС при ФВМС бр.0201-3948/3, од 31.10.2011 година.

**8. Учебникот претставува прво издание.**

**9. Општи податоци за учебникот:**

Ракописот на учебникот предаден на рецензија содржи 147 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 12 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 15 слики и 10 табели.

**10. Краток опис на содржината:**

Поглавјата, а со тоа и темите опфатени со овој ракопис/учебник се следни: 1. Вовед; 2.Постапки пред колење; 3. Зашеметување на животните; 4. *Post mortem* преглед; 5. Оценка на кланичниот квалитет на трупот; 6. Болести и преглед на месо од говеда; 7. Болести и преглед на месо од свињи; 8. Болести и преглед на месо од овци и кози; 9. Болести и преглед на месо од коњи; 10. Болести и преглед на месо од живина; 11. Болести и преглед на месо од зајци; 12. Литература.

**11. Предлози за потребни корекции:**

Според направената анализа на содржините на предложениот ракопис – учебник, корекции не се потребни.

**12. Оцена на учебникот:**

Изложениот материјал во овој учебник претставува дел од предвидената наставна програма по предметот хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед. Тука, пред се, е разработен „хигиенскиот„ одн. „безбедносниот“ дел на наведениот предмет. Содржините од секоја тематска целина на учебникот се логично поставени и имаат научно-методолошка заснованост. Материјалот е разработен детално и е надополнет со корисни илустрации и табели кои се интегрирани во целиот текст. Напишан е на литературен македонски јазик. Стилот на изразување е јасен и конзицен што ќе им овозможи на студентите лесно да ја совладаат наставната материја. Користената литература е од понов датум.

Издавањето на овој учебник, покрај за студентите, ќе биде од голема помош и за сите доктори по ветеринарна медицина кои се занимаваат со ветеринарното јавно здравство и безбедноста на храна, а особено за официјалните ветеринари кои секојдневно во кланиците го вршат прегледот на животните за колење и месото добиено од нив.

**13. Категоризација:** учебник.

## 14. Заклучок со предлог за оправданоста за објавување

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**Рецензент**

**Проф. д-р Славчо Мреношки, ДВМ с.р.**

П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на магистерски труд прифатени од
Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје
на седницата одржана на 30.10.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Александар Наумов | *“Примена на интегрирани CAD/CAM системи во процесот на развој и изработка на нови производи во металопреработувачката индустрија”*<br><br>*“Application of integrated CAD/CAM systems in development and manufacturing of a new products in the metal industry”* | Проф.д-р Зоран Пандилов |
| Емилија Петреска | *“Примена на деловната интелигенција за обработка на податоци и дистрибуција на информација преку користење на ПЛМ методологии”*<br><br>*“Business intelilligence application for data analusis and Information distribution using PLM methodologies”* | Проф.д-р Валентина Гечевска |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ КОСТИМОГРАФИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на наставник во звањето доцент по предметот костимографија, објавен на 30.8.2014 година во весникот „Нова Македонија" и во весникот „Коха", како единствен кандидат се пријави м-р Александар Рашковиќ.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на 50. редовна седница одржана на 12.9.2014 година, со Одлука бр. 0202-581/9, формира Рецензентска комисија за избор на наставник во звањето доцент по предметот костимографија, во состав:

**1.ред.проф. м-р Елјеса Касо**
**2.вонр.проф. м-р Мими Таневска-Србиновска**
**3.вонр.проф. м-р Златко Славенски.**

Врз основа на приложената документација на кандидатот, Рецензентската комисија го подонесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ м-р Александар Рашковиќ

Кандидатот **Александар Рашковиќ** е роден на 12.VII 1977 година во Куманово. Основно образование има завршено во Куманово во ОУ „Браќа Миладиновци". Средно образование има завршено во Скопје, 1995 година, во Училиштето за применета уметност „Лазар Личеновски", во класата на проф. Георги Здравев и Лира Грабул. Во 2001 година дипломирал на Националната ликовна академија во Софија, во класата на проф. Марија Трендафилова. Во 2012 година магистрирал на истата академија.

Во своето досегашно творештво има реализирано над 30 костимографии за театарски, оперски и балетски претстави, солистички концерти, видеоспотови, реклами во државата и во странство, како и учество на државни и меѓународни изложби на применета уметност.

Повеќе од една деценија раководи со сопственото ателје за мода и дизајн во кое освен модни костими се изработуваат и костими за театарски и оперски претстави по негов сопствен избор, но и по дизајн на други костимографи.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Самостојна изложба на цртежи (костимографски решенија) галерија при НУЦК Куманово; костимографија за претставата „Deus ex mahina" во режија на Сашо Миленковски во Народниот театар Куманово; асистент на Марија Трендафилова, костимографија за операта „Севилскиот берберин" во Државна опера – Пловдив; костимографија за детската претстава „Штурецот и мравките", режија: Драгиша Димитриевски во Народниот театар - Куманово; асистент на Марија Трендафилова во костимографија за операта „Лебедово езеро", во опера Каиро – Египет; самостојна изложба на слики,

масло на платно, декоративно-сценски паравани, галерија при НУЦК Куманово; костимографија за претставата „Зад затворени врати“, во режија на Александар Ивановски во театарот „Антон Панов“ - Струмица; костимографија за видеоспотови од музичкиот албум на групата „Ареа“, во режија на Александар Русјаков; костимографија за претставата „На отворено море“, во режија на Димитар Станковски, во Народниот театар - Куманово; костимографија за претставата „Ромео и Јулија сега“, во режија на Зоја Бузалковска, во Народниот театар - Куманово; костимографија за претставата „Кумановска свадба“, во режија на Ацо Алексов, во Народниот театар - Куманово; костимографија за претставата „Кралот умира“, во режија на Дејан Пројковски, во Народниот театар - Куманово; асистент по костимографија на Марија Пупучевска за претставата „Вишновата градина“, во режија на Владимир Милчин, во Народниот театар - Куманово; дизајн на шминка и фризура за претставата „Галеб“, во режија на Дејан Пројковски, во Народниот театар - Куманово; костимографија за проектот „Кабаре“, во режија на Лозен Јорданов, во Народниот театар - Куманово; костимографија на мјузикл „Клип Шоу“, во режија на Лозен Јорданов, во Народниот театар - Куманово; костимографија за претставата „Последно одбројување“, во режија на Нико Горчиќ, во фестивалот „Охридско лето“; костимографија за рекламен спот „Пикник“ за T-Home; костимографија за претставата „Малограѓанска свадба“, во режија на Владимир Талевски, во Народниот театар - Куманово; костимографија за претставата „Адска машина“, во режија на Димитар Станковски, во Народниот театар - Куманово; костимографија за претставата „Суд“, во режија на Владимир Талевски, во Народниот театар - Куманово; костимографија и сценографија за претставата „Лидија“, во режија на Александар Ивановски во Народниот театар - Куманово; асистент по костимографија на Марија Трендафилова, за операта „Мадам Батерфлај“, во опера Гренобл – Франција; пет сезони бил костимограф за годишните концерти на групата по модерен танц и балет при НУЦК Куманово; повеќе години бил костимограф за светски и европски првенства на двојки во латиноамерикански и стандардни танци, вицешампиони и шампиони на Ргт – Македонија; три години бил костимограф на претставникот на светски и европски првенства во натпревар на модерен балет; четири самостојни ревии на модели *Haute Couture;* неколку етнолошко -костимографски проекти со Музеј Куманово; костимографија за естрадна пејачка на забавна мелодија Наташа Мијатовиќ за 4 спота и настапи на 3 фестивали; костимографија за настап на фестивал „Славјански беседи“ – Русија на естрадната пејачка на забавни мелодии Ребека Јанковска; костимографија на естрадната пејачка на народна музика Андријана Алачки за настапи на фестивали; костимографија за солистички концерт на оперската пејачка Ивана Свилар-Андоновска; костимографија за солистички концерт на оперската пејачка Елена Петрушевска.

**ЗАКЛУЧОК**

Земајќи ги предвид успешните ангажмани, во уметничката, научната и педагошката сфера на кандидатот Александар Рашковиќ, Комисијата високо ги вреднува постигнатите резултати и едногласно му препорачува на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности да го избере м-р Александар Рашковиќ за наставник по предметот костимографија во звањето доцент.

**Членови на Комисијата**

**1.Ред.проф. м-р Елјеса Касо, с.р.**

**2.Вонр.проф. м-р Мими Таневска-Србиновска, с.р.**

**3.Вонр.проф. м-р Златко Славенски, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **м-р Александар Рашковиќ**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за драмски уметности Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **костимографија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Самостојна изложба на цртежи (костимографски решенија), галерија при НУЦК Куманово | 4 |
| 2. | Костимографија за претставата „Deus ex mahina“ во режија на Сашо Миленковски во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 3. | Асистент на Марија Трендафилова, костимографија за операта „Севилскиот берберин“ во Опера Пловдив | 4 |
| 4. | Костимографија за детската претстава „Штурецот и мравките“ режија Драгиша Димитриевски, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 5. | Асистент на Марија Трендафилова, костимографија за операта „Лебедово езеро“, во опера Каиро - Египет | 4 |
| 6. | Самостојна изложба на слики, масло на платно, декоративно-сценски паравани, галерија при НУЦК Куманово | 4 |
| 7. | Костимографија за претставата „Зад затворени врати“ во режија на Александар Ивановски, во театарот „Антон Панов“ - Струмица | 8 |
| 8. | Костимографија за видеоспотови од музичкиот албум на групата „Ареа“, режисер: Александар Русјаков | 3 |
| 9. | Костимографија за претставата „На отворено море“, во режија на Димитар Станковски, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 10. | Костимографија за претставата „Ромео и Јулија сега“, во режија на Зоја Бузалковска, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 11. | Костимографија за претставата „Кумановска свадба“, во режија на Ацо Алексов, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 12. | Костимографија за представата „Кралот умира“ во режија | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | на Дејан Пројковски во Народниот театар Куманово | |
| 13. | Асистент на Марија Пупучевска, костимографија за „Вишновата градина“, во режија на Владимир Милчин, во Народниот театар - Куманово | 4 |
| 14. | Дизајн на шминка и фризура за претставата „Галеб“, во режија на Дејан Пројковски, во Народниот театар - Куманово | 4 |
| 15. | Костимографија за проект „Кабаре“, во режија на Лозен Јорданов, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 16. | Костимографија на мјузиклот „Клип Шоу“, во режија на Лозен Јорданов, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 17. | Костимографија за претставата „Последно одбројување“, во режија на Нико Горчиќ, во фестивалот „Охридско лето“ | 8 |
| 18. | Костимографија за рекламен спот „Пикник“, за T-Home | 3 |
| 19. | Костимографија за претставата „Малограѓанска свадба“, во режија на Владимир Талевски, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 20. | Костимографија за претставата „Адска машина“, во режија на Димитар Станковски, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 21. | Костимографија за претставата „Суд“, во режија на Владимир Талевски, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 22. | Костимографија за претставата „Лидија“ во режија на Александар Ивановски во Народниот театар Куманово | 8 |
| 23. | Сценографија за претставата „Лидија“, во режија на Александар Ивановски, во Народниот театар - Куманово | 8 |
| 24. | Асистент на Марија Трендафилова, костимографија за операта „Мадам Батерфлај“, во опера Гренобл- Франција | 4 |
| 25. | Костимографија за годишни концерти на група за модерен танц и балет при НУЦК Куманово, 2010 година | 8 |
| 26. | Костимографија за годишни концерти на група за модерен танц и балет при НУЦК Куманово, 2011 година | 8 |
| 27. | Костимографија за годишни концерти на група за модерен танц и балет при НУЦК Куманово, 2012 година | 8 |
| 28. | Костимографија за годишни концерти на група за модерен танц и балет при НУЦК Куманово, 2013 година | 8 |
| 29. | Костимографија за годишни концерти на група за модерен танц и балет при НУЦК Куманово, 2014 година | 8 |
| 32. | Костимографија за претставување на светски и европски првенства на двојки во латиноамерикански и стандардни танци, вицешампиони и шампиони на РТГ; Македонија, 2008 година | 8 |
| 33. | Костимографија за претставување на светски и европски првенства на двојки во латиноамерикански и стандардни танци, вицешампиони и шампиони на РТГ; Македонија, 2009 година | 8 |
| 34. | Костимографија за претставување на светски и европски првенства на двојки во латиноамерикански и стандардни танци, вицешампиони и шампиони на РТГ; Македонија, 2010 година | 8 |
| 35. | Костимографија за претставување на светски и европски | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | првенства на двојки во латиноамерикански и стандардни танци, вицешампиони и шампиони на РТГ; Македонија, 2011 година | |
| 36. | Костимографија за претставување на светски и европски првенства на двојки во латиноамерикански и стандардни танци, вицешампиони и шампиони на РТГ; Македонија, 2012 година | 8 |
| 37. | Костимографија за претставување на светски и европски првенства на двојки во латиноамерикански и стандардни танци, вицешампиони и шампиони на РТГ; Македонија, 2013 година | 8 |
| 38. | Костимографија за претставување на светски и европски првенства на двојки во латиноамерикански и стандардни танци, вицешампиони и шампиони на РТГ; Македонија, 2014 година | 8 |
| 39. | Костимографија на претставник на светски и европски првенства во натпревар на модерен балет, 2012 година | 8 |
| 40. | Костимографија на претставник на светски и европски првенства во натпревар на модерен балет, 2013 година | 8 |
| 41. | Костимографија на претставник на светски и европски првенства во натпревар на модерен балет, 2014 година | 8 |
| 42. | 4 самостојни ревии на модели Haute Couture | 16 |
| 43. | Етнолошко -костимографски проект со Музеј Куманово | 2 |
| 44. | Костимографија за естрадна пејачка на забавна мелодија за музички спотови (4 спота) и настапи на фестивали (3 фестивала), Наташа Мијатовиќ | 21 |
| 45. | Костимографија за настап на фестивалот славјански беседи -Русија на естрадна пејачка на забавни мелодии - Ребека Јанковска | 3 |
| 46. | Костимографија за настапи и учества на фестивали на естрадна пејачка на народна музика - Андријана Алачки | 3 |
| 47. | Костимографија за солистички концерт на оперската пејачка - Ивана Свилар Андоновска | 3 |
| 48. | Костимографија за солистички концерт на оперската пејачка Елена Петрушевска | 3 |
| 49. | Костимографија со режисерот Димитар Станковски | 8 |
| | **Вкупно** | **336** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | - |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 336,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | - |
| **Вкупно** | 336,00 |

**Членови на Комисијата**

**1.Ред.проф. м-р Ељеса Касо, с.р.**

**2.Вонр.проф. м-р Мими Таневска-Србиновска, с.р.**

**3.Вонр.проф. м-р Златко Славенски, с.р.**

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Имране Селмани | Гаранции за независноста на судиите во Република Македонија (The Guarantees for the Independence of the Judges in Republic of Macedonia) | **проф.д-р Марика Ристовска** |
| Елма Јашар | Европските стандарди за едукација на судиите (The European Standards for Education of the Judges) | **проф.д-р Марика Ристовска** |
| Сандра Липша | Гаранции за независност на уставното судство во РМ” (The Guarantees for the Independence of the Constitutional Court in Republic of Macedonia) | **проф.д-р Марика Ристовска** |
| Влатко Поповски | Карактеристики на единствената политика за решавање на спорови за интернет домен имиња (Characteristics of the Dispute Solution Policy for Internet Domain Names) | **проф.д-р Гоце Наумовски/** |
| **Драгана Тасевска** | Проценка на авторските права (Valuation of Copyrights) | **Проф.д-р Александар Стојков** |
| | | |
| Антонио Кочовски | Предизвици на доброто управување во невладините организации во Република Македонија (The Challenges of good governance in the civil society organizations in the Republic of Macedonia) | **доц.д-р Ненад Марковиќ** |
| Иван Стојановски | Паневропската Унија и ширењето на демократијата (Paneuropean Union and the spread of democracy) | **проф.д-р Татјана Петрушевска** |
| Симона Ѓеоргиевска | Релации меѓу заштитата на индустрискиот дизајн и авторското и сродните права во Европска унија (Relations between | **проф.д-р Гоце Наумовски** |

| | | |
|---|---|---|
| | Industrial Design Protection and Copyrights in the European Union) | |
| Ида Реџепагиќ | Правни и економски аспекти на трговската марка во модната индустрија (Legal and Economic Aspects of the Trademark in the Fashion Industry) | **проф.д-р Александар Стојков** |
| | | |

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Сања Ристески** | **Споредбено правни аспекти на општата безбедност на производите и одговорноста во потрошувачкото право [Comparative Legal Aspect of General Product Safety and Liability in Consumer Law]** | **доц. д-р Неда Здравева** |
| **Кити Николова** | **Сурогат мајчинство – етички и правни дилеми [Surrogacy: Ethical and Legal Dilemmas]“** | **доц. д-р Ангел Ристов** |
| **Славе Петковски** | **Пополнување на правните празнини во договорите во домашното и меѓународното договорно право [Supplementing of Legal Gaps in Contracts in Domestic and International Contract Law** | **доц. д-р Ненад Гавриловиќ** |
| **Алберто Грозданов** | **Ловиштата како ствари од општ интерес за Република Македонија [Hunting Grounds as Things of Public Interest in the Legal System of Republic of Macedonia** | **доц. д-р Тина Пржеска** |
| **Александар Блажевски** | **Процесноправни аспекти на остварување на парични побарувања врз основа на веродостојна исправа во правото и практиката на Република Македонија [Procedural Aspects of Realization of Monetary Claims Based on Reliable Document in the Law and Practice in Republic of Macedonia]** | **проф. д-р Татјана Зороска Камиловска** |
| **Мартина Мирчевска** | **Постапката за градење како оригинерен начин на стекнување право на сопственост [The Proceedings Regarding the Construction as Original Manner of Acquiring of Ownership]** | **доц. д-р Неда Здравева** |
| **Рената Џон** | **Подружници и зависни друштва на странски банки (Branch offices and** | **доц. д-р Јован Зафироски** |

| | | |
|---|---|---|
| | **subsidiaries of foreign banks)** | |
| **Андриана Винарова** | **Алтернативни извори на банкарско финансирање (Alternative sources of bank financing)** | **проф. д-р Александар Стојков** |
| **Александра Георгиевска** | **Финансирање на нелегални дејности и борба за нивно спречување (Financing of illegal activities and fight for their prevention)** | **проф. д-р Александра Максимовска Велјановски** |
| **Марко Трајковски** | **Основање, управување и престанок на работењето на банките во Република Македонија” (Establishment, governance and dissolution of banks in the Republic of Macedonia)** | **доц. д-р Јован Зафироски** |
| **Маја Атанаскоска** | **Даночни олеснувања и ослободувања кај персоналниот данок од доход во домашното и компаративното право“(Deductions on the personal income tax)** | **проф.д-р Весна Пендовска** |
| **Кристина Алексова** | **Оданочување на добивката од игри на среќа“(Taxation on gambling winnings)** | **проф.д-р Весна Пендовска** |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 31.10.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Еркин Хасан | Активностите на Меѓународна организација на трудот во спроведувањето на концептот "пристојна работа" (The activities of ILO in realization of the concept "dissent job") | Д-р **Тодор Каламатиев** |
| Иџлал Керим | Економско-правни аспекти на системите на управување со претпријатијата (Economic and legal aspects of the governance systems of enterprises) | Д-р **Биљана Петревска** |
| Кристијан Цветановски | Историски развој на банкарскиот систем на Република Македонија (Historical development of the banking system of the Republic of Macedonia) | Д-р **Биљана Петревска** |
| Лина Андоновска | Промоција и однесување на потрошувачите (Promotion and customer behaviour) | **Д-р Биљана Петревска** |
| Виолета Мицајкова | Обезбедување врз банкарски побарувања (Security over bank claims) | **Д-р Биљана Петревска** |
| Ивана Евтимовска | Животното осигурување и влијанието на брокерските друштва во формирањето на пазарот на животно осигурување (Life assurance and the influence of brokerage | **Д-р Биљана Петревска** |

| | | |
|---|---|---|
| | companies in the creation of life assurance's market) | |
| Паша Кариќ | Имплементацијата на основните принципи на корпоративното управување во организацијата и фунцкионирањето на банките (The implementation of the basic principles of corporate governance in the organization and functioning of banks) | **д-р Александар Климовски** |
| Томи Илиевски | Употреба на постапките за доделување на договори за јавни набавки од страна на единиците на локална самоуправа – практика и проблеми (Application of the procedures for the award of procurement contracts by the local government - practice and problems) | **д-р Александар Климовски** |
| Ивана Димитровска | Перспектива на службеничкото право во Република Македонија (Perspectives of the Civil Service Law in the Republic of Macedonia) | **д-р Борче Давитковски** |
| Иле Цинговски | Влијанието на Охридскиот рамковен договор врз службеничката структура во Република Македонија (2001-2014) (The Effects of the Ochrid Framework Agreement of the structure of Civil Service in the Republic Macedonia (2001-2014) | **д-р Драган Гоцевски** |

| | | |
|---|---|---|
| Марија Димчевска | Развој на проекти на јавно приватно партнерство во Република Македонија во функција на зголемувањето на ефикаснсота на управата (Delevoping Public Private Partnership Projects in the Republic of Macedonia, Increasing Public Administration Efficiency) | **д-р Ана Павловска Данева** |
| Ана Сотировска | Принципот на не-дискриминација и вработувањето во Европската унија (The principle of non-discrimination and employment in the European Union) | **д-р Татјана Петрушевска** |
| Билјана Ѓеоргиевска | Меѓународната агенција за атомска енергија (The International Atomi Energy Agency) | **д-р Татјана Петрушевска** |
| Оливија Кукоска | Третман на децата борци во меѓународното право (The treatment of chold soldiers under international law) | **д-р Елена Михајлова** |
| Арта Јусуфи | Меѓународни механизми за заштита на правата на жената (International legal mechanisms for the protection of the rights of women) | **д-р Елена Михајлова** |
| Марија Крстеска | Автономија на волја како точка на врзување при определувањето на меродавното право за договорните односи во меѓународното приватно право на Европската унија (The autonomy of will as a point of connection in | **д-р Тони Дескоски** |

| | | |
|---|---|---|
| | determining the law applicable to contractual relations in the Private International law of the European Union) | |
| Мики Петкоски | Определување на меродавното право за договорните односи во отсуство на автономија на волја кај странките во меѓународното приватно право на Европската унија (Determining the law applicable to contractual relations in the absence of autonomy of will of the parties in the Private International law of the European Union) | **д-р Тони Дескоски** |
| Ивона Бузук | Неовластено следење и вознемирување на лица преку интернет (Cyberstalking) | **д-р Никола Тупанчески** |
| Томе Пулејков | Казнено-правните аспекти на откривањето на идентитетот на заштитениот сведок (Criminal Law Aspects of the Discovering of the Identity of the Protected Witness) | **д-р Никола Тупанчески** |
| Виолета Денковиќ | Кривични дела против јавниот ред со посебен осврт на насилството (Crimes Against the Public Order, with Specific Accent to the Crime of Violence) | **д-р Никола Тупанчески** |
| Марија Стојановска | Сексуалната злоупотреба на децата со посебен соврт на кривичното дело детска проституција во Република Македонија (Sexual Exploitation of Children, with Specific Aspect of the Crime | **д-р Никола Тупанчески** |

| | | |
|---|---|---|
| | Child Prostitution in Republic of Macedonia) | |
| Сашка Ѓорѓиоска | Семејното насилство низ призмата на институциите во Република Македонија (Domestic Violence trough the Reaction of the Public Institutions in Republic of Macedonia) | **д-р Гордана Бужаровска** |
| Дејан Недељковиќ | Легализација на марихуаната (Legalization of the Use of Marihuana) | **д-р Гордана Бужаровска** |
| Елизабета Серафимова | Состојбата на малолетничката деликвенција во Струмица (Juvenile Delinquency in the Strumica Region) | **д-р Гордана Бужаровска** |
| Ирена Трајковска | Децата како жртви на семејно насилство (Children as Victims of Domestic Violence) | **д-р Гордана Бужаровска** |
| Дамјан Малиновски | Криминолошки аспекти на кривичните дела против имотот со посебен осврт на кривичното дело Затајување (Criminological Aspects of the Crimes Against the Property, with Specific Assent to the Crime of Embezzlement) | **д-р Гордана Бужаровска** |
| Андријана Наумовиќ | Улогата на судот во претходната постапка (The Role of the Court in the Pretrial Procedure) | **д-р Гордан Калајџиев** |

| | | |
|---|---|---|
| Катерина Петревска | Проблемот на пренатрупаност на казнено-поправните установи во Република Македонија (The Problem of Overcrowding of the Penitentiaries in the Republic of Macedonia) | **д-р Александра Груевска Дракулевски** |
| Банина Цамиќ | Кривичното дело силување во теоријата и судската практика (Crime of Rape in the Theory and Court Practice) | **д-р Александра Деаноска Трендафилова** |
| Билјана Илиевска | Кривични дела против правниот сообраќај во теоријата и практиката во Република Македонија (Crimes Against the Legal Traffic in the Theory and Court Practice) | **д-р Александра Деаноска Трендафилова** |
| Мартина Иванова | Економска анализа на корупцијата (Economic Analysis of the Corruption) | **д-р Ванчо Узунов** |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ДВА НАСТАВНИКА ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008, 193/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 250/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 30.9.2014 година, донесе решение за избор за 2 (два) наставника во сите звања по предметот ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА, во согласност со конкурсот од 5.9.2014 година и формираше РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА во состав:

1. Проф. д-р Марина Давчева Чакар
2. Проф. д-р Пенчо Шукаров
3. Проф. д-р Мирослава Поповска
4. Проф. д-р Илија Пангoвски
5. Проф. д-р Лилјана Спасевска

По увидот во документацијата за пријавените кандидати и тоа: в. н. сор. д-р Никола Николовски и в. н. сор. д-р Јане Нетковски, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Н. сор. д-р Никола Николовски

**1. Биографски податоци**

Никола Николовски е роден на 18.12.1961 година во Гостивар, Р. Македонија. Основно и средно образование завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје со просечен успех 9,19 во април 1986 година. Активно го владее англискиот јазик.

На Клиниката за уво, нос и грло се вработил во септември 1988 година, а специјализацијата по оториноларингологија ја завршил во февруари 1994 година.

**2. Академски назначувања**

За помлад асистент на Катедрата за оториноларингологија е избран во 1994 година, а во 1996 година е промовиран во звањето асистент и од тогаш активно учествува во изведувањето на практичната настава за студентите по општа медицина и стоматологија.

Во март 2008 година е промовиран во доктор на медицински науки по успешно одбранетата докторска теза ,,Клиничка апликација на CT и MRi во предоперативна евалуација на ларинго-фарингеалниот карцином".

Во звањето научен соработник е избран во 2009 година, по што учествува во изведувањето на теоретска настава за студентите по општа медицина и стоматологија по предметот оториноларингологија и за студентите од тригодишните стручни студии.

Активно учествува во теоретската и практичната настава на специјализантите по оториноларингологија.

Во звањето виш научен соработник е избран во 2014 година.

Генералната просечна оценка од спроведената евалуација од страна на студентите за академската 2013/2014 год. за зимскиот семестар изнесува 9,45, а за летниот семестар - 9,48.

### 3. Стручни престои и стипендии за усовршување

Во 1996 година, по аплицирањето и добивањето на NUFFIC-стипендија од Холандската влада, заминал на стручно усовршување – хируршки третман на онколошка патологија во регијата на главата и вратот, во Универзитетската DAWZIG-болница при "Erazmus University" во Ротердам, под патронат на Prof. W. Verwud и Dr. P. Kneght.

На нивна лична покана, во периодот март – јуни 1998 го продолжил своето стручно усовршување, престојувал и работел во еден од најценетите онколошки центри во Холандија, Daniel de Hool Clinik ,под водство на Prof. Levendag.

Во 2000 година учествувал на конкурсот за докторанди распишан од Министерството за надворешни работи и ја добил Cheevning scholar ship, со што му е овозможен престој во Универитетската ENT клиника во Единбург, под патронат на Prof. A. G. Margan и Dr. R. Sanderson, во период од јануари до април 2000 година.

Во 2010 и 2012 година заминал на стручен престој на Универзитетот во Мичиген во Ен Арбор.

Во 2012 година престојувал на Универзитетот во Питсбург на ENT -клиниката.

Активен учесник е на многу конгреси и курсеви од областа на онколошката проблематика на главата и вратот: Хонг-Конг,

Берлин, Париз, Брисел, Амстердам, Глазгов, Њу-Касл, Рио де Женеиро, Белград и други.

**4. Научноистражувачка работа**

Автор и коавтор е на повеќе од 30 стручни трудови кои се презентирани во светот, а се рецензирани во повеќе билтени на Медицинскиот факултет и печатени од Одделот за биолошки и медицински науки при МАНУ.

Од 31.5.-1.6.2007 година на Универзитетската Клиника за уво, нос и грло го организирал и го водел вториот акредитиран курс - Work shop на тема „Рана дијагностика и третман на ларингофарингеалниот карцином".

Од 1-3.10.2008 година во Охрид, во улога на претседател, успешно го организирал 2. Македонски конгрес по оториноларингологија.

**5. Професионален интерес и развој**

Од 1994 година е поставен за шеф на Кабинетот за ендо-видео стробосопија, кој за прв пат е формиран на Универзитетската клиника за уво, нос и грло.

Во 2000 година е поставен за шеф на оперативниот блок при Клиниката за уво, нос и грло, а од 2004 година е раководител на машкиот и онколошкиот оддел на Универзитетската клиника за уво, нос и грло.

Во хируршкиот третман на карцином на ларинкс и хипофаринкс воведува нова хирушка техника (wide filed approach) и за прв пат пласира гласовна протеза "Provoks" кај ларингектомирани пациенти.

**6. Членство во професионални организации:**

- член на Асоцијацијата на оториноларинголозите во Македонија при МЛД;
- член на Комисијата за надворешна соработка при Македонската лекарска комора;
- член на Европската ларинголошка асоцијација;
- член на Претседателството на Балканската асоцијација на оториноларинголози;
- член на Кадровскиот одбор при Медицинскиот факултет во Скопје.

## Н. сор. д-р Јане Нетковски

***Биографски податоци***

Јане Нетковски е роден на 25.1.1968 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со континуиран

одличен успех. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје со среден успех 9,42.

На Клиниката за уво, нос и грло се вработил во 1996 година, а специјализацијата по оториноларингологија ја завршил во 2000 година. Истата година ја одбранил магистерската тема под наслов ,,Улогата на акустичната ринометрија и назалниот азотен оксид во дијагноза и следење на ефектите од терапијата на перенијалниот алергиски ринитис" со оценка 10. На Катедрата за оториноларингологија, во звањето помлад асистент бил избран во 2000 година, додека за асистент во 2003 година и оттогаш активно учествува во изведувањето на практичната настава за студентите по општа медицина и стоматологија. Докторската дисертација под наслов „Евалуација на ендоскопската хирургија на параназалните синуси во лекување на хроничниот риносинузитис" ја пријавил во 2004 година, а ја одбранил во 2008 година. Во звањето научен соработник бил избран во 2009 година. Учествува во изведувањето на теоретската настава за студентите по општа медицина и стоматологија по предметот оториноларингологија и за студентите од тригодишните стручни студии. Активно учествува во теоретската и практичната настава на специјализантите по оториноларингологија.

Во звањето виш научен соработник е избран во 2014 година.

Генералната просечна оценка од спроведената евалуација од страна на студентите за академската 2013/2014 год. за зимскиот семестар изнесува 9,58, а за летниот семестар - 9,17.

Активно учествувал на бројни домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и работилници (Виена -1998 год., Улм - 2002 год., Истанбул - 2004 год., Утрехт - 2006 год., Загреб - 2010 и 2012, Ниш - 2010 и др.). Досега реализирал стручни престои во повеќе земји, меѓу кои на Клиниката за оториноларингологија и цервикофацијална хирургија при Клиничкиот центар во Љубљана (Р. Словенија) во два наврата (2000 год. и 2001 год.) како стипендист на Министерството за наука при Владата на Р. Словенија, на Клиниката за оториноларингологија при Фреи - универзитетот во Берлин (Германија, 2003 год.), на клиниките за уво, нос и грло во Милано и во Варезе (Италија) во два наврата (2005 год. и 2006 год.), во приватната практика на Ернест Ди Геронимо за Advanced plastic and reconstructive surgery во Флорида (Соединети американски држави, 2007 год.), на Универзитетската клиника за уво, нос и грло во Улм (Германија, 2008 год.) и на Универзитетската клиника за оториноларингологија и хирургија на глава и врат „Сестре милосрдници во Загреб" (Хрватска, 2013 год.). Автор и коавтор е на повеќе печатени трудови во домашни и меѓународни научно-стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор. Автор е на монографијата „Основни принципи

Досега има остварено три престои во странство, за истражување и за стручно усовршување: едносеместрален на Институтот за славистика при Словачката академија за науки во Братислава, во 2009 год.; едномесечен на Катедрата за култура, религија и историја на Универзитетот Сапиенца во Рим, Италија, во 2011 год. и еднонеделен во Софија, во Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј" во 2012 год.

ЗАКЛУЧОК

Од изнесеното се гледа дека д-р Марија Паунова од почетокот на кариерата пројавила забележлива и обемна научна активност во проучувањето на македонската јазична проблематика, од синхрониски и од

дијахронски аспект. Таа располага со богато и повеќестрано наставно искуство стекнато во работата со студентите од повеќе групи на Филолошкиот и на Филозофскиот факултет на УКИМ. Секогаш се однесува одговорно и совесно кон обврските, со колегијален однос кон студентите и кон колегите, па поради сето ова му предлагаме на Наставно-научниот совет да го прифати овој Извештај и да ја избере во звањето доцент по предметот *современ македонски јазик*.

Рецензентска комисија

Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

Д-р Славица Велева, редовен професор, с.р.

Д-р Симон Саздов, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Марија Петар Паунова**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет ,,Блаже Конески"**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **македонистика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1.1. | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| 1.1.1. | **2003/2004 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик (0+8) | 4.8 |
| 1.1.2. | **2003/2004 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик (0+8) | 4.8 |
| | Македонски јазик (култура на говор), ФФК-Факултет за физичка култура (2+0) | 1.2 |
| 1.1.3. | **2004/2005 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик (0+8) | 4.8 |
| 1.1.4. | **2004/2005 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик (0+8) | 4.8 |
| | Македонски јазик (култура на говор) ФФК (2+0) | 1.2 |
| 1.1.5. | **2005/2006 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик (0+8) | 4.8 |
| | Македонски јазик, ФзФ – Филозофски факултет (2+0) | 1.2 |
| 1.1.6. | **2005/2006 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик (0+8) | 4.8 |
| | Македонски јазик (култура на говор) ФФК (2+0) | 1.2 |
| 1.1.7. | **2006/2007 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик (0+8) | 4.8 |
| | Македонски јазик, ФзФ (2+0) | 1.2 |
| 1.1 .8. | **2006/2007 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик (0+8) | 4.8 |
| | Македонски јазик (култура на говор) ФФК (2+0) | 1.2 |
| 1.1.9. | **2007/2008 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик 1 (0+8) | 4.8 |
| | Македонски јазик, ФзФ (2+0) | 1.2 |
| 1.1.10 | **2007/2008 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (0+8) | 4.8 |
| | Македонски јазик (култура на говор), ФФК (2+0) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2.4 |
| 1.1.11 | **2008/2009 зимски семестар - отсуство за доработка на магистерската теза** | |
| 1.1.12 | **2008/2009 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (0+8) | 4.8 |
| | Современ македонски јазик 6 (0+2) | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| | МЈ за странци (среден курс) (0+4) | 2.4 |
| 1.1.13 | **2009/2010 зимски семестар - отсуство за стручно усовршување во Словачката академија на науки** | |
| 1.1.14 | **2009/2010 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (0+6) | 3.6 |
| | Современ македонски јазик 6 (0+2) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 8 (0+4) | 2.4 |
| 1.1.15 | **2010/2011 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик 1 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 5 (0+4) | 2.4 |
| | Граматика на МЈ 3 (0+4) | 2.4 |
| 1.1.16 | **2010/2011 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2.4 |
| | Граматика на МЈ 4 (0+4) | 2.4 |
| 1.1.17 | **2011/2012 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик 1 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 5 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 1 (0+2) | 1.2 |
| | Граматика на МЈ 3 (0+2) | 1.2 |
| 1.1.18 | **2011/2012 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 2 (0+2) | 1.2 |
| | Граматика на МЈ 4 (0+2) | 1.2 |
| 1.1.19 | **2012/2013 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик 1 (0+2) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 5 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 1 (0+2) | 1.2 |
| | Граматика на МЈ 1 (0+4) | 2.4 |
| 1.1.20 | **2012/2013 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (0+2) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 2 (0+2) | 1.2 |
| | Граматика на МЈ 2 (0+4) | 2.4 |
| 1.1.21 | **2013/2014 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик 1 (0+2) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 1 (0+2) | 1.2 |
| | Граматика на МЈ 3 (0+2) | 1.2 |
| | Граматика на МЈ 1 (0+2) | 1.2 |
| | Македонски јазик за странци 1 (0+2) | 1.2 |
| | Правопис на СМЈ (0+2) | 1.2 |
| 1.1.22 | **2013/2014 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (0+2) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 2 (0+2) | 1.2 |
| | Граматика на МЈ 4 (0+2) | 1.2 |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (0+2) | 1.2 |
| | Македонски јазик за странци 2 (0+2) | 1.2 |
| | Правоговор на СМЈ (0+2) | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2 | **Настава во школи и работилници** | |
| 1.2.1 | Лектор на летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (во: 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2014 г.)<br>8 години x 1 = 8 | 8 |
| 1.2.2 | Циклус предавања на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид 2014), во рамките на Курсот по креативно пишување: - 4 часа | 6 |
| 1. 3 | **Консултации со студенти** | |
| 1.3.1 | 2003/2004:<br>зимски семестар: 150 x 0.002 = 0.3<br>летен семестар: 300 x 0.002 = 0.6 | 0.9 |
| 1.3.2 | 2004/2005:<br>зимски семестар: 150 x 0.002 = 0.3<br>летен семестар: 300 x 0.002 = 0.6 | 0.9 |
| 1.3.3 | 2005/2006:<br>зимски семестар: 300 x 0.002 = 0.6<br>летен семестар: 300 x 0.002 = 0.6 | 1.2 |
| 1.3.4 | 2006/2007:<br>зимски семестар: 300 x 0.002 = 0.6<br>летен семестар: 300 x 0.002 = 0.6 | 1.2 |
| 1.3.5 | 2007/2008:<br>зимски семестар: 300 x 0.002 = 0.6<br>летен семестар: 300 x 0.002 = 0.6 | 1.2 |
| 1.3.6 | 2008/2009:<br>летен семестар: 100 x 0.002 = 0.2 | 0.2 |
| 1.3.7 | 2009/2010:<br>летен семестар: 150 x 0.002 = 0.3 | 0.3 |
| 1.3.8 | 2010/2011:<br>зимски семестар: 200 x 0.002 = 0.4<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0.8 |
| 1.3.9 | 2011/2012:<br>зимски семестар: 150 x 0.002 = 0.3<br>летен семестар: 150 x 0.002 = 0.3 | 0.6 |
| 1.3.10 | 2012/2013:<br>зимски семестар: 150 x 0.002 = 0.3<br>летен семестар: 150 x 0.002 = 0.3 | 0.6 |
| 1.3.11 | 2013/2014:<br>зимски семестар: 150 x 0.002 = 0.3<br>летен семестар: 250 x 0.002 = 0.5 | 0.8 |
| 1.4 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| 1.4.1 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа на: Елена Митовска (2013), Катерина Петревска, Миодраг Рајовски (2014)<br>3 x 0,1 = 0,3 | 0,3 |
| 1.5. | **Позитивно рецензиран практикум** | |
| 1.5.1 | Прирачник за кандидатите на тестот по македонски јазик како странски (ТЕМАК), според потребите на целната група за напредната рамниште, коавтор | 3 |
| 1.5.2 | Прирачник за составувачите на тестот по македонски | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | јазик како странски (ТЕМАК), според потребите на целната група за напреднато рамниште, коавтор | |
| 1.5.3 | Прирачник за оценувачите на тестот по македонски јазик како странски (ТЕМАК), според потребите на целната група за напреднато рамниште, коавтор | 3 |
| | **Вкупно** | 168.8 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 2.1 | **Учесник во национален проект** | |
| 2.1.1 | Учесник во проектот на Министерството за образование и наука – *Орбелски триод* | 3 |
| 2.1.2 | Учесник во проектот на Министерството за образование и Министерството за информатичко општество на Р. Македонија - *Македонија на Википедија* | 3 |
| 2.2 | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 2.2.1 | Учесник во меѓународен научен проект - Tempus project: SCM-COO8BO6, *Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик (Macedonian language testing and certifying centre)* | 5 |
| 2.2.2 | Учесник во меѓународен научен проект - UNESCO project: 4643700002, *Меѓународен семинар за формирање на процедури за тестирање според европски стандарди и нивна примена на македонскиот јазик како странски/втор јазик (International workshop on testing procedures ina Macedonian as a foreign language)* | 5 |
| 2.2.3 | Учесник во меѓународен научен проект - *Macedonian as a Foreign Language Curriculum Upgrading* (158638-TEMPUS-1-2009-MK-TEMPUS-JPCR) | 5 |
| 2.2.4 | Учесник во билатерален научен проект помеѓу Институтот за литература при Бугарската академија на науки и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: *Византиски културни и јазични модели кај јужните Словени: рецепција и трансформација* | 5 |
| 2.2.5 | Учесник во билатерален (словенечко-македонски) научен проект: *Општествено-културната улога на словенечкиот јазик во Македонија и на македонскиот јазик во Словенија* | 5 |
| 2.3 | **Монографија** | |
| 2.3.1 | ,,Деклинација на именките во црковнословенските ракописи од македонска редакција", УКИМ, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", БороГрафика, Скопје 2011. | 8 |
| 2.4 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 2.4.1 | ,,Морфолошка хомонимија во деклинацијата на именките во старословенските и во | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | црковнословенските текстови", во: Зборник на трудови од Петтиот научен собир на Млади македонисти одржан во Скопје, 11-12 декември 2006, Скопје 2007, стр. 177-192 | |
| 2.4.2 | ,,Улогата на фонетско-фонолошкиот развој во реорганизација на промените на именките во црковнословенските ракописи од македонска редакција", во: Зборник на трудови од Шестиот научен собир на Млади македонисти одржан во Скопје, 18-20 декември 2008, Скопје 2010, стр. 183-202. | 2 |
| 2.4.3 | ,,Охридските традиции и јазикот на натписите во црквите во македонија, во: Зборник на трудови од Четвртата научна средба во чест на Св. Климент, НУБ, Скопје, 2010, стр. 93-111. | 2 |
| 2.5 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 2.5.1 | *The Turkish Lexis in the Macedonian Language*, Universitatea ,,Dimitrie Cantemir", Din Tîrgu Mureş, vol I, Cluj-Napoca: Risporint, 2007, стр. 507-516 (со Бисера Павлеска-Георгиевска) | 2,7 |
| 2.5.2 | ,,Syntactic Errors among the Albanian L2 learners of Macedonian", Proccedings оф the First International Conference on Language, Culture and Literary Studies ,,The Said and the Unsaid", Department of Foreign Languages, Faculty of Humanities, University of Vlora, Albania, 11-13 September 2010: Vlora 2011, 139-150 | 3 |
| 2.5.3 | ,,Изучување на македонскиот јазик како странски/втор (состојби, потреби, задачи), во: Зборник од Интернационалната конференција *Изучување на јужнословенски јазици во денешна Европа,* Масариков универзитет, Брно, Чешка, 18-19 април 2011: Brno, Porta Balkanica 2011, стр. 160-168. | 3 |
| 2.5.4 | ,,Грешки во синтаксичката продукција при изучување на македонскиот како странски/втор јазик, во: Зборник од Интернационална конференција *Изучување на јужнословенски јазици во денешна Европа,* Масариков универзитет, Брно, Чешка, 26-27 март 2012: Opera Slavica, 3/2013, Brno, 308-317. | 3 |
| 2.5.5 | ,,Аграматизам при изучување на македонскиот како втор јазик, IV по ред конференција, *Изучувањето на јужнословенските јазици и литератури во денешна Европа,* Department of Slavonic Studies, Section of South Slavonic and Balkan Studies, Brno, Česka, 30 мај – 1 јуни 2013: Porta Balcanica, Brno 2014, 563-570. | 3 |
| 2.5.6 | ,,Словенските натписи во Охрид во трудовите на В. И. Григорович", во: Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир *Кирилометодиевската традиција и македонско-руските духовни и културни врски,* Охрид, 3-4 октомври 2013, УКИМ, Скопје 2014, стр. 279-286. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.6 | **Труд во зборник на в.о институција** | |
| 2.6.1 | „Турцизмите во Бабаџан од Живко Чинго" во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", кн. 28-29 (2002-2003), Скопје 2004, стр. 57-74. | 2 |
| 2.6.2 | „Падежни остатоци во романот *Патот на светот* од Венко Андоновски", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", кн. 33, Скопје 2007, стр. 173-190. | 2 |
| 2.6.3 | „Отклонување на разликите меѓу меката и тврдата промена на именките во црковнословенските ракописи од македонска редакција", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", кн. 34, Скопје 2008, стр. 305-314. | 2 |
| 2.6.4 | „Кон некои особености на генитивот во македонските црковнословенски ракописи", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", кн. 35, Скопје 2009, стр. 129-140. | 2 |
| 2.7 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| 2.7.1 | „Кон некои јазични особености на расказот Син од Живко Чинго", Литературен збор, 1-3, Скопје 2004, стр. 53-60. | 2 |
| 2.7.2 | „Предлошко-падежни конструкции и повторување на предлозите во македонските црковнословенски ракописи", сп. Славистички студии бр. 13, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје 2009, стр. 189-199. | 2 |
| 2.7.3 | „Деклинација на именките во црковнословенските ракописи од македонска редакција", Македонски јазик, LX, Скопје 2009, стр. 237-248. | 2 |
| 2.7.4 | „За една особеност од деклинацијата на именките во македонските црковнословенски ракописи, сп. Славистички студии бр.12, УКИМ, Филолошки факултет, Скопје 2011, стр. 121-132 | 2 |
| 2.8 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 2.8.1 | „Турската лексика во македонскиот јазик (врз примери на јазичниот израз на младата популација во Македонија)", Македонски јазик, LVIII-LIX, Скопје 2007-2008, стр. 217-231 (со Бисера Павлеска-Георгиевска). | 2,7 |
| 2.8.2 | „Declension of the nouns in the Church Slavonic Texts of Macedonian Recension", во: Constantine's letters, Bratislava 3/2010, стр. 130-138 (статија на англиски). | 3 |
| 2.8.3 | „Деклинација на именките во ктиторските натписи во Македонија, сп. Славистички студии бр.15-16 (2012-2013), Скопје 2013, стр. 183-191. | 3 |

| 2.9 | **Секциски предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество** | |
|---|---|---|
| 2.9.1 | Предавање на тема: „Declension of Nouns in the Texts from the Ohrid Literary School", одржано на First Central Europian Student Conference in Linguistics, May 29-31, 2006, Budapest, Hungary, (http://www.nytud.hu/cescl). | 2 |
| 2.9.2 | Предавање на тема: *Turkish Lexis in the Macedonian Language*, одржано на Fifth Post-Graduate Conference in ELT and Linguistics, Middle East Tehnical University, Department of Foreign Language Education, September 20-21, 2007, Ankara, Turkey (www.fedu.metu.edu.tr/pstgr) (со Бисера Павлеска-Георгиевска) | 1,8 |
| 2.9.3 | Предавање на тема: „Syntactic Errors among the Albanian Second Language Learners of Macedonian Language", одржано на First International Conference on Language, Culture and Literary Studies „The Said and the Unsaid", Department of Foreign Languages, Faculty of Humanities, University of Vlora, Albania, 11-13 September 2010 (http://univlora.edu.al/fe/lang/al/konf/Home.html) | 2 |
| 2.9.4 | Предавање на тема: Изучување на македонскиот јазик како странски/втор (состојби, потреби, задачи), одржано на интернационална конференција *Изучување на јужнословенски јазици во денешна Европа,* Масариков универзитет, Брно, Чешка, 18-19 април 2011. | 2 |
| 2.9.5 | Предавање на тема: Грешки во синтаксичката продукција при изучување на македонскиот како странски/втор јазик, одржано на интернационална конференција *Изучување на јужнословенски јазици во денешна Европа,* Масариков универзитет, Брно, Чешка, 26-27 март 2012. | 2 |
| 2.9.6 | Предавање на англиски: *On the loosening of the synthetic flexion (from Old Church Slavonic until Contemporary Macedonian Language),* одржано на Langues et Historie, Universite Paris-Est Creteil, 14-15 June 2012 | 2 |
| 2.9.7 | Предавање на тема: „Словенските натписи во Охрид во трудовите на В. И. Григорович, одржано на Меѓународниот научен собир *Кирилометодиевската традиција и македонско-руските духовни и културни врски,* Охрид, 3-4 октомври 2013. | 2 |
| 2.10 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 2.10.1 | „Морфолошка хомонимија во деклинацијата на именките во старословенските и во црковнословенските текстови", Петти научен собир на Млади македонисти, Скопје, 11-12 декември 2006. | 1 |
| 2.10.2 | „Улогата на фонетско-фонолошкиот развој во реорганизација на промените на именките во црковнословенските ракописи од македонска редакција", Шести научен собир на Млади македонисти, Скопје, 18-20 декември 2008. | 1 |
| 2.10.3 | „Охридските традиции и јазикот на натписите во црквите во македонија, Четврта научна средба во чест | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | на Св. Климент, НУБ, Скопје, 7.12. 2010. | |
| 2.11 | **Апстракт на трудови објавен во зборник** | |
| 2.11.1 | „Declension of Nouns in the Texts from the Ohrid Literary School", First Central Europian Student Conference in Linguistics, May 29-31, 2006, Budapest, Hungary, (http://www.nytud.hu/cescl). | 1 |
| 2.11.2 | *Turkish Lexis in the Macedonian Language*, Fifth Post-Graduate Conference in ELT and Linguistics, Middle East Tehnical University, Department of Foreign Language Education, September 20-21, 2007, Ankara, Turkey (www.fedu.metu.edu.tr/pstgr). Коавтор со Бисера Павлеска-Георгиевска | 1 |
| | **Вкупно** | 106,2 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поен

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **3.1.** | **Учесник во промотивни активности на факултетот/институтот** | |
| 3.1.1 | Учество во промотивните активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во рамките на манифестацијата „Отворен ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј, во април-мај 2012, 2013, 2014 (3 x 0.5 = 1,5) | 1.5 |
| 3.2 | \|**Превод** | |
| 3.2.1 | Превод на македонски: *Сефора* од Марек Халтер, АЕА издавачи, 2006 Скопје | 3 |
| 3.2. 2 | Превод на две статии од германски на македонски во *Компаративна фонологија и морфологија на македонскиот јазик,* Франтишек Вацлав Мареш, УКИМ, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2008) 2 x 0.5 = 1 | 1 |
| **3.3** | **Лекторирање книги на македонски јазик** | |
| 3.3.1 | Алин Д. Вулф, *Водич за родители во училницата на Монтесори,* Скопје 2003 | 1 |
| 3.3.2 | Славица Велева, *Тенденции во зборообразувањето во македонскиот јазик,* 2-ри август, Скопје 2006. | 1 |
| 3.3.3 | Годишен зборник на Филолошки факултет „Блаже Конески", книга 37, Скопје 2012 | 1 |
| 3.3.4 | Владо Муковски, *Предизвик или вистина (конзерваторски интервенции и реставрација на ѕидната декорација на Шарената џамија во Тетово),* Тетово 2014. | 1 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3.4 | **Член на уредувачки одбор на списание/зборник трудови** | |
| 3.4.1 | Член на Уредувачкиот одбор на Годишниот зборник на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески", 2003-2005 | |
| 3.5 | **Член на програмски или организациски одбор на научен/стручен собир** | |
| 3.5.1 | Член на Организацискиот одбор на научната конференција „Млади македонисти“ (2006) | 0.5 |
| 3.5.2 | Член на Организацискиот одбор на научниот собир по повод 100-годишнината од раѓањето на проф. Крум Тошев (2012) | 0.5 |
| 3.6 | **Студиски/истражувачки престој во странство** | |
| 3.6.1 | Словачка акдемија за науки, Институт за славистика (15.9.2009-31.12.2009) | 1 |
| 3.6.2 | Универзитет Сапиенца, Рим, Катедра за култура, религија и историја (15.9.2011-15.10.2011) | 0.5 |
| 3.6.3 | Национална библиотека ,,Св. Кирил и Методиј во Софија (25.11.2012-5.12.2012) | 0.5 |
| 3.7 | **Член на факултетска комисија** | |
| 3.7.1 | Член на Комисија за попис на библиотечен фонд (во 2003, во 2010 и во 2013)<br>3 x 0.5 = 1.5 | 1.5 |
| 3.7.2 | Член на Комисија за попис на постојани средства на Филолошкиот факултет (за 2007, за 2009)<br>2 x 0.5 = 1 | 1 |
| 3.7.3 | Член на Техничка комисија за пресметување на просек на пријавени кандидати за упис во прва година (за учебните: 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013 и 2014/2015)<br>4 x 0.5 = 2 | 2 |
| 3.7.4 | Секретар на Катедрата за македонски јазик (2005-2007) | 1 |
| 3.7.5 | Член на ННС (2004-2006) | 1 |
| 3.7.6 | Член на Комисија за евалуација (2007 г.) | 0.5 |
| | **Вкупно** | 20,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 168,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 104,2 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 20,5 |
| **Вкупно** | 293,5 |

Рецензентска комисија

Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

Д-р Славица Велева, редовен професор, с.р.

Д-р Симон Саздов, редовен професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

**ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **м-рБојан Блажевски** | **Зависноста од глобалните медиуми кај надворешно-политичкото известување на весниците од Македонија, Словенија и Србија (1983-1989-2013)** <br> **Dependence on global media in foreign policy reporting of newspapers from Macedonia, Slovenia and Serbia (1983-1989-2013)** | **Проф. д-р Лидија Христова** |

**П Р Е Г Л Е Д**

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

**ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **м-р Тане Димовски** | **Наградувањето на вработените како дел од мотивирачкиот процес во менаџментот на организациите во Република Македонија**<br>**Rewarding of employees as part of the motivation process in the management of organizations in the Republic of Macedonia** | **проф.д-р Јорде Јаќимовски** |
| **м-р Анастасија Трајковска** | **Третманот на заштитеното изградено окружување во Република Македонија во контекст на одржлив развој**<br>**Treatment of protected built environment in the Republic of Macedonia in the context of sustainable development** | **проф.д-р Јорде Јаќимовски** |

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Валдет Фејза** | **Ефекти од признавањето на независноста на Република Косово врз односите на Република Македонија со Република Србија и Република Косово: надворешно-политичка анализа**<br><br>**Effects of the recognition of the independence of the Republic of Kosovo on the relations of Republic of Macedonia with Republic of Serbia and Republic of Kosovo: foreign policy analysis** | **доц. д-р Анета Цекиќ** |
| **Габи Лазароска** | **Влијанието на наградувањето врз мотивацијата на вработените во Република Македонија**<br><br>**The impact of rewards on the motivation of employees in the Republic of Macedonia** | **Проф.д-р Јорде Јаќимовски** |
| **Катерина Чаловска** | **Систем на плати: наградување на вработените според перформанси- студија на случај Неотел ДОО Скопје**<br><br>**System of salaries: rewarding of employees based on their performance - case study Neotel LLC Skopje** | **Проф.д-р Јорде Јаќимовски** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет„Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
Факултетот за електротехника и информациски технологии

# Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови
на седницата од Наставно научниот совет одржана на 24.9.2014 г.

## 1. Дигитално процесирање на сигнали

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ана Стојковиќ | Робустна супер-резолуција базирана на техники за подобрување на регистрацијата на движење | Robust Super-resolution Based on Improved Registration | Вон. проф. д-р Зоран Ивановски |

## 2. Безжични и мобилни комуникации

| ред. бр. | студент | Тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Калина Димчева | Протоколен инженеринг базиран на мобилноста на корисниците при премин помеѓу фемто и макро-ќелија кај мобилните мрежи | Protocol engineering based on user mobility for femto to macrocell handover in mobile networks | Доц. д-р Перо Латкоски |
| 2. | Славчо Таушанов | Осигурување за идните генерации на паметни телефони | Insurance for future generations of smart phones | Проф. д-р Александар Ристески |

## 3. Софтверско инженерство

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Сандра Станисављевска | Ефикасно водење на проекти со PRINCE2 методологија | Effective project management with PRINCE2 methodology | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |

## 4. Електрични машини и автоматизација

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јасмина Стојмирова | Развој на методологија за избор на енергетски ефикасни дистрибутивни трансформатори | Development of Methodology for Selection of Energy Efficient Distribution Transformers | Проф. д-р Крсте Најденкоски |

## 5. Еко информатика

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дејан Ивановски | Модел на азотот во Преспанското Езеро | Nitrogen model in Lake Prespa | Проф. д-р Коста Митрески |

## 6. Проектен менаџмент

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Драган Молеровиќ | Анализа на проект за развој, лансирање и следење на перформансите на нов производ | Project analysis for developing, launching and monitoring of the performance of new product | Проф. д-р Атанас Илиев |
| 2 | Сања Здравковска | Менаџмент на човечките ресурси во функција на бизнис потребите на компанијата | Management of human resources in function of business needs of the company | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 3 | Марина Бачановиќ | Улогата и карактеристики на проект менаџерот за успешна реализација на комплексни проекти | The role and charac-teristics of the project manager in effective realization of complex projects | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 4. | Славица Јовановска | Стратешко подобрување на организациониот профит преку 6 Сигма | Strategic improvement on organizational profit thought 6 Sigma | Проф. д-р Владимир Трајковиќ |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет„Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
Факултетот за електротехника и информациски технологии

# Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови
на седницата од Наставно научниот совет одржана на 22.10.2014 г.

## 1. Комуникациски и информациски технологии

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дарко Малевски | Анализа на безбедноста на IPv6 | Security Analysis of IPv6 | Проф. д-р Тони Јаневски |
| 2 | Иван Атанасовски | Дизајн на LTE мобилни мрежи | Design of LTE Mobile Networks | Проф. д-р Тони Јаневски |
| 3. | Влатко Данчев | Квалитет на сервисите во Интернет со користење на OpenFlow | Quality of Services in Internet with OpenFlow | Проф. д-р Тони Јаневски |

## 2. Проектен менаџмент

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Миона Турковиќ | Проектен менаџмент на инвестициите на пазарот во телекомуникацискиот бизнис | Project management of the investments on the telecommunications business market | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 2 | Вида Андонова | Методи за економско вреднување на проекти | Methods for economic evaluation of projects | Проф.д-р Атанас Илиев |
| 3 | Билјана Лозановска | Проектниот менаџмент и системите за менаџмент на севкупен квалитет | Project Management and Total Quality Management Systems | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |

## 3. Електроенергетика

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Трајче Тефов | Планирање на погонот и оптимизација на работните режими на ХЕЦ Тиквеш | Planning and optimization of the operational regimes of the HPP Tikves | проф. д-р Атанас Илиев |

## 4. Софтверско инженерство

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Огненка Гаврилоска | Техники за препознавање на лица во биометриски апликации | Face Recognition Techniques in Biometric Applications | Проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |

## 5. Компјутерски мрежи и е-технологии

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ивана Анастасовска | Трансформирање на градовите во паметни со примена на современи технологии-потенцијал, влијанија, придобивки | Transforming the cities in smart with application of modern technologies-potetial, impact, gains | Проф. д-р Аристотел Тентов |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 415. седница на Наставно – научниот совет одржана на 16.9.2014 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| **1** | **Габриела Ивановска, дипл.хем.инж.** | **“Унапредување на оперативните правила со прочистителна станица врз основа на работното искуство во експлоатација“**<br><br>**“Progress in the operational rules with waste water plant on the basis of work experience in exploitation“** | **проф.д-р Љупчо Петковски, Градежен факултет** |
| **2** | **Мајљинда Иљази, дипл.геод.инж.** | **“Примена на сателитското позиционирање во дигиталната картографија“**<br><br>**“Application of satellite positioning in digital cartography“** | **проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет** |
| **3** | **Горан Ѓошевски, дипл.град.инж.** | **“Компаративна анализа помеѓу анализите трошоци – добивки кај железничката патна инфраструктура“**<br><br>**“Comparative analysis for costs-benefits analysis between road and railroad cases“** | **проф. д-р Зоран Кракутовски, Градежен факултет** |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 416. седница на Наставно – научниот совет одржана на 01.11.2014 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Гоце Михајловски, дипл.град.инж. | “Процена на конструктивниот интегритет на постоечки згради“<br><br>“Structural integrity assessment of existing buildings“ | проф. д-р Лилјана Денковска, Градежен факултет |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТУДЕНАТА ВОЈНА КАКО ИЗРАЗ НА БИПОЛАРНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ 1945-1991 (ОД АСПЕКТ НА НАТО И ВАРШАВСКИОТ ПАКТ)“ ОД М-Р ЕЛЕНА ИВАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ,

Со Одлука на Советот на Институтот за национална историја во Скопје, бр. 10-263/6 од 30.10.2014 година, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов: „СТУДЕНАТА ВОЈНА КАКО ИЗРАЗ НА БИПОЛАРНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ 1945 – 1991 (од аспект на НАТО и Варшавскиот пакт)“ од кандидатката м-р Елена Иванова. Комисијата во состав: проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Љубица Јанчева, проф д-р Катерина Мирчевска, доц. д-р Невен Радически и доц. д-р Андреј Илиев, по увидот во поднесените материјали го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација се вбројува во редот на историографските теми кои се занимаваат со современата воена историја, историскиот опис на Студената војна и блоковската поделба на светот во периодот по Втората светска војна до денес.

Кандидатката м-р Елена Иванова, придржувајќи се до усвоените насоки во Елаборатот, во ракописот сериозно пристапила кон научно и синтетичко елаборирање на оваа воено-емпириска историска тематика. При разработката на тезата, таа го задржува хронолошко-проблемскиот принцип, а со сложениот мултидисциплинарен процес на научното истражување и со примената на познати научни методи успеала да одговори на поставената задача, да конципира успешен ракопис на докторската теза согласно со одобрениот за работа наслов.

Проучувањето на наведената проблематика не само за современата македонска историографија, туку и пошироко, е од извонредно значење, бидејќи таа има влијание врз општиот историски развиток на современиот свет, па во тој контекст и во Македонија, хронолошки сместена во рамките на втората половина на 20 и првите децении на 21 век.

Имајќи предвид дека во македонската историографија досега не постои монографски труд посветен на наведената проблематика за соодветниот период, туку за неа е пишувано и истражувано парцијално и во рамките на потесната специјалност од други научни дисциплини чиј интерес се други прашања и проблеми, сметаме дека нејзината историска обработка претставува придонес во рамките на воената историја на современата македонска историографија. Оттука и истражувачкиот опус во докторската теза на кандидатката е насочен кон консултирање на бројната литература од оваа област, како и достапните најчесто објавени архивски документи и специјализирани интернет-страници. Со вака подготвената научна фундираност, кандидатката врши документирана анализа на историската генеза на блоковската поделба и Студената војна во периодот по Втората светска војна, па се до денешни денови.

Крајот на Втората светска војна довел до формирање на нова слика и на една сосема нова ситуација во која Европа полека го губи приматот на светски креатор, а на нејзино место се етаблираат САД како моќна прекуокенска земја. Оддалеченоста на САД од кризните жаришта на војната

ќе направат САД да прераснат во најразвиена сила во економски, политички и воен контекст. За разлика од неа, Велика Британија и Франција, иако победнички, ќе се соочат со низа, пред се, економско-енергетски проблеми. Од друга страна, СССР и покрај тоа што доживеал огромни материјални штети и човечки загуби, благодарение на клучната лидерска партиципација во победата над фашизмот, уживал релативно голем авторитет во светски рамки.

Разликите помеѓу Западот и Истокот ја создале Студената војна која се одликува со воена супериорност на САД и СССР, базирана на идеолошките одлики помеѓу капитализмот и социјализмот, односно комунизмот. Се поизразената Студена војна водела кон создавање на нови воено-политички сојузи, како што се: Северноатлантската организација НАТО во 1949 година и другите светски организации и сојузи како што се: АНЗУС, СЕАТО, ЦЕНТО и РИО - пактот. Покрај закани со современи воени средства, САД ќе применат и други методи во борбата против ширењето на комунизмот, односно со потпомагање на економиите на Западот со цел заштита од советската сфера на влијание. Тука, пред се, мислиме на *Труманова доктрина, Маршаловиот план* и други.

Другата светска сила СССР ќе одговори со иста мера, кога во 1955 година го формира Варшавскиот договор за соработка, пријателство и заемна помош, во кој покрај СССР, влегоа и земјите од источниот блок минус СФРЈ и минус НР Албанија која влезе и потоа го напушти овој сојуз.

Ваквата политика на суперсилите ќе ги доведе државите во ситуација да се определат кон едниот од двата блока. Но, не бил мал бројот и на државите кои се спротивставиле на Студената војна и на блоковската поделба и кои го организирале *Движењето на неврзувањето* познато и под името *Третиот свет*. Во ова движење влегле најголем дел од латиноамериканските и африканските земји и СФРЈ. Движењето се раководело по принципите на независност, глобалност и вонблоковска концепција во меѓународните односи, унапредување на мирот, активна и миролубива коегзистенција и нуклеарно разоружување.

Во Студената војна, преку позиција на сила и други притисоци се настојувало да се остварат воено – политичките, идејните, економските и други цели на САД и СССР. Овој период бил исполнет со тешки меѓународни кризи, жестока пропагандна дејност, натпревар во вооружувањето, натпревар во освојување на вселената и друго.

При ова, пандан на СССР и на неговите сојузници повеќе од педесет години, Трансатлантската алијанса беше главна потпора на западниот свет до распаѓањето на социјализмот како светски процес и урнувањето на Берлинскиот ѕид во 1989 година. Но, по големите историски успеси што доведоа до миролубиво надминување на Студената војна, повеќе од изненадувачки е што трансатлантските односи во најново време изгледа повеќе се дефинирани со нивните граници, отколку со една успешна мисија за безвоена иднина. Оттука и ривалствата по однос на одредени економски и, пред се, енергетски прашања можеби се природна последица на глобализацијата и конкуренцијата меѓу силните партнери.

Отворањето на НАТО по 90-тите години за нови членки и вклучувањето на Русија како набљудувач можеби се соодветна подготовка за стратегиските предизвици на 21 век. Но, некои современи воени анлитичари сметаат дека НАТО, по распаѓањето на *Варшавскиот пакт,* е економски неисплатлив и можеби дури и непотребен, па затоа тие сметаат дека Европската унија заради новото партнерство на Русија и САД се повеќе

ќе биде изложена на биполарноста меѓу некогашните ривали на Студената војна. Како и да е, клучен и пресуден момент е терористичкиот напад на САД од 11 септември 2001 година, по кој Европа, особено Европската унија, остана маргинализирана во решавањето на светските проблеми и особено во војната против глобалниот светски тероризам.

Процесот на трансформацијата на НАТО во нова современа воена алијанса на 21 век се базира и се гради врз база на двата столба на мировните светски воени мисии надвор од границите на Европа, кои безрезервна поддршка имаат кај новопримените и членките *Партнери за мир*. Но, за да биде поуспешна оваа квалитативна и квантитативна трансформација, на НАТО му требаат многу поголеми воени капацитети, при што од Европа се очекуваат поголеми, пред се, финансиски вложувања во одредени воени структури на НАТО, преку кои ќе им помогнат на САД во одржувањето на мирот во ризичните делови од светот.

Следејќи ги овие проблеми, дисертацијата, согласно со усвоениот елаборат, концепциски и методолошки е поделена на четири глави и поголем број одредници, подредени хронолошки, а низ текстот провејуваат и повеќе наслови и поднаслови посветени на одредени помали теми и проблеми поврзани со секојдневната политика на современиот свет по Втората светска војна.

Во *предговорот,* кандидатката зборува за мотивите на предметот на обработка на докторската теза, во кој сублимирано се објаснети и разработени општествените услови и положбата на современите светски велесили во текот втората половина на 20 и првите децении на 21 век.

Во *воведот* е дадена задлабочена историска генеза на проблематиката и на носителите и креаторите на светската глобална политика во минатиот век. Тука е обработена улогата на САД и европските сили и состојбите во Европа и во светот. Во овој дел од тезата, кандидатката успешно и во сублимирана форма ги дава основните карактеристики и ги периодизира хронолошко-проблемски етапите на Студената војна. Таа не само што ги набројува елементите на Студената војна, туку и ги анализира преку објаснувањето на користењето расположливите средства, човечки потенцијал и воопшто со примена на сето достигнување во научна и технолошка смисла. Тоа е време кога симболот за воена моќ и воопшто за моќта на државата претставувало поседувањето на нуклеарното оружје. Така, по нуклеарните експлозии во јапонските градови Хирошима и Нагасаки во 1945 година, светот дознал за постоењето на овој вид оружје. Но, американскиот монопол ќе заврши по четири години со тестирањето на атомска бомба од страна на СССР во 1949 година. Тестирањето хидрогенски бомби од страна на суперсилите во 1952 и 1953 година претставуваше битен развој, иако нивното значење не може ни одблиску да биде еднакво со првите две бомби. Оттогаш почна да се зголемува бројот на земји кои имаат нуклеарен арсенал. Па така, во друштвото на атомските земји се приклучија Велика Британија, Франција, Кина и Индија.

Следниот настан кој го потресе светот е лансирањето на вселенскиот сателит на СССР под името *Спутник* во 1957 година, кој во истовремно го означи губењето на техничката предност на САД во однос на СССР. Од тука натаму, започнува спектакуларна трка во вооружувањето, вклучувајќи ја и вселенската програма на двете суперсили. Студената војна сега натаму еволуира во нови форми на биполарните меѓународни односи.

Во глава прва под наслов: *Односите во светот по втората светска војна и создавање на блокови*, кандидатката се задржува на меѓународните

односи по Втората светска војна, констатирајќи при тоа дека Втората светска војна не оставила последици во американското стопанство како во многу други држави, особено во оние кои биле жртви на фашистичката агресија. Оттука произлегува и фактот што нејзината индустрија можела непречено да се развива и да произведува воена техника и опрема за воените, но и за други потреби. Сето тоа им овозможило на САД по војната да заземат доминантно место во капиталистичкиот свет и да пристапат кон остварување на своите претензии од позиција на водечка светска сила. Во оваа глава во посебни точки таа ги обработува клучните моменти од созавањето и дејствувањето на Варшавскиот и Атлантскиот сојуз. Уништувањето на германската воена сила носело коренити промени во односите меѓу комунистичкиот СССР и земјите на западните демократии. Со преземените чекори за уништување на фашистичка Германија едновремено тие го уништувале и единствениот свој заеднички непријател кој единствено и ги поврзувал во текот на војната. Било сосема очигледно, руският етатистички социјализам и комунистичката идеологија од една страна и британско-американскиот империјализам и капитализмот од друга, ниту гледале, ниту поставувале граници во своето напредување кон светска доминација. Од друга страна, по завршувањето на Втората светска војна дојде до темелна прераспределба на политичката, економската и воената моќ меѓу големите сили. Најголемиот товар од војната го понесе Европа. Како резултат на тоа, таа по војната беше најпогодена во економски и социјален поглед. Во текот на војната, економијата на САД неверојатно напредуваше и достигна огромни размери. По војната, САД ја имале улогата на кредитор на поголемиот дел од земјите на западна Европа.

Во глава втора под насловот: *Студената војна,* се обработуваат проблемите на Студената војна како модел за решавање на меѓународните прашања кои ги имало низ целиот свет како што се: Германското прашање, Граѓанската војна во Грција 1946-1949, Револуциите во Унгарија 1956 и Чехословачка 1968 и Студената војна и Југославија. Натаму во оваа глава се разработуваат светските жаришта во Азија како што се: Корејската војна 1950-1953, проблемите на Индокина со акцент на Виетнам, Лаос и Камбоџа. Тука се обработува и проблематиката на Африка и Суецкиот Канал и Америка со Кубанската криза од 1962 година и други.

Што се однесува до Европа, во овој повоен период јасно се гледаат напорите на Велика Британија, која ги вложувала сите свои напори да ја обезбеди својата доминација на Балканот и во Југоисточна Европа. На патот кон остварувањето на таа нејзина цел се испречил СССР, кој од своја страна ја најавувал својата доминација во поголемиот дел од Балканот, Источна и Југоисточна Европа.

Франција, слично на Британија, пред војната беше една од големите светски и европски сили. Но, по војната таа излезе најисцрпена и разурната, а нејзиното стопанство уништено. Франција беше во уште полоша ситуација од Британија бидејќи нејзината територија беше окупирана уште од 1940 година и целосно искористена за потребите на германските нацистички сили. Исто така, треба да се има предвид дека на француската територија беа одиграни и некои од пресудните битки за ослободување на Западна Европа од германскиот нацизам. Сето тоа допридонесе Франција, како и Британија да го изгуби оној статус кој што го уживаат до почетокот на Втората светска војна.

По војната, Германија со потпишувањето на капитулацијата престана да фигурира како воена сила. Беше ставена под специјална управа на големите сили.

Така, воената и економската супериорност на САД и СССР од една страна и идеолошките разлики, т. е. капитализмот и комунизмот од друга, ќе бидат двата спротивставени пола кои ќе ја определат политиката на светот по војната.

Третата глава под наслов: *Движењето на неврзаните во контекст на студената војна,* е посветена на проблемите сврзани со поствоениот развој на земјите од третиот свет од кои проникнува движењето на неврзаните. Кандидатката со доста факти и аналитички мисли се задржува на принципите, критериумите и целите на движењето на неврзаните. Таа ова движење го анализира и низ призмата на студената војна и влијанието на САД и СССР врз одделни земји - членки на неврзаното движење.

Во последната четврта глава под наслов: *Кои биле, а кои се идните глобални безбедносни импликации од Студената војна* се разработени неколку клучни светски збиднувања кои се реперкуираат на трката за воено вооружување на светските супер сили, потоа одгласот и реперкусиите од распаѓањето на *Варшавскиот пакт* и натамошното идно уредување на односите помеѓу СССР-Русија и Кина, САД-Кина, САД-Русија и САД-Европа-Русија денес. Во оваа етапа на Студената војна е забележан детантот нвање на стратегиското вооружување на двете сили во советско-американските односи, но тоа не може да се каже за кинеско-американските односи.

Во втората деценија од XXI век, Русија и Кина се двата најважни играчи во мултиполарниот глобален поредок. Заедно, тие доминираат на почвата на просторот на Европа и Азија. Очекувано е и природно овие два соседа да уживаат многу блиски економски и политички релации, но и нив ги обременуваат историското наследство од стратешко ривалство, прекинувано со повремени периоди на соработка. Овие релации не секогаш се правилно разбрани од САД.

Ерата на сајбер - технологијата и на електронското водење на совремните војни упатуваат на непредвидливост, дали овие две големи држави, од која едната е најгусто населена држава во светот, а другата најголема држава во светот со енормно поседување на природни ресурси, своите односи ќе ги унапредат во конструктивна соработка базирана на заеднички интереси.

Од успешноста или неуспешноста на овие односи директно зависи каков однос денес ќе гради единствената светска велесила САД. Покрај тоа, современите добри односи меѓу Русија и Кина имаат директна импликациија на американската политика и позиција, речиси на сите актуелни светски збиднувања и настани.

Во моментот некогашната политика на конфронтација е заменета со политика на договарање, а иднината на американско-руско-кинеските односи кои се набљудуваат низ призмата на толеранција, без оглед на некои дисонантни тонови кои понекогаш доаѓаат особено тогаш кога некоја од овие сили презема чекори во глобални или, пак, регионални светски рамки кои не секогаш наидуваат на одобрување од другата страна или, пак, се работи за индивидуланите граѓански слободи на внатрешен план. Современите светски текови ги упатуваат САД, СССР и Кина како глобални суперсили, на соработка и меѓусебно разбирање, вклучително со сите разлики кои ги делат. Така, како што пред 40-тина години од американско-тогаш советскиот и кинескиот дијалог зависела иднината на Студената војна, така и денес перспективата на глобалниот свет е директно зависен од успехот на оваа соработка.

На крајот од докторската теза е поместен *Заклучокот* во кој се сублимираат и анализираат резултатите и сознанијата од претходните глави.

Тезата богато е опремена со нужните додатоци како што се: *Хронологија на настаните,* преглед на *Изворите* и *Литературата и на користените интернет- страници и соодветни периодични и дневни изданија.*

**Предлог-заклучок**

Оценувајќи го ракописот на докторската теза и вреднувајќи го научниот профил на кандидатката м-р Елена Иванова, Комисијата цени дека ракописот е успешно конципиран и дека кандидатката со успех може да се носи со истражувачките предизвици, што ги бара изработката на една ваква воена тема за докторска дисертација.

Современата проблематика иако е посветена на поголем историски хронолошки период успешно е обработена благодарение на темелната долгогодишна и упорна истражувачка работа на кандидатката. Оваа констатација ја поткрепуваме со сериозноста на пристапот кон обработката на темата со кој кандидатката покажа дека владее со материјата.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата за оцена и одбрана на докторската теза под наслов: СТУДЕНАТА ВОЈНА КАКО ИЗРАЗ НА БИПОЛАРНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ 1945 – 1991 (од аспект на НАТО и Варшавскиот пакт) од кандидатката м-р Елена Иванова, има чест на Советот на Институтот за национална историја да му предложи да ја допушти за јавна одбрана.

Комисија

1. Проф. д-р Марјан Димитријевски с.р
2. Проф д-р Љубица Јанчева с.р
3. Проф. д-р Катерина Мирчевска с.р
4. Доц. д-р Невен Радически с.р
5. Доц. д-р. Андреј Илиев с.р

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ ТЕХНОЛОГИЈА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА БИСТАР СОК ОД СОРТИТЕ ЈАБОЛКА *АЈДАРЕТ* И *ЗЛАТЕН ДЕЛИШЕС* “ ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје бр. 02-1278/7 од 20.6.2014 година, донесена на XIV седница одржана на 20.6.2014 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов **ТЕХНОЛОГИЈА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА БИСТАР СОК ОД СОРТИТЕ ЈАБОЛКА *АЈДАРЕТ* И *ЗЛАТЕН ДЕЛИШЕС,*** пријавена и изработена од **м-р Намик Дурмиши,** асистент на Факултетот за прехранбена технологија и исхрана при Државниот универзитет во Тетово. По прегледот на поднесената дисертација, Комисијата има чест да го поднесе следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација **ТЕХНОЛОГИЈА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА БИСТАР СОК ОД СОРТИТЕ ЈАБОЛКА *АЈДАРЕТ* И *ЗЛАТЕН ДЕЛИШЕС*** е напишана на 180 страници со вообичаен проред, во кои се вклучени 16 табели, 15 графикони, 28 слики и 8 хроматограми. Материјалот е презентиран во следниве поглавја: Вовед, Цел на истражување, Преглед на литературата, Материјал и метод на испитување, Резултати и дискусија, Заклучок и Литература.

Во **воведот**, докторандот ја истакнува важноста на јаболкото како основна суровина за производство на концентрат и бистар сок од сортите *ајдаред* и *златен делишес*.

Јаболкото, како овошен вид, е извонредно погодно за одгледување во топлите предели со умерено континентална клима. Неговите плодови, според изгледот и квалитетот, претставуваат идеална суровина за производство на различни видови преработки, производство на полупреработки (јаболкова каша и концентрат), како и финални производи (разни видови сокови), од кои посебно место заземаат бистрите сокови.

За производство на сокови, потребно е да се користат сорти од јаболко кои се одликуваат со поголема содржина на суви материи, шеќери, витамини, минерални и боени материи, а кои поседуваат пријатен вкус и арома.

Бидејќи периодот на берба на плодовите од јаболко е релативно краток, а чувањето бара дополнителни трошоци, потребно е по бербата веднаш да се започне со преработка, за да се добијат полупроизводи или финални производи, кои можат поедноставно да се складираат и да се чуваат.

**Цел на истражувањето** е да се даде придонес во зголемувањето на производството на квалитетна суровина, квалитетни и безбедни полупроизводи и финални производи, да се најде решение и одговор на суштинските прашања и проблеми поврзани со вишокот на јаболко, преку производство на квалитетени и

безбедни полупроизводи и финален производ (бистар сок од јаболко), да се утврдат опасностите кај суровината кои можат да се јават во фаза по берба, како и опасностите во фаза на технолошкиот процес на производство и во целиот тек на производство до добивање на готов производ (бистар сок од јаволко), да се постават критичните граници и да се утврдат критичните контролни точки во текот на целиот технолошки процес. Добиените резултати од испитувањата ќе најдат примена од страна на производителите и преработувачите на јаболко. Спроведената технологија и добиените резултати покажуваат економска оправданост и затоа неа ја препорачуваме за понатамошна примена во Република Македонија.

Исто така, испитувањата потврдуваат дека квалитетните својства се пренесуваат во финалниот производ и дека се работи за добивање на безбеден производ.

Во поглавјето **Преглед на литература,** докторандот дава краток преглед на користената литература од резултатите презентирани од авторите кои се во тесна врска со предметот и целта на испитувањата. Литературните податоци се дадени во хронолошки редослед. Изнесени се податоци за технолошките својства на суровината на полупроизводот концентрат од јаболко и финалниот производ бистар сок од јаболко. Дел од презентираните резултати од различните автори се поклопуваат со резултатите од испитувањата, а дел отстапуваат, што е во корелација со различните агро- и помотехнички мерки применети при производство на суровината и од карактерот на применетата технологија.

Во поглавјето **Материјал и метод на испитување,** докторандот истакнува дека како материјал се користени плодови јаболка од сортите *ајдаред* и *златен делишес*. Испитувањата се извршени во 2010, 2011 и 2012 година.

Плодовите се берени во технолошка зрелост, изборот на сортите е направен врз основа на претходни испитувања, а се базира врз поголема содржина на суви материи, шеќери, витамини, минерални и боени материи.

Како основа за квалитет на суровината, по бербата се анализирани помометриските карактеристики, сензорните својства, физичките својства и хемискиот состав на плодовите.

Од помометриските карактеристики е утврдена просечната висина, ширина и маса на плодовите.

Од сензорските својства се испитани следниве параметри: боја, мирис, вкус и конзистенција.

Од хемискиот состав се испитани следниве параметри: вкупни и растворливи суви материи, вкупни шеќери, сахароза, глукоза, фруктоза, вкупни органски киселини, pH-вредност, растворливи пектински материи, витамин C, β-каротин, антоцијани, масла, вкупни протеини и минерални материи.

Како основа за безбедност на суровината, анализирани се остатоци од пестициди, микотоксин патулин и тешки метали, а од аспект на микробиолошката исправност се иститани: вкупни колиформни бактерии, аеробни мезофилни бактерии, Salmonella, Clostridium perfringens и E.coli.

Посебно внимание е посветено на технолошкиот процес за производство на концентратот. Анализиран е добиениот концентрат произведен по години. По добивање на концентратот, извршена е органолептичка анализа на четири својства: боја, вкус, арома и хомогеност. Направени се испитувања на хемиски параметри кои се од посебна важност за квалитет. Утврдена е содржината на остатоци од пестициди, микотоксин патулин и тешки метали, а од аспект на микробиолошката исправност иститани се: вкупни колиформни бактерии, аеробни мезофилни бактерии, Salmonella, E.coli, квасци и мувли. Сите наброени параметри се од посебна важност за безбедноста на готовиот производ.

По добивањето на готовиот производ (бистар сок од јаболко), извршени се истите испитувања како и кај концентарот, а кај сокот е направено испитување на бактеријата Bacillus spp., Добиените вредности се презентирани во табели и графикони и статистички се обработени со примена на соодветни статистички методи.

Во поглавјето **Резултати и дискусија,** докторандот систематски и прегледно ги презентира резултатите од своите истражувања, споредувајќи ги со релевантни податоци од други автори наведени во Прегледот на литературата, каде што дава анализа на најзначајните елементи поврзани со квалитетот и безбедноста на концентратот и бистриот сок од јаболка. Прикажани се одделно добиените резултати за одделните параметри (висина, ширина и маса) кај испитуваните плодови од сортите јаболко.

При производство на концентрат и бистар сок од јаболко како најважни својства се земени: содржината на суви материи, односот на шеќерите и киселините, бојата и аромата. Во односот на рандманот, најдобра е сортата *златен делишес*. Во сите години на испитување се констатирани значајни разлики меѓу сортите во односот на рандманот. Од технолошки аспект, од голема важност е и хемискиот состав. Компонентите на хемискиот состав со нивното количество и меѓусебен однос ги формираат органолептичките, хранливите и биолошките својства на производот. Од технолошки аспект, хемискиот состав наједноставно се изразува и најбрзо се одредува преку содржината на сувите материи. Со овој поим се опфатени сите соединенија кои влегуваат во составот на овошјето. Помеѓу испитуваните сорти се утврдени мали разлики во содржината на вкупната сува материја. Од добиените вредности за Фишеровиот статистички критериум утврдено е дека не постои статистички значајна разлика кај плодовите на сортата *златен делишес* во истата година и меѓу годините, а кај сортата *ајдаред* за истиот параметар е утврдено дека постои статистички значајна разлика меѓу годините. Коефициентот на варијација изнесува 6 % кај сортата *златен делишес*, 6,3 % кај сортата *ајдеред* за трите испитувани години.

Вкупните шеќери заземаат најголем дел од вкупната сува материја кај јаболкото. Содржината на вкупните шеќери е дадена табеларно и графички. Просечната вредност на вкупните шеќери во трите испитувани години кај сортата *ајдаред* изнесува 9,23 %, а кај плодовите од сортата *златен делишес* - 11,42 %. Меѓу испитуваните сорти постои мала разлика во однос на содржината на вкупни шеќери, што се потврдува и со коефициентот на варијација кој изнесува од 0,16 % кај сортата *ајдаред* до 1,80 % кај сортата *златен делишес*.

Од шеќерите, во плодовите од јаболко најзастапена е фруктозата. Најголема содржина на фруктоза за трите години е констатирано кај плодот од сортата *ајдаред* -5,27 %, а најмала кај плодовите од сортата *златен делишес* - 4,95 %. Утврдена е разлика во однос на сахарозата во плодовите од двете испитувани сорти со коефициентот на варијација кој изнесува 1,0 % кај сортата *ајдаред, а* 6,10 % кај плодови од сортата *златен делишес*.

Просечната содржина на глукозата изнесува 2,02 % кај сортата *ајдаред*, а кај сортата *златен делишес* - 1,84 %, во трите години на испитување.

Органските киселини во плодовите имаат важна улога врз квалитетот на плодовите. Содржината на вкупните органски киселини варира кај испитуваните сорти и во просек изнесува 0,41 % кај сортата *ајдаред*, а 0,28 % кај сортата *златен делишес*.

Познато е дека биохемиските процеси се одвиваат при одредена концентрација на водородните јони, при што улогата на пуферниот систем е од примарно значење. Просечната pH-вредност во плодовите од јаболко изнесува

3,39 кај плодовите од сортата *ајдаред*, а 3,46 кај плодовите од сортата *златен делишес*.

Пектинските материи служат како природни средства за желирање, најголем процент на растворливи пектински материи е утврден кај сортата *златен делишес* - 2,20 %, за трите испитувани години.

Плодовите од испитуваните сорти јаболко се богати со витамин С. Просечната содржина на витаминот С за испитуваните сорти во трите испитувани години изнесува 9,20 mg/100 g кај плодовите од сортата *ајдаред*, а 7,80 mg/100 g кај плодовите од состата *златен делишес*.

Содржината на β-каротин како средна вредност за трите години на испитување изнесува 0,016 mg/L кај сортата *ајдаред*, а 0,03 mg/L кај сортата *златен делишес*.

Содржината на антоцијани како средна вредност за трите години на испитување изнесува 1,32 mg/L кај плодовите од сортата *ајдаред*.

Минералните материи се наоѓаат во клеточниот сок и во нерастворливите делови на плодот. Највисока просечна содржина на минерални материи за трите години е утврдена кај плодовите од сортата *златен делишес* која изнесува 0,41%, а најниска кај плодови од сортата *ајдаред* - 0,39 %.

Докторандот по испитувањата на суровината посебно внимание посветува на технолошките постапки за подготвување на плодовите за производство на концентрат.

Производство на концентрат е реализирано со следна технолошка постапка: прием на суровината, миење на суровината, транспорт и инспекција на суровината, ситнење-мелење на суровината, загревање на мелената суровина, пресување (цедење) на мелената суровина, сепарација на матичниот сок после пресување, пастеризација на матичниот сок, депектинизација на матичниот сок, бистрење на матичниот депектинизиран сок, филтрирање на сокот, концентрација на бистриот сок, високо термичка обработка на добиениот концентрат, асептичко полнење на добиениот концентрат, складирање на концентратот од јаболко, а исто така се одредени ККТ (критичните контролни точки).

По извршената технолошка постапка за добивање на концентрат, во добиениот концентрат се анализирани следниве параметри, и тоа: вкупна сува материја, растворлива сува материја, вкупни шеќери, сахароза, фруктоза, глукоза, вкупни киселини, pH-вредност, густина, растворливи пектински материи, витамин С, β-каротин, антоцијани, масла, вкупни протеини, минерални материи, остатоци од пестициди, микотоксин патулин, тешки метали и микробиолошката исправност. Исто така е извршена и сензорска оцена на бојата, аромата, вкусот и хомогеноста на концентратот.

Податоците за хемискиот состав на концентратот по години, изнесени се во соодветни табели и графикони.

Докторандот истакнува дека со најголема просечна вредност на вкупни суви материи се одликува концентратот произведен во 2012 година со 72,09 %, за трите испитувани години.

Најголема просечна вредност на вкупните шеќери е утврдена во концентратот од 2012 година со 69,04 %, а најмала кај концентратот од 2010 година со 68,08 %.

Најголема просечна вредност на вкупните киселини е утврдена во концентратот од 2012 година со 2,72 % , а најмала кај концентратот од 2010 година со 2,39 % .

Просечната pH-вредност на концентратот во трите испитувани години изнесува 3,74.

Најголема просечна вредност на растворливи пектински материи со 0,80 % е утврдена во концентратот произведен во 2011 година.

Просечната вредност, во трите испитувани години, за витаминот С во концентратот изнесува 3,68 mg/100g, за β-каротинот - 0,064 mg/L, а за антоцијаните - 3,04 mg/L.

Најголема просечна вредност на минералните материи со 0,94 % е утврдена во концентратот произведен во 2012 година, а најмала од 0,80 % кај концентратот произведен во 2010 година.

Најголема просечна вредност на масла со 0,22 % е утврдена е во концентратот произведен во 2012 година, а најмала со 0,19 % кај концентратот произведен во 2010 година.

Најголема просечна вредност на вкупни протеини со 2,72 % е утврдена во концентратот произведен во 2012 година.

Содржината на тешки метали, микотоксин патулин и пестициди е во дозволени граници кои се регулираат со посебен Правилник за општите барања за безбедност на храната (Сл. весник на РМ 118/2005). Направени се анализи за микробиолошката исправност на концентратот произведен во трите години и потврдено е дека тој е микробиолошки исправен.

Посебно внимание докторандот посветува на органолептичките својства на добиениот концентрат. При сензорско оценување на квалитетот, неопходно е суштинско поврзување на повеќе фактори. За таа цел е извршено одредување на вкусот, бојата, аромата и хомогеноста. Секоја од овие својства различно е вреднуван според методот на бод-систем. Според органолептичката оценка на концентратот произведен по години, најмногу поени во однос на мирисот се констатирани 3,44 во 2012 година, бојата со 4 поени во 2010 и 2011 година, вкусот со 7,34 поени во 2010 и 2011 година, а за хомогеноста со најмногу поени со 3,88 се одликува концентратот во 2010 и 2011 година.

Од вкупната просечна вредност за органолептичката оценка на концентратот, за трите испитувани години, докторандот констатирал дека со најмал број поени - 15,86 се одликува концентратот во 2012 година, а со најголем број поени - 18,44 во 2010 и 2011 година.

Докторандот по производството и полнењето на концентратот во асептички услови и негово испитување, посебно внимание посветува на технолошката постапка за производство на бистар сок од истиот концентрат.

Производство на бистар сок е реализирано со следнава технолошка постапка: прием и мерење на суровината, миење на суровината, транспорт и инспекција на суровината, стандардизација на сокот, пастеризација на сокот, полнење на сокот и складирање на сокот. Исто така се одредени ККТ (критичните контролни точки).

По добивање на бистриот сок, анализирани се следниве параметри: вкупни суви материи, растворливи суви материи, вкупни шеќери, сахароза, фруктоза, глукоза, вкупни киселини, pH-вредност, густина, растворливи пектински материи, витамин С, β-каротин, антоцијани, масла, вкупни протеини, минерални материи, остатоци од пестициди, микотоксин патулин, тешки метали и микробиолошката исправност. Исто така е извршена и сензорска оцена на бојата, аромата, вкусот и бистрината на бистриот сок.

Податоците за хемискиот состав на бистриот сок по години, изнесени се во соодветни табели и графикони.

Докторандот истакнува дека со најголема просечна вредност на вкупни суви материи од 12,93 %, за трите испитувани години, се одликува бистриот сок произведен во 2012 година.

Најголема просечна вредност на вкупните шеќери од 11,22 % е утврдена во бистриот сок во 2012 година, а најмала вредност на вкупни шеќери од 11,17 % кај бистриот сок во 2010 година.

Најголема просечна вредност на вкупните киселини од 0,48 % е утврдена во бистриот сок во 2012 година, а најмала просечна вредност од 0,43 % кај бистриот сок во 2010 година.

Просечната pH-вредност на бистриот сок изнесува 3,47 во трите испитувани години.

Просечната вредност во трите испитувани години за витаминот C во бистриот сок изнесува 0,74 mg/100g, за β-каротинот - 0,011 mg/L, а за антоцијаните - 1,00 mg/L.

Најголема просечна вредност на минералните материи од 0,56 % е утврдена во бистриот сок произведен во 2012 година, а најмала од 0,40 % кај бистриот сок произведен во 2010 година.

Најголема просечна вредност на масла од 0,03 % е утврдена во бистриот сок произведен во 2012 година, а најмала од 0,02 % кај бистриот сок произведен во 2010 и 2011 година.

Најголема просечна вредност на вкупни протеини од 0,12 % е утврдена во бистриот сок произведен во 2010 година.

Содржината на тешки метали, микотоксин патулин и пестициди е во дозволени граници кои се регулираат со посебен Правилник за општите барања за безбедност на храната (Сл. весник на РМ 118/2005). Направени се анализи и за микробиолошката исправност на бистриот сок произведен во трите години и потврдено е според Правилник за посебните барања за безбедност на храната во однос на микробиолошки критериум (Сл. весник на РМ бр. 78/2008) дека тој е микробиолошки исправен.

Посебно внимание докторандот посветува на органолептичките својства на добиениот бистар сок. За таа цел е извршено одредување на вкусот, бојата, аромата и бистрината. Според органолептичката оценка на бистриот сок произведен по години, со најголем број од 3,82 поена во однос на мирис, се одликува бистриот сок произведен во 2011 година. Во однос на бојата, со најголем број од 3,94 поени се одликува сокот произведен во 2010 година, за вкус со најголем број од 7,40 поени се одликува сокот произведен во 2011 година, а во однос на бистрината, со највисок број поени од 3,94 се одликува сокот произведен во 2010 година.

Од вкупната просечна вредност за органолептичката оценка на бистриот сок, за трите испитувани години, докторандот констатирал дека со најмал број поени од 18,42, од вкупно 20 поени, се одликува бистриот сок во 2010 година, а со најмногу освоени поени - 18,72, од вкупно 20 според методот на бод - систем, се одликува сокот произведен во 2011 година.

Во поглавјето **Заклучок,** врз основа на добиените резултати и нивната интерпретација, докторандот изнесува јасни и концизни заклучоци за сите испитувани особини, што претставува целосен одговор на поставените цели.

Во текот на изработката на докторската дисертација, користени се голем број објавени референци од испитуваната проблематика, при што во поглавјето Литература се наведени 118 референци ( извор од внатрешни и надворешни автори).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов **ТЕХНОЛОГИЈА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА БИСТАР СОК ОД СОРТИТЕ ЈАБОЛКА *АЈДАРЕТ* И *ЗЛАТЕН ДЕЛИШЕС***, претставува сериозен научен труд. Според својата содржина, методолошки пристап, добиените резултати и нивната обработка и интерпретација, претставува солиден придонес во науката и практиката од областа на овоштарството, преработката на овошје и производството на бистар сок. Текстот е напишан јасно, прецизно и концизно, а трудот е технички добро подготвен.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата оценува дека докторската дисертација под наслов **ТЕХНОЛОГИЈА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА БИСТАР СОК ОД СОРТИТЕ ЈАБОЛКА *АЈДАРЕТ* И *ЗЛАТЕН ДЕЛИШЕС***, изработена од м-р Намик Дурмиши, претставува оригинален самостоен научен труд кој ги содржи сите елементи предвидени за докторска дисертација. Трудот дава значаен научен и практичен придонес во областа на овоштарството, преработката на овошје и производството на бистар сок. Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да го прифати овој извештај и да го повика м-р Намик Дурмиши на јавна одбрана.

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА:**

1. **Проф.д-р Љубица Каракашова с.р.**
2. **Проф. д-р Лазар Сиваков с.р.**
3. **Проф. д-р Биљана Петановска Илиевска с.р.**
4. **Проф. д-р Бојан Поповски с.р.**
5. **Проф. д-р Хамит Мехмети с.р.**

# ПРЕГЛЕД
# НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

## ТЕМИТЕ СЕ ПРИФАТЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ НА 18 РЕДОВНА СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 08.10.2014 ГОДИНА

| |
|---|
| **Кандидат:** д-р ТЕУТА КУТЛОВЦИ |
| **Наслов на прифатената тема за изработка на докторска дисертација на македонски јазик:** ЕПИДЕМИОЛОШКИ, КЛИНИЧКИ, БАКТЕРИСКИ И ХИСТОПАТОЛОШКИ ПРОФИЛ НА ДЕНТОГЕНИ ИНФЕКЦИИ КАЈ ДЕЦА НА МЛЕЧНИ И ТРАЈНИ ЗАБИ |
| **Наслов на прифатената тема за изработка на докторска дисертација на англиски јазик:** EPIDEMIOLOGICAL, CLINICAL, BACTERIOLOGICAL AND HISTOPATHOLOGICAL PROFILE OF ODONTOGENIC INFECTIONS IN CHILDREN WITH DECIDOUS AND PERMANENT TEETH |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МЕТАЛУРГИЈА НА ОБОЕНИ МЕТАЛИ, ХИДРОМЕТАЛУРГИЈА, ХИДРОМЕТАЛУРШКИ ПОСТАПКИ ВО ОБОЕНАТА МЕТАЛУРГИЈА И СОВРЕМЕНИ ПОСТАПКИ ВО МЕТАЛУРГИЈАТА НА ОБОЕНИ МЕТАЛИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XXXIX редовна седница одржана на 30.10.2014 год., именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите: **металургија на обоени метали, хидрометалургија, хидрометалуршки постапки во обоената металургија и современи постапки во металургијата на обоени метали**, во состав:

1. д-р Александар Димитров, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;

2. д-р Перица Пауновиќ, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;

3. д-р Горан Начевски, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник по групата предмети: металургија на обоени метали, хидрометалургија, хидрометалуршки постапки во обоената металургија и современи постапки во металургијата на обоени метали, распишан од Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет и објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" од 17.9.2014 год., се пријави кандидатката д-р Ана Томова, дипл.инж. металург.

***Биографски податоци:***

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | **Ана Томова** |
| Датум и место на раѓање: | 6.VI, 1979 година, Скопје |
| Звање: | доктор на технички науки |

***Образование:***

| | |
|---|---|
| 1998 | Завршено средно образование во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје со одличен успех (5,00). |

2003 Дипломирала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на насоката преработувачка металургија со среден просек 8,10. Предмет на интерес на дипломската работа е следењето на промената на механичките особини на легура $AlMgSi_{0.5}$ по процесот на стареење, која е одбранета со одличен успех – 10.

2008 Магистрирала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на насока нови материјали-метали со среден просек 10. Темата на магистерскиот труд е: „Карактеризација на нано-димензионирани сребрени правови по пат на електродепозиција".

2014 Докторирала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Темата на докторскиот труд е: „Добивање и карактеризација на мулти наносензори базирани на MWCNTs и биополимерна матрица".

Активно се служи со англискиот, германскиот и шпанскиот јазик.

## *Работно искуство*

2006-2008 Помлад истражувач на проекти (меѓународни и национални) и демонстратор во реализацијата на вежбите по предметот феролегури.

2009 Помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје на групата предмети: вовед во металургијата, наноматеријали и нанотехнологии, феролегури, ретки и високочисти метали и прашкаста металургија.

2011 Асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје на групата предмети: вовед во металургијата, металургија на обоени метали 1, металургија на обоени метали 2, екологија во металургијата, наноматеријали и нанотехнологии.

## *Педагошка дејност*

1. Во учебната 2007/08 година работела како демонстратор во реализацијата на вежбите по предметот феролегури на Институтот за екстрактивна металургија.
2. Избрана е за помлад асистент на групата предмети: вовед во металургијата, наноматеријали и нанотехнологии, феролегури, ретки и високочисти метали и прашкаста металургија.
3. Избрана е за асистент на групата предмети: вовед во металургијата, металургија на обоени метали 1, металургија на обоени метали 2, екологија во металургијата, наноматеријали и нанотехнологии.

***Научноистражувачка дејност***
**Подрачје на научноистражувачки интерес**

1. Електрохемија
а) електродепозиција и електрокристализација на металите
2. Наноматеријали и нанотехнологии
а) електрохемиско добивање и карактеризација на наноправови
б) наносензори базирани на јаглеродни наноцевки и биополимерни матрици
3. Заштита на животната средина

***Список на објавени трудови***
**I. Научни трудови/поглавја во монографии**

1. A.T. Dimitrov, A. Tomova, A. Grozdanov and P. Paunović in J.P. Reithmaier et al. (eds.), Production, Purification, Characterization, and Application of CNTs, Nanotechnological Basis for Advanced Sensors, NATO Science for Peace and Security Series B: Physics and Biophysics, DOI 10.1007/978-94-007-0903-4_13; Springer Science+Business Media B.V., Chapter13, 121-142 (2011).

2. Aleksandar T. Dimitrov, Ana Tomova, Anita Grozdanov, Orce Popovski, Perica Paunović,"Electrochemical production, characterization, and application of MWCNTs"- J Solid State Electrochem. (2013) 17:399–407 (IF=2.131).

3. A. Grozdanov, A. Tomova, P. Paunović, A.T. Dimitrov, Polymer Nanocomposite Films with Functionalized MWCNTs, Applied Mechanics and Materials, 328, 778-783 (2013).

**II. Научни трудови печатени во зборници на меѓународни научни собири**

1. A. T. Dimitrov, A. Tomova, P Paunovic and A Grozdanov, Physical Characterisation of CNT's produced by Electrolysis in Molten LiCl, FRAY INTERNATIONAL SYMPOSIUM, Cancun, Mexico, 27 Nov-01 Dec 2011.

2. Anita Grozdanov, Alexandra Buzarovska, Ana Tomova, Aleksandar Dimitrov, Maurizio Avella, Maria E.Errico, Gennaro Gentile, CHARACTERIZATION AND SENSOR ACTIVITY OF PMMA/MWCNT NANOCOMPOSITES, FRAY INTERNATIONAL SYMPOSIUM, Cancun, Mexico, 27 Nov-01 Dec 2011.

3. A. T. Dimitrov, P. Paunović, A. Tomova, Z. Tasev and S. Hadži Jordanov, Electrochemical study of surface processes at copper oxide during immobilization, Proceedings of EMC 2007, Düseldorf, 11-14 June (2007).

4. A. Tomova, O. Popovski, P. Paunović, D. Slavkov, S. Hadži Jordanov and A. T. Dimitrov, Production of nano-scaled silver powder by pulsed electrolysis, 25 Jubilee Scientific Conference, MTF 2007, Proceedings, Vol. 3, p. 71-76, 14-16 September, Sozopol Bulgaria (2007).

5. A.Tomova, O.Popovski, I.Hinkov, I.Seikova, A.T. Dimitrov "Application of nano-scaled silver in food packaging", Food science, engineering and technologies, Scientific Works, Vol. LVII, Issue 2, pp. 453–458, Plovdiv, Bulgaria, 15 – 16 October 2010.

## III. Научни трудови печатени во зборници на домашни научни собири

1. A. T. Dimitrov, P. Paunović, O. Popovski, D. Slavkov, A. Tomova and S. Hadži Jordanov, Production, characterization and application of carbon nanotubes (CNTs), Proceedings, Conference of the Union of metallurgists of Macedonia, Ohrid, May 2007, p. 1-11.

2. A. Tomova, P. Paunovic, A. T. Dimitrov and S. Hadzi Jordanov, Leaching of mine tailings in semi - industrial conditions, Proceedings, Conference of the Union of metallurgists of Macedonia, Ohrid, May 2007, p. 36-41.

3. Z. Tasev, A. T. Dimitrov, P. Paunović, D. Slavkov, A. Tomova, M. Tasev and S. Hadži Jordanov - Modification of copper cementation procedure for treatment of acid mine drainage wastewater, Proceedings, Conference of the Union of metallurgists of Macedonia, Ohrid, May 2007, p. 73-79.

## IV. Соопштенија на меѓународни научни собири

1. O. Popovski, P. Paunović, A. Tomova, R. Smileski, A. Dimitrov, S. Hadži Jordanov, Electrodeposition of metallic phase on porous electrocatalyst support, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 143-144.

2. O. Popovski, P. Paunović, A.Tomova, D. Slavkov, A. Dimitrov, B. Ranguelov, V. Tonchev, S. Hadži Jordanov, Morphology of silver nano-powder produced by pulsating electrodeposition, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 145-146.

3. Ana Tomova, Orce Popovski, Perica Paunović and Aleksandar T. Dimitrov, Characterization of nano-structured silver produced by electrolysis using non-stationary current regimes, 2 eme COLLOQUE SCIENTIFIQUE INTERNATIONAL des chercheurs francophones Sciences et Technologies SCITECH 2010 Sofia, 15 – 17 avril 2010.

4. A. T. Dimitrov, P. Paunovic and A. Tomova, Production, purification, characterization and application of CNTs, Nanotechnological Basis for Advanced Sensors, Sozopol, Bulgaria, 30.05-11.06.2010.

5. A. Tomova, O. Popovski, A. T. Dimitrov, B. Ranguelov, V. Tonchev, P. Paunovic and S. Hadzi Jordanov, Morphology of Nano-Scaled Silver Powders Produced by Pulset Electrolysis, RSE-SEE, Belgrade, Serbia, June 6-10,2010.

6. A. Tomova, A. Grozdanov, A. Buzarovska, P. Paunovic, M. Avella, M. E. Erriko, G.Gentile, Biocompatible PMMA/MWCNT Nanocomposites aimed for Nanosensors, P44, EUPOC 2011 - Biobased Polymers and Related Biomaterials, Gragnano, 29 May - 3 June, Italy (2011).

7. A. Ademi, A. Tomova, A. Grozdanov, P. Paunovic and A. T. Dimitrov, Study of electrolytic reduction into lithium and sodium molten hydroxides, 22$^{nd}$ Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 05-09 September 2012.

8. A. Tomova, A. Grozdanov, P. Paunovic, V. Rafajlovska, D. Dimitrovski, M. Avella, M. E. Errico, G. Gentile, A. T. Dimitrov, Production and characterization of multi nanosensors based on MWCNTs and biopolymer matrix, VIth International Metallurgical Congress, Ohrid, 29.05-01.06.2014.

***Учество во проекти***

1. Учество во меѓународен проект од FP6-рамковната програма: “Integrated treatment of industrial wastes towards prevention of regional water resources contamination" PL 509167 (INTREAT) 2004-2007.

2. Учество во меѓународен проект од FP6-рамковната програма: "Strategic plan for prevention of regional water resources contamination from mining and metallurgical industries in Western Balcan countries" PL 517574 (PREWARC) 2006-2007.

3. Учество во билатерален проект: „Нестабилност и закономерност при растот на морфолошки облици кај електрохемиски системи далеку од рамнотежа”, билатерален проект со Институтот за физичка хемија при Бугарската академија на науките, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, 2006-2008.

4. Учество во билатерален проект: Scopes project no. IZ74Z0-137376/1, помеѓу Институтот за хемија и биохемија, Унверзитет во Берн и Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје, 2011.

## З А К Л У Ч О К

Од гореизнесеното може да се заклучи дека кандидатката д-р Ана Томова, како асистентка до денес, континуирано и со успех работи во наставно-образовната дејност, при тоа успешно водејќи и постојано осовременувајќи ги вежбите по наставните дисциплини вовед во металургија, металургијата на обоени метали и феролегури. Кандидатката д-р Ана Томова, асистент, е позитивно евалуирана од студентите на Технолошко-металуршкиот факултет со просечна оценка 9,50 при анонимно спроведената анкета од Комисијата за самоевалуација. Ова несомнено укажува дека станува збор за квалитетен педагог, кој одржува квалитетна настава и остварува успешна соработка со студентите.

Од наведениот опус на кандидатката д-р Ана Томова воочливо е дека тој е разновиден и ги опфаќа и ги следи најновите трендови во науката за материјали. Кандидатката решава задачи од повеќе подрачја на металургијата, заштитата на животната средина и нанотехнологиите, и задачите на секое од овие полиња ги извршува со успех. Бројот на објавени трудови во меѓународни списанија (3), трудовите печатени во зборници на меѓународни (5) и домашни (3) конгреси, соопштенијата на меѓународни собири (8), како и учеството во научноистражувачки проекти од меѓународен и билатерален карактер (4), укажуваат дека станува збор за успешен научник, соработник и истражувач, од кого во иднина се очекуваат уште поголеми достигнувања на научните полиња на нејзин интерес.

Заради сето наведено, задоволство ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Ана Томова да ја избере во наставно-научното звање доцент по групата предмети: металургија на обоени метали, хидрометалургија, хидрометалуршки постапки во обоената металургија и современи постапки во металургијата на обоени метали.

**Членови на Комисијата**

Д-р Александар Димитров, ред. проф., с.р.

Д-р Перица Пауновиќ, вонр. проф., с.р.

Д-р Горан Начевски, вонр. проф., с.р.

АНЕКС 2

**Образец**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Ана Миломир Томова**

**Институција: Технолошко-металуршки факултет - Скопје**

**Научна област: металургија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на вежби**<br>**Прв циклус студии = ч · нед. · 0,03** | |
| | Вовед во металургија (3+3), 2009-2014 (6 учебни години) | 8,1 |
| | Феролегури (3+3), 2009-2014 (6 учебни години) | 8,1 |
| | Наноматеријали и нанотехнологии (2+1), 2009-2014 (6 учебни години) | 2,7 |
| | Ретки и високочисти метали (2+1), 2009-2011 (3 учебни години) | 1,35 |
| | Прашкаста металургија (3+3), 2009-2011 (3 учебни години) | 4,05 |
| | Металургија на обоени метали 1 (2+2), 2012-2014 (3 учебни години) | 2,7 |
| | Металургија на обоени метали 2 (2+2), 2012-2014 (3 учебни години) | 2,7 |
| | Екологија во металургија (2+1), 2012-2014 (3 учебни години) | 1,35 |
| | Вовед во металургија (3+3), 2010-2011, дисперзирани студии во Кавадарци | 1,35 |
| | **Вкупно** | **32,40** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во меѓународен научен проект:** | |
| **1.1.** | FP6-рамковната програма: “Integrated treatment of industrial wastes towards prevention of regional water resources contamination" PL 509167 (INTREAT) 2004-2007. | 5,00 |
| **1.2.** | FP6-рамковната програма: "Strategic plan for prevention of regional water resources contamination from mining and metallurgical industries in Western Balcan countries" PL 517574 (PREWARC) 2006-2007. | 5,00 |
| **1.3.** | Нестабилност и закономерност при растот на морфолошки облици кај електрохемиски системи далеку од рамнотежа, билатерален проект со Институтот за физичка хемија при | 5,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Бугарската академија на науките, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, 2006-2008. | |
| **1.4.** | Scopes project no. IZ74Z0-137376/1, помеѓу Институтот за хемија и биохемија, Унверзитет во Берн и Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје, 2011. | 5,00 |
| **2.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| **2.1.** | A.T. Dimitrov, **A. Tomova**, A. Grozdanov and P. Paunović in J.P. Reithmaier et al. (eds.), Production, Purification, Characterization, and Application of CNTs, Nanotechnological Basis for Advanced Sensors, NATO Science for Peace and Security Series B: Physics and Biophysics,<br>DOI 10.1007/978-94-007-0903-4_13; Springer Science+Business Media B.V., Chapter13, 121-142 (2011). | 3,60 |
| **2.2.** | Aleksandar T. Dimitrov, **Ana Tomova**, Anita Grozdanov, Orce Popovski, Perica Paunović,"Electrochemical production, characterization, and application of MWCNTs"- J Solid State Electrochem. (2013) 17:399–407. | 5,731 |
| **2.3.** | A.Grozdanov, **A.Tomova**, P. Paunović, A.T.Dimitrov, Polymer Nanocomposite Films with Functionalized MWCNTs, Applied Mechanics and Materials, 328, 778-783 (2013). | 3,60 |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| **3.1.** | A. T. Dimitrov, **A. Tomova**, P Paunovic and A Grozdanov, Physical Characterisation of CNT's produced by Electrolysis in Molten LiCl, FRAY INTERNATIONAL SYMPOSIUM, Cancun, Mexico, 27 Nov-01 Dec 2011. | 1,80 |
| **3.2.** | Anita Grozdanov, Alexandra Buzarovska, **Ana Tomova**, Aleksandar Dimitrov, Maurizio Avella, Maria E.Errico, Gennaro Gentile, CHARACTERIZATION AND SENSOR ACTIVITY OF PMMA/MWCNT NANOCOMPOSITES, FRAY INTERNATIONAL SYMPOSIUM, Cancun, Mexico, 27 Nov-01 Dec 2011. | 1,80 |
| **3.3.** | A. T. Dimitrov, P. Paunović, **A. Tomova**, Z. Tasev and S. Hadži Jordanov, Electrochemical study of surface processes at copper oxide during immobilization, Proceedings of EMC 2007, Düseldorf, 11-14 June (2007). | 1,80 |
| **3.4.** | **A. Tomova**, O. Popovski, P. Paunović, D. Slavkov, S. Hadži Jordanov and A. T. Dimitrov, Production of nano-scaled silver powder by pulsed electrolysis, 25 Jubilee Scientific Conference, MTF 2007, Proceedings, Vol. 3, p. 71-76, 14-16 September, Sozopol Bulgaria (2007). | 1,80 |
| **3.5.** | **A.Tomova**, O.Popovski, I.Hinkov, I.Seikova, A.T. Dimitrov "Application of nano-scaled silver in food packaging", Food science, engineering and technologies, Scientific Works, Vol. LVII, Issue 2, pp. 453–458, Plovdiv, Bulgaria, 15 – 16 October 2010. | 1,80 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |

| | | |
|---|---|---|
| **4.1.** | A. T. Dimitrov, P. Paunović, O. Popovski, D. Slavkov, **A. Tomova** and S. Hadži Jordanov, Production, characterization and application of carbon nanotubes (CNTs), Proceedings, Conference of the Union of metallurgists of Macedonia, Ohrid, May 2007, p. 1-11. | 1,20 |
| **4.2.** | **A. Tomova**, P. Paunovic, A. T. Dimitrov and S. Hadzi Jordanov, Leaching of mine tailings in semi - industrial conditions, Proceedings, Conference of the Union of metallurgists of Macedonia, Ohrid, May 2007, p. 36-41. | 1,20 |
| **4.3.** | Z. Tasev, A. T. Dimitrov, P. Paunović, D. Slavkov, **A. Tomova**, M. Tasev and S. Hadži Jordanov - Modification of copper cementation procedure for treatment of acid mine drainage wastewater, Proceedings, Conference of the Union of metallurgists of Macedonia, Ohrid, May 2007, p. 73-79. | 1,20 |
| **5.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| **5.1.** | O. Popovski, P. Paunović, **A. Tomova**, R. Smileski, A. Dimitrov, S. Hadži Jordanov, Electrodeposition of metallic phase on porous electrocatalyst support, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 143-144. | 1,00 |
| **5.2.** | O. Popovski, P. Paunović, **A.Tomova**, D. Slavkov, A. Dimitrov, B. Ranguelov, V. Tonchev, S. Hadži Jordanov, Morphology of silver nano-powder produced by pulsating electrodeposition, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 145-146. | 1,00 |
| **5.3.** | **Ana Tomova**, Orce Popovski, Perica Paunović and Aleksandar T. Dimitrov, Characterization of nano-structured silver produced by electrolysis using non-stationary current regimes, 2 eme COLLOQUE SCIENTIFIQUE INTERNATIONAL des chercheurs francophones Sciences et Technologies SCITECH 2010 Sofia, 15 – 17 avril 2010. | 1,00 |
| **5.4.** | A. T. Dimitrov, P. Paunovic and **A. Tomova**, Production, purification, characterization and application of CNTs, Nanotechnological Basis for Advanced Sensors, Sozopol, Bulgaria, 30.05-11.06.2010. | 1,00 |
| **5.5.** | **A. Tomova**, O. Popovski, A. T. Dimitrov, B. Ranguelov, V. Tonchev, P. Paunovic and S. Hadzi Jordanov, Morphology of Nano-Scaled Silver Powders Produced by Pulset Electrolysis, RSE-SEE, Belgrade, Serbia, June 6-10,2010. | 1,00 |
| **5.6.** | **A. Tomova**, A. Grozdanov, A. Buzarovska, P. Paunovic, M. Avella, M. E. Erriko, G.Gentile, Biocompatible PMMA/MWCNT Nanocomposites aimed for Nanosensors, P44, EUPOC 2011 - Biobased Polymers and Related Biomaterials, Gragnano, 29 May - 3 June, Italy (2011). | 1,00 |
| **5.7.** | A. Ademi, **A. Tomova**, A. Grozdanov, P. Paunovic and A. T. Dimitrov, Study of electrolytic reduction into lithium and sodium molten hydroxides, 22$^{nd}$ Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 05-09 September 2012. | 1,00 |
| **5.8.** | **A. Tomova**, A. Grozdanov, P. Paunovic, V. Rafajlovska, D. Dimitrovski, M. Avella, M. E. Errico, G. Gentile, A. T. Dimitrov, Production and characterization of multi nanosensors based on | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | MWCNTs and biopolymer matrix, VIth International Metallurgical Congress, Ohrid, 29. 5-1. 6.2014. | |
| **6.** | **Настава во школи и работилници** | |
| **6.1.** | $4^{th}$ European Summer School on Electrochemical Engineering, Palic, Serbia, 17-22, 2006. | 1,00 |
| **6.2.** | Производство на фероманган и силикоманган – обука на вработени од Скопски легури. | 1,00 |
| | **Вкупно** | **55,531** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учество на промотивни активност на Факултетот** | |
| **1.1.** | Презентација на програмата на ТМФ низ Републиката-2008, 2009, 2010, 2011, 2013. | 2,50 |
| **1.2.** | Презентации одржани за ученици од основното училиште "Љубен Лапе" X.2010 | 0,50 |
| **1.3.** | Презентации во рамките на натпреварот по нанотехнологии и наноматеријали, 2013. | 0,50 |
| **2.** | **Член на комисија** | |
| **2.1.** | Член на Пописна комисија на Факултетот- 2008, 2009, 2010, 2011. | 2,00 |
| **3.** | **Студиски престој во странство** | |
| **3.1.** | 2008, престој на Бугарската академија на науките во Софија, Р. Бугарија. | 0,50 |
| **3.2.** | 2010, престој на Хемиско-техничкиот факултет во Софија, Р.Бугарија. | 0,50 |
| **3.3.** | 2011, престој на Институтот по физика во Белград, Р.Србија. | 0,50 |
| **4.** | **Член на организациски одбор на меѓународен собир/конференција** | |
| **4.1.** | $5^{th}$ International Conference of the Chemical Societies of the South-East European Countries, ICOSEC, Ohrid, September 10-14, 2006. | 1,00 |
| **4.2.** | V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20, 2008. | 1,00 |
| **4.3.** | $22^{nd}$ Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 05-09 September, 2012. | 1,00 |
| **4.4.** | VIth International Metallurgical Congress, Ohrid, 29.05-01.06, 2014. | 1,00 |
| **5.** | **Член на организациски одбор на домашен собир/конференција** | |
| **5.1.** | Conference of the Union of metallurgists of Macedonia, Ohrid, May 2007. | 0,50 |
| **6.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| **6.1.** | Проект: Multi nanosensors based on carbon nanotubes and bio-polymer matrix, NATO Science for peace and security programme, 2007. | 1,00 |
| **6.2.** | Проект: Molecular design of special hard coated nanostructured surfaces in one cycle by hybrid plasma nitriding and PVD, FP7-NMP-2009-1.2-2, 2009. | 1,00 |
| **6.3.** | Проект: Production, characterization and application of MWCNTs produced by electrolysis in molten salts, 2009. | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.4.** | Проект: Multi eco-nanosensors based on multi walled carbon nanotubes and eco-polymer matrix, FP7-NMP-2010-4.0-2, 2010. | 1,00 |
| **6.5.** | Проект: Smart gloves based on hybrid carbon nanotubes/grapheme films for industrial hazardous and chemical and biological environment, FP7-NMP.20110104-4, 2011. | 1,00 |
| **6.6.** | Проект: New method for synthesis of grapheme by electrolysis from melts using non-stationary current regimes (bilateral project with Monte Negro). | 1,00 |
| 7. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| **7.1.** | Проект: Нови постапки за добивање на јаглеродни наноцевчиња (CNTs) и нивна карактеризација, раководител: проф. д-р Александар Димитров, 2010. | 0,50 |
| | **Вкупно** | **18,00** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **32,40** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **55,531** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **18,00** |
| **ВКУПНО** | **105,931** |

**Рецензентска комисија**

Д-р Александар Димитров, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.

Д-р Перица Пауновиќ, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје,с.р.

Д-р Горан Начевски, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ЕТИЧКИТЕ ОСНОВИ НА НАСТАВАТА“ ПОДНЕСЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ГОРИЦА ПОПОВСКА НАЛЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 22.X 2014 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **Етичките основи на наставата**, поднесена од **м-р Горица Поповска Налевска,** пријавена на Институтот за педагогија, во состав: проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Анета Баракоска, доц. д-р Елизабета Томевска-Илиевска и доц. д-р Елена Ризова. Во тоа својство имаме чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација поднесена од м-р Горица Поповска Налевска со наслов „Етичките основи на наставата“ претставува автентичен, истражувачки труд во кој на оригинален начин се пристапува кон истражување и третирање на една недоволно истражувана „вечна“ проблематика поврзана со наставата, како најорганизирана воспитно-образовна форма. Во неа со децении, па и многу подолго се поларизираат образовни и воспитни компоненти, при што е забележлива тенденцијата на јакнеење на образовната компонента за сметка на воспитните влијанија врз учениците и нивниот етички развој.

Овој феномен, од една страна, е тесно поврзан со рефлексиите во секојдневното живеење на младите, а во педагошките кругови претставува континуиран напор за зајакнување на воспитното влијание, што во крајна истанца е можно само доколку наставата во сета своја сеопфатност на сите нивоа и во сите сегменти се втемели врз етички основи. Ова е впрочем и основниот проблем кој се истражува во овој труд и кој е сензибилно детектиран од страна на кандидатката. Ваквиот пристап во истражувањето на проблемот, кој сугерира етичка основа на наставниот процес, во целина е оригинален и сеопфатен, и значително се разликува од досегашните концепции, кои повеќе промовираат придружување на воспитните аспекти на наставното дејствување кон образовната сфера.

Значајноста на трудот се мултиплицира бидејќи го зајакнува статусот на „воспитното“ во наставата до ниво на нејзините основи.

Според кандидатката, процесот на градење вака поставениот етички концепт во наставата не останува во теоретски рамки, туку, напротив, дава излези кон секојдневната наставна практика.

Во трудот, м-р Горица Попвска Налевска логично и систематски навлегува во проучувањето на проблемот. Теоретскиот пристап третира значајни прашања поврзани за етиката како наука и нејзините основни категории, нејзиниот третман во образованието, етичкиот концепт на наставата, програмската поддршка и етиката како наставен предмет. Со тоа се заокружува еден дел од „етичките" аспекти на истражуваниот проблем, кои од своја страна би требало да претставуваат своевиден вовед во истражувањето. Карактеристично е што и покрај големиот број опфатени проблеми, нивната елаборација не е доволно интензивно и екстензивно третирана, што впрочем се однесува и на наредните проблеми кои се опфатени во рамките на теоретската основа. Несомнено, изборот на теоретските дилеми е добар, иако по малку еклектичен, што може да е резултат и на слоевитоста на истражуваниот проблем, како и на истражувачките компетенции на кандидатката.

Очигледно е дека м-р Горица Поповска Налевска по вокација примарно е насочена кон практиката, бидејќи во теоретскиот дел најдлабоко навлегува во објаснувањето на методичко-дидактичкиот концепт за работа кој го поддржува втемелувањето на наставата врз етички основи, како и проучувањето на повеќе релевантни истражувања од практичната работа.

Бидејќи во трудот се третира етичкиот концепт на наставата, исражувањето се фокусира на програмската поставеност и на дидактичките основи на наставата, како и на дидактичко-методичките компетенции на наставниците и нивната поддршка во функција на развој на етичкиот концепт. Постојат повеќе пристапи во реализацијата на етичките содржини: како посебен наставен предмет, интегриран во постојните наставни предмети или кроскурикуларно (преку содржините и методите на сите наставни предмети, односно како составен дел на целокупната наставна програма).

Имајќи предвид дека етичкото образование во воспитно-образовниот систем во Р. Македонија се реализира во релативно краток временски период, може да се констатира дека етичката едукација претставува предмет кој отвора бројни проблеми, чии одговори треба да се дадат и со ова истражување.

Доколку се проследи текот на самото истражување, тогаш може да се зборува за процесуалност, спроведена низ повеќе чекори, и тоа: анализирани се наставни програми по македонски јазик и запознавање на околината и часовите на одделенската заедница во првиот образовен циклус, со посебен акцент на воспитно-образовните потенцијали; испитувани се компетенциите на наставниците за етички дејствувања преку анализа на програмската поставеност на „етичките" програми на педагошките факултети и испитување на ефективноста на нивната реализација, како и нивните дидактичко-методички компетенции; ставовите на наставниците за воведување на етичкото образование во првиот образовен циклус; развивање на концепт за дидактичка поддршка за развој на компетенциите на наставниците за реализација на настава врз етички основи; развивање на микрометодски модели ставени во функција на етичкиот развој и нивно вреднување од страна на наставниците.

Доколку кон ова се додадат и анализите на наставните програми и изворот на компензирачки содржини од етички карактер, како што впрочем е и сторено во трудот, тогаш истражувањето се приближува кон акционо истражување на кое во практичната настава може да се надоврзе и финалниот чекор - имплементирање на ревидираните микрометодски модели, што добива дигнитет на посебна фаза при поширокатa примена на корпусот на „етичките" модели во наставната практика, што е всушност бенфит од овој сеопфатен истражувачки зафат.

Делумно отстапувајќи од класичната форма на рецензија на научен труд од овој карактер, нема посебно да се задржиме на елаборирање на методолошкиот инструментариум, и тоа од две причини: бидејќи во најгенерални рамки ги задоволува методолошките стандарди потребни за спроведување на вакво сеопфатно истражување, како и заради тоа што во текот на презентацијата на трудот, кандидатката поопстојно ќе ги елаборира елементите на целокупната методолошка структура.

Методологијата на истражувањето ги поставува основите на емпириското проучување, со што трудот добива теоретско-емпириски карактер, при што посебно треба да се истакне дека акцентот е ставен на емпириското истражување, што целосно е компатибилно со истражувачкиот интерес на кандидатката. Трудот е структуриран од 5 (пет) дела, и тоа: теоретска рамка на истражувањето, методологија на истражувањето, анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето, предлог на микрометодски модели за реализирање на наставата врз етички основи и заклучни согледувања и препораки.

Несомнен е големиот придонес на оваа докторска дисертација, особено заради заклучните сознанија и предлозите за натамошен развој на етичката димензија на наставата, како и потребата од популаризирање на основните идеи за градење на посеопфатен етички-педагошки концепт во наставата, воопшто. Перманентноста на процесот иницирaн во трудот овозможува проширување на процесот и во воннаставните активности, зајакнување на етичкиот идентитет и зајакнување на воспитната компонента во најширока смисла на неговото значење.

Имплементацијата на корпусот на интегрирани микрометодски модели кои веќе „утре" најшироко може да се користат во наставата, претставува добра основа и поддршка за развој на оваа идеја до ниво на концепт вграден во образовниот систем.

## **З А К Л У Ч О К**

Врз основа на претходно изнесените мислења и оценката на докторската дисертација под наслов „Етичките основи на наставата", поднесена од м-р Горица Поповска Налевска, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје имаме чест и особено задоволство да му предложиме да одобри одбрана на наведениот труд и да го определи денот за одбраната.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, с.р.
2. Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, с.р.
3. Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
4. Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска, с.р.
5. Доц. д-р Елена Ризова, с.р.

### *ПРЕГЛЕД*
### *НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ*

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Магдалена Љубиновска | "Специфичноста на финансиската анализа во осигурувањето-студија на случај" "The specificity in insurance financial analysis-case study" | Д-р Биљана Ангелова |
| *2.* | Ана Димитровска | "Генерирање на нови идеи за поттикнување на креативноста и иновативноста во МСП во Република Македонија" "Generating new ideas for stimulating creativity and innovation in SME in Republic of Macedonia" | Д-р Васил Поповски |
| *3.* | Јанко Лазаревски | "Органското земјоделско производство како претприемнички потфат-подигнување на органски насад од малина" "Organic farming as an entrepreneurial venture-raising organic raspberry plantation" | Д-р Наташа Данилоска |
| *4.* | Маја Најдовска | "Менаџмент на финансиски институции со посебен осврт на осигурителните компании во Република Македонија" "Management of financial institutions with particular attention to Insurance Companies operating within the Republic of Macedonia" | Д-р Биљана Ангелова |
| *5.* | Јована Лазаровска | "Значењето на програмите за самовработување кај младите за развој на претприемништвото во Република Македонија" "The importance of self-employment programs for youth entrepreneurship development in Republic of Macedonia" | Д-р Васил Поповски |
| *6.* | Ивана Стаменков | "Трендови на странските директни инвестиции во земјите од Југоисточна Европа" "Trends of Foreign Direct Investment in the South East Europe" | Д-р Силвана Мојсовска |
| *7.* | Филимена Бошковска | "Промоција на банкарските производи со посебен осврт на огласувањето на отворен простор" "Advertising in banking sector with special emphasis on outdoor advertising" | Д-р Марија Ацковска |
| *8.* | Зоран Глигоров | "Царинска стратегија на Европската унија во однос на | Д-р Биљана Ангелова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | царинскиот систем на Република Македонија и идните политики на новиот акцизен систем" "Customs strategy of European Union regarding the customs system of Republic Macedonia and future policies of new excise system " | |
| 9. | Иван Андреевски | "Странските директни инвестиции и нивното влијание врз земјите во развој" "Foreign direct investment and its impact on developing countries" | Д-р Наташа Данилоска |
| 10. | Ива Петрова | "Финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој" "Financial support of agricultural and rural development" | Д-р Биљана Ангелова |
| 11. | Дарко Бежаноски | "Иновативноста во Република Македонија и земјите од југоисточна Европа" "Innovativeness in Republic of Macedonia and Southeast Europian countries" | Д-р Искра Станчева-Гигов |
| 12. | Емилија Чадиковска | "Примена и перспективи на акредитивите во банкарството" "Aplication and perspectives of letters of credit in banking" | Д-р Климентина Попоска |
| 13. | Јана Михаилова | "Влијанието на културолошките фактори за привлекување на огласувачите со осврт на Македонската Телевизија" "The influence of cultural factors in attracting advertisers- the case of Macedonian Television" | Д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 14. | Дафинка Богданова-Петровска | "Можности за унапредување на м-банкарство во Република Македонија " "The possibilities in developing the m-banking in Republic of Macedonia" | Д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 15. | Маја Петрушевска | "Стратегии за рекламирање на компаниите на глобалниот пазар на примерот на Кока кола и Мек Доналдс" "Advertising strategies of the companies on the global market-the case of Coca Cola and Mc Donalds" | Д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 16. | Ивана Трајковска | "Трендови во развојот на електронското банкарство и неговата примена во Република Македонија" "Trends in development of electronic banking and its use in Republic of Macedonia " | Д-р Биљана Ангелова |
| 17. | Филип Цветковски | "Трендови во развојот на електронското банкарство и | Д-р Биљана Ангелова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | неговата примена во Република Македонија“ “International business strategies for positioning on Macedonian market“ | |
| *18.* | Владимир Кировски | “Инвестирање во енергетска ефикасност во функција на консолидирање на буџетите на локалната самоуправа“ “Investments in energy efficient regarding consolidation of local – self government units“ | Д-р Биљана Ангелова |

**Р Е Ф Е Р А Т**
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИЧКАТА АНАЛИЗА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет при Природно-математичкиот факултет во Скопје, донесена на седницата на 6.11.2014 година, по предлог на Институтот за математика при ПМФ во Скопје на седницата одржана на 6.11.2014 година, избрана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на математичката анализа на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, во состав: д-р Новак Ивановски, редовен професор на ПМФ-Скопје (во пензија), д-р Борко Илиевски, редовен професор на ПМФ-Скопје и д-р Боро Пиперевски, редовен професор на ФЕИТ–Скопје (во пензија).

На распишаниот конкурс, објавен во весниците “Дневник” и “Коха” на 24.10.2014 година, се пријави само кандидатот д-р Љупчо Настовски, вонреден професор на Институтот за математика при ПМФ-Скопје.

Рецензентската комисија во погоре споменатиот состав, врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот, на Наставно-научниот совет му го поднесува следнов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Биографски податоци**

**А. Основни податоци**

Д-р Љупчо Настовски е роден на 23.6.1965 година во Скопје, основно образование завршил во Демир Хисар во 1980 година, а средно образование завршил во гимназијата “Ѓорѓи Димитров”, математичка паралелка, во Скопје, во 1984 година. Студиите по математика, теоретска насока, ги завршил во декември 1990 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Постдипломските студии по математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје ги завршил во март 1998 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА ХОЛОМОРФНИ ФУНКЦИИ ВО ЕДИНИЧНИОТ ДИСК под менторство на проф. д-р Никола Пандески, со што се стекнал со академски степен-магистер на математички науки. Во јули 2004 година ја одбранил докторската дисертација под наслов ИНТЕРПОЛАЦИЈА ВО ПРОСТОРИ НА АНАЛИТИЧКИ ФУНКЦИИ И ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА ФУНКЦИИ ВО СМИСЛА НА ДИСТРИБУЦИИ, под менторство на проф. д-р Никола Пандески, и се стекнал со академски степен-доктор на математички науки.

**Б. Стекнати наставни звања**

Во 1991 година е избран за помлад асистент на Институтот за математика при ПМФ во Скопје. Во 1998 година е избран за асистент на Институтот за математика при ПМФ во Скопје. Во декември 2004 година е избран за доцент на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, а во октомври 2009 година е избран за вонреден професор на овој Институт.

За активностите на д-р Љупчо Настовски во сите области од неговата работа до изборот во звањето вонреден професор е реферирано во **Билтенот бр. 970 на УКИМ во Скопје** од 15.9.2009 година.

## II. Наставно-образовна дејност

### А. Одржување на настава

По изборот во звањето вонреден професор, т.е. во овој извештаен период држел настава по предметите: мера и интеграл, математичка анализа 3 (на студии по математика), математичка анализа (на студии по физика), математика (на Архитектонски факултет), статистика за туризам и статистика за демографија (на студии по географија).

На постдипломските студии на Институтот за математика бил предметен наставник за следниве предмети: теорија на аналитички функции, Hp-простори и Банахови простори на аналитички функции.

### Б. Учество во комисии за оцена или одбрана на дипломски работи, магистратури и докторати

Во периодот од 2009 до 2014 година бил:

1. ментор на 25 дипломски работи;
2. ментор на 2 магистерски работи;
3. член во комисија за оцена и одбрана на 9 магистерски работи;
4. член во комисија за оцена и одбрана на 1 докторска работа.

### В. Учебници-скрипти

1. Б. Илиевски, Љ. Настовски: “Математика 2” – за хемичари. Во најскоро време, т.е. за месец-два скриптата ќе биде дадена за издавање како учебник.

2. Љ. Настовски „Статистика за туризам“, за предметот статистика, демографија и географија

### Г. Стручна литература

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Љупчо Настовски има објавено 4 стручни трудови:

1. Б. Начевска-Настовска, Љ. Настовски **Системи од точки,** Сигма 101, 2013/14 година.
2. Manova-Erakovic V., MalcheskiR., Nastovski LJ., Pachemska T., Saneva K., Gegovska-ZajkovaS., MiovskaV., Brsakoska S., Stojkovska I., Hadzieva E., Markoski G., Andova V., Gogovska V., Leshovski D., Gacovska A., Trifunov Z., Cvetkovski Z., Petrushevski M., Prangoski B., Jovcheski I., Samardzitska S., Dimovski P., Shoptrajanov M., Misajleski Z., Sokoloski P., Velinov D., Petkovski Z., Malcheski A., Macedonian Mathematical Competitions, СММ 2009.
3. Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Настовски Љ., Миовска В., Маркоски Ѓ., Лешкоски Д., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димовски П., Андова В., Шоптрајанов М., Велинов Д., Јовчески И., Натпревари по математика во средно образование 2011 СММ, 2011.
4. Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Малчески Р., Шекутковски Н., Настовски Љ., Соколоски П., Јовчески И., Прангоски Б., Петрушевски М., Цветковски З., Предлог задачи за XIV македонска математичка олимпијада 2007, СММ, 2011.

## III. Научноистражувачка дејност

Главно подрачје на научен интерес на д-р Љупчо Настовски е комплексна анализа, т.е. попрецизно граничните поведенија на аналитичките функции.

**А. Научни трудови**

Во овој извештаен период, д-р Љупчо Настовски ги има објавено или предадено за печат следниве трудови:

1. LJ. Nastovski, “Characterization of Hp- spaces with boundary values in some spaces of Beurling tempered ultradistributions”, Novi Sad J. Math. Vol. 43, No. 2, 2013, 211-222.
2. Lj. Nastovski P. Sokoloski, One exemple of analytic function on the unit disc, Зборник на трудови на FMNS 2013, Blagovgrad, Bugarija, 2013.
3. R.Malceski,Lj.Nastovski,B.Nacevska,A.Huseini”About the Strictly Convex Uniformly Convex Normed and 2- Normed Spaces”, Intern.Journ. of Scientific and Innovative Mathematical Research (IJSIMR) vol.2 1ss 6 ,June 2014,pp 603-610.

**Б. Научни собири**

Во овој извештаен период, д-р Љупчо Настовски има учествувано на следниве математички собири:

1. MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Ohrid, 16-20.09.2009 godina
2. FMNS 2013, Blagoevgrad, Bugarija, јуни 2013 .
3. V congress of Mathematicians of Macedonia, Ohrid, 24-27.09.2014.

**В. Научни проекти**

Во овој извештаен период, д-р Љупчо Настовски бил учесник во следниве научни проекти:

1. “Апроксимации во комплексна област, гранични вредности на аналитички функции, дистрибуции и мали таласи, гранични проблеми ” (2006-2009) – раководител: проф. д-р Борко Илиевски.
2. “Гранични вредности на аналитички функции и дистрибуции и апроксимации во смисла на дистрибуции” (2006-2009), раководител проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ.

Учесник е во меѓународниот проект

3. “Half-metalic Ferromagnets: materials fundamentals for-next-generation spintronics” под ракобводство на d-r Vlado Lazarov, The University of York, Department of pfysics, York, 2013-2017

**Г. Ментор на магистерски работи**

Д-р Љупчо Настовски бил ментор на две магистерски работи:

1. “Множества од точки на радијална непрекинатост на холоморфни функции”, одбранета на 1.7.2010 година од кандидатот Петар Соколоски.
2. “Гранични множества на интерполациони Блашкеови производи”, одбранета на 16.6.2014 година од кандидатката Ферзије Леши.

**IV. Стручно апликативна дејност и дејности од поширок итерес**

1. Бил раководител на Заводот за анализа при Институтот за математика на ПМФ во Скопје, 2010-2012 година.
2. Уредник е на “Нумерус”, списание по математика за ученици од основното образование.

3. Продекан е за настава при ПМФ-Скопје, од декември 2012 до декември 2016.
Активно го владее рускиот јазик, а пасивно англискиот и францускиот јазик.

**V. Извештај за самоевалуација на наставникот д-р Љупчо Настовски**

Поткомисијата за самоевалуација на Институтот за математика на 8.04.2014 година ги разгледа резултатите од спроведената анкета меѓу студентите од првиот циклус студии на Институтот за математика (трета година) и од спроведената анкета од задолжителните предмети на вториот циклус студии. Притоа, споменатата поткомисија за самоевалуација заклучи дека проф. д-р Љупчо Настовски има позитивна оценка од самоевалуацијата (просек 9,53).

**VI. Образец кон извештајот за избор во наставно-научно звање**

Во прилог го доставуваме образецот кон извештајот за избор во наставно-научно звање. Кандидатот д-р Љупчо Настовски има вкупно 192,641 поен, и тоа за: наставно-образовна дејност - 114,74, научноистражувачка дејност - 25,401 поен, стручно-апликативна дејност - 52,5 поени.

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 114,74 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 25,401 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 0 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 52,5 |
| Вкупно | 192,641 |

## З А К Л У Ч О К И П Р Е Д Л О Г

Врз основа на извештајот и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека д-р Љупчо Настовски во извештајниот период бил активно ангажиран во изведувањето настава на редовните студии со шест предмети и на вториот циклус студии со три предмети. Тој квалитетно ги извршува своите обврски, кон подготовката и реализацијата на предавањата пристапува одговорно и стручно, а неговиот односот кон студентите е особено коректен со спремност да им помогне на студентите во совладувањето на наставниот материјал. Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 250/2013-пречистен текст), д-р Љупчо Настовски ги има добиено сите потребни поени по сите области за избор во повисоко наставно-научно звање.

Рецензентската комисија со задоволство констатира дека кандидатот има постигнато значајни резултати во наставата и науката, и има високо

ниво на едукативно-педагошка и општествена работа и соодветна научноистражувачка работа. Комисијата позитивно ги оценува наставните и научните активности на д-р Љупчо Настовски и смета дека се исполнети условите д-р Љупчо Настовски да биде избран во звањето редовен професор.

Врз основа на изнесените факти, личното искуство во соработката со кандидатот и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје, имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, да го избере д-р Љупчо Настовски во звањето редовен професор по група предмети од областа на математичката анализа на Институтот за математика при ПМФ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Новак Ивановски, редовен професор на ПМФ, Скопје (во пензија), с.р.

Д-р Борко Илиевски, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Боро Пиперевски, редовен професор на ФЕИТ, Скопје (во пензија), с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Љупчо Благоја Настовски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Природно-математички факултет-Скопје**
**Институт за математика**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: математика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Одржување на настава | **Поени** **Вкупно: 78.45** |
|---|---|---|
| 1. | Предмети од прв циклус на студии:<br>на Институтот за математика:<br>Мера и интеграл, 2+2, 10 семестри<br>Математичка анализа III, 2+2, 10 семестри,<br>на Институтот за физика:<br>Математичка анализа 1, 4+4, 6 семестри,<br>на Институтот за географија:<br>Туризам, 2+2, 8 семестри,<br>Статистика, демографија и географија, 2+2, 6 семестар.<br>на Архитектонски факултет:<br>Математика, 2+1, 10 семестри | 2x15x10x0.04=**12**<br>2x15x10x0.04=**12**<br>4x15x6x0.04=**14.4**<br>2x15x8x0.04=**9.6**<br>2x15x6x0.04=**7.2**<br>2x15x10x0.04=**12** |
| 2. | Предмети од втор циклус на студии:<br>на Институтот за математика:<br>Нр простори, 2, 5 семестри<br>Теорија на аналитички функции, 2, 5 семестри,<br>Банахови простори, 2, 5 семестри | 0.5x2x15x5x0.05=**3.75**<br>0.5x2x15x5x0.05=**3.75**<br>0.5x2x15x5x0.05=**3.75** |
| Ред. број | Назив на активноста: Одржување на вежби | **Поени** **Вкупно: 7.2** |
| 1. | Предмети од прв циклус на студии:<br>на Институтот за географија:<br>Туризам, 2+2, 8 семестри, | 2x15x8x0.03=**7.2** |
| Ред. број | Назив на активноста: Подготовка на нов предмет | **Поени** **Вкупно: 2.5** |
| 1. | Предмети од прв циклус на студии:<br>на Институтот за географија:<br>Туризам (предавања и вежби)<br>Статистика, демографија и географија (предавања) | 1.5<br>1 |

| Ред. број | Назив на активноста: Консултации со студенти | **Поени Вкупно: 5.19** |
|---|---|---|
| 1.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>2 | Предмети од прв циклус на студии:<br>на Институтот за математика:<br>Мера и интеграл, 20 студенти, 10 семестри<br>Математичка анализа III, 5 студенти, 10 семестри,<br>на Институтот за физика:<br>Математичка анализа 1, 10 студенти, 6 семестри,<br>на Институтот за географија:<br>Туризам, 90 студенти, 8 семестри,<br>Статистика, демографија и географија, 20 студенти, 6 семестар.<br>на Архитектонски факултет:<br>Математика, 140 студенти, 10 семестри<br>Предмети од втор циклус на студии:<br>на Институтот за математика:<br>Hp простори, 3 студенти, 5 семестри<br>Теорија на аналитички функции, 3 студенти, 5 семестри,<br>Банахови простори, 3 студенти, 5 семестри | <br><br>20x10x0.002=**0.4**<br>5x10x0.002=**0.1**<br><br>10x6x0.002=0**.12**<br><br>90x8x0.002=**1.44**<br><br>20x6x0.002=**0.24**<br><br>140x10x0.002=**2.8**<br><br><br>3x5x0.002=**0.03**<br>3x5x0.002=**0.03**<br>3x5x0.002=**0.03** |
| Ред. број | Назив на активноста: Ментор на дипломска работа | **Поени Вкупно: 5** |
| 1. | Ментор на 25 дипломски работи во изборниот период | 25x0.2=**5** |
| Ред. број | Назив на активноста: Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | **Поени Вкупно: 4.2** |
| 1. | Член на комисија за оцена и одбрана на 42 дипломски работи | 42x0.1=**4.2** |
| Ред. број | Назив на активноста: Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | **Поени Вкупно: 2.7** |
| 1. | Член на комисија за оцена и одбрана на 9 магистратури | 9x0.3=**2.7** |
| Ред. број | Назив на активноста: Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | **Поени Вкупно: 0.5** |
| 1. | Член на комисија за оцена и одбрана на 1 докторат | 1x0.5=**0.5** |
| Ред. број | Назив на активноста: Интерна скрипта од предавања | **Поени Вкупно: 8** |
| 1. | Б. Илиевски, Љ. Настовски: “Математика 2” – за хемичари | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Љ. Настовски „Статистика за туризам“ за предметот<br>Статистика, демографија и географија | **4** |
| Ред. број | Назив на активноста:<br>Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание | **Поени**<br>**Вкупно: 1** |
| 1. | Б.Начевска Настовска, Љ. Настовски, „Системи од точки“ , СИГМА 101, 2013/2014 | **1** |
| | **Вкупно** | **114,74** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br>Одбранети тези | **Поени**<br>**Вкупно:** |
|---|---|---|
| 1-2 | 1. “**Гранични вредности на холоморфни функции во единичниот диск”**, одбранета магистерска теза, Скопје, 1998.<br>2. **“Интерполација во простори на аналитички функции и гранични вредности на функции во смисла на дистрибуции”**, одбранета докторска дисертација, Скопје, 2004. | |
| Ред. број | Назив на активноста:<br>Ментор на магистерска работа | **Поени**<br>**Вкупно: 2** |
| 1-2 | 1. „**Множества од точки на радијална непрекинатост на холоморфни функции на единичниот диск**“, кандидат Петар Соколоски, 2010<br>2. „**Гранични множества на интерполациони Блашкеови производи**“,<br>Кандидат: Ферзије Леши, 2014. | 2x1=**2** |
| Ред. број | Назив на активноста:<br>Учесник во меѓународен научен проект | **Поени**<br>**Вкупно: 5** |
| 1 | 1. “Half-metallic Ferromagnets: materials fundamentals for next-generation spintronics” под раководство на prof. d-r Vlado Lazarov, The University of York, Department of physics, York, 2013-2017. | **5** |
| Ред. број | Назив на активноста:<br>Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | **Поени**<br>**Вкупно: 9.701** |
| 1-2 | **1.** Lj. Nastovski<br>“**Characterization of Hp – spaces with boundary values in some spaces of Beurling tempered ultradistributions**”, | 6+0.101=6.101 |

| | | |
|---|---|---|
| | Novi Sad J. Math, Vol. 43, No. 2, 2013, 211-222<br>2.R.Malceski,Lj.Nastovski,B.Nacevska,A.Huseini<br>**“About the Strictly Convex and Uniformly Convex Normed and 2-Normed Spaces”**<br>Intern.Journ.Of Scientific and Innovative Mathematical Research (IJSIMR) vol. 2 ,iss 6,June 2014 ,pp.603-610 | 6x0.6=3,6 |
| Ред. број | Назив на активноста:<br>Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | **Поени**<br>**Вкупно: 2.7** |
| 1 | **1.**Lj. Nastovski, P.Sokoloski,<br>**One example of analytic function on the unit disc,**<br>изложен и објавен во Зборникот на трудови на FMNS 2013, одржан во Blagoevgrad, Bugarija, јуни 2013. | **3x0.9=2.7** |
| Ред. број | Назив на активноста:<br>Апстракти објавени во зборник на конференција | **Поени**<br>**Вкупно: 3** |
| 1-3 | 1.“**Characterization of Hp – spaces with boundary values in some spaces of Beurling tempered ultradistributions**”<br>MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, одржан во Охрид, 16-20.9.2009 година.<br>2.”**Example of a holomorphic function on a unit disc without radial limits”**<br>V Congress of Mathematicians of Macedonia,одржан во Охрид, 24-27.9.2014.<br>3.”**Dominant species of Chironomidae Fauna Larva(Insecta:Diptera) from Prespa Lake,Republic of Macedonia**”<br>International Conference Wetlands 2014, Huesca , Espana , 14-18.09.2014. | 3x1=**3** |
| Ред. број | Назив на активноста:<br>Учество на научен/стручен собир со реферат: | **Поени**<br>**Вкупно: 3** |
| 1-2 | 1. **MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009**, одржан во Охрид, 16-20.9.2009 година.<br>2. **FMNS 2013**, одржан во Благоевград, Бугарија, јуни 2013.<br>3.**V congress of Mathematicians of Macedonia,**<br>одржан во Охрид, 24-27.9.2014. | 3x1=**3** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | **25.401** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: Учество во работа на комисии за државни натпревари | **Поени** **Вкупно: 15** |
|---|---|---|
| 1-2 | 1.Комисија за подготовка и реализација на регионалните и Републичките натпревари по математика за учениците од средното образование ( 5 години)<br>2.Комисија за реализација на Македонската математичка олимпијада за учениците од средното образование (5 години) | 2x5x1=**10**<br>5x1=**5** |
| Ред. број | Назив на активноста: Книги од стручна област | **Поени** **Вкупно: 21** |
| 1-3 | 1. Manova-Erakovic V., Malcheski R., Nastovski Lj., Pachemska T., Saneva K., Gegovska-Zajkova S., Miovska V., Brsakoska S., Stojkovska I., Hadzieva E., Markovski G., Andova V., Gogovska V., Leshkovski D., Gacovska A., Trifunov Z., Cvetkovski Z., Petrushevski M., Prangoski B., Jovcheski I., Samardziska S., Dimovski P., Shoptrajanov M., Misajleski Z., Sokoloski P., Velinov D., Petkovski Z., Malcheski A., Macedonian Mathematical Competitions, CMM, 2009<br>2. Малчески А., Манова-Ераковиќ В., Настовски Љ., Миовска В., Марковски Г., Лешковски Д., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димовски П., Андова В., Шоптрајанов М., Велинов Д., Јовчески И., Натпревари по математика во средно образование 2011, СММ, 2011<br>3. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Шекутковски Н., Настовски Љ., Соколоски П., Јовчески И., Прангоски Б., Петрушевски М., Цветковскi З., Предлог задачи за XIV македонска математичка олимпијада 2007, СММ, 2011. | 3x7=**21** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| Ред. број | Назив на активноста: Член на факултетска комисија | **Поени** **Вкупно: 2.5** |
| 1. | Член на Наставно-научниот совет на Природно- | 0.5x5=**2.5** |

| | | |
|---|---|---|
| | математичкиот факултет во Скопје (5 мандати) | |
| Ред. број | Назив на активноста: Уредник на научно/стручно списание | **Поени Вкупно: 10** |
| 1. | Уредник на популарното списание „Нумерус" за учениците од основно образование, 2009 - 2014 | 5x2=**10** |
| Ред. број | Назив на активноста: Продекан/заменик-директор | **Поени Вкупно: 4** |
| 1. | Продекан за настава на Природно-математичкиот факултет во Скопје (1 мандат) | **4** |
| | **Вкупно** | **52.5** |

| | |
|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **114,74** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **25,401** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **/** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **52,5** |
| **Вкупно** | **192,641** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Новак Ивановски, редовен професор на ПМФ, Скопје (во пензија), с.р.

Д-р Борко Илиевски, редовен професор на ПМФ, Скопје, с.р.

Д-р Боро Пиперевски, редовен професор на ФЕИТ, Скопје (во пензија), с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПРЕИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, на својата 51-та седница одржана на 5. XI 2014 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија по пријавата на д-р Лидија Тантуровска (родено Ѓоргиевска) на конкурсот за избор / преизбор на двајца соработници од областа современ македонски јазик, во едно од научните звања, објавен во весникот „Вечер“, бр. 15704, на 27. X 2014 година. Изразувајќи му благодарност на Советот на Институтот за довербата, му го доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Лидија Тантуровска е родена 1964 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Во 1986 година дипломирала на Групата за македонски јазик (еднопредметна) на Филолошкиот факултет во Скопје со просечен успех 9,57. По успешното завршување на испитите од постдипломските студии по македонски јазик на Филолошкиот факулет во Скопје, на 8. XI 1995 година го одбранила магистерскиот труд „Директниот и индиректниот објект во јазикот на авторските текстови од 19 век“, а својата докторска дисертација „Директниот и индиректниот објект во македонскиот стандарден јазик“ ја одбранила на 4. X 2002 година. Двата труда се работени под менторство на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова.

Во Институтот за македонски јазик, во Одделението за современ јазик, Тантуровска е вработена на 1. VI 1987 година. Во звањето помлад асистент е избрана во 1988, во звањето асистент – 1996 година, во звањето научен соработник – 2002 година, во звањето виш научен соработник – 2005 година и во звањето научен советник е избрана на 1. II 2010 година.

Досега била ангажирана во работата на проектите: „Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи“ (од самиот почеток на вработувањето до објавувањето на истоимениот Речник, каде што ги имала сработено глаголите од буквата О во III том и 132 речнички статии од буквата С во V том), „Толковен речник на македонскиот јазик“ (во 2001 година, каде што сработила дел од буквата Б). Од проектот „Законодавно-правниот потстил на административниот функционален стил врз примери од македонскиот јазик“ во 2008 година излегла од печат истоимената монографија. Следува ангажираноста и на следниве проекти: „Речник на синоними во македонскиот јазик“ во 2009 година, „Функционална реченична перспектива на македонскиот јазик“ во периодот од 2002 до 2004 година, „Антропонимите во македонскотот народно творештво“ во 2004 година, а во 2011/2012 година била вклучена во проектот: „Надградување на студиските програми за македонски јазик како странски“ при Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, како со лекторска настава, така и со изготвување на Определувачкиот тест – тест за определување на степенот на познавање на македонскиот како странски“. Од 2010 година е главен истражувач на проектот: „Речник на антонимите во македонскиот јазик“ од чија работа се произлезени и неколку научноистражувачки прилози. Во 2013 година била во тимот на меѓународниот (билатерарен) проект: „Фонетско-

фонолошки истражувања во македонскиот и во словенечкиот јазик“, а во мометнтов е дел од тимот на проектот „Правопис на македонскиот јазик“.

Вкупниот број на објавени трудови и прилози е речиси двесте, меѓу кои монографски изданија се: „Директниот и индиректниот објект во јазикот на авторските текстови од 19 век“ (1998 година), „Вежби и игри Прирачникот за учење македонски јазик како странски“ (2005 година), „Дирекниот и индиректниот објект во македонскиот стандарден јазик“ (2006 година), „Законодавно-правниот потстил на административниот функционален стил врз примери од македонскиот јазик“ (2009 година), „Јазичен бележник“ (2013 година) и „За идентитетот на македонски јазик“ (2014 година). Како соавтор се јавува во „Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи“, во првиот том од „Толковиот речник на македонскиот јазик“, а во странство, во меѓународната публикација „Jazykové právo v jednotlivých slovanských zemích“, Комисија за литературни јазици, Македонија, Прилог, Práce Filozovické fakultety university Karlovy (eds. Hana Glatkova, Kina Vachkova, Univerziteta Karlova v Praze, 2013: 413 – 421).

Досега има учествувано на многу научни собири, од кои голем е бројот на меѓународни, како во земјава, така и во странство (Австрија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Полска, Русија, Словенија, Србија, Украина, Хрватска, Чешка).

Од последниот избор (во 2010 година) па наваму, д-р Лидија Тантуровска настапила со повеќе оригинални научни трудови на меѓународните научни собири во странство: со рефератот „За удвојувањето на објектите кај Блаже Конески како нормативно и стилско обележје“ на симпозиумот „Poetik, stilistik und linguistik der texte von Blaže Koneski im „Gralis-korpus“ во Грац; со рефератот „Извиците во Ќопиќевите приказни за деца на македонски јазик“ на симпозиумот „Ćopićevsko modelovanje realnosti kroz humor i satiru“, (индиректен настап – Skype) во Бања Лука; со рефератот „Општествените промени и македонскиот јазик“ на научниот собир „Власт и кодификация“ во Варна; со рефератот „Македонскиот јазик и евроинтеграцијата“ на меѓународниот научен собир „Jazyková politika a slovanské jazyky“ во Прага; со рефератот „За индивидуалноста во текстови од научниот функционален стил“ на III меѓународна научна конференција „Стилистика сегодня и завтра“ во Москва; со рефератот „Промене у друштву, промене у језику“, на меѓународната конференција „Jezik, književnost, promene, Jezička istraživanja“, во Ниш; со рефератот „Нешто за македонско-хрватската лексиколошко-лексиколошка поврзаност“ на меѓународниот собир „Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze“ во Риека; со заедничкиот реферат „За некои лексички (не)соодветства во македонскиот и во хрватскиот јазик, македонско-хрватски културни врски“ (во соавторство со д-р В. Лаброска), на Меѓународниот научен собир „Македонско-хрватски културни врски“, одржан во Охрид.

Во овој период, д-р Лидија Тантуровска редовно има учествувано со реферати и на меѓународните научни конференции што се организираат во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид: „Нешто за извиците во детската литература / литаратурата за деца“, на XXXVII меѓународна научна конференција (2010), „За антонимите во македонскиот јазик“, на XXXVIII меѓународна научна конференција (2011 год.); „Предлогот ’на’ по глаголската именка“, на XXXIX меѓународна научна конференција (2012 год.), „Интенцијата на глаголите во наставата по македонски јазик како странски“, на XL меѓународна научна конфернција (2013). Во рамките на Семинарот, д-р Тантуровска има одржано

предавање на тема „За традицијата, за идентитетот и за современата состојба на македонскиот јазик", на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (2010) и циклус-предавања „Стилистиката и македонскиот јазик" на XLVII меѓународен семинар за македонски јазик (2013).

Од 2010 година има учествувано со реферти и на повеќе меѓународни научни собири што се организирани во Република Македонија: со „Битола – во делото и во животот на Крсте Мисикров" на Меѓународниот научен собир „Битола – тема за културно и уметничко творештво на автори од Р Македонија и Р Србија" (2011 год.); со „Битола во преданијата од Цепенков", на Меѓународниот научен собир „Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р Македонија и Р Србија", (2013); со „Скратено за скратениците" на собирот „Македонскиот јазик во историски и во современ контекст (што направивме и што треба да направиме во македонската наука за јазикот)", (2010); со рефератот „'Во потрага' по идентитетот на македонскиот јазик" на Меѓународниот научен собир „Македонскиот индентитет, литература, јазик, историја, култура", (2011); со „За граматичката категорија 'лице'" на Меѓународниот научен симпозиум Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура, Филолошки факултет „Блаже Конески" (2011 год.); со „Јазикот и културата во учењето македонски јазик како странски" на Меѓународниот научен собир „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици" по повод 60 години од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје (2013 год.); со „Какво кафе пиете?" на Меѓународниот научен собир „Лексикологијата и лексикографијата – мостови меѓу јазиците" во рамките на манифестацијата „Денови на Бл. Корубин"(2014 год.).

Д-р Лидија Тантуровска е редовен учесник на научните собири што се организираат во рамите на манифестацијата „Денови на Благоја Корубин". Покрај учеството на последниот меѓународен научен собир, учествувала и на претходните научни собири (2010 – 2014) со рефератите: „Традицијата, идентитетот и идентитетот на македонскиот јазик" (2010): „Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања – основа за специјализирани речници" (2011); „Индивидуалниот јазичен израз во текстовите на научниот функционален стил" (2012); „Антонимите во учењето македонски јазик како странски" (2013).

Со реферати има учествувано и на други научни собири: со рефератот „Бисеро моме, Бисеро ..." на научниот собир „Браќата Миладиновци и времето на македонската преродба од XIX век" (2011), во Струга; со „Околу правописот на именската група 'Македонци муслимани" на „Собирот на Македонците муслимани" (2011), во Скопје; со „За еден канцеларизам во законодавно-правниот потстил", на Студискиот ден посветен на Тодор Димитровски (2010), во Скопје.

Во овој период се објавени нејзини трудови во зборници од актуелни меѓународни собири, како и од претходни меѓународни собири: „Актуелните состојби во македонскиот и во украинскиот јазик" (во соавторство со Надја Сацак) од „Македонско-украинската конфернеција" (2010 год.); „Фразеолошките изрази – сведоштво за јазичната поврзаност меѓу македонскиот и хрватскиот јазик / Frazeološki izrazi – svjedočanstvo jezične povezanosti makedonskoga i hrvatskoga jezika" Riječki filološki dani 8, pregledni članak, RFD 8, (2010); „За еден вид сложенки во законодавно-правниот функционален потстил" од III македонско-словенечка научна конференција (2010); „Има ли уште нешто да се каже за јазикот на Крсте Петков

Мисирков?“ од „Денови на науката на Република Македонија во Украина“ (2009); „Употребата на интерпукциските знаци во насловите од печатените медиуми“ (2010); „’Жената’ во стиховите на македонските поети“ од Меѓународен научен симпозиум „Развојот на македонската литература“ (2011); „Европа, Европејци, евро, европски ...“ од „English Studies in the European / Global Context: Current Issues, Future Trends“ (2011); „Вежбите и игрите - важен фактор за учењето на македонскиот јазик како странски“ од Меѓународниот собир на соработка „Прв, втор, друг јазик: македонски-хрватски споредби“ (2013); „За некои лексички (не)соодветства во македонскиот и во хрватскиот јазик, македонско-хрватски културни врски“ (во соавторство со В. Лаброска) од „Македонско-хрватски културни врски“ (2014).

Д-р Лидија Тантуровска има објавено оригинални научни трудови, прегледни научни трудови, прикази, хроники, во повеќе меѓународни научни списанија: во 2010 година, во 2012 и во 2014 година во меѓународното списание „Филолошки студии“, Македонија, Россия, Словенија, Хрватска (кое има и електронски верзија); во 2011 – во меѓународното списание „Стил“, Белград; во 2011 година – во електронското списание südslavistik•onlliine Nr. 3; во 2012 година – во Прилози, XXXVII, 1-2, МАНУ; во 2010, во 2011 и во 2014 година – во списанието „Македонски јазик“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Свои прилози има објавено и во повеќе броеви од списанието „Литературен збор“.

Има учествувано на работилници (Систем на територијална валоризација на културното и природното наследство”, 17. XII 2010, Скопје, организирано од Oxfan Italia; работилници организирани од СЕП, 2011, 2012), а има одржано и повеќе научни и стручни предавања на покана од други факултети, средни и основни училишта. Редовно држи предавања за учениците, студентите и за други посетители, кои официјано ја посетуваат Спомен-собата на Крсте Петков Мисирков, а одговарала и писмено на јазични прашања доставени официјално до Институтот.

Неколку пати била: претседател, координатор, секретар на организациски одбори, иницијатор и организатор на научни собири (на „Денови на Благоја Корубин“: „Актуелните состојби во македонскиот јазик“ – 16 март 2004 година, „Стандардизација на географските имиња во Република Македонија“ – 30 ноември 2004 година; на XXII научна конференција на МСМЈЛК – 2005 година; на Меѓународниот научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“, 15 и 16 декември 2011 година; на Меѓународниот научен симпозиум „За македонските работи“, 25 и 26 јуни 2012 година; на Меѓународната научна конференција „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици“, во рамките на прославата по повод 60 години од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков” во Скопје, 20. – 22. XI 2013 година итн.).

Член на Комисијата за литературни јазици е од 2008 година, а на Комисијата за стилистика – од 2014 година, и двете при Меѓународниот комитет за славистика.

Била и надворешен член при Секретаријатот за европски прашања, каде што била ангажирана и како јазичен експерт на прирачниците објавени од страна на Секретаријатот, а следната година била член на Техничкиот комитет за верификација на терминологијата и националната верзија на правото на ЕУ.

Како лектор на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура била ангажирана над десетина години.

Нејзиното име се јавува како рецензент на различни научни и стручни публикации („Укранинско-македонскиот разговорник“, на прирачниците за преведување на правните акти на ЕУ, на списанието „Македонски јазик“, на „Хрватско-македонскиот речник“(во соавторство со В. Лаброска, каде што се јауваат и како редактори), како и на учебници по македонски јазик за основно и за средно образовнание на РМ.

Со акредитирањето на вториот циклус студии на модулот „Македонистика со комуникологија“ и на третиот циклус – докторски студии „Македонистика“, потпрограма Научноистражувачки студии на македонскиот јазик, е вклучена во образованието како редовен професор. Како професор била ментор на еден магистер, а во моментот е ментор на еден докторанд.

Била член на редакциите на списанијата: „Македонски јазик“, „Литературен збор“, на зборници од научни собири, а сега е член на Редакцијата и еден од главните уредници на меѓународното списание „Филолошки студии“. Член е на повеќе комисии, а во моментов е претседател на Комисијата за втор циклус студии „Македонистика со комуникологија”. Член е и на Советот при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков” во Скопје.

Има промовирано научни трудови (монографии, зборници итн.), а често пати нејзини прилози од обласата на јазикот се слушани и се читани во јавните гласила (во електронските и во печатените медиуми), како во земјава, така и во странство.

За својата работа има добивано повеќе пофалници, благодарници, плакети и награди (меѓу кои се и од: Академијата на Украина, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Сојузот на друштвото за македонски јазик, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“), а во 2002 год. е член од тимот што е награден со наградата „13 Ноември“.

Оценувајќи ја целокупната активност на д-р Лидија Тантуровска на научен, на образовен и на стручен план, можеме да констатираме дека станува збор за изграден научен работник, чие име е препознатливо во научната јавност. Објавени трудови значајно влијаат во развојот на научната мисла, за што зборуваат општествените и другите признанија за придонес во научната област.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ да ја преизбере д-р Лидија Тантуровска во звањето **научен советник / редовен професор.**

Рецензентска комисија

1. Д-р Димитар Пандев, ред. проф. , с.р.
2. Д-р Живко Цветковски, ред. проф. , с. р.
3. Д-р Стоја Поп-Атанасова, н. сов. / ред. проф., с. р.

## Табела за оценување на целокупната активност изразена во поени за преизбор на д-р Лидија Тантуровска во звањето научен советник од последниот избор (2010 ‡ 2014)

| Реден број | Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Монографија или научна книга | 16 | |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | | 6 |
| 3. | Прегледан труд (СЦИ/ЦА/останати) | 10 | |
| 4. | Дел од лексикографски труд од национално значење (објавени дела од проектите на ИМЈ) | | |
| 5. | Лексикографски труд[1] | | |
| 6. | Пообемен лингвистички труд (два или повеќе авторски табака) | | |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен на еден од светските јазици во научно списание со меѓународно значење | | |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | | |
| 9. | Труд во лингвистички списанија | 2 | |
| 10. | Труд во други списанија или зборници | 2 | |
| 11. | Труд во зборник на трудови од научен собир | 8 | 81 |
| 12. | Труд во зборник на трудови од стручен собир | | |
| 13. | Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор | 54 | |
| 14. | Приказ/хроника | 2 | 4 |
| 15. | Учество на проект[2] | 6 | |
| 16. | Учество на проект | | 6 |

[1] Рецензентската комисија го оценува лексикографскиот труд според видот, обемот и намената.
[2] Проект чиј носител е ИМЈ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Учество на научен собир со реферат (презентација/усно) | 12 | |
| 18. | Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно) | 63 | |
| 19. | Учество на пленарна сесија на научен собир | | |
| 20. | Секциско излагање на научен собир | | |
| 21. | Одржано предавање по покана од научна институција | 6 | 21 |
| 22. | Визитинг-научник, студиски престој | | |
| 23. | Лектор по македонски јазик во странство | | |
| 24. | Лектор на меѓународен семинар | 3 | |
| 25. | Одбранета докторска теза | | |
| 26. | Одбранета магистерска работа | | |
| 27. | Раководител на научен проект | 4 | |
| 28. | Раководител на меѓународен научен проект | | |
| 29. | Ментор на докторска дисертација | 3 | |
| 30. | Ментор на магистерска работа | 1 | |
| 31. | Промоција на научен труд/зборник | 2 | |
| 32. | Рецензирање на труд | 6 | 3 |
| 33. | Член на редакциски одбор | 6 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34. | Член на уредувачки одбор | | 2 |
| 35. | Член на организациски одбор на научен собир | 4 | |
| 36. | Претседател на организациски одбор на научен собир | | |
| 37. | Координатор на научен собир | 1 | |
| 38. | Член на комисија од научен/стручен карактер | 6 | |
| 39. | Член на различни комисии | 4 | |
| 40. | Награди-признанија за научни постигнувања | | |
| 41. | Стручен превод, книга/статија | | |
| 42. | Учество во радио, ТВ-емисии и др. јавни настапи | 28,5 | |
| 43. | Објавени јазични текстови, колумни, ставови и мислења во дневен и неделен печат | 2,5 | |
| 4 | Друг придонес во научноистражувачката дејност | 3 | |

Рецензентска комисија:

1. д-р Димитар Пандев, ред. проф., с. р.
2. д-р Живко Цветковски, ред. проф., с. р.
3. д-р Стоја Поп-Атанасова, н. сов. / ред. проф., с.р.

# СПИСОК
# НА ОБЈАВЕНИТЕ ТРУДОВИ ОД ИЗБОРОТ ВО НАУЧЕН СОВЕТНИК / РЕДОВЕН ПРОФЕСОР: (2010 – 2014)

## 2009/2010

- „Песната ’Патник’ на Петар Прерадовиќ во препев на Крсте Петков Мисирков (со лингвостилистичка анализа)“, II меѓународен научен собир „Македонско-хрватски книжевни и културни врски“, Институт за македонска литература, Скопје, 2009: 329-334.
- „Два научни прилога од д-р Марија Најческа-Сидоровска“, „Славистички студии 13, ФФ „Блаже Конески”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, 2009: 55-58.
- „За некои јазични појави во македонскиот јазик во балканистички контекст“, „Балкански јазичен светоглед“, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2009:13-20.
- „Скратеници кај географските имиња при картографирањето“, Билтен на Институтот за географија, бр. 6, 2009: 69-76.
- „Има ли уште нешто да се каже за јазикот на Крсте Петков Мисирков?“, „Денови на науката на Република Македонија во Украина – Одеса“, Украинско-македонски научен зборник, бр. 4, Киев, 2009: 361-367.
- „Стари и нови значења во една лексема (кон историјата на семнатиката на зборот ’академија’)“, „Филологические заметки / Филолошки студии“, Филолошки факултет при Пермскиот државен универзитет, Филозофски факултет од Универзитетот во Љубљана, Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Загреб, Пермъ – Скопье – Любляна – Загреб, Выспуск 7, Частъ 2, 2009:176-181.
- „За еден вид сложенки во законодавно-правниот функционален потстил“, III македонско-словенечка научна конференција, Скопје, 2010: 211 – 216.
- „Non-justification of Dialect Forms Outside Ttheir Shere of Use“, VIth Congress od Dialectology and Geolingvisics, Maribor, 2010.
- „(Не)оправданоста на дијалектните форми надвор од нивната сфера на употреба“, Македонски јазик, LXI, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2010: 180-187.
- „Делата зборуваат сами по себе (Васил Дрвошанов, Лингвистичките дела на Олга Иванова)“, Македонски јазик, LXI, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2010: 226-230.
- „Фразеолошките изрази – сведоштво за јазичната поврзаност меѓу македонскиот и хрватскиот јазик / Frazeološki izrazi – svjedočanstvo jezične povezanosti makedonskoga i hrvatskoga jezika“ Riječki filološki dani 8, pregledni članak, RFD 8, 2010: 597 – 603.
- „Употребата на интерпункциските знаци во насловите од печатените медиуми“, Меѓународен македонистички собир, Филолошки факултет, 2010: 365-376.
- „Актуелните состојби во македонскиот и во украинскиот јазик“, Македонско-украинската конфернеција (соавторство со м-р Надја Саџак), 2010.

- „Скратено за скратениците“, Македонскиот јазик во историски и во современ контекст (што направивме и што треба да направиме во македонската наука за јазикот), 2010.
- „Македонскиот јазик низ општествените промени“, Меѓународно списание „Филолошки студии“, Скопје – Перм – Љубљана – Загреб, 8/2010, вол. 2.: 163-173.

2011

- „Општествените промени и македонскиот јазик“, „Власт и кодификация“, (Варна, 2010), Пловдив 2011, 135-144.
- „Традицијата, идентитетот и идентитетот на македонскиот јазик“, Збороник: „Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик; Јазикот и идентитетот“, (2010), Јазикот наш денешен, кн. 20, Скопје, 2011: 51-61.
- „Промене у друштву, промене у језику“, „Jezik, književnost, promene, Jezička istraživanja“, во Ниш; (2010), 2011: 356-362.
- „Јазичниот израз на св. Климент“, Стил, Београд, 2011: 225-232.
- „Улогата на ’Речникот на македонски јазик со српскохрватски толкувања’“, südslavistik·online Nr. 3 (April 2011), 109-117 issn 1868-0348 c Lidija Tanturovska, 2011 http://www.suedslavistik-online.de/03/tanturovska.pdf, http://www.suedslavistik-online.de/03/
- „’Во потрага’ по идентитетот на македонскиот јазик“, Меѓународен научен собир „Македонскиот индентитет, литература, јазик, историја, култура“, 30 години Институт за литература, Спектар, книга 2, 2011: 537-543
- „Мисирков – за јазиците“, Македонски јазик, год. LXII, Скопје, 2011: 95 – 103.
- „За една јазична појава“, ЛЗб, LXIII, Скопје, 1-6, 2011:241-250.
- „За традицијата, за идентитетот и за современата состојба на македонскиот јазик“, Предавања на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2010), Скопје, 2011: 41-50.
- „Нешто за извиците во детската литература/литаратурата за деца“, XXXVII научна конференција на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2010), Скопје, 2011: 203-2016.
- „’Жената’ во стиховите на македонските поети“, Зборник од Меѓународниот научен симпозиум „Развојот на македонската литература“, (25 години Институт за македонска литература, 2006), 2011:401-408.
- „Нешто за македонско-хрватската лексиколошко-лексиколошка поврзаност“, Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze, Zbornik radova 3, Filozofski fakultet, Rijeka, 2011: 365-375.

2012

- „Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања – основа за специјализирани речници“, Современите лингвистички истражувања во македонистиката, Јазикот наш денешен, кн. 21, Скопје, 2012: 67-77.

- „За антонимите во македонскиот јазик", XXXVIII научна конференција на XLIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2011), Скопје, 2012:151-161.
- „Македонскиот јазик и евроинтеграцијата", Меѓународен научен собир: „Jazyková politika a slovanské jazyky" (2011), Прага.
- „Европа, Европејци, евро, европски ..." „English Studies in the European / Global Context: Current Issues, Future Trends" (2008), Скопје, 2011: 41 – 48.
- „Битола – во делото и во животот на Крсте Мисикров", Зборник од Меѓународниот научен собир „Битола – тема за културно и уметничко творештво на автори од Р Македонија и Р Србија" (2011, Битола), Битола, 2012: 171-178.
- „Индивидуалноста во текстовите од научниот функционален стил", Меѓународно списание „Филолошки студии", Скопје – Перм – Љубљана – Загреб, том 2, 10/2012: 145-156.
- „За граматичката категорија 'лице'", Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура", (2011) УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески", 2012: 155-162.
- „За македонското прашање од поинаков агол", Прилози (посветено на акад. Бл. Ристовски по повод неговата 80-годишнина) XXXLII 1-2, МАНУ, Скопје, 2012: 313 – 322.

2013

- Правото во јазикот и словенските јазици (За македонскиот јазик), Jazykové právo a slovanské jazyky, Filozoficka fakulta Univezsity Karlovy (edd. Hana Gladkova, Kina Vačkova) Praha, 2013: 413 – 421.
- „Вежбите и игрите – важен фактор за учењето на македонскиот јазик како странски", Меѓународен собир на соработка „Прв, втор, друг јазик: македонски-хрватски споредби" (2010), Filozofski fakultet, Sveučilište u Zagrebu, и Филолошки факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје; Загреб, 2013: 240-251.
- „Предлогот 'на' по глаголската именка", XXXIX научна конференција, на XLV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Лингвиситка (Охрид, 20-21 јуни 2012), УКИМ, Скопје, 2013: 173-180.
- „Јазичен бележник", Јазикот наш денешен, кн. 22, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2013 (248).
- „Индивидуалниот јазичен израз во текстовите од научниот функционален стил", „Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата" (2012), Јазикот наш денешен, кн. 23, Скопје, 2013: 129 -138.

2014

- „За удвојувањето на директниот објект кај Блаже Конески како нормативно и како стилско обележје", Меѓународен симпозиум „Поетиката, стилистиката и лингвистиката на текстовите на Блаже Конески во корпусот ГРАЛИС" (2012), Институт за славистика, Универзитет „Карл-Франц", Грац, 2012, Филолошки факултет „Блаже

Конески” – Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков” – Скопје, 2014: 175 – 188.

- „За идентитетот на македонскиот јазик“, Посебни изданија, кн. 77, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
- „’Тема’ за проф. Ружа Паноска“, Македонски јазик, 2014 год.
- „За некои лексички (не)соодветства во македонскиот и во хрватскиот јазик“, (соавторство со В. Лаброска), Македонско-хрватски културни врски, 2014.
- „Битола во преданијата од Цепенков“, Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р Македонија и Р Србија, Битола, 2014: 265 – 274.
- „Интенцијата на глаголите во наставата по македонски јазик како странски“, XL научна конферниција (Охрид , 2013), 2014: 715 – 726.
- „За индивидуалноста во текстови од научниот функционален стил“, III Международной научной конференции „Стилистика сегодня и завтра”, Кафедра стилистики русского языка, Московский государственный университет имени М. В. Ломоносова, 2014.
- „Извиците во Ќопиќевите приказни за деца на македонски јазик“, „Ćopićevsko modelovanje realnosti kroz humor i satiru“, Бања Лука, 2014.
- „Повод со причина (Шестдецениско постоење на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје), меѓународно списание „Филолошки студии“, Скопје – Перм – Љубљана – Загреб, 2014.

II ДЕЛ ОД УЧЕСТВОТО НА НАУЧНИ СОБИРИ СО РЕФЕРАТИ, ОД ИЗБОРОТ ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ:

(2010 – 2014)

2010

- „Нешто за извиците во детската литература/литаратурата за деца“, XXXVII научна конференција на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (2010), Охрид.
- „Промене у друштву, промене у језику“, „Jezik, književnost, promene, Jezička istraživanja“, (2010), Ниш.
- „Вежбите и игрите – важен фактор за учењето на македонскиот јазик како странски“, Меѓународен собир на соработка „Прв, втор, друг јазик: македонски-хрватски споредби“, Filozofski fakultet, Sveučilište u Zagrebu, и Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (2010), Скопје.
- „Актуелните состојби во македонскиот и во украинскиот јазик“ (соавторство со м-р Надја Саџак), Македонско-украинската конфернеција (2010), Штип.
- „Скратено за кратениците“, Македонскиот јазик во историски и во современ контекст (што направивме и што треба да направиме во македонската наука за јазикот) (2010), Скопје.
- „Non-justification of Dialect Forms Outside Ttheir Shere of Use“, VIth Congress od Dialectology and Geolingvisics, Maribor, 2010.
- „За еден канцеларизам во законодавно-правниот потстил“, Студиски ден посветен на Тодор Димитровски (2010), Скопје.

2011

- „Речникот на македонски јазик со српскохрватски толкувања – основа за специјализирани речници“, XV научен собир „Денови на Благоја Корубин“ (2011), Скопје.
- „Бисеро моме, Бисеро ...“, „Браќата Миладиновци и времето на македонската преродба од XIX век“ (2011), Струга.
- „Околу правописот на именската група Македонци муслимани“, Собир на Македонците муслимани (2011), Скопје.
- „Нешто за македонско-хрватската лексиколошко-лексикографска поврзаност“, Меѓународен научен собир „Хрватско-македонски книжевни, јазични и културни врски“, Филозовски факултет (2011), Риека.
- „Македонскиот јазик и евроинтеграцијата“, Меѓународен научен собир: „Jazyková politika a slovanské jazyky“ (2011), Прага.
- „За антонимите во македонскиот јазик“, XXXVIII научна конференција на XLIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, (2011) Охрид.
- „Битола – во делото и во животот на Крсте Мисикров“, Меѓународен научен собир „Битола – тема за културно и уметничко творештво на автори од Р. Македонија и Р. Србија“ (2011), Битола.
- „’Во потрага’ по идентитетот на македонскиот јазик“, Меѓународен научен собир „Македонскиот индентитет, литература, јазик, историја, култура“, 30 години Институт за литература (2011), Скопје.
- „За граматичката категорија ’лице’“, Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“ (2011), Скопје.

2012

- „За удвојувањето на директниот објект кај Блаже Конески како нормативно и како стилско обележје“, Меѓународен симпозиум „Поетиката, стилистиката и лингвистиката на текстовите на Блаже Конески во корпусот ГРАЛИС“, Институт за славистика, Универзитет „Карл-Франц“ (2012), Грац.
- „Индивидуалниот јазичен израз во текстовите на научниот функционален стил“, „Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата“, „Денови на Благоја Корубин” (2012), Скопје.
- Научен собир „100 години од раѓањето на проф. Крум Тошев“ (2012), Скопје.
- „Предлогот ’на’ по глаголската именка“, XXXIX меѓународна научна конференција на XLV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (2012), Охрид.

2013

- „Извиците во Ќопиќевите приказни за деца на македонски јазик“, „Ćopićevsko modelovanje realnosti kroz humor i satiru“, (индиректен настап – Skype) (2013), Бања Лука.

- „Антонимите во учењето македонски јазик како странски", Значењето низ времето и просторот, Денови на Благоја Корубин (2013), Скопје.
- „За лековитоста во преданијата на Цепенков", IV македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество (2013), Скопје.
- **„Интенцијата на глаголите во наставата по македонски јазик како странски", XL научна конфернција (2013), Охрид.**
- „Јазикот и културата во учењето македонски јазик како странски", Македониситиката меѓу традицијата и современите предизвици, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје (2013), Скопје.
- „Битола во преданијата од Цепенков", „Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р Македонија и Р Србија" (2013), Битола.

2014

- „Какво кафе пиете?", Меѓународен научен собир „Лексикологијата и лексикографијата – мостови меѓу јазиците" (2014), Битола.
- „За индивидуалноста во текстови од научниот функционален стил", III Международной научной конференции „Стилистика сегодня и завтра", Кафедра стилистики русского языка, Московский государственный университет имени М. В. Ломоносова (2014), Москва.
- „За некои лексички (не)соодветства во македонскиот и во хрватскиот јазик", Македонско-хрватски културни врски (соавторство со В. Лаброска) (2014), Охрид.
- „Предавање на македонското писмо со латиница", Правопис на македонскиот јазик, 31. I 2014 год., Скопје.
- „Стилистички истражувања" (рецензиран труд).

III ПРЕДАВАЊА:

Научни предавања:

- „Дирекниот и индиректниот објект во македонскиот стандарден јазик", XXXI научна конференција, Охрид.
- „За традицијата, за идентитетот и за современата состојба на македонскиот јазик", Предавања на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (2010), Охрид.
- „Стилистиката и македонскиот јазик", Циклус предавања на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, (2013), Охрид.
- „За Мисирков и за стилот и стилистика", Филозофски факултет (2013) Љубљана.
- „За научниот функционален стил низ примери од македонската наука за јазикот", Филозофски факултет (2013), Љубљана.

- Излагање за темата „Двојазични речници (методологија)", „Науката за македонскиот јазик – состојби и перспективи", по повод 10 години од постоењето на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ (2011), Скопје.

Стручни предавања:

- „Јазикот во публицистичкиот фунцкионален стил“, МИМ (2010), Скопје.
- „Законодавно-правниот потстил на административниот стил во националната верзија на acquis communautaire“ (2010), Евроинтеграциите и македонскиот литературен јазик, Семинар за влијанието на терминологијата што произлегува од процесот на преведување на правото на ЕУ врз македонскиот јазик (2010), Скопје.
- „Нешто за актуелните состојби во македонскиот јазик“ (2011), Пробиштип.

- Редовни предавања пред ученици во Спомен-собата на Крсте Петков Мисирков (8, 7, 12, 7, 5).
- Писмени одговори за потребите на Консултативното тело за јазични прашања.
- Писмен одговор за ЦЧПРК.
- Решенија за јазични прашања од македонскиот јазик, СЕИ, 2010.

IV ИНФОРМАТИВНИ ГЛАСИЛА:
5 прилози, 2010 год.
1 прилог на МТВ, 2011 год.
1 приклог на Сител, ноември, 2011 год.
1 прилог Дојче веле, 12. XI 2011 год.
1 прилог Нова Македонија, 2011 год.
1 прилог на МТВ, 23. II 2012 год.
8 прилози Македонско радио, 2013 год. и др.

V Промоции и рецензии:

Промоција на зборници: „Општествените промени и јазикот“ ИМЈ, Денови на Благоја Корубин; Зборникот од XXXII научна дискусија

*Рецензија за: „Македонско-украинскиот разговорник“, НАНУ и МАНУ, Киев; списанието „Македонски јазик“; учебници по македонски јазик.*

VI Написи за нејзините монографски труда во домашните научни и стручни списанија: Л. Минова-Ѓуркова и К. Топлиска, одделно, за книгата: „Директниот и индиректниот објект во македонскиот стандарден јазик“; Л. Минова-Ѓуркова и Сн. Петрова-Џамбазова, одделно, за книгата: „Вежби и игри“; Т. Гочкова-Стојановска („Македонски јазик“, 2013) и Снежана Петрова-Џамбазова („Литеретурен збор“, 2014), одделно, за книгата „Јазичен бележник“; и во меѓународни списанија: Н. В. Бороникова (Меѓународно списание „Филолошки студии“, Скопје – Перм – Љубљана – Загреб, 2007) за книгата „Вежби и игри, Прирачник за учење македонски јазик како странски“ (Л. Тантурвоская „Упражнения и игры: учебное пособие по изучению македонского языка как иностранного“, Скопје – Перм – Љубљана – Загреб, 5/2007: кн. 2: 281-283); Н. Субиото (Меѓународно списание

„Филолошки студии", Скопје – Перм – Љубљана – Загреб, 2013) за книгата „Јазичен бележник"; за „Правото во јазикот и словенските јазици" (За македонскиот јазик), Jazykové právo a slovanské jazyky, Filozoficka fakulta Univezsity Karlovy (edd. Hana Gladkova, Kina Vačkova) Praha, 2013, во „Slavia" (2014).

VIII ЧЛЕН НА КОМИСИИ И ДРУГО:

2012

- претседател на Комисијата за втор циклус студии „Македонистика со комуникологија".

2013

-претседател на Комисијата за втор циклус студии „Македонистика со комуникологија";

-координатор и член на Организацискиот одбор за прославата по повод 60 години од ИМЈ.

2014

-претседател на Комисијата за втор циклус студии „Македонистика со комуникологија";

-член на Советот на ИМЈ.

IX Признанија

Колективна награда „13 Ноември" за „Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи"; Повелба во знак на признание за придонесот во работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, по повод јубилејот 40 години од постоењето на МСМЈЛК; Плакета за придонес на украинскиот јазик, НАНУ, Украина; Плакета за значаен придонес во истражувањето на македонскиот јазик и за постигнатите резултати во збогатувањето и во унапредувањето на целокупната дејност на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков"; Благодраница од Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература; Благодарница од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, по повод 60 години од неговото постоење.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XVI седница одржана на 31.X 2014 година, со решение бр. 02-2007/3 од 31.X 2014 година, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Ненад Георгиев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научно-стручните и другите достигнувања на кандидатката која се пријави за избор на соработник во звање асистент од научната област економика на земјоделството и развој.

Комисијата, по прегледот на поднесените документи во врска со распишаниот конкурс на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник” и „Коха“ на 14.X 2014, констатира дека за избор на соработник во звањето асистент од научната област економика на земјоделството и развој се пријавила кандидатката м-р Марина Нацка, досегашен помлад асистент на група предмети на Институтот за агроекономика при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Комисијата ја разгледа добиената документација од кандидатката и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Марина Нацка е родена на 13.III 1984 година во Скопје. Основното образование го стекнала во Скопје. Во учебната 2001/2002 година матурирала општа гимназија во средното училиште “Орце Николов” во Скопје.

На Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје се запишала во учебната 2002/2003 година, на агроекономската насока. Дипломирала во предвидениот рок, во 2007 година со просечна оценка 8,73. Магистерскиот труд со наслов „Маркетинг и конкурентност на виното од Република Македонија од аспект на индустриската сопственост“ успешно го одбранила во јули 2011 година. Од декември 2011 година работи на пријавениот докторскиот труд со наслов „Улогата на географските ознаки во маркетинг моделирањето на винскиот потсектор на Република Македонија“ под менторство на проф. д-р Ненад Георгиев.

Од 2010 година е активен член на Здружението на агроекономистите на Република Македонија. Од 2012 е член на Европската асоцијација на агроекономисти (EAAE). Од истата година учествува како експерт (обучувач) за проценка на вредноста на средствата во земјоделството, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Комората на проценувачи и Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Од 2013 е член на експертска комисија на МЗШВ за спроведување на процедури за регистрација, евалуација и одобрување на производни апликации за заштита со географски ознаки (ЗГО и ЗОП).

Од јуни 2013 е рецензент на Списанието за земјоделска наука и технологија А и Списание за земјоделска наука и технологија Б, САД.

Досега успешно има завршено повеќе меѓународни стручни курсеви и посети на работилници од областа на економиката на земјоделството и развојот и интелектуалната сопственост. Во изминатиот период остварила повеќе престои на странски универзитети и организации (Државниот универзитет во Фресно, Калифорнија, Земјоделскиот универзитет во Упсала, Шведска, Универзитетот во Женева - Швајцарија, Светската организација за интелектуална сопственост), во насока на усовршување на научно-стручните знаења. Учествувала на повеќе научни и стручни конференции, симпозиуми и дури собири во земјата и во странство.

Одбрани курсеви и работилници:

- 05/2014: Working Together for Promoting Knowledge Transfer and IP Commercialization, WIPO, SOIP. Локација: Скопје.
- 03/2014: Брендирање и извозниот маркетинг, Проект за унапредување на инвестирањето и извозот, USAID, АПП, Локација: Скопје.
- 11/2013: PDO – PGI: preparation of the application documents and the procedures for registration, MAFWE, EU funded twining project"Organic agriculture production and quality protection of agriculture products", Локација: Скопје.
- 08/2013: Agricultural Policy and Cooperatives, FAS – Cochran Fellowship Program for Macedonia, USDA program, Department of Agricultural Business, California State University, Локација: Фресно, Калифорнија.
- 03/2013: Geographical indications in Macedonian wine sector, FAO, EBRD, Локација: Скопје.
- 07/2012: WIPO-UNIGE Summer School on Intellectual Propertyin World Intellectual Property Office (WIPO) and University of Law (UNIGE) organized by WIPO/UNIGE, Локација: Женева, Швајцарија.
- 2012: Advanced International Certificate Course using IP Panorama e-learning content, organized by WIPO, Korean Intellectual Property Office (KIPO), Korea Advanced Institute of Science and Technology (KAIST) and Korea Invention Promotion Association (KIPA).
- 2012: DL-KL-101 Course on Intellectual Property Rights Law for Universities, organized by WIPO, Korean Intellectual Property Office (KIPO), Korea Advanced Institute of Science and Technology (KAIST) and Korea Invention Promotion Association (KIPA).
- 05/2012: Економетрија: Временски серии и анализи на панел податоци во Eviews. Предавач: доц. д-р Драган Тевдовски, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Локација: ФЗНХ, Скопје.
- 04/2012: Econometrics: Regression Analysis-Theory and Applications. Teacher: Professor Yves Surry, Department of Economics, Swedish

University of Agricultural Sciences (SLU), Uppsala. Локација: ФЗНХ, Скопје.

- 04/2012: Економетрија: Регресиски анализи во SPSS, Предавач: доц. д-р Драган Тевдовски, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Локација: ФЗНХ, Скопје.

Активно се служи со англискиот јазик и има соодветни познавања од областа на информатиката и користењето на компјутерските програми и статистичките пакети.

## 2. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2008 била договорно ангажирана како стручен соработник на група предмети на Катедрата за економика и организација и потоа во октомври 2010 година како стручен соработник на група предмети на Институтот за агроекономика во состав на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Од 2011 година е во редовен работен однос, избрана како помлад асистент на група предмети во областа економика во земјоделството и развој на Институтот за агроекономика во состав на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во овој период, кандидатката успешно помага во изведувањето на вежбите, консултациите и тестовите на група предмети на Институтот за агроекономика:

– модели и анализи во земјоделството, со студентите од II година од агроекономската насока и заштита на растенија– фитомедицина;

– основи на агромаркетинг, со студентите од III година на агроекономската насока, поледелската насока и заштита на растенија– фитомедицина;

– маркетинг на земјоделските прозиводисо студентите од IV година на агроекономскатата насока, преработка на земјоделски производи, еко-земјоделство, квалитет и безбедност на храна, овоштарство со лозарство и градинарско-цвеќарската насока.

Кандидатката покажува соодветен интерес кон наставните активности при што користи современи наставни методи и техники, а задачите ги извршува коректно и навремено. Во наставно-образовниот процес, таа го вклучува интерактивниот пристап, ги насочува студентите при изработката на проектните работи и во наставата внесува искуства стекнати во научноистражувачката и апликативна дејност.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Марина Нацка е вклучена во научноистражувачките проекти и апликативни работи на Институтот за агроекономика при Факултетот за земјоделски науки и храна. Во последните три години активно учествува во повеќе проекти. Во рамките на овие проекти учествувала во изработка на неколку студии и трудови и како автор и коавтор има објавено 1 книга во меѓународна издавачка куќа, 1 прирачник и вкупно 22 научни и

стручни труда. Во периодот од нејзиниот последен избор, таа била учесник во следниве проекти:

- 2014: експерт на меѓуграничниот проект „Experience the healthy rural life“, финансиран од IPA EU, спроведен од Федерацијата на фармери на Република Македонија;
- 2014: експерт на проектот на Американската Амбасада, Democracy for Small Commission Grants: Business Start-up Handbook for Young Farmers, спроведен од Здружението на агроекономистите на Република Македонија;
- 2013-2014: истражувач на SWG FAO проектот “Streamlining of agriculture and Rural Development Policies of SEE Countries for EU Accession“;
- 2013-2014: истражувач на проектот на World Bank Macedonia Competitive Industries and innovation Support Program: Assessing the market value of agricultural land in Macedonia, спроведен од Здружението на агроекономистите на Република Македонија;
- 2012-2013: учесник во експертскиот дел за анализа на пазарите на проектот „Физибилити судија на системот за наводнување Злетовица”;
- 2012-2013: експерт на проектот на AgBiz Program, USAID, Invest Macedonia, Preparation of national marketing strategy for export promotion of fresh and processed fruit and vegetables;
- 2008-2012: учесник и истражувач во проектот Unicoop – Building Capacity for Macedonian Higher Education, Research and Policy Analysis in Agriculture – with focus on Agricultural Economics (SIDA).

**Научни и стручни трудови:**

Книга:

- Nacka M., Georgiev N. (2013). Marketing and competitiveness of wine sector in Republic of Macedonia – An aspect of Industrial Property Rights, Lap Lambert Academic Publishing, Saarbrucken, Germany.

Прирачник:

- Георгиев Н., Нацка М. (2014). Маркетинг на земјоделските производи, Прирачник за млади фармери, Започнување на бизнис во земјоделството, Здружение на агроекономистите на Република Македонија, Скопје.

**Научни и стручни трудови:**

- Nacka M., Simonovska A., Georgiev N., Gjosevski D. (2014). **The commitments of the Macedonian agri-food companies towards Intellectual Property Rights, EAAE** Congress, Ljubljana.
- Nacka M., Georgiev N. (2014). Protection and use of Intellectual Property Rights among Macedonian wineries, presented on 9th AAEM International Conference, 24-25 April 2014, Skopje, Republic of Macedonia.
- Nacka M., Georgiev N., Hadzievski V. (2013). Geographical indications and the process of gaining competitive advantage of agro-food products among European countries, International Proceedings of the Faculty of agricultural sciences and food, Skopje, Republic of Macedonia.
- Nacka M., Georgiev N., Tuna E., Hadzievski V. (2013). Support in decision-making for protection of Geographical Indications (PDO/PGI) of Macedonian agro-food products, International Proceedings of 6th DAES Conference "Tools for decission support in agriculture and rural development", Krsko, Slovenia.

- Nacka M., Geogriev N., Dabovic Anastasovska J. (2013). Economics of Industrial Property Rights: Use of Geographical Indications as a marketing strategy for competitiveness of wine sector, Agroeconomia Croatica, Journal of Croatian Society of Agricultural Economists.
- Tuna E., Georgiev N., Nacka M. (2013). Competitiveness analysis of tobacco sub-sector in the Republic of Macedonia, International Symposium for Agriculture and food, Faculty of agricultural sciences and food, December, Skopje, Republic of Macedonia, Agroeconomia Croatica, Journal of Croatian Society of Agricultural Economists.
- Нацка М., Георгиев Н., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2011). Маркетинг и конкурентност на виното од Република Македонија од аспект на индустриската сопственост, Јубилеен годишен Зборник, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените биографски податоци, наставната активност и целокупниот преглед на научната и стручната дејност на кандидатката, Комисијата заклучува дека м-р Марина Нацка:

- има завршено соодветно образование за соработник во научната област економика на земјоделството и развој;
- кандидатката од нејзиниот избор за помлад асистент па досега, активно и целосно е вклучена во наставата преку изведување вежби, консултации и тестови за повеќе предмети од втора, трета и четврта студиска година на повеќе насоки;
- покажува интерес за научноистражувачка работа во областа на агроекономската наука, применува современи научни методи во истражувањето и постигнува резултати значајни за развојот на науката и струката во научната област економика на земјоделството и развој.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатката м-р Марина Нацка да биде избрана во звањето асистент од научната област економика на земјоделството и развој.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Ненад Георгиев с.р.

2. Проф. д-р Драган Ѓошевски с.р.

3. Проф. д-р Миле Пешевски с.р.

До
Медицинскиот факултет при
Универзитет „Свети Кирил и Методиј" во Скопје

ПРИГОВОР

Од ас. д-р Огнен Ивановски, член на Катедрата за хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје

**Предмет на приговорот:** Реферат објавен во Билтенот бр. 1087 од 3. ноември 2014 година на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, за избор на 4 наставници во сите звања по предметот хирургија, во согласност со конкурсот објавен во дневниот весник „Утрински весник" на 5.9.2014 година.

Според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот утврдени со закон, **ниту** времето на специјалистички стаж, **ниту** времето од одбраната на докторската дисертација, **ниту** потребите на клиниките што ја сочинуваат Катедрата (бројност и старосна структура) не се критериуми за избор во наставно-научно звање.

Поединечните квалитети на кандидатите за избор се огледуваат исклучиво врз база на освоените бодови. Табелите и бодирањето кои според Правилникот се основен критериум за избор во наставно-научно звање воопшто не се земени предвид.

Одлуката на Комисијата да ги игнорира освоените бодови ги става под знак прашање основните начела на еден универзитет и меѓунардно прифатените критериуми за неговото рангирање, а тоа се бројот на објавени научни трудови во списанија со импакт фактор и бројот на цитирања. Со ваквите проблематични одлуки се праќа лоша порака во универзитетската јавност во нашата земја и пошироко.

Ас.д-р Огнен Ивановски с.р.

До
Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет во Скопје

**Предмет:** Одговор на Приговор во врска со заклучокот на Рефератот за избор на наставници во сите звања по предметот хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 1087 од 3. 11. 2014 г.

Во врска со Приговорот до заклучокот на Рецензентската комисија доставен од ас. д-р Огнен Ивановски, Рецензентската комисија, по неговото разгледување, го дава седниов одговор:

Рецензентската комисија во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на наставници во сите звања по предметот хирургија, во целост се придржуваше до Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на Приговорот, констатира дека тој е неоснован по сите наводи и затоа останува на својот став образложен во заклучокот на Рефератот.

Сите пријавени кандидати на конкурсот за избор во звања по предметот хирургија се бодувани согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Законот за високото образование.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија го потврдува заклучокот на Рефератот за избор на наставници во сите звања по предметот хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 1087 од 3. 11. 2014 г., и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му предлага д-р Лазар Тодоровиќ, д-р Елизабета Мирчевска - Жоговска, д-р Оливер Станков и ас. д-р Симон Трпески да бидат избрани во звањето ДОЦЕНТ по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Членови на Рецензентската комисија
1. Проф. д-р Илија Панговски __________________ с.р.
2. Проф. д-р Слободан Ристовски________________ с.р.
3. Проф. д-р Миле Петровски_________________ с.р.
4. Проф. д-р Ѓорѓи Јота _________________ с.р.
5. Проф. д-р Смиља Туџарова- Ѓоргова________________ с.р.

**До**
**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**
**Медицински факултет - Скопје**

**Рецензентска комисија, претседател - проф. И.Панговски,**
**Наставно-научен совет**

**ПРЕДМЕТ:** Приговор на објавениот Реферат за избор на четири наставници во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” бр.1087 од 3.11.2014 г.

**ПОДНОСИТЕЛ:** прим.ас.д-р Реџеп Сељмани, д-р сци.

Рецензентската комисија во состав: проф.д-р Илија Пангов, проф.д-р Слободан Ристовски, проф.д-р Миле Петров, проф.д-р Ѓорги Јота и проф. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова, поднесе реферат за сите пријавени кандидати на конкурсот за избор во наставно-научни и научни звања објавен во дневниот весник „Утрински весник” на ден 5. 9.2014г. за избор во наставно-научно звање - доцент по предметот хирургија, кој содржи евалуација на поднесените пријави и прилози кон нив и вкупни поени за професионалните референци на кандидатите, како што следува:

1. Кандидат д-р Лазар Тодоровиќ - со вкупно поени 166,6
2. Кандидат д-р Ристо Чоланчевски - со вкупно поени 163,6
3. Кандидат д-р Скендер Саите - со вкупно поени 271,962
4. Кандидат д-р Елизабета Жоговска - со вкупно поени 180,3
5. Кандидат д-р Огнен Ивановски - со вкупно поени 464,58
6. Кандидат д-р Оливер Станков - со вкупно поени 212,279
7. Кандидат д-р Симон Трпески - со вкупно поени 335,93
8. Кандидат д-р Лазо Новески - со вкупно поени 160,6
9. Кандидат д-р Реџеп Сељмани - со вкупно поени 202,4
10. Кандидат д-р Христијан Костов - со вкупно поени 303,05

Рецензентската комисија во својот извештај констатираше дека сите пријавени кандидати поседуваат квалитети за избор во наставно-научното звање доцент по предметот хирургија. Рецензентската комисија му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатите д-р Лазар Тодоровиќ, д-р Елизабета Мирчевска Жоговска, д-р Оливер Статанков и д-р Симон Трпески да бидат избрани во звањето доцент, а респектирајќи го времето на специјалистичкиот стаж, времето од одбраната на докторската дисертација, потребата на клиниките што ја сочинуваат Катедрата / бројност и старосна структура / како и поединечните квалитети на кандидатите.

Благовремено поднесуваме Приговор на Рефератот на Рецензентската комисија, сметајќи дека тој не е во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно- стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, донесен од Универзитетскиот сенат на ден 26.12.2013 г., а поради следново:

1.Со увид во Образецот на извештајот за избор во наставно - научно звање, констатирав дека при евалуацијата на мојата пријава не се бодирани, односно соодветно не се бодирани прилозите за мојата наставно - образовна, научноистражувачка и стручно-апликативната дејност и дејност од поширок општествен интерес. Имено:

**Во наставно - образовната дејност**, во поткритериумот Настава во школи и работилници, не сум бодиран за 15 подолу наведени сертификати за учество во школа, работилница, односно оштетен сум по овој поткритериум за 15 поени:

-Сертификат од МЛК за учество во школа за тимски пристаn во лекувањето на критично болни пациенти од 15. до 16.12.2006 г.
-Сертификат од МЛД за учество на курсот ,,Менаџирање на хеморагичен шок” од 13.12.2008 г.
-Сертификат од Катедрата за анестезиологија со реанимација за учество на македонска школа за инструктори по анестезиологија од 11. до 12.3.2011 г.
-Сертификат од EDS за курсот ,,Модерен концепт во GI хирургијата од 6. до 8.11.2008 г.
-Сертификат за 16.ESPEN - курс за клиничка исхрана од 8. до 14.10.2009 г.
-Сертификат за активно учество на Основниот курс за клиничка исхрана од 3. до 4.06.2006 г.
-Сертификат од Клинички центар Ријека од 25. до 25.5.2012 г.
-Сертификат од EACCME од 24. до 26.11.2011 г. Лублин, Полска
-Сертификат од EEC EXED од 10.11.2013 г.
- Сертификат од EEC EXED од 6.7.2013 г.
-Сертификат од МЛД за учество во школа за критично болни од 5. до 6.2.2010 г.
-Сертификат од EDS за постдипломски курс од 19. до 21.4.2012 г. Солун
-Сертификат од EDS за постдипломски курс за предности во GI хирургијата од 22. до 24.10.2009 г.
-Сертификат од МЛД за учество во работилница за механичка вентилација за возрасни и деца од 27. 1.2011 г.
-Сертификат од МЛД за учество во работилницата ,,Декубитуси - социоекномски и тераписки аспекти” од 8.4.2011 г.

**Следствено на погоре изнесеното, вкупниот број на бодови по основ на наставно-образовна дејност, наместо вкупно 92,8 поени, треба да изнесува 107,8 поени.**

**Во научноистражувачка дејност** сметам дека сум бодиран спротивно на чл.3 од Анекс 1 - Критериуми за избор во звања, во следниве точки:

-точка 3 треба да се бодира наместо со 3,6, со 4,8 поени, бидејќи се тројца коавтори;
-точка 4 треба да се бодира наместо со 3,6, со 3,6+1,6 и.ф., односно вкупно 5,2 поени,
-точка 5 треба да се бодира наместо со 3,6, со 5,4 бода, бидејќи се двајца Коавтори.

**Следствено на погоре изнесепото, вкуппиот број на бодови по основ на научноистражувачка дејност, наместо 47,6, треба да изнесува 52,2 поена.**

**Во стручно-апликативната дејност:**

**- точка 6 - студиски престој** во странство треба да се вреднува наместо со 0,5 поени, со 1 поен бидејќи реализирани се два престоја во странство во Клиничкиот центар во Љубљана на 22.5.2008 г. и повторно во Клиничкиот центар во Љубљана 17. 6.2010 г.
**-точката 11** - Учество во изработка на национална програма од одредена област треба да се надополни со следниве активности:
-Програма за обезбедување на трошоци за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормони за раст и лекување на болни од хемофилија во Република Македонија за 2003 г., Сл.весник бр.45/3, со рег.бр.1049 од 2003 г. - 3 поени
-Програма за заштита на населението од СИДА во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/5, рег.бр.1050 од 2003 г. - 3 поени
-Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства и болести на зависности во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/8, рег.бр.1051 од 2003 г. - 3 поени
-Програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај луѓето во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/9, рег.бр.1052 2003 г. - 3 поени
-Програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/10, рег.бр.1053 од 2003 г. - 3 поени
-Програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/12, рег.бр.1054 од 2003 г. - 3 поени
-Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/14, рег.бр.1055 од 2003 г. - 3 поени
-Програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/17, рег.бр.1056 од 2003 г. - 3 поени

-Програма за здравствена заштита на одредени групи население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурани во Р. Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/19, рег.бр.1057 од 2003 г. - 3 поени
-Програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/21, рег.бр.1058 од 2003 г. - 3 поени
-Програма за превентивна здравствена заштита во Република Македонија за 2003 г. Сл.весник бр.45/24, рег.бр.1059 од 2003 г. - 3 поени
**-во поткритериумот претседател на комисија за изработка на закони** - треба да се додадат 12 поени за изработка на Законот за заштита на население од заразни болести, Сл.весник на РМ бр.66 од 1.10 2004 г., указ бр.07-3712/1 од 16. 9.2004 г. и за Законот за прекурзори, Сл.весник на РМ бр.37 од 14. 6.2004 г. Указ бр.27-2485/1 од 9.6.2004г.
**-во поткритериумот Претседател на комисија за изработка на измени и дополнувања на закон и изработка на подзаконски акти** - треба да се додадат 36 поени за: Закон за измени и дополнување на Законот за здравствена заштита, Сл.весник бр.10/2004 г.; Закон за дополнување на Законот за здравствено осигурување, Сл.весник бр.31/2003 г.; Правилник за измени на Правилникот за специјализација и супспецијализација на здравствени работници и здравствени соработници, Сл.весник на РМ бр.2/2003 г.; Правилник за здравствените и психофизичките особини за вработување во Министерството за внатрешни работи, Сл.весник бр.22/2004 г.; Правилник за безбедност на водата за пиење, Сл.весник бр.57/2004 г.; Правилник за издавање под закуп на простор и опрема во ЈЗУ, Сл.весник на РМ бр.63/2004 г.; Правилник за приправнички стаж за стручен испит на здравствени работници со вискоко образование Сл.весник на РМ бр.65/2004г.; Правилник за план и програм за приправнички стаж на здравствени работници, Сл.весник 65/2004 г. и Правилник за образец на легитимација на државен инспектори за храна, Сл.весник на РМ бр.88/2004 г.
**-во поткритериумот воведување нова лабораториско / клиничка или јавноздравствена метода не сум бодиран за:**
а.воведување на рана лапороскопска холецистектомија кај акутен холецистит, како стандарден третман со 4 поени и
б. воведување на ехо дијагностика како стандард согласно со TOKYO - упатството од 2013 г. за акутен холецистит / Сертификатот за завршена 6 - месечна обука за ехо дијагностика од ГЕХ - клиника / 4 поена
**-учество во комисии, како дејност од пошироко општествено значење** - не е евалуирано и бодирано моето членство во Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, согласно со приложената Одлука бр.02-764/1 од 22.9.2008 г. и моето членство во Комисијата за нормативна дејност при ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, согласно со Одлуката бр.02-90/6 од 22.10.2007 г. и двете одлуки уредно доставени со пријавата на конкурсот - 2 поена

**Следствено на погоре изнесеното, вкупниот број на бодови по основ на стручно-апликативна дејност наместо 62 поена, треба да изнесува 153,5 поени.**

**Врз основа на погоре изнесеното, вкупниот број на поени наместо 202,4 треба да изнесува 313,5 поени.**

2.Воедно, со увид во извештаите за останатите кандидати констатирав дека кандидати кои имаат пократок работен стаж во наставно-образовната дејност имаат голем број на поени токму по тие критериуми. Има кандидати кои само по овој основ оствариле повеќе бодови од вкупниот збир на поени по сите основи кај други кандидати. Од овие причини сметам дека е потребно повторно да се изврши евалуација и бодирање во областа наставно-образовна дејност кај кандидатите кои предначат со поени по овој основ.

3.Сметам дека предлогот на Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање - доцент е даден спротивно на чл.9 од цитираниот Правилник, согласно со кој изборот во наставно-научни звања се врши според условите и критериумите утврдени со закон, Правилникот и Анекс бр.1 на Правилникот. Во Анекс бр.1 утврдени се критериумите за избор во наставно-научно звање, односно утврдено е дека професионалните референци на кандидатите се вреднуваат во областите наставно-образовна дејност, научноистражувачка дејност и стручно-апликативна дејност, при што за секоја област/дејност таксативно се наведени критериумите и поените со кои се вреднувани. Критериумите врз основа на кои Рецензентската комисија го истакнала својот предлог за избор / времето на специјалистички стаж, времето од одбраната на докторската дисертација, потребата на клиниките што ја сочинуваат катедрата / бројност и старосна структура / како и поединечните квалитети на кандидатите / , **а не вкупниот борј на поени по критериумите утврдени во Анекс бр.1 за избор во наставно-научно звање,** не се содржани ниту во закон, ниту во Правилникот за избор, однсно во Анекс бр.1. И во вака утврдени критериуми за избор на кандидати во наставно-научно звање, Рецензентската комисија не била доследна, поради следново:

1. има предложени кандидати за избор со помал специјалистички стаж од другите кандидати;
2. има предложено кандидати за избор кои подоцна докторирале;
3. нејасно е какви се потребите на клиниките кои ја сочинуваат Катедрата, каде се изразени тие потреби, кои не се образложени, особено поради фактот што здравствената дејност на клиниките е едно, а наставно - образовната дејност е друго, особено поради фактот кој е ноторен дека конкурсот за избор во наставничко звање се објавува за потребите на Катедрата за хирургија при Медицинскиот факултет;

4. поединечните квалитети на кандидатите не се образложени, не се засновани на објективно претходно утврдени критериуми, што доведува до субјективна оценка на определени членови на Рецензентската комисија.

Од изнесеното, му предлагам на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да го разгледа, да го уважи Приговорот, и во таа смисла да се изврши повторна евалуација на кандидатите и повторен предлог за избор, согласно со Анекс бр.1 кон Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, донесен од Универзитетскиот сенат на 26.12.2013г .

**Подносител на приговорот**
**прим.ас.д-р Реџеп Сељмани д-р сци. с.р.**

До
Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет во Скопје

**Предмет:** Одговор на Приговор во врска со заклучокот на Рефератот за избор на наставници во сите звања по предметот хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1087 од 3. 11. 2014г.

Во врска со Приговорот на заклучокот на Рецензентската комисија доставен од ас. д-р Реџеп Сељмани, Рецензентската комисија, по неговото разгледување, го дава следниов одговор:

Во делот за **наставно-образовна дејност:**

- Кандидатот д-р Реџеп Сељмани во својот приговор бара бодирање за учество во школи и работилници во 15 случаи. Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје се бодува раководителот и учесникот во изведување на едукацијата. Кандидатот д-р Реџеп Сељмани од приложените сертификати се гледа дека посетувал едукација, односно бил едуциран, а не едуцирал.

Рецензентската комисија смета дека нема основ за корекција на бодовите од наставно-образовната дејност.

Во делот за **научноистражувачка дејност:**

- Наводите од Приговорот кои се однесуваат на точките 3, 4 и 5 (коавтори) од Образецот кон Рефератот, Рецензентската комисија целосно ги прифаќа. Со тоа бројот на бодовите од научно истражувачката дејност од 47,6 се коригира на 52,204 бода. Рецензетската комисија за направената ненамерна техничка грешка искрено му се извинува на кандидатот.

Во делот за **стручно-апликативна дејност:**

- Рецензентската комисија во однос на наводите во Приговорот кои се однесуваат на точката 6 од Образецот кон Рефератот (студиски престој), ги прифати и врши корекција од 0,5 на 1 бод.
- Во врска со точката 11 од Образецот кон Рефератот, која се однесува за учество во изработка на национални програми, закони и измени и дополнувања на закони и подзаконски акти од одредени области, д-р Реџеп Сељмани приговара да се бодираат 11 активности за кои нема доставено соодветна документација со која ќе се потврди неговото учество.
- За поткритериумот Воведување на нови лабораториски/клинички методи, кандидатот нема доставено валиден документ со кој ќе ја докаже активноста.
- Делот од Приговорот за учество во Управен одбор и Комисија за нормативна дејност се прифаќа и на кандидатот му се додаваат 2 бода.

Со тоа, бројот на бодовите од стручна-апликативната дејност од 62 се коригира на 64,5 бода.

По разгледаниот приговор и направените корекции, вкупниот број на бодови на кандидатот д-р Реџеп Сељмани се коригира од 202,4 и изнесува 209,504 бода**.**

Рецензентската комисија во текот на изготвувањето на Заклучокот на Рефератот за избор на наставници во сите звања по предметот хирургија, во целост се придржуваше до Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија заклучи дека направените технички пропусти и зголемувањето на бодовите на кандидатот д-р Реџеп Сељмани битно не влијаат на донесениот заклучок во Рефератот за избор на наставници во сите звања по предметот хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1087 од 3. 11. 2014 г. и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му предлага д-р Лазар Тодоровиќ, д-р Елизабета Мирчевска - Жоговска, д-р Оливер Станков и ас. д-р. Симон Трпески да бидат избрани во звањето ДОЦЕНТ по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Членови на Рецензентската комисија:

6. Проф. д-р Илија Панговски __________________ с.р.
7. Проф. д-р Слободан Ристовски________________ с.р.
8. Проф. д-р Миле Петровски_________________ с.р.
9. Проф. д-р Ѓорѓи Јота __________________ с.р.
10. Проф. д-р Смиља Туџарова- Ѓоргова________________ с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ –РЕДОВЕН ПРОФЕСОР
НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

На својата седница одржана на 29.9.2014 година, Научниот совет на Институтот за социолошки и поличко-правни истражувања, по објавениот конкурс за избор во сите научно-наставни звања за редовен професор во наставно-научната област социологија и нови медиуми и демократија, за определено време од пет години, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ на 17.9.2014, формираше Комисија за избор во наставно-научни звања во областа социологија и нови медиуми и демократија. На јавниот конкурс, се пријавија следниве кандидати: вонр. проф. д-р Ганка Цветанова, Ана Зафировска и Ивица Манасиевски.

По прегледаната документација, Комисијата во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Петар Атанасов и проф. д-р Мирјана Борота Поповска, констатираше дека пријавените кандидати, единствено кандидатката вонр. проф. д-р Ганка Цветанова ги исполнува сите услови за избор во звањето редовен професор. Кандидатите Ана Зафировска и Ивица Манасиевски не се имаат стекнато со научното звање магистер и доктор на науки и оттука не ги исполнуваат неопходните услови за избор, согласно со конкурсот. Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Ганка Цветанова е родена во Скопје на 3.1.1968 година. Дипломира на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј” во Скопје во 1989 година. Во 1997 година специјализирала на Државната музичка академија "Панчо Владигеров" во Софија. Во 2006 година ја одбранила докторската дисертација под наслов „Културните разлики и општествената интеграција во Република Македонија“ на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и се стекнала со звањето доктор на социолошки науки.

Во 1991 година е избрана за асистент на Факултетот за музичка уметност, а во 2007 година за вонреден професор на истиот Факултет. Во 2009 година избрана е за професор на постдипломските студии по социологија при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Во 2010 година се вработила на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања како вонреден професор и виш научен соработник. Ганка Цветанова е раководител на студиската програма Културата во ерата на кибернетиката на вториот циклус студии, како и раководител на Центарот за култура, медиуми и комуникации на ИСППИ.

Во периодот од 2008 до 2010 година била ангажирана како визитинг - професор на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје по предметите етнички конфликти и конфликт- менаџмент на македонски и англиски јазик.

Партиципирала на домашни и меѓународни конференции и семинари во својство на учесник, предавач и модератор, и тоа од областа на: културниот менаџмент, политичката социологија, мултикултурализмот, културните и малцинските права, етничките конфликти и конфликт-менаџментот. Во последните неколку години, во фокусот на нејзиниот научен и истражувачки интерес се наоѓаат новите медиуми и демократијата. Учествувала во истражувања како од нејзината област така и од интердисциплинарен карактер во соработка со тимот истражувачи при ИСППИ, особено оние организирани и спроведени од Центарот за етнички односи како и Центарот за култура, медиуми и комуникации при ИСППИ.

Вклучена е во речиси сите студиуми на вториот и третиот циклус студии при ИСППИ и придонесува со развивање на нови предмети кои за прв пат се воведуваат во нашата академска средина. Во приложениот образец се наведени попрецизно сите нејзини активности во научноистражувачката и научно-образовната дејност, како и објавените трудови во изминатите пет години.

Проф. Цветанова има добиено позитивна оценка од самоевалуација од страна на студентите.

## ЗАКЛУЧОК

По разгледувањето на приложената документација, Комисијата заклучи дека треба да ја препорача кандидатката д-р Ганка Цветанова на Научниот совет при ИСППИ за избор во звањето редовен професор по социологија и нови медиуми и демократија затоа што таа целосно ги исполнува условите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Д-р Ганка Цветанова е постојано вклучена во сите активности на ИСППИ и со својот континуиран ангажман за вклучување на матичната куќа во меѓународни проекти и соработка континуирано ја потврдува својата несомнена определба за постојано стручно унапредување.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Емилија Симоска с.р.
2. Проф. д-р Петар Атанасов с.р.
3. Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Ганка Владимир Цветанова**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: социологија и нови медиуми и демократија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава – втор циклус** | |
| | Култура и идентитет (2 год. по 20 часа) | 2 |
| | Демократија и нови медиуми (2 год. по 20 часа) | 2 |
| | Културни институтции и управување (2 год. по 20 часа) | 2 |
| | Култура и дигитализација (2 год. по 20 часа) | 2 |
| | **Подготовка на нов предмет** | |
| | - Предавања | |
| | Култура и идентитет | 1 |
| | Демократијата и новите медиуми | 1 |
| | Социологија на етнички односи | 1 |
| | Културни политики и културни институции | 1 |
| | Културни институции и управување | 1 |
| | Културата и окружувањето | 1 |
| | Национализмот и етничките конфликти | 1 |
| | Етничките конфликти и меѓународната безбедност | 1 |
| | Култура и развој | 1 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат:** | |
| | М-р Тони Павловски – докторска дисертација: „Јавната дипломатија и брендирањето на државата во процесот на пристапување на Република Македонија кон Европската унија“. | 0,5 |
| | М-р Велика Стојкова – докоторска дисертација: „Македонската вокална традиционална музика во | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | процесот на општествената транзиција“ . | |
| | М-р Томислав Таневски – докторска дисертација: „Потреба од индивидуализиран музикотрерапевтски профил во образовниот процес за педагошкп-психолошка проценка на личноста на надареното дете“. | 0,5 |
| | М-р Александар Трајковски – докторска дисертација: „Филмската музика како форма на комуникација: музиката во македонскиот игран филм во периодот од 1952 до 2011 година“. | 0,5 |
| | М-р Емилија Ристевска Стефановска - докторска дисертација: „Изучувањето на блок-флејтата и нејзината улога во воспитно-образовниот процес и развојот на музичките способности кај децата“. | 0,5 |
| | М-р Маријана Марковиќ – докторска дисертација: „Влијанието на социјализацијата на личноста во градењето на политичката култура кај студентската младина во Република Македонија“. | 0,5 |
| | М-р Александар Грижев - докторска дисертација: „Идеологијата на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија“. | 0,5 |
| | М-р Лиман Авдиу – докторска дисертација: „Концептот на Франкофонијата, вреностите и надворешната политика на Република Франција и односот кон арапската пролет 2011“. | 0,5 |
| | М-р Екатерина Јосифова– докторска дисертација: „Пејачката дејност и формирање на национален идентитет кај учениците од четврто одделение“. | 0,5 |
| | М-р Неда Беакевска – докторска дисертација: „Влијанието на новите комуникациски технологии врз формирањето на виртуелни заедници: реконструирање на идентитетите во процесот на блогирање“. | 0,5 |
| | М-р Биљана Секуловска – докторска дисертација: „Взаемното влијание на политичката култура и политичките односи со јавноста (компаративна анализа на американскиот, британскиот и македонскиот модел)“ . | 0,5 |
| | М-р Трена Јорданоска – докторска дисертација: „Дигиталните медиуми и стратификацијата на музичката култура на тинејџерската популација во Скопје, главниот град на Република Македонија, во 2009 година“. | 0,5 |
| | М-р Ирена Бојаџиевска– докторска дисертација: „До демократско и транспарентно владеење преку Е- влада“. | 0,5 |
| | М-р Нина Костова– докторска дисертација: „Техничките и интерпретациските аспекти на композицијата Гаспар во ноќта од Морис Равел“. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | М-р Татјана Џорлева– докторска дисертација: „Пијанизмот во делото 20 погледи кон детето Исус од Оливие Месиан“ | 0,5 |
| | М-р Емилија Потевска– докторска дисертација: „Пијанистичко-интерпретацисите аспекти на концертот за пијано и оркестар од Бела Барток бр.3“. | 0,5 |
| | М-р Климе Бабунски– докторска дисертација: „Промени во Јавниот Радиодифузен Сервис и неговата улога во создавање на демократска јавност“. | 0,5 |
| | М-р Сашо Орданоски– докторска дисертација: „Типот на македонскиот медиумски систем и можноста за влијание на полититчкиот популизам врз него“. | 0,5 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| | Јован Несторовски, „Практикантската работа во националните институции во областа на културата во Република Македонија“. | 0,3 |
| | Ана Крлеска, „Анализа на стретегиското управување со културните институтции во Република Македонија“. | 0,3 |
| | Билјана Панова, „Препознавање и развој на музичките талентирани уценици од страна на наставникот во одделенска настава“. | 0,3 |
| | Зорица Тасевска, „Поврзаноста меѓу компетенциите и улогите на професионалците за човечки ресурси во насока на јакнење на нивната позиција“. | 0,3 |
| | Владимир Павловски, „Ритамот во македонскиот игран и документарен филм како експресија во филмската монтажа“. | 0,3 |
| | Бистра Георгиева, „Структура и содржина на културен центар на територијата на градот Скопје како дел од културната стратегија за поголеме вклученост на различните групи“. | 0,3 |
| | Михаела Коцева, „Комуникациската подготвеност на компаниите во Република Македонија во кризен менаџмент“. | 0,3 |
| | Менка Стеваноска „Влијанието на училиштето како фактор на воспитно-образовниот процес“. | 0,3 |
| | Лиман Авдиу, „Односот на концептот на Франкофонската мондијализација кон концептот на англосаксонската глобализација“. | 0,3 |
| | Неда Бакевска, „Пренесувањето на значењето на археолошкиот локалитет Кокино преку документарните телевизиски програми“. | 0,3 |
| | Наташа Диденко, „Техники за справување со сценската трема“. | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Емилија Јаневска, „Влијание на регулативата за рекламирање на програмите на комерцијалните практики на телевизиите во Македонија“. | 0,3 |
| | Златица Насковска, „Застапеноста на музичкото народно творештво во учебниците по музичко образование од V до VIII одделение од 1990 до 2010 година“. | 0,3 |
| | Зорка В’чкова, „Влијанието на културата на комуницирање во телевизиските емисииод македонска продукција врз културата на комуницирање на учениците од основните и средните училишта во Република Македонија“. | 0,3 |
| | Ивана Талевска, „Тремата пред и за време намузичките јавни настапи кај децата од 10 до 15 годишна возраст“. | 0,3 |
| | Лела Николовска, „Виртуелен и реален идентитет: Поврзаноста помеѓу виртуелниот и реалниот идентитет на социјалната мрежа *Facebook* кај учениците од осмо одделение во ОУ Димо Хаџи Димов – Скопје“. | 0,3 |
| | Теа Конеска-Василевска, „Анализа на емисиите за деца од воспитно-образовен и забавен карактер од македонска продукција во периодот пред и по осамостојувањето на Република Македонија“. | 0,3 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Култура и идентитет | 1 |
| | Демократијата и новите медиуми | 1 |
| | Социологија на етнички односи | 1 |
| | Културни политики и културни институции | 1 |
| | Културни институции и управување | 1 |
| | Културата и опкружувањето | 1 |
| | Национализмот и етничките конфликти | 1 |
| | Етничките конфликти и меѓународната безбедност | 1 |
| | Култура и развој | 1 |
| | **Вкупно** | 40,1 |
| | | |
| | | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Реден број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Ментор на докторска дисертација** | |
| | М-р Емилија Ристевска Стефановска, „Изучувањето на блок-флејтата и нејзината улога во воспитно-образовниот процес и | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | развојот на музичките способности кај децата". | |
| | М-р Александар Трајковски, „Филмаската музика како форма на комуникација: музиката во македонскиот игран филм во периодот од 1952 до 2011 година". | 3 |
| | М-р Лилјана Поповска, „Мултикултурни поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија како претпоставка за развој на граѓанската демократија". | 3 |
| | М-р Слаѓана Јовановиќ, „Социолошките аспекти на незадолжителното основно музичко образование и културната партиципација на граѓаните во Република Македонија". | 3 |
| | М-р Христо Стојановски, „Пијанистичката техника како средство за комуникација со публиката: Студија на случај - делата на Оливие Месиан". | 3 |
| | М-р Нина Костова, „Техничките и интерпретациските аспекти на композицијата Гаспар во ноќта од Морис Равел". | 3 |
| | **Коментор на докторска дисертација** | |
| | М-р Ирена Бојаџиевска, „До демократско и транспарентно владеење преку Е- влада". | 1,5 |
| | **Ментор на магистерска работа** | |
| | Владимир Павловски, „Ритамот во македонскиот игран и документарен филм како експресија во филмската монтажа" . | 1 |
| | Наташа Диденко „Техники за справување со сценската трема" | 1 |
| | Ивана Талевска, „Тремата пред и за време намузичките јавни настапи кај децата од 10 до 15 годишна возраст". | 1 |
| | Бистра Георгиева, „Структура и содржина на културен центар на територијата на градот Скопје како дел од културната стратегија за поголеме вклученост на различните групи". | 1 |
| | Ана Крлеска, „Анализа на стретегиското управување со културните институтции во Република Македонија". | 1 |
| | Јован Несторовски, „Практикантската работа во националните институции во областа на културата во Република Македонија". | 1 |
| | Ана Стевановска, „Потребите на граѓаните и музејската политика". | 1 |
| | Маја Живанова, „Европскиот идентитет и евроинтегративните процеси во контекст на идејата за Европа". | 1 |
| | Катерина Спасовска, „Влијаниетона глобализацијата врз културата во Република Македонија". | 1 |
| | **Раководител на национален научен проект** | |
| | Реални и виртуелни идентитети во Република Македонија | 6 |
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Политичката култура и идентитетите - ИСППИ и ИОО | 3 |
| | Јавното мислење во РМ – ИСППИ | 3 |
| | Евалуација на ОРД- МЦМС и ЕУ | 3 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |

| | | |
|---|---|---|
| | G. Cvetanova, THE ROLE OF AUDIO AND VISUAL EXPRESSION STRATEGIES IN PRESEVING THE CULTURAL IDENTITY OF A NATION, *Porte Akademik*, (2011) *p.* 192-197. | 3,6 |
| | P. Atanasov, G. Cvetanova, IDICATORS OF DEMOCRATIC AWARENESS IN MACEDONIA,<br>European Quarterly of Political Attitudes and Mentalities EQPAM Vol.2, No.3, July 2013 *p.* 27-39 | 3,6 |
| | P. Atanasov, G. Cvetanova, MACEDONIAN DEMOCRACY AND INTERETHNIC RELATIONS, *Visione – 18* (2012), *p.* 265-280. | 3,6 |
| | **Трудови со оригинални научни /стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки** | |
| | G. Cvetanova, *Religion and National Identity Formation in the Balkans – Compilation of papers – Balkan Studies III p.384 -395* | 3 |
| | G. Cvetanova, *THE CONCEPT(S) OF CULTURE: BASIS FOR CREATING A CULTURAL POLICY*, International *XV III IRAM and ISPPI Conference,* UKIM, May 2012, http://www.mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIIIConf/Cvetanova.pdf | 3 |
| | G. Cvetanova, *European vs. National Identity - Compilation of papers* – International scientific conference: Identity in the Era of Globalization and Europeanization *p.*166-175 | 3 |
| | G. Cvetanova, V. Pachovski, *E-democracy Strategy in the Republic of Macedonia in the context of e-democracy strategies in EU Member States*, 8th annual international academic conference on European integration, *OUT OF THE CRISIS: EU ECONOMIC AND SOCIAL POLICIES RECONSIDERED* , May 16, 2013, Conference proceedings, ISBN 978-608-4607-28-1, p. 119-134 | 2,7 |
| | **Трудо објавен во зборник на трудови на в.о. институција** | |
| | G. Cvetanova, *The Right of Members of Ethnic Communities in Republic of Macedonia to use their Language in line with the Ohrid Framework Agreement,* Compilation of Papers – ISPPI*,* 2010 | 2 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | - усна презентација | 1 |
| | *XVII IRAM and ISPPI International Conference – Culture and Music,*Skopje 21-21 January, 2011 | 1 |
| | *XVIII IRAM and ISPPI International Conference - Culture, Music and Identity,,* May 2012, | 1 |
| | *International Balkan Annual Conference 9-13 May, 2011* | 1 |
| | International Scientific Conference – *Identity in the Era of Globalization and Europeanization 3-4 November, 2011* | 1 |
| | *European Conference on Political attitudes and mentalities -* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Eastern European Exploratory Workshop*, University of Bucharest (Romania), 2 - 4 September 2012 | |
| | CCCS Conference – *Cultural Memory* (*Myths and Identities in the Macedonian society)* 5 – 9 September, 2013 | 1 |
| | 8th Annual international conference on European integration: *Out of the Crisis: EU Economic and Social Policies Reconsidered*– 16 May, 2013 | 1 |
| | 9th Annual international conference on European integration: *THE EUROPE OF TOMORROW: CREATIVE, DIGITAL, INTEGRATED,* 15 May, 2014 | 1 |
| | CCCS Conference – "Media: Theory and Practice" 4-6 September, 2014 | 1 |
| | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| | - меѓународна | |
| | G. Cvetanova, E. Simoska, *Myths and Identities in the Macedonian society,* CCCS Conference – *Cultural Memory* 5 – 9 September, 2013 | 0,9 |
| | G. Cvetanova, V. Pachovski, *E-democracy Initiatives on Local level in the Republic of Macedonia, Estonia and Hungary,* 9th Annual international conference on European integration: *THE EUROPE OF TOMORROW: CREATIVE, DIGITAL, INTEGRATED,* 15 May, 2014 | 0,9 |
| | **Вкупно** | 80,2 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Книга од стручна област** | |
| | - коавтор | |
| | Политичката култура и идентитетите – Институт отворено општество и ИСППИ, Скопје, 2012 | 7 |
| | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** | |
| | Културата во ерата на кибернетиката (втор циклус) | 1 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| | - носител | |
| | Реални и виртуелни идентитети | 1 |
| | - соработник | |
| | Културни индустрии | 0,5 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |

| | | |
|---|---|---|
| | - соработник | |
| | Towards a political ecology of air: Atmosphere as a place-making agent – IMAGINE | 1 |
| | Redefining Nationhood in Macedonia, Serbia and Kosovo, Regional research promotion program, SDC | 1 |
| | IMAGINE (Integrative multilevel agendas against complex socio-spatial inequalities) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Раководител на Центарот за комуникации, медиуми и култура при ИСППИ | 3 |
| | Член на институтска управа - раководител на Секторот за научноистражувачка дејност на ИСППИ | 4 |
| | Член на Интеруниверзитетската комисија | 1 |
| | Член на Универзитетската комисија за издавачка дејност | 1 |
| | Член на Универзитетската комисија за евалуација | 1 |
| | Координатор на студиската програма од втор циклус студии – Културата во ерата на кибернетиката | 1 |
| | Член на Библиотечен одбор на ИСППИ | 0,5 |
| | Член на Одборот за односи со јавност на ИСППИ | 0,5 |
| | Член на Управен одбор на Институт „Конфуциј“ | 1 |
| | Член на Комисија за избор во звање: Горан Јанев, Емилија Ристевска, Стефановска, Бојана Наумовска | 0,6 |
| | Член на Комисија за нострификација на дипломи | 1 |
| | **Вкупно** | 27,1 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 40,1 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 80,2 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 27,1 |
| **Вкупно** | 147,4 |

**Членови на Комисијата**

4. Проф. д-р Емилија Симоска с.р.
5. Проф. д-р Петар Атанасов с.р.
6. Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СЕМЕЈСТВОТО ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА И СЕМЕЈНИТЕ ПРОБЛЕМИ И РЕЛИГИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Во врска со распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 29.IX 2014 година за избор на еден наставник во сите наставно - научните звања по следниве научните области (дисциплини): **семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми** и **религиските институции,** Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 22.X 2014 година, определи Комисија во состав: проф. проф. д-р Зоран Матевски д-р Аница Драговиќ, и доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавиле следниве кандидати: д-р Ирена Авировиќ, д-р Христина Игнатовска-Димитрова, д-р Зоран Вучев и д-р Љубица Топузовска-Темелковска.

Врз основа на доставената документација од страна на кандидатката д-р Љубица Топузовска-Темелковска, Комисијата заклучи дека таа има доставено некомплетна документација заради што нејзината пријава не се зема предвид при поднесувањето на Реферат за избор на еден наставник во сите наставно - научните звања по следниве научните области (дисциплини): **семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции.**

По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Биографски податоци**

Кандидатката **д-р Ирена Авировиќ** дипломирала во 2006 година на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех од 9,30 и се стекнала со звањето дипломиран професор по италијански јазик и шпански јазик и литература.

Во 2009 година ги завршила магистерските студии на Универзитетот во Болоња, Италија, на Факултетот за политички науки, отсек: меѓународни односи, стекнувајќи се со титулата – магистер по источноевропски истражувања и студии. Студиите се завршени со максимална оценка и почест со 110 од 110, што е еквивалентно на просечен успех од 10,00. Темата на магистерскиот труд била ,,Шема на миграција - шема на сегрегација? Микростудија од Македонија“.

Во декември 2013 година, Авировиќ Ирена ја одбранила докторската дисертација под наслов „Македонската емиграција во САД меѓу двете светски војни" на Институтот за национална историја во при на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнала со научен степен - доктор на историски наука.

Работниот ангажман на д-р Ирена Авировиќ започнува во 2005 како професор по шпански јазик и италијански јазик, во Студиото за странски јазици „Каста Дива“ во

Скопје. Потоа, во 2006 година, како професор по шпански јазик на American School Macedonia, Скопје, а во учебната 2006/2007 година е ангажирана како професор по шпански јазик во СУГС „Георги Димитров“ во Скопје. Во 2007 година била ангажирана како офицер за врски и преведувач во рамките на проектот на ЕАПС (НАТО) Безбедносен форум, Влада на Р. Македонија. Во периодот од 2009 до 2012 година на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје има работено како лектор по шпански јазик, а од 2010 е вработена на Институтот за национална историја. Кандидатката е државјанин на Р. Македонија.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-научната дејност, д-р Ирена Авировиќ учествува во подготовка на новите предмети и за нив, во периодот од академските 2009/2010 до 2011/2012 година, изведувала вежби од прв циклус студии со студентите на Американ-колеџ во Скопје. За нив кандидатката има изготвено и пакет дополнителни материјали за студентите.

Кандидатката д-р Ирена Авировиќ со одговорност и посветеност ги извршувала задолженијата во рамките на наставата и воспоставила добра комуникација со студентите што евидентно се гледа од позитивната оценка добиена од спроведената анкета со студентите.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Ирена Авировиќ од наставно - образовната дејност остварила вкупно 22,0 поени, со кои го задоволува нивото на минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

## 3. Научноистражувачка дејност

Во поглед на научноистражувачката работа, може да се констатира дека д-р Ирена Авировиќ има бројни ангажмани. Од приложената биографија може да се заклучи дека кандидатката има значителен анагажман во истражувања од доменот на општествената проблематика, историјата на македонските семејствата во периодот на емиграција, анализирајќи го концептот на мултикултурните општества, но и религиските аспекти како значајни фактори на влијание на општественото живеење. Како позначајни истражувања во кои д-р Ирена Авировиќ била вклучена се истакнуваат:

Учесник во национални проекти:

-*„Diplomatic 'Games' over the Deportation of Jews from Macedonia" (2014-тековно) ИНИ и Меморијален центар на Холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје;*

-*„Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видеоматеријали и разговори со Македонци протерани од Егејска Македонија" (2010-2013),* Министерство за култура на Р. Македонија.

Учесник во меѓународни проекти:

-*„Peace Education for Active Citizenship in Europe"* (2011), ИНИ, Association of Local Democracy Agencies (ALDA);

-*„E-For, Education for Remembrance"* (2010) ИНИ, Association of Local Democracy Agencies (ALDA).

Кандидатката д-р Ирена Авировиќ, исто така, има богато научно-библиографско досие, кое вклучува публикации како во земјата, така и во странство. Има објавено седум

труда во меѓународни научни публикации, а меѓу кои и една една монографија објавена во странство.

Монографија објавена во странство:

- Avirovic, Irena. 2010. *„Patterns of Migration-patterns of segregation?"*, VDM, Saar Brucken, Germany.

Предмет на интерес на оваа монографија се миграциите и миграционите движења во Македонија, како и на поледиците од нив. Авировиќ во монографијата користи емпириски податоци собрани врз основа на интервју од лицата кои се отселиле од Скопје. Ваквиот пристап овозможува подлабоко разбирање на миграцискиот проблем со кој се соочуваат лицата кои мигрираат, како и нивните семејства.

Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:

Авировиќ, Ирена. 2014. *„Регистрирањето на македонските иселеници во Соединетеите американски Држави во меѓувоениот период: идентитети расправа, Историја. ЗИРМ* бр.1

Во овој труд, преку анализа на документацијата се обработува процесот на регистрирање на македонските иселеници помеѓу двете светски војни, како феномен кој има големо влијание врз идентитетската проблематика на македонските иселеници и нивните семејства во статистиките во земјите во кои се доселувале.

Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник трудови од научно/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:

Avirovic, Irena. 2010. „Patterns of Migration from Macedonia" *Conference proceeding Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans, Brussels, Belgium University of Oslo*.

Трудов е фокусиран на различните модели на миграции на македонските и албанските мигранти од Скопје, по остварувањето на независноста. Преку студија на случај се документираат разликите на мигрантските модели. Основното истражувачко прашање е дали има разлики помеѓу двете етнички и религиозни групи во однос на миграционите навики на поединците и семејствата.

Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:

- Avirovic, Irena. 2012. *„Macedonian post-socialist migration* IDM, YSF III, Viena Avstria;

- Avirovic, Irena. (коавтор). 2013. *„European passports: Identity Crisis or Escape from Poverty? Conference proceeding More or Less European: Discourses on Contemporary European Migration, Integration and ' Othering', University of Oslo*;

-Avirovic, Irena. 2010. *„Patterns of Migration from Macedonia" Conference proceeding Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans, Brussles, Belgium University of Oslo*;

- Авировиќ. Ирена. 2014. *„Регистрирањето на македонските иселеници во Соединетеите американски Држави во меѓувоениот период: идентитети расправа, Историја. ЗИРМ* бр. 1.

Кандидатката има одржани секциски предавања на научни меѓународни конференции:

- „Critical repressed past events in Europe. Hidden aspects of our own countries: How to inform the new generation? *Dealing with a past left unsaid-Challenges and opportunities for institutions and civil society actors"*, Стразбур, Франција;

- „Patterns of Migration from Macedonia" (семинар) Универзитет Американ Колеџ Скопје, Р.Македонија (март 2010);

- „Developing 'Brain Gain' Policies in the Western Balkans, (ЦПРМ, Скопје, Македонија (април 2010);

- „Македонската емиграција во САД меѓу двете светски војни“, Центар за истражување и креирање политики , Скопје (февруари 2014);

Кандидатката забележува учество на научен/стручен собир со реферат:

- ,,More or less European: Discourses on Contemproray Euroepan Migration, Integration and 'Otherin', Oslo, Norwey (2013);
- ,,Alumni Conference" Kaunus, Litavania (2013) ,,100 години по Букурешкиот мировен договор", Скопје Македонија (март 2013);
- ,,Македониај во 20 век", Пула Хрватска (декември 2013);
- ,,(In')Equality - Political, Economic, Social, Spatial and gender Aspects"IDM, (декември 2012);
- ,,Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans" World Bank, Брисел, Белгија (декември 2010).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Ирена Авировиќ од научноистражувачката дејност остварила вкупно 55,8 поени со кои го задоволува нивото на минималниот број поени (20) по овој основ за избор за наставник во сите звања.

## 4.Стручно-апликативна дејност

Во стручно-апликативната дејност, д-р Ирена Авировиќ има приложено една монографија од стручна област, во која се јавува како коавтор:

- Авировиќ, Ирена. (коавтор). 2013. *„Велика Британија и Македонија, грчко-југословенска федерација (1941-1942), документи“*. 2013. ИНИ, Скопје, е труд во кој се претставени 75 документи произлезени од кореспонденцијата со релевантните институции.

Документите се подредени по хронолошки ред и во него се користи најнужниот научен апарат за настаните и личностите кои се споменуваат во документите.

Во делот на експертски активности, д-р Ирена Авировиќ била рецензент на меѓународно списание и документира приказ на две книги:

- рецензент на меѓународното списание ,,International Realtions and diplomacy" David Publishing Company New Yourk USA;

приказ:

- Авировиќ. Ирена. 2010. John Phillips: Macedonia Warordss and rebels in the Balkans, London, New York: I. B. Tauris, (2004), *Гласник,* год. 54, бр.1-2, стр. 204-206;
- Авировиќ. Ирена. 2012. Deema Kaneff, Who Owns the Past? The Politics of Time in a "Model" Bulgarian Village, Berghahn Books, 2004, Историја (Journal of History), god. XLVII, бр.1 стр. 263-265, ЗИРМ.

Дополнително, кандидатката учествува на национални ликовни симпозиуми (колонии), како *куратор:* „Италија и Македонија: мост долг 100 години“, Амбасада на Р. Италија во Македонија, и има учествувано во работата на комисии за државни натпревари, на Институтот „Сервантес“-Мадрид, во Р. Македонија.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Ирена Авировиќ од стручно-апликативната дејност остварила вкупно 14,3 поени, со кои го надминува минималниот број на поени (5) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Ирена Душан Авировиќ**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет / Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од I циклус студии** | |
| 1. | Шпански јазик1, летен семестар 2009/2010 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 2 | Шпански јазик1, зимски семестар 2009/2010 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 3 | Шпански јазик2, зимски семестар 2009/2010 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 4 | Шпански јазик 1, летен семестар 2010/2011 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 5 | Шпански јазик2, летен семестар 2010/2011 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 6 | Шпански јазик1, зимски семестар 2010/2011 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 7 | Шпански јазик2, летен семестар 2010/2011 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 8 | Шпански јазик1, летен семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 9 | Шпански јазик3, летен семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 10 | Шпански јазик4, летен семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 11 | Шпански јазик1, летен семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 12 | Шпански јазик3, летен семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 13 | Шпански јазик4, летен семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 14 | Подготовка на нов предмет (предавања по предметите: шпански 1, шпански 2, шпански 3, шпански 4, шпански 5, шпански 6) (6*1) | 6 |
| 15 | Подготовка на нов предмет (вежби по предметите: шпански 1, шпански 2, шпански 3, шпански 4, шпански 5, шпански 6) (6*0,05) | 0,3 |
| 16 | Пакет материјали за одреден предмет (шпански 1, шпански 2, шпански 3, шпански 4) (4*1) | 4 |
| | **Вкупно** | **22,0** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учесник во национални научни проекти: *"Diplomatic 'Games' over the Deportation of Jews from Macedonia" (2014-тековно), ИНИ и Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Макеоднија, Скопје.* - *„Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видео-материјали и разговори со Македонци протерани од Егејска Македонија" (2010-2013),* Министерство за култура на Р. Македонија (2*3) | 6 |
| 2 | Учесник во меѓународни научни проекти *„Peace Education for Active Citizenship in Europe"* (2011), ИНИ, Association of Local Democracy Agencies (ALDA) | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| | *„E-For, Education for Remembrance"* (2010) ИНИ, ALDA (2*5) | |
| 3 | Монографија објавена во странство:<br>Avirovic, Irena. 2010. *„Patterns of Migration-patterns of segregation?"*, VDM, Saar Brucken, Germany. | 12 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br>Avirovic, Irena. 2012. *„Macedonian post-socialist migration"* IDM, YSF III, Viena Avstria (1*6) | 6 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Avirovic, Irena. (коавтор). 2013. „European passports: Identity Crisis or Escape from Poverty?" *Conference proceeding More or Less European: Discourses on Contemporary European Migration, Integration and 'Othering', University of Oslo* (1*2,7) | 2,7 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Avirovic, Irena. 2010. „Patterns of Migration from Macedonia" *Conference proceeding Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans, Brussles, Belgium University of Oslo* (1*3) | 3 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание<br>Авировиќ. Ирена. 2014. „Регистрирањето на македонските иселеници во Соединетеите Американски Држави во меѓувоениот пееriод: идентитети расправа*", Историја. ЗИРМ* бр. 1 (1*6) | 6 |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Avirovic, Irena. (коавтор). 2013. „Macedonians in Croatia: A Succesful Story in the Balcans" *United Macedonia Diaspor, Washingotn.* (1*2,7) | 2,7 |
| 9 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>Авировиќ. Ирена. (коавтор). 2013. *„Весникот целокупна Бугарија за Еврејското прашање",* Фонд на холокаустот, Скопје МАНУ, ИНИ (1*3,6) | 3,6 |
| 10 | Секциско предавање на научна меѓународна конференција<br>„Critical repressed past events in eeurope. Hidden aspects of our own countries: How to inform the new generation?" *Dealing with a past left unsaid-Challenges and opportunites for institutions and civil society actors*o, Стразбур, Франција. (2011) (2*2) | 2 |
| 11 | Секциско предавање на научен/стручен собир<br>- „Patterns of Migration from Macedonia" (семинар) Универзитет „Американ колеџ"- Скопје, Р.Македонија (март 2010)<br>- „Developing 'Brain Gain' Policies in the Western Balkans, (ЦПРМ, Скопје, Македонија (април 2010)<br>- „Македонската емиграција во САД меѓу двете светски војни", Центар за истражување и креирање политики, Скопје (февруари 2014) (3*1) | 3 |
| 12 | Учество на научен/стручен собир со реферат<br>- „More or less European: Discourses on Contemproray Euroepan Migration, Integration and 'Otherin', Oslo, Norwey (XI 2013)<br>- „Alumni Conference" Kaunus, Litavania (X 2013(<br>„100 години по Букурешкиот мировен договор", Скопје Македонија (март 2013)<br>- „Македониај во 20 век", Пула, Хрватска (декември 2013) | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | - ,,(In')Equality - Political, Economic, Social, Spatial and gender Aspects"IDM, (декември 2012)<br>- ,,Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans" World Bank, Брисел, Белгија (декември 2010) (6*1) | |
| | **Вкупно** | **55,8** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Монографија<br>Авировиќ. Ирена. (коавтор). 2013. *,Велика Британија и Македонија, грчко-југословенска федерација (1941-1942), документи.* 2013. ИНИ, Скопје (1*4,8) | 4,8 |
| 2 | Учество на национални ликовни симпозиуми (колонии)<br>*Куратор* ,,Италија и Македонија: мост долг 100 години", Амбасада на Р.Италија во Македонија (20.10.2014г.) (1*2) | 2 |
| 3 | Учество во работата на комисии за државни натпревари<br>- официјален испитувач за Институтот „Сервантес"-Мадрид во Р.Македонија (1*1) | 1 |
| 4 | Експертски активности:<br>- Рецензент на меѓународното списание ,,International Realtions and diplomacy" David Publishing Company New Yourk USA<br>- Авировиќ. Ирена. 2010. John Phillips: Macedonia Warordss and rebels in the Balkans, London, New York: I. B. Tauris, (2004), *Гласник,* год. 54, бр.1-2, стр. 204-206<br>- Авировиќ. Ирена. 2012. Deema Kaneff, Who Owns the Past? The Politics of Time in a "Model" Bulgarian Village, Berghahn Books, 2004, Историја (Journal of History), god. XLVII, бр.1 стр. 263-265, ЗИРМ. (3*1) | 3 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Учество во комисии за државен натпревар:<br>- XVI државен натпревар по историја за учениците во средните училишта, Кратово, Македонија (10.5.2011)<br>- XVII државен натпревар по историја за учениците во средните училишта, Скопје, Македонија (мај 2012)<br>- XVIII државен натпревар по историја за учениците во средните училишта, Ресен, Македонија (11.5.2013) (3*1) | 3 |
| 2 | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот<br>- Организација на "Day of Italian Culture" на Универзитетот „Американ колеџ"-Скопје по повод 150-годишнината на Обединувањето на Италија во соработка со италијанската амбасада во Скопје, Македонија (1*0,5) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **14,3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **22,0** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **55,8** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **14,3** |
| **Вкупно** | **92,1** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Зоран Матевски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Аница Драговиќ, член, с.р.
3. Доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова, член, с.р.

## 1. Биографски податоци

Кандидатката **д-р Христина Игнатовска-Димитрова** дипломирала во 2004 година дипломирала на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со просечен успех 8,54, и се стекнала со називот дипломиран филолог по општа и компаративна книжевност и професор по македонски јазик и книжевност.

На постдипломските студии (магистерски студии) на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за социологија, насока: европски студии за интеграција, во траење од четири семестри, ги има положено пропишаните испити и се има здобиено со научен степен - магистер (м-р) по европски студии за интеграција, според европскиот кредит трансфер-систем. Просечниот успех на завршените постдипломски студии е со средна оценка: 9,33. Насловот на магистерскиот труд на кандидатката е на тема: ,,Активни политики на вработување, компаративна анализа меѓу Канада и Европската унија“.

Во јули 2012 година ја одбранила својата докторска дисертација со наслов: ,,Системот на религиски вредности во Европската унија и во Република Македонија“ и се стекнала со научен степен - доктор по европски студии за интеграција.

Врз основа на доставената документација се евидентира дека кандидатката, во периодот од 2007 до 2013 година работела во невладаниот сектор во областа на образовнието. На Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје, главни активности и дејности ѝ биле работа на проекти во областа на образованието, додека, пак, во ПЕН-центарот на Република Македонија, работела на промоција на културата и јазикот на Република Македонија, како асистент на канцеларијата. На истата позиција работела и во Евроатлантскиот совет на Македонија - на проекти за промоција на евроатлантската интеграција на Република Македонија. Како едукатор работела во НВО ,,Роман и Бах“ во Велес. Во областа на едукацијата кандидатката работела во Работничкиот универзитет ,,Благој Страчков“ во Велес, како професор по македонски јазик за странци и во УСО ,,Коле Неделковски“ во Велес, како професор по македонски јазик и литература. Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова работела и како практикант во Владата на Република Македонија, во Секретаријатот за Европски прашања.

Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова одлично ги владее англискиот, српскиот и хрватскиот јазик, а добро српскиот и бугарскиот. Исто така владее со следните компјутерски вештини: Word, Excel, Power point, Internet.

Кандидатката е државјанин на Р.Македонија.

**2. Наставно-образовна дејност**

Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова, во областа на образовниeто, работела во УСО ,,Коле Неделковски“ во Велес како професор по македонски јазик и литература и во Работничкиот универзитет ,,Благој Страчков“, во Велес, како професор по македонски јазик за странци. На Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје, на 28.2.2013 година била избрана во звањето научен соработник (еквивалентно звање: доцент)

Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова нема прикажани активности за бодирање на наставно-образовната дејност и со тоа не го исполнува условот согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), а тоа е минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

**3. Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова има објавено два труда, од кои еден е објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор, а вториот во зборник на трудови на меѓународна конференција:

- Ignatovska, Hristina. 2011. Anaysis of the Macedonian Church heads' attitudes regarding to religious values in RM and EU" во *Социолошка ревија The Sociological Review, Skopje,* Филозофски факултет, Скопје и Здружение на социолозите на Република Македонија.

Во овој труд се разгледуваат религиските вредности операционализирани преку степенот на практичното имплементирање на религиските права, религиските слободи, религискиот идентитет, религиската толеранција и религиската кохезија. Врз основа на емпирискиот материјал, се изведува заклучок дека религиските вредности ги одредуваат демократските права и слободи, праведноста, еднаквоста и рамноправноста.

Ignatovska, Hristina. 2012.Conceptualization of religious identity in the European Union and the Republic of Macedonia во Proceedings from the International Scientific Conference: Identity in the Era of Globalization and Europeanization Skopje Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, стр. 363-371.

Основата на овој труд е да се концептуализираат димензиите на религискиот идентитет на Европската унија и на Р.Македонија. Во трудот се прикажани емпириски податоци добиени од истражувањето на мислењето на експертите во Р.Македонија.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Христина Игнатовска-Димитрова од научноистражувачката дејност остварила 13,0 поени и со тоа не го задоволува нивото на минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

**4.Стручно-апликативна дејност**

Во стручно-апликтивната дејност, кандидатката учествувала на обуката за изготвување и дизајн на проекти Cross Border Institution Building.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Христина Игнатовска-Димитрова од стручно-апликативната дејност остварила 1,0 поени и со тоа не го задоволува нивото на минималниот број поени (5) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Христина Лазо Игнатовска**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет / Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | 0,0 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно Научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>Ignatovska, Hristina. 2011. Anaysis of the Macedonian Church heads' attitudes regarding to religious values in RM and EU во *Социолошка ревија The Sociological Review, Skopje,* Филозофски факултет, Скопје и Здржение на социолозите на Република Македонија стр. 55-75 (1*6)<br>Ignatovska, Hristina. 2012. Conceptualization of religious identity in the European Union and the Republic of Macedonia" во Proceedings from the International Scientific Conference: Identity in the Era of Globalization and Europeanization Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, стр. 363-371 (2*6) | 12 |
| 2 | Учество на научен / стручен собир:<br>усна презентација: International Scientific Conference: Identity in the Era of Globalization and Europeanization Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje (1*1) | 1 |
| | **Вкупно** | 13,0 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности: учество на обуката Cross Border Institution Building за изготвување и дизајн на проекти (1*1) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Вкупно** | 1,0 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **0,0** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **13,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **1,0** |
| **Вкупно** | **14,0** |

**Членови на Комисијата**
1. Проф. д-р Зоран Матевски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Аница Драговиќ, член, с.р.
3. Доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова, член, с.р.

## 1. Биографски податоци

Кандидатот **д-р Зоран Вучев** дипломирал во 1997 година на Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со просечен успех 8,18, и се стекнал со називот дипломиран социјален работник.

На постдипломските студии (магистерски студии) на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за социјална работа и социјална политика, во траење од четири семестри, ги има положено пропишаните испити и се здобил со научен степен - магистер (м-р) на социјална политика. Просечниот успех на завршените постдимпломски студии е со средна оценка: 8,63. Насловот на магистерскиот труд бил на тема: ,,Социјалната стратификација и либералните модели на социјална политика - примерот на Република Македонија“.

Во февруари 2011 година, на Филозофскиот факултет, ја одбранил својата докторска дисертација со наслов: ,,Стареењето на населението како фактор за реформи во доменот на пензискиот систем и вработувањето на стари лица: меѓународни пристапи и национални предизвици“ и се стекнал со научен степен - доктор на социјална работа и социјална политика.

Врз основа на доставената документација се евидентира дека кандидатот е вработен во Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и работел на повеќ работни места, и тоа главно како раководител. Во периодот од 1997 до 2007 година бил вработен во Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Кандидатот д-р Зоран Вучев активно го владее англискиот јазик. Член е на Управниот одбор на Комората за медијатори на Република Македонија, а од 2006 година е член на Комората на медијатори во Република Македонија.

Кандидат Зоран Вучев е државјанин на Р.Македонија.

## 2. Наставно-образовна дејност

Кандидатот д-р Зоран Вучев нема прикажани активности за бодирање на наставно-образовната дејност и со тоа не го исполнува условот согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), а тоа е минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

## 3. Научноистражувачка дејност

Според податоците од биографијата, д-р Зоран Вучев има учествувано на пет меѓународни научно стручни собири (конференции и тркалезна маса):

- 2007. „Усогласување на системите за социјална заштита за лицата кои стареат“, Меѓународна министерска конференција во Леон, Шпанија;
- 2007. „Непријавена работа (сива екониомија)“, DG employment *во Брисел, Белгија;*
- 2008. „Право на семеен живот“, на *Балканска конференција во Загреб, Хрватска;*
- 2012. „Медијација во семејните спорови во Република Македонија и пракса во ЕУ“, *Тркалезна маса: Медијација во Република Македонија - како понатаму, Скопје;*
- 2012. „Меѓугенерациска солидарност и активација на населението кое стареe во ЕУ и Република Македонија“, меѓународна конференција*: Активно стареење и меѓугенерациска солидарност, Скопје.*

Кандидатот д-р Зоран Вучев има научно-библиографско досие, кое вклучува пет публикации, од кои три објавени во домашно списание, еден труд објавен во списание од меѓународен карактер и еден објавен во зборник на трудови од меѓународна конференција документирани во Анекс 2.

- Вучев, Зоран. 2003. „Сиромаштијата гледана од аспект на социјаната политика која се води во Македонија и одредени размислувања за иднината на моделот на социјалната политика“, *Зборник: Социјалната положба на населението во Република Македонија,* ИСППИ, „Фридирх Еберт“, Скопје стр.148-156

Во овој труд, кандидатот дава осврт кон концептот на сиромаштијата и дава преглед на статистичките податоци во однос на: работниот статус на населението, социјалната заштита, здравственото осигурување и дава кус приказ на некои модели на социјалната политика.

Вучев, Зоран. 2005. „Причини и последици за социјално неосигурените - непријавени работници во Европската унија“ *ЕВРОДИЈАЛОГ* бр. 8*,* НИП СТУДЕНТСКИ ЗБОР *Скопје* стр. 158-175

Во овој труд, авторот укажува на проблемот на социјално неосигурените лица, преку дефинирање, типологизација како и разгледување на последиците од непријавувањето на работниците врз јавното финансирање на социјалното осигурување. Во посебен дел, авторот дава преглед на состојбите во различни земји-членки на ЕУ.

- Вучев, Зоран. 2009. „Нееднаквости во опфатот и прават од пензискиот ситем во Република Македонија" *Ревија за социјална политика*, год. 2. бр. 3, Фондација „Фридрих Еберт“, стр. 197-302.

Во оваа статија, авторот дава осврт на спецификтие, структурата на реформираниот повеќестолбен пензиски систем во Р.Македонија, а ги анализира и последиците кои се очекуваат од воведувањето на овој комбиниран систем. Во трудот се документирани индикаторите од првиот столб. Во посебен дел, авторот на статијата истакнува и подетално ја анализира алатката на реформите во пензиските политики и социјалниот дијалог во ЕУ.

Вучев, Зоран. 2010. „Постарите работници на пазарот на трудот - меѓународни искуства и национални предизвици“, *Економски развој*, год.11. бр. 3, стр. 87-110.

Во оваа статија, авторот главно се задржува на елаборирирање на моделот на активно стареење и неговата улога на пазарот на трудот, презентирајќи ги меѓународните искуства и актуализирајќи ги националните предизвици.

- Вучев, Зоран. 2013. „Меѓугенерациска солидарност и активација на населението кое старее во Европската унија и Република Македонија“, *Зборник на научни трудови презентирани на меѓународната конференција „Активно стареење и меѓугенерациска солидарност“, Филозофски факултет,* стр. 75-97.

Во монографијата „Стареењето и реформите во системите“, *Фондација „Фридрих Еберт“,* Скопје, Вучев во 4 дела го обработува феноменот на стареењето и реформите во системот. Во првиот дел се задржува на теоретските пристапи, концепти и актуелни дебати кои се однесуваат на стареењето. Во посебни делови се осврнува на промените во

пензискиот систем, промените во политиките за вработување кај постарите лица, а во посебен дел е претставено македонското искуство.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Зоран Вучев од научноистражувачката дејност остварил вкупно 35,0 поени и со тоа го надминува минималниот број поени (20) по овој основ за избор во сите наставно-научни звања.

**4. Стручно-апликативна дејност**

Експертскиот ангажман на кандидатот д-р Зоран Вучев се дополнува и со активности во стручно-апликативни дејности и тоа главно во делот на апликативни проекти, студии и експертски активности:

Апликативни проекти:

Вучев, Зоран (коавтор). 2013. „Прирачник за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација“, Институт за европска политика, Скопје;

,,Групна работа со деца и младинци со девијантно и асоцијално поведение усвоен од Колегиумот на центарот за социјалн работа;

,,Информативен центар – ЈУМЦСРС“ при Министерството за труд и социјална политика;

„Македонската национална акција за борба против дрогата - учество во стручна едукација на координаторите на канцелариите за борба против дрогата и несебичен придонес во реализирање на активностите и афирмација на младинските интереси“ при Министерството за труд и социјална политика;

Студии:

Вучев Зоран (коавтор). 2001. „Феноменологија на улични деца/деца на улица во Скопје“, Филозофски факултет, *Зборник на трудови од научен собир одржан на 7.12.2000, Скопје,* Филозофски факултет;

Вучев Зоран (коавтор). 2002. „Информација за улогата на Центарот за социјална работа во прифаќање на лица со заштитен надзор изречен со условна осуда, условно отпуштени од казна затвор и лица по издржуавње на казна затвор“ во *Зборник во склоп на проектот „Елиминирање на пречките за практична имплементација на условната осуда со заштитен надзор“, финансиски поддржан од Европската комисија, Скопје;*

Експертски активности:

Вучев, Зоран (коавтор). 2013. „Прирачник за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација“, Институт за европска политика, Скопје;

Активно учество во дефинирање на статистичкиот модул во МТСП.

Кандидатот д-р Зоран Вучев покажува резултати во делот на подготовка на национални документи во дефинирање на моделот за условни парични трансфери, и бил член на работната група при МТСП за разгледување на ревидираната европска социјална повелба и транспорирање на одредени одредби во македонскиот правен систем. Во 2009 година ги посетил центрите за медијација во Котор и Подгорица, Црна Гора и во Министерството за правда и Институтот за медијација во Ротердам.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Зоран Вучев од стручно-апликативната дејност остварил вкупно 9,5 поени и со тоа го надминува минималниот број поени (5) по овој основ за избор во сите наставно научни звања.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Зоран Пене Вучев**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет / Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | 0,0 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Вучев Зоран. 2003. ,,Сиромаштијата гледана од аспект на социјаната политика која се води во Македонија и одредени размислувања за иднината на моделот на социјалната политика" *Зборник: Социјалнаша положба на населението во Рейублика Македонија,* ИСППИ, ,,Фридирх Еберт“, Скопје стр.148-156 (1*4) | 4 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Вучев Зоран. 2005. „Причини и последици за социјално неосигурените - непријавени работници во Европската унија“ *ЕВРОДИЈАЛОГ* бр. 8*,* НИП СТУДЕНТСКИ ЗБОР, *Скойје,* стр. 158-175 (1*4) | 4 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Вучев, Зоран. 2009. „Нееднаквости во опфатот и прават од пензискиот ситем во Република Македонија“, *Ревија за социјална политика*, год. 2. бр. 3, Фондација „Фридрих Еберт“, стр. 197-302 (1*4) | 4 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Вучев, Зоран. 2010 „Постарите работници на пазарот на трудот - меѓународни искуства и национални предизвици“, *Економски развој*, год.11., бр. 3, стр. 87-110 (1*4) | 4 |
| 5 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир Вучев, Зоран. 2013. „Меѓугенерациска солидарност и активација на населението кое старее во Европската унија и Републлика Македонија“, *Зборник на научни трудови презентирани на меѓуанроднаша конференција Активно стареење и меѓугенерациска солидарност, Филозофски факултет,* стр. 75-97 (1*6) | 6 |
| 6 | Монографија: Вучев, Зоран. 2011. „Стареењето и реформите во системите“, *Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје* (1*8) | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>- Вучев, Зоран. 2007. ,,Усклaдување на системите за социјална заштита за лицата кои стареат“, на Меѓународна министерска конференција во Леон, Шпанија.<br>- Вучев, Зоран. 2007. ,,Непријавена работа (сива економија)“, на DG emplyment *во Брисел, Белгија*.<br>- Вучев, Зоран. 2008. ,,Право на семеен живот“ на *Балканска конференција во Загреб, Хрватска*.<br>- Вучев, Зоран. 2012. ,,Медијација во семејните спорови во Република Македонија и пракса во ЕУ“, на *Тркалезна маса: Медијација во Република Македонија - како понатаму, Скопје*.<br>- Вучев, Зоран. 2012. ,,Меѓугенерациска солидарност и активација на населението кое старее во ЕУ и Република Македонија“, на Меѓународна конференција*: Активно стареење и меѓугенерациска солидарност, Скопје* (5*1) | 5 |
| | **Вкупно** | 35,0 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности:<br>Вучев, Зоран. (коавтор). 2013. ,,Прирачник за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација“, Институт за европска политика, Скопје (1*0,9) | 0,9 |
| 2 | Проект: ,,Групна работа со деца и младинци со девијантно и асоцијално поведение“, усвоен од Колегиумот на центарот за социјална работа (1*1) | 1 |
| 3 | Проект: ,,Информативен центар – ЈУМЦСРС“ при Министерството за труд и социјална политика (1*1) | 0,5 |
| 4 | Проект: ,,Македонската национална акција за борба против дрога - учество во стручна едукација на координаторите на канцелариите за борба против дрога и несебичен придоенс во реалзирање на активностите и афирмација на младинските интереси“ при Министерството за труд и социјална политика (1*0,5) | 0,5 |
| 5 | Експертски активности: Активно учество во дефинирање на статистичкиот модул во МТСП (1*1) | 1 |
| 6 | Студија: Вучев, Зоран. (коавтор). 2001. ,,Феноменологија на улични деца/деца на улица во Скопје“, Филозофски факултет, *Зборник на трудови од научен собир одржан на 7.12.2000, Скопје* Филозофски факултет, стр. 127-151 (1*0,8) | 0,8 |
| 7 | Студија:Вучев. Зоран. (коавтор). 2002. ,,Информација за улогата на Центарот за социјална работа во прифаќање на лица со заштитен надзор изречен со условна осуда, условно отпуштени од казна затвор и лица по издржуавње на казна затвор“ во *Зборник во склоп на проектот Елиминрање на пречките за практична имплементација на условната осуда со заштитен надзор, финансиски поддржан од Европска комисија, Скопје,* стр.57-76 (1*0,8) | 0,8 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Подготовка на национални документи во дефинирање на моделот за условни парични трансфери | 2 |
| 2 | Студиски престој во странство | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | - 2009, посета на центрите за медијација во Котор и Подгорица, Црна Гора.<br>- 2009, посета на Министерството за правда и Институтот за медијација во Ротердам (2*0,5) | |
| 3 | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>-член на работната група при МТСП за разгледување на ревидираната европска социјална повелба и транспорирање на одредени одредби во македонскиот правен систем (1*1) | 1 |
| | **Вкупно** | **9,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **0,0** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **35,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **9,5** |
| **Вкупно** | **44,5** |

**Членови на комисијата**

1. Проф. д-р Зоран Матевски, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Аница Драговиќ, член, с.р.

3. Доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова, член, с.р.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Земајќи ги предвид претходно посочените квантитативни и квалитативни достигнувања на кандидатите, Комисијата заклучува дека кандидатите д-р Христина Игнатовска-Димитрова и д-р Зоран Вучев не ги исполнуваат критериумите за избор во звања од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година, член 11).

Согласно со членот 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Христина Игнатовска-Димитрова по сите основи остварила вкупно 14,0 поени (минимален број на поени по сите основи е 80) и нема објавено најмалку четири научноистражувачки труда во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации. Комисијата констатира дека не се исполнети сите законски и други критериуми за избор во наставно-научно звање.

Согласно со членот 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Зоран Вучев по сите основи остварил вкупно 44,53 поени (минимален број на поени по сите основи е 80) и еден труд во списание од меѓународен карактер и еден

објавен во зборник на трудови од меѓународна конференција, со што не се исполнети сите законски и други критериуми за избор во наставно-научно звање.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Ирена Авировиќ по сите основи остварила вкупно 92,1 поени (минимален број на поени по сите основи е 80), со што го исполнува едниот критериум, а со фактот дека има објавено седум научноистражувачки труда во меѓународни научни публикации, Комисијата констатира дека се исполнети сите законски и други критериуми за избор во сите наставно-научни звања. Нејзиното образование и досегашните нејзини активности изразени во научноистражувачката дејност упатуваат дека д-р Ирена Авировиќ ги исполнува условите за избор по научните области (дисциплини): семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции.

Со оглед на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, имаме особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, **кандидатката д-р Ирена Авировиќ** да биде избрана во **звањето доцент** по научните области (дисциплини): **семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции.**

**Членови на комисијата**

1. Проф. д-р Зоран Матевски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Аница Драговиќ, член, с.р.
3. Доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СЕМЕЈСТВОТО ВО СТРАТЕГИИТЕ НА ЕУ, СЕМЕЈСТВОТО И ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ЕУ и ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс објавен во весникот „Нова Македонија“ на 29.IX 2014 година за избор на еден наставник во сите наставно - научните звања по следниве научните области (дисциплини): **семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството**, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 22.X 2014 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Аница Драговиќ, проф. д-р Зоран Матевски и проф. д-р Јован Пејковски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавиле следниве кандидати: д-р Ирена Авировиќ, д-р Христина Игнатовска-Димитрова, д-р Даниел Павловски, д-р Зоран Вучев, д-р Македонка Радуловиќ, д-р Љубица Топузовска-Темелковска.

Врз основа на доставената документација од страна на кандидатката д-р Љубица Топузовска-Темелковска, Комисијата заклучи дека таа има доставено некомплетна документација заради што нејзината пријава не се зема предвид при поднесувањето на Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по следниве научните области (дисциплини): **семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејеството.**

Комисијата пристапи кон разгледување на пријавите од: д-р Ирена Авировиќ, д-р Христина Игнатовска-Димитрова, д-р Даниел Павловски, д-р Зоран Вучев, д-р Македонка Радуловиќ. Кандидатката д-р Ирена Авировиќ во меѓувреме ги повлече документите и нејзината пријава не беше предмет на разгледување и одлучување од страна на Рецензентската комисија. Согласно со член 45 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), Рецензентската комисија поднесува реферат за д-р Христина Игнатовска-Димитрова, д-р Даниел Павловски, д-р Зоран Вучев и д-р Македонка Радуловиќ.

По направената анализа на документацијата доставена од горенаведените кандидати, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Кандидатката **д-р Христина Игнатовска-Димитрова**, дипломирала во 2004 година на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески", при Универзитетот Св. Кирил и Методиј", со просечен успех 8,54, и се стекнала со називот дипломиран филолог по општа и компаративна книжевност и професор по македонски јазик и книжевност.

На постдипломските студии (магистерски студии) на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за социологија, насока: европски студии за интеграција, во траење

од четири семестри, ги има положено пропишаните испити и се здобила со научен степен-магистер (м-р) по европски студии за интеграција, според европскиот кредит-трансфер систем. Просечниот успех од завршените постдимпломски студии е со средна оценка: 9,33. Насловот на магистерскиот труд на кандидатката е на тема: ,,Активни политики на вработување, компаративна анализа меѓу Канада и Европската унија“.

Во јули 2012 година ја одбранила својата докторска дисертација со наслов: ,,Системот на религиски вредности во Европската унија и во Република Македонија" и се стекнала со научниот степен-доктор по европски студии за интеграција.

Врз основа на доставената документација се евидентира дека кандидатката, во периодот од 2007 до 2013 година работела во невладаниот сектор во областа на образовнието. На Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје, главни активности и дејности ѝ биле работа на проекти во областа на образованието, додека, пак, во ПЕН-Центарот на Република Македонија, работела на промоција на културата и јазикот на Република Македонија, како асистент на канцеларијата. На истата позиција била и во Евроатлантскиот совет на Македонија, работејќи на проекти за промоција на евроатлантската интеграција на Република Македонија. Како едукатор работела во НВО ,,Роман и Бах" од Велес. Во областа на едукација, кандидатката работела во Работничкиот универзитет ,,Благој Страчков“ во Велес, како професор по македонски јазик за странци и во УСО ,,Коле Неделковски“ во Велес, како професор по македонски јазик и литература. Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова работела и како практикант во Владата на Република Македонија, во Секретаријатот за европски прашања.

Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова одлично ги владее англискиот, српскиот и хрватскиот јазик, а добро ги владее српскиот и бугарскиот. Исто така владее со следниве комјутерски вештини: Word, Excel, Power point, Internet.

Кандидатката е државјанин на Р.Македонија.

### 2. Наставно-образовна дејност

Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова, во областа на образованието, работела во УСО ,,Коле Неделковски“ во Велес како професор по македонски јазик и литература и во Работничкиот универзитет ,,Благој Страчков“ во Велес, како професор по македонски јазик за странци. На Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје, на 28.2. 2013 година била избрана во звањето научен соработник (еквивалентно звање: доцент)

Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова нема прикажани активности за бодирање на наставно-образовната дејност и со тоа не го исполнува условот согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), а тоа е минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

### 3. Научноистражувачка дејност

Кандидатката д-р Христина Игнатовска-Димитрова има објавено два труда, од кои еден е објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор, а второто во зборник на трудови на меѓународна конференција.

- Ignatovska, Hristina. 2011. Anaysis of the Macedonian Church heads' attitudes regarding to religious values in RM and EU" во *Социолошка ревија The Sociological Review,*

*Skopje,* Филозофски факултет, Скопје и Здржение на социолозите на Република Македонија

Во овој труд се разгледуваат религиските вредности операционализирани преку степенот на практичното имплементирање на религиските права, религиските слободи, религискиот идентитет, религиската толеранција и религиската кохезија. Врз основа на емпирискиот материјал, се изведува заклучок дека религиските вредности ги одредуваат демократските права и слободи, праведноста, еднаквоста и рамноправноста.

Ignatovska, Hristina. 2012.Conceptualization of religious identity in the European Union and the Republic of Macedonia“ во Proceedings from the International Scientific Conference: Identity in the Era of Globalization and Europeanization Skopje Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, стр. 363-371.

Основата на овој труд е да се концептуализираат димензиите на религискиот идентитет на Европската унија и на Р.Македонија. Во трудот се прикажани емпириски податоци добиени од истражувањето на мислењето на експертите во Р.Македонија.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Христина Игнатовска-Димитрова од научноистражувачката дејност остварила 13,0 поени и со тоа не го задоволува нивото на минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

## 4.Стручно-апликативна дејност

Во стручно-апликтивната дејност, кандидатката учествувала на обуката за изготвување и дизајн на проекти Cross Border Institution Building.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Христина Игнатовска-Димитрова од научноистражувачката дејност остварила 1,0 поени и со тоа не го задоволува нивото на минималниот број поени (5) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Христина Лазо Игнатовска**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет / Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | 0,0 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>Ignatovska, Hristina. 2011. Anaysis of the Macedonian Church heads' attitudes regarding to religious values in RM and EU" во *Социолошка ревија The Sociological Review, Skopje,* Филозофски факултет, Скопје и Здржение на социолозите на Република Македонија стр. 55-75 (1*6) | 6 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>Ignatovska, Hristina. 2012. Conceptualization of religious identity in the European Union and the Republic of Macedonia во Proceedings from the International Scientific Conference: Identity in the Era of Globalization and Europeanization Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, стр. 363-371 (1*6) | 6 |
| | Учество на научен / стручен собир:<br>усна презентација International Scientific Conference: Identity in the Era of Globalization and Europeanization Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje (1*1) | 1 |
| | **Вкупно** | 13,0 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Експертски активности:<br>- учество на обуката Cross Border Institution Building за изготвување и дизајн на проекти (1*1) | 1 |

| **Дејности од поширок интерес** | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 1,0 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 0,0 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 13,0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 1,0 |
| **Вкупно** | 14,0 |

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Аница Драговиќ, претседател, с.р.

Проф. д-р Зоран Матевски, член, с.р.

Проф. д-р Јован Пејковски, член, с.р.

**1. Биографски податоци**

Кандидатот **д-р Даниел Павловски** дипломирал во 2003 година на Институтот за социјална работа и социјална политика, на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со просечен успех 9,00 и се стекнал со назив дипломиран социјален работник.

На постдипломските студии (магистерски студии) на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за социјална работа и социјална политика, во траење од четири семестри, ги има положено пропишаните испити и се здобил со научен степен- магистер (м-р) на социјална политика. Просечниот успех од завршените постдимпломски студии се со средна оценка 9,62.

Во ноември 2013 година ја одбранил својата докторска дисертација со наслов: ,,Плурализмот во социјалната заштита на старите лица“ и се стекнал со научен степен - доктор на социјална работа и социјална политика.

Врз основа на доставената документација се евидентира дека кандидатот е вработен на Меѓународниот славјански универзитет ,,Гаврило Романович Державин" во Свети Николе – Битола-Република Македониа на позицијата доцент.

Од 2008 до 2013 година работел во ЈУ Завод за социјални дејности во Скопје на позицијата стручен соработник на проекти финансирани од УНИЦЕФ и УНФПА. Во периодот од 2005 до 2013 година работел во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Пробиштип, како социјален работник, а како негови претходни активности можат да се вбројат: ангажманот (од 2004 до 2006 година) во Националниот демократски

институт, како асистент за комуникација со граѓаните, во канцеларијата во Пробиштип и хуманитарната организација Црвен крст на Р. Македонија, општинска организација Пробиштип, како секретар.

Кандидатот д-р Даниел Павловски одлично ги владее англискиот, српскиот и хрватскиот јазик. Исто така, владее со следниве компјутерски вештини: MS Office, Internet.

Според наведените активности, д-р Даниел Павловски посетувал обуки и семинари, и тоа главно во сферата на развивање на стручните соработници во системот на социјална заштита, едукација за работа со деца во ризик, обука за поддршка и подобрување на партнерските, родителските и семејните односи и слично. Кандидатот Даниел Павловски е државјанин на Р. Македонија.

## 2.Наставно-образовна дејност

Кандидатот д-р Даниел Павловски нема прикажани активности за бодирање на наставно-образовната дејност и со тоа не го исполнува условот согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), а тоа е минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

## 3. Научноистражувачка дејност

Според податоците од биографијата, д-р Даниел Павловски има учествувано на три меѓународни научно-стручни собири (конференции и тркалезна маса):

- Павловски, Даниел, 2014. „Ново знаење за новите луѓе", на *Втората меѓународната конференција „Знаењето - капитал за иднината", Скопје*;
- Павловски, Даниел, 2012. ,,Социјалното вклучување во справување со проблемот на злоупотреба на старите лица" во *Меѓународната научна конференција: Активно стареење и меѓугенерациска солидарност, Филозофски факултет,* Скопје.
- Павловски, Даниел. 2009. ,,Социјална заштита и социјална политика за старите лица во РМ", во *Меѓународната научна конференција: Старост и стареење - сегашност и иднина, Амбасада на Република Австрија* – Скопје.

Кандидатот д-р Даниел Павловски има научно-библиографско досие, кое вклучува три публикации објавени во меѓународни научни публикации.

- Павловски, Даниел. 2014. ,,Knowledge - key factor for preventing and dealing with social risks", *Зборник на научни трудови презентриани на Втората меѓународна научна конференција New knowledge for the New People, Охрид.*

Во овој труд, авторот истакнува дека знаењето претставува најголем капитал со кој располагаат професионалците вклучени во психосоцијалната интервенција. Во таа смисла, во трудов се нагласува важноста на знаењето во професиите на социјалната работа, психологијата и педагогијата. Во оваа смисла, авторот ја истакнува важноста за континуиран професионален развој и тоа преку зајакнување на капацитетите на стручните лица и изнајдување на проблемите и успешно справување со предизвиците.

- Павловски, Даниел. 2014. ,,Местото и улогата на семејството во справување со проблемот на малолетничка деликвенција", *Зборник на научни трудови презентирани на Петтата меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог ИСТОК-ЗАПАД, Меѓународен славјански универзитет ,,Гаврило Романович Державин, Свети Николе - Тамбов.*

Разгледувајќи ја важноста на проблемот на малолетничката деликвенција, авторот во овој труд ги анализира местото, улогата и влијанието на семејството во превенција и справување со проблемите на малолетничката деликвенција на теоретско рамниште.

- Павловски, Даниел. 2012. „Социјалното вклучување во справување со проблемот на злоупотреба на старите лица", *Зборник на научни трудови презентирани на меѓународна научна конференција: Зборник на научни трудови презнетирани на меѓуанроднатa конференција Активно стареење и меѓугенерациска солидарност, Филозофски факултет.*

Во овој труд, авторот го третира проблемот на злоупотреба на старите лица во рамките на семејството. Со оглед на актуелноста на проблемот на стареењето, на населението авторот ја наметнува потребата за систематско, превентивно и третманско дејствување за заштита на старите лица и обезбедување на достоинствено стареење. Како решение на проблемот за злоупотребата на старите лица, авторот го согледува во вклучување на старите лица, согласно со нивните желби, капацитети, потреби и интереси.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Даниел Павловски од научноистражувачката дејност остварил 15,0 поени и со тоа не го задоволува нивото на минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Во делот на стручно-апликативната дејност, д-р Даниел Павловски се истакнува со експертски активности во областа на изготвување на стандардите за работењето на центрите за социјална работа и анализа на состојбите на јавните установи. Експертските активности ги надополнува како обучувач во сферата на:

- на волонтери од општински организации на Црвен крст, Прилеп, Кичево и Гостивар, март-априла 2014 година;
- за превенција од полово и семејно насилство, Канцеларија на УНХЦР, Скопје, ноември-декември 2013 година;
- обучувач на процесот за континуиран и професионален развој на стручните работници вработени во јавните и приватните установи за социјална заштита за стари лица, Црвен крст - Скопје, мај 2013 година;
- обучувач на почетна обука на волонеетри на Црвениот крст за работа и комуникација за стари лица, Црвен крст Скопје, февруари 2013 година;
- локален координатор за градот Скопје, „Зајакнување на капацитетите за спречувањето на семејното насилство";
- координатор на проектна активност: „Младинска размена помеѓу младинци од Македонија и Холандија кои се наоѓаат во социјален ризик и кои се корисници на институционални форми на социјална заштита", Млади во акција - програма, УНДП.

Кандидатот во 2007 година престојувал на студиски престој на Правниот факултет во Загреб, Хрватска, каде што имал можност да се запознае со работата со центрите за социјална работа.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Даниел Павловски од научно-апликативната дејност остварил 10,3 поени и со тоа го задоволува нивото на минималниот број поени (5) по овој основ за избор за наставник во сите звања

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Даниел Драгомир Павловски**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет / Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 0,0 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>Павловски, Даниел. 2014. ,,Knowledge - key factor for preventing and dealing with social risks" *Зборник на научни трудови презентриани на Втората меѓународна научна конференција New knowledge for the New People, Охрид* (1*4) | 4 |
| 2 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>Павловски, Даниел. 2014. ,,Местото и улогата на семејството во справување со проблемот на малолетничка деликвенција", *Зборник на научни трудови презентирани на Петтата меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог ИСТОК-ЗАПАД, Меѓународен славјански универзитет ,,Гаврило Романович Державин, Свети Николе - Тамбов* (1*4) | 4 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>Павловски, Даниел. 2012. ,,Социјалното вклучување во справување со проблемот на слоупотреба на старите лица", *Зборник на научни трудови презентирани на меѓународна научна конференција: Зборник на научни трудови презентирани на меѓународната конференција „Активно стареење и меѓугенерациска солидарност", Филозофски факултет,* стр. 146 - 157 (1*4) | 4 |
| 4 | Учество на научен/стручен собир со реферат<br>Павловски, Даниел. 2014. „Ново знаење за новите луѓе", на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Втората меѓуанродна конференција „Знаењето - капитал за иднината“, Скопје* (1*1) | |
| 5 | Учество на научен/стручен собир со реферат<br>Павловски, Даниел. 2012. ,,Социјалното вклучување во справување со проблемот на слоупотреба на старите лица“, во *Меѓународната научна конференција: „Активно стареење и меѓугенерациска солидарност“, Филозофски факултет,* Скопје(1*1) | 1 |
| 6 | Учество на научен/стручен собир со реферат<br>Павловски, Даниел. 2009. ,,Социјална заштита и социјална политика за старите лица во РМ“ во *Меѓународната научна конференција: „Старост и стареење - сегашност и иднина“, Амбасада на Република Австрија,* Скопје(1*1) | 1 |
| | **Вкупно** | 15,0 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности:<br>Павловски, Даниел. (коавтор). 2009. ,,Стандарди за следење и евалуација на третманот на корисникот во ЦСР во РМ во делото на малолетничка правда“, Завод за социјални дејности, Скопје, Скопје (1*0,8) | 0,8 |
| 2 | Експертски активности:<br>Павловски, Даниел. 2009. ,,Стандарди за работа на стручните тимови во ЦСР на проблематиката семејно насилство“, Завод за социјални дејности, Скопје (1*1) | 1 |
| 3 | Експертски активности:<br>Павловски, Даниел. 2009. ,,Анализа на состојбите во ЈУ за згрижуавње на деца со воспитно социјални проблеми“, Завод за социјални дејности, Скопје (1*1) | 1 |
| 4 | Експертски активности:<br>Павловски, Даниел. 2009. ,,Злоупотреба на старите лица“, Завод за социјални дејности, Скопје (1*1) | 1 |
| | Експертски активности:<br>*Обучувач* на волонтери од општински организации на Црвен крст, Прилеп, Кичево и Гостивар, март-април 2014 година (1*1) | 1 |
| | Експертски активности:<br>*Обучувач* за превенција од полово и семејно насилство, Канцеларија на УНХЦР, Скопје, ноември-декември 2013 година (1*1) | 1 |
| | Експертски активности:<br>*Обучувач* на процесот за континуиран и професионален развој на стручните работници вработени во јавните и приватните установи за социјална заштита за стари лица, Црвен крст-Скопје, мај 2013 година (1*1) | 1 |
| | Експертски активности:<br>*Обучувач* на почетна обука на волонтери на Црвениот крст | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | за работа и комуникација за стари лица, Црвен крст - Скопје, февруари 2013 година (1*1) | |
| | Експертски активности:<br>*Локален* координатор за градот Скопје „Зајакнување на капацитетите за спречувањето на семејното насилство" локален координатор за градот Скопје, УНДП (1*1) | 1 |
| | Експертски активности:<br>*Координатор* на проектна активност: „Младинска размена помеѓу младинци од Македонија и Холандија кои се наоѓаат во социјален ризик и кои се корисниц на институционални форми на социјална заштита", Млади во акција - програма, УНДП (1*1) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Студиски престој во странство:<br>2007, студиски престој на Правниот факултет во Загреб, Хрватска (1*0,5) | 0,5 |
| | **Вкупно** | 10,3 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **0,0** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **15,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **10,3** |
| **Вкупно** | **25,3** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Аница Драговиќ, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Зоран Матевски, член, с.р.

3. Проф. д-р Јован Пејковски, член, с.р.

**1. Биографски податоци**

Кандидатот **д-р Зоран Вучев** дипломирал во 1997 година на Институтот за социјална работа и социјална политика, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", со просечен успех 8,18 и се стекнал со називот дипломиран социјален работник.

На постдипломските студии (магистерски студии) на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за социјална работа и социјална политика, во траење од четири семестри, ги има положено пропишаните испити и се здобил со научен степен - магистер (м-р) на социјална политика. Просечниот успех од завршените постдимпломски студии е со средна оценка: 8,63. Насловот на магистерскиот труд е на тема: „Социјалната

стратификација и либералните модели на социјална политика - примерот на Република Македонија".

Во февруари 2011 година, на Филозофскиот факултет, ја одбранил својата докторска дисертација со наслов: ,,Стареењето на населението како фактор за реформи во доменот на пензискиот систем и вработувањето на стари лица: меѓународни пристапи и национални предизвици“ и се стекнал со научниот степен доктор на социјална работа и социјална политика.

Врз основа на доставената документација се евидентира дека кандидатот е вработен во Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и работел на повеќе работни места, и тоа главно како раководител. Во периодот од 1997 до 2007 година бил вработен во Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.

Кандидатот д-р Зоран Вучев активно го владее англискиот јазик. Член е на Управниот одбор на Комората за медијатори на Република Македонија, а од 2006 година е член на Комората на медијатори во Република Македонија.

Кандидатот Зоран Вучев е државјанин на Р.Македонија.

**2. Наставно-образовна дејност**

Кандидатот д-р Зоран Вучев нема прикажани активности за бодирање на наставно-образовната дејност и со тоа не го исполнува условот согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), а тоа е минималниот број поени (20) по овој основ за избор на наставник во сите звања.

**3. Научноистражувачка дејност**

Според податоците од биографијата, д-р Зоран Вучев има учествувано на пет меѓународни научно-стручни собири (конференции и тркалезна маса):

- 2007. ,,Усогласување на системите за социјална заштита за лицата кои стареат" Меѓународна министерска конференција во Леон, Шпанија;
- 2007. ,,Непријавена работа (сива екониомија)“, DG employment *во Брисел, Белгија;*
- 2008. ,,Право на семеен живот“, на *Балканска конференција во Загреб,* Хрватска;
- 2012. ,,Медијација во семејните спорови во Република Македонија и пракса во ЕУ“, *Тркалезна маса: Медијација во Република Македонија - како понатаму*, Скопје;
- 2012. ,,Меѓугенерациска солидарност и активација на населението кое старее во ЕУ и Република Македонија“, меѓународна конференција*: Активно стареење и меѓугенерациска солидарност,* Скопје.

Кандидатот д-р Зоран Вучев има научно-библиографско досие, кое вклучува пет публикации, од кои три објавени во домашно списание, еден труд објавен во списание од меѓународен карактер и еден објавен во зборник на трудови од меѓународна конференција, сите документирани во Анекс 2.

- Вучев, Зоран. 2003. ,,Сиромаштијата гледана од аспект на социјаната политика која се води во Македонија и одредени размислувања за иднината на моделот на социјалната политика“, *Зборник: Социјалната положба на населението во Република Македонија,* ИСППИ, ,,Фридирх Еберт“, Скопје, стр.148-156

Во овој труд, кандидатот дава осврт кон концептот на сиромаштијата и дава преглед на статистичките податоци во однос на: работниот статус на населението, социјалната заштита, здравственото осигурување и дава кус приказ на некои модели на социјалната политика.

Вучев, Зоран. 2005. ,,Причини и последици за социјално неосигурените - непријавени работници во Европската унија“, *ЕВРОДИЈАЛОГ* бр. 8, НИП СТУДЕНТСКИ ЗБОР, *Скопје,* стр. 158-175.

Во овој труд, авторот укажува на проблемот на социјално неосигурените лица, преку дефинирање, типологизација како и разгледување на последиците од непријавувањето на работниците врз јавното финансирање на социјалното осигурување. Во посебен дел авторот дава преглед на состојбите во различни земји-членки на ЕУ.

- Вучев, Зоран. 2009. „Нееднаквости во опфатот и прават од пензискиот систем во Република Македонија“ *Ревија за социјална политика*, год. 2. бр. 3, Фондација „Фридрих Еберт“, стр. 197-302.

Во оваа статија, авторот дава осврт на спецификите, структурата на реформираниот повеќестолбен пензиски систем во Р. Македонија, а ги анализира и последиците кои се очекуваат од воведувањето на овој комбиниран систем. Во трудот се документирани индикаторите од првиот столб. Во посебен дел, авторот на статијата истакнува и подетално ја анализира алатката на реформите во пензиските политики социјалниот дијалог во ЕУ.

Вучев, Зоран. 2010. „Постарите работници на пазарот на трудот - меѓународни искуства и национални предизвици“, *Економски развој*, год.11. бр. 3, стр. 87-110.

Во оваа статија, авторот главно се задржува на елаборирање на моделот на активно стареење и неговата улога на пазарот на трудот, презентирајќи ги меѓународните искуства и актуализирајќи ги националните предизвици.

- Вучев, Зоран. 2013. „Меѓугенерациска солидарност и активација на населението кое старее во Европската унија и Република Македонија’, *Зборник на научни трудови презентирани на меѓународната конференција „Активно стареење и меѓугенерациска солидарност“, Филозофски факултет,* стр. 75-97.

Во монографијата: Вучев, Зоран. 2011. „Стареењето и реформите во системите“ *Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје,* во 4 дела го обработува феноменот на стареењето и реформите во системот. Во првиот дел, авторот се задржува на теоретските пристапи, концепти и актуелни дебати кои се однесуваат на стареењето. Во посебни делови, пак, авторот се осврнува на промените во пензискиот систем, промените во политиките за вработување кај постарите лица, а во посебен дел е претставено македонското искуство.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Зоран Вучев од научноистражувачката дејност остварил вкупно 35,0 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (20) по овој основ за избор во сите наставно-научни звања.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Експертскиот ангажман на кандидатот д-р Зоран Вучев се дополнува и со активности во стручно-апликативната дејност, и тоа главно во делот на проекти, студии и експертски активности:

Апликативни проекти:

Вучев, Зоран (коавтор). 2013. ,,Прирачник за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација“, Институт за европска политика, Скопје;

,,Групна работа со деца и младинци со девијантно и асоцијално поведение“ усвоен од Колегиумот на центарот за социјална работа;

,,Информативен центар – ЈУМЦСРС“ при Министерството за труд и социјална политика;

,,Македонската национална акција за борба против дрогата - учество во стручна едукација на координаторите на канцелариите за борба против дрогата и несебичен придонес во реализирање на активностите и афирмација на младинските интереси“ при Министерството за труд и социјална политика;

Студии:

Вучев Зоран (коавтор). 2001. ,,Феноменологија на улични деца/деца на улица во Скопје“, Филозофски факултет, *Зборник на трудови од научен собир одржан на 7.12.2000, Скопје,* Филозофски факултет;

Вучев Зоран (коавтор). 2002. ,,Информација за улогата на Центарот за социјална работа во прифаќање на лица со заштитен надзор изречен со условна осуда, условно отпуштени од казна затвор и лица по издражуавње на казна затвор“, во *Зборник во склоп на проектот „Елиминирање на пречките за практична имплементација на условната осуда со заштитен надзор“, финансиски поддржан од Европската комисија,* Скопје*;*

Експертски активности:

Вучев, Зоран (коавтор). 2013. ,,Прирачник за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација“, Институт за европска политика, Скопје;

Активно учество во дефинирање на статистичкиот модул во МТСП.

Кандидатот д-р Зоран Вучев покажува резултати во делот на подготовка на национални документи во дефинирање на моделот за условни парични трансфери, и бил член на работната група при МТСП за разгледување на ревидираната европска социјална повелба и транспорирање на одредени одредби во македонскиот правен систем. Во 2009 година ги посетил центрите за медијација во Котор и Подгорица, Црна Гора и во Министерството за правда и Институтот за медијација во Ротердам.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Зоран Вучев од стручно-апликативната дејност остварил вкупно 9,5 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (5) по овој основ за избор во сите наставно-научни звања.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Зоран Пене Вучев**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет / Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 0,0 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>Вучев Зоран. 2003. ,,Сиромаштијата гледана од аспект на социјалната политика која се води во Македонија и одредени размислувања за иднината на моделот на социјалната политика“, *Зборник: Социјалната положба на населението во Република Македонија,* ИСППИ, ,,Фридирх Еберт“, Скопје, стр.148-156 (1*4) | 4 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>Вучев Зоран. 2005. ,,Причини и последици за социјално неосигурените - непријавени работници во Европската унија“, *ЕВРОДИЈАЛОГ* бр. 8*,* НИП СТУДЕНТСКИ ЗБОР *Скопје,* стр. 158-175 (1*4) | 4 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>Вучев, Зоран. 2009. „Нееднаквости во опфатот и правата од пензискиот систем во Република Македонија“, *Ревија за социјална политика*, год. 2. бр. 3, Фондација „Фридрих Еберт“, стр. 197-302 (1*4) | 4 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>Вучев, Зоран. 2010 „Постарите работници на пазарот на трудот - меѓународни искуства и национални предизвици“, *Економски развој*, год.11. бр. 3, стр. 87-110 (1*4) | 4 |
| 5 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вучев, Зоран. 2013. „Меѓугенерациска солидарност и активација на населението кое стареe во Европската унија и Републлика Македонија“, *Зборник на научни трудови презентирани на меѓународната конференција „Активно стареење и меѓугенерациска солидарност“, Филозофски факултет,* стр. 75-97 (1*6) | |
| 6 | Монографија:<br>Вучев, Зоран. 2011. „Стареењето и реформите во системите“ *Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје* (1*8) | 8 |
| 7 | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>- Вучев, Зоран. 2007. ,,Усклaдување на системите за социјална заштита за лицата кои стареат" на Меѓународната министерска конференција во Леон, Шпанија.<br>- Вучев, Зоран. 2007. ,,Непријавена работа (сива економија)“ на DG emplyment *во Брисел, Белгија.*<br>- Вучев, Зоран. 2008. ,,Право на семеен живот“, на *Балканска конференција во Загреб, Хрватска.*<br>- Вучев, Зоран. 2012. ,,Медијација во семејните спорови во Република Македонија и пракса во ЕУ“, на *Тркалезна маса: Медијација во Република Македонија - како понатаму, Скопје.*<br>- Вучев, Зоран. 2012. ,,Меѓугенерациска солидарност и активација на населението кое стареe во ЕУ и Република Македонија“, на меѓународна конференција*: Активно стареење и меѓугенерациска солидарност, Скопје* (5*1) | 5 |
| | **Вкупно** | 35,0 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности:<br>Вучев, Зоран. (коавтор). 2013. ,,Прирачник за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација“, Институт за европска политика, Скопје (1*0,9) | 0,9 |
| 2 | Проект: ,,Групна работа со деца и младинци со девијантно и асоцијално поведение“, усвоен од Колегиумот на центарот за социјална работа (1*1) | 1 |
| 3 | Проект: ,,Информативен центар – ЈУМЦСРС“ при Министерството за труд и социјална политика (1*1) | 0,5 |
| 4 | Проект: ,,Македонската национална акција за борба против дрогата - учество во стручна едукација на координаторите на канцелариите за борба против дрогата и несебичен придонес во реализирање на активностите и афирмација на младинските интереси" при Министерството за труд и социјална политика (1*0,5) | 0,5 |
| 5 | Експертски активности: Активно учество во дефинирање на статистичкиот модул во МТСП (1*1) | 1 |
| 6 | Студија: Вучев, Зоран. (коавтор). 2001. ,,Феноменологија на | 0,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | улични деца/деца на улица во Скопје“ Филозофски факултет, *Зборник на трудови од научен собир одржан на 7.12.2000, Скопје* Филозофски факултет, стр. 127-151 (1*0,8) | |
| 7 | Студија:Вучев. Зоран. (коавтор). 2002. „Информација за улогата на Центарот за социјална работа во прифаќање на лица со заштитен надзор изречен со условна осуда, условно отпуштени од казна затвор и лица по издржуавње на казна затвор“, во *Зборник во склоп на проектот „Елиминрање на пречките за практична имплементација на условната осуда со заштитен надзор“, финансиски поддржан од Европската комисија, Скопје* стр.57-76 (1*0,8) | 0,8 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Подготовка на национални документи во дефинирање на моделот за условни парични трансфери | 2 |
| 2 | Студиски престој во странство<br>- 2009, посета на центрите за медијација во Котор и Подгорица, Црна Гора.<br>- 2009, посета на Министерството за правда и Институтот за медијација, Ротердам (2*0,5) | 1 |
| 3 | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>-член на работната група при МТСП за разгледување на ревидираната европска социјална повелба и транспорирање на одредени одредби во македонскиот правен систем (1*1) | 1 |
| | **Вкупно** | **9,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **0,0** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **35,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **9,5** |
| **Вкупно** | **44,5** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Аница Драговиќ, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Зоран Матевски, член, с.р.

3. Проф. д-р Јован Пејковски, член, с.р.

**1. Биографски податоци**

Кандидатката д-р Македонка Радуловиќ, во 2004 година, со просечен успех 8,53, дипломирала на Правниот факултет, насока: новинарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнала со називот дипломиран новинар.

Во 2005 година, во траење од четири семестри, се запишала на постдимпломските студии за европска интеграција и комуникација, Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Откако ги положила испитите (со средна оценка 9,33) и откако го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Европска здравствена политика во доменот на подобрување на заштитата на правата на пациентите и нејзиното влијание врз политиките во РМ“ се здобила со научниот степен магистер (м-р) по европски студии за интеграција.

Во декември 2011 година, на Филозофскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ја одбранила својата докторска дисертација под наслов: „Влијанието на Европската унија врз почитувањето и остварувањето на правото на здравје во Република Македонија како фундаментален дел од човековите права" и се стекнала со научниот степен доктор на европски студии за интеграција.

Врз основа на доставената документација се евидентира дека кандидатката во текот на студирањето работела како новинар во неколку печатени медиуми, а од септември 2007 до мај 2013 година работела како соработник/асистент на Европскиот универзитет во Скопје, Факултет за политички науки. Во текот на наставниот ангажман учествувала во подготовка на учебни помагала кои се користеле во изведувањето настава на институцијата во која била вработена. Кандидатката документира учество на домашни и меѓународни научни собири и конференции, а автор е на научни и стручни трудови од областа во кои се обработуваат темите од областа на семејството, здравството, човековите права во контекст на европските политики и практики.

Кандидатката д-р Македоника Радуловиќ е активен член на Извршниот одбор на Европското движење на Република Македонија. Кандидатката е државјанин на Република Македонија.

2. **Наставно-образовна дејност**

Во изминатиот период, **д-р Македонка Радуловиќ** успешно ги изведувала вежбите од I циклус студии со студентите на Факултетот за правни науки и Факултетот за политички науки на Европскиот универзитет, каде што била во работен однос како помлад асистент (техники на кампања во односите со јавноста, менаџерски техники на односите со јавноста, политички системи, локална самоуправа, локална управа, современи политички систем, компаративни политички системи, политички маркетинг, избори и изборни системи, јавни информациски системи).

Исто така, д-р Македонка Радуловиќ успешно изведувала и вежби и на втор циклус студии, и тоа во рамките на истите факултети по предметите: политички маркетинг во меѓународните системи и ЕУ-институции, историја, односи.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Македонка Радуловиќ подготвила интерни скрипти за работа по предметите на кои држела и вежби.

Во поглед на педагошките аспекти на наставната дејност д-р Македонка Радуловиќ со професионален однос и одговорност ги извршувала задолженијата што покажуваат позитивните резултати од спроведената анкета со студентите.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274 од 31 декември 2013 година), д-р Македонка Радуловиќ од наставно-образовната дејност остварила вкупно 35,07 поени и со тоа го надминала минималниот број поени (20) по овој основ за избор во сите наставно-научни звања.

3. **Научноистражувачка дејност**

Во поглед на научноистражувачката работа може да се констатира дека д-р Македонка Радуловиќ има ангажмани. Во рамките на научноистражувачката дејност, Радуловиќ објавила една позитивно рецензирана монографија под наслов: ‚*Традицијата во европските и македонските семејства*. Оваа монографија има аналитичко-истражувачки карактер и во неа предмет на обработка е семејството и местото на традицијата во него. Присуството на семејната традиција се разгледува низ неколку области, и тоа во доменот на професионалната ориентација, одржувањето на богатството и преку практикувањето на некои витални настани кои се случуваат во семејството.

Кандидатката д-р Македонка Радуловиќ зема активно учество во научно-стручни собири, чија цел е промоција на политиките за семејството, образовниeто, како и приближување на националните семејни политики кон трендовите во Европската унија. Врз основа на приложената документација, кандидатката има публикувано пет научноистражувачки трудова во меѓународни конференции и зборници, како и еден објавен во зборник на високообразовна институција,

Radulovic, Makedonka. 2014. „The Effectivnes of European Union Measures for Reconciliation of Work and Family Life” *Proceedings on Law and Politics,* ISBN 978-9941-0-6551-4, 10, 107-114, Istanbul, Turkey.

Почетните позиции, во овој труд, се семејството и професионалниот живот.

Основната цел е анализа на ефектите од мерките содржани во законодавството на ЕУ во однос на практикување и резултатите од усогласување на семејниот и професионалниот живот. Во трудот се претставени искуствата од развиените земји на ЕУ со изразена критичност во однос на практикувањето.

Радуловиќ, Македонка.. 2014. „Иднината на науката за семејството во Република Македонија" *Conference Proceedings, International Scientific Conference „The science and Social Development"* European University, Republic of Macedonia, ISBN 978-608-4574-62-0, Skopje, 2014

Во овој труд се актуализира прашањето за позицијата и иднината на изучувањето на семејството во рамките на науката за семејството, истакнувајќи ја сложеноста на семејството како институција.

Radulovic, Makedonka. 2014. „Protection of the right to health; as a part of human r ights in the republic of Macedonia” *Proceedings in 2nd International Global Virtual Conference (GV-CONF 2014) Public service, Law, 7-14 April 2014, University of Zilna,* Slovak Republic.

Трудот е базиран на фактот дека правото на човекот и неговата слобода се основа од која треба да се тргнува при донесувањето одлуки во сите сфери од општественото живеење. Во оваа група спаѓа и правото на здравје. Авторката во трудот ги претставува и ги анализира начините на кои се изразува правото на здравје. Во трудот се истакнува дека во остварувањето на ова право, нужна е активноста од многу институции. Во посебни делови се обработени востановената практика во Р.Македонија и онаа во Европската унија.

Radulovic, Makedonka. 2011. „Европската иднина како културен проект" *Зборник на трудови, Европски Универзитет,* Р. Македоника, Скопје, ISBN 1857-6117, Скопје.

Во овој труд, авторката дава историски преглед на развојот на европската култура. Во посебен дел ја претставува политиката на ЕУ во однос на културата и нејзиниот развој, како и регулативите во оваа сфера. Значајноста на оваа тема, Радуловиќ ја согледува во насока на активностите кои земјите-членки на ЕУ ги преземаат, во насока на градење на заедничка културна идентификација на ЕУ.

Радуловиќ, Македонка. 2009. ,,Концептот на јавно здравје“, *Зборник на трудови, Европски Универзитет,* Р. Македонија, Скопје, ISBN 1857-6117, Скопје.

Во овој труд е прикажан концептот на јавно здравје во Р. Македонија, квалитетот и квалитетот на услуги кои се нудат на граѓаните. Во трудот се презентирани емпириски сознанија од спроведено емпириско истражување за оцена на квалитетот на услугите во здравството во Р. Македонија.

Кандидатката има учествувано на домашни и меѓународни конференции, каде што имала усна презентација:

- *International Conference on Law and Politics,* Istanbul, Turkey
- *2nd International Global Virtual Conference (GV-CONF 2014) Public service, Law, University of Zilna, Slovak Republic.*

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Македонка Радуловиќ од научноистражувачката дејност остварила вкупно 54,0 поени и со тоа го надминала минималниот број поени (20) по овој основ за избор во сите наставно-научни звања

**4. Стручно-апликативна дејност**

Во стручно-апликативната дејност, Македонка Радуловиќ има приложено учество во апликативни истражувања, учество во процесот на евалуација на високообразовната институција, учество во промотивни активности на високо образовна институција, но и учество како гостин-предавач во јавни институции.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Македонка Радуловиќ од стручно-апликативната дејност остварила вкупно 16,5 поени и со тоа го надминала минималниот број поени (20) по овој основ за избор во сите наставно-научни звања.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**
**Кандидат: Македонка Ѓорѓија Радуловиќ**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филозофски факултет / Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од I циклус студии** | |
| 1 | Политички системи, зимски семестар 2007/2008 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 2 | Техники на кампања во односите со јавноста, зимски семестар 2007/2008 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 3 | Компаративни политички системи, летен семестар 2007/2008 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 4 | Менаџерско техники во односите со јавноста, летен семестар 2008/2009 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 5 | Политички системи, зимски семестар 2008/2009 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 6 | Локална самоуправа, локална управа, зимски семестар 2008/2009 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 7 | Компаративни политички системи, летен семестар 2008/2009 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 8 | Јавни информациони системи, летен семестар 2008/2009 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 9 | Политички системи, зимски семестар 2009/2010 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 10 | Локална самоуправа, локална управа, зимски семестар 2009/2010 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 11 | Компаративни политички системи, летен семестар 2009/2010 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 12 | Јавни информациони системи, летен семестар 2009/2010 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 13 | Политички системи, зимски семестар 2010/2011 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 14 | Локална самоуправа, локална управа, зимски семестар 2010/2011 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 15 | Компаративни политички системи, летен семестар 2010/2011 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 16 | Изборни системи, летен семестар 2010/2011 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 17 | Политички системи, зимски семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 18 | Локална самоуправа, локална управа, зимски семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 19 | Компаративни политички системи, летен семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Изборни системи, летен семестар 2011/2012 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 21 | Политички системи, зимски семестар 2012/2013 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 22 | Политички маркетинг, зимски семестар 2012/2013 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 23 | Современи политички системи, летен семестар 2012/2013 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 24 | Изборни системи, летен семестар 2012/2013 (2*15*0,03) | 0,9 |
| | **Одржување на настава од II циклус студии** | |
| 25 | Политички маркетинг во меѓународните односи, зимски семестар 2012/2013 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 26 | ЕУ- Историја, институции и односи, зимски семестар 2012/2013 (2*15*0,03) | 0,9 |
| 27 | Консултации со студенти, прв циклус, 2007/2008, 2008/2009. 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013 75 *0,002*6) | 0,9 |
| 28 | Подготовка за нов предмет (вежби):<br>техники на кампања во односите со јавноста, менаџерски техники на односите со јавноста, политички системи, локална самоуправа локална управа, современи политички систем, компаративни политички системи, политички маркетинг, избори и изборни системи, јавни информациски системи, политички маркетинг во меѓународните системи и ЕУ-институции, историја, односи (9*0,05) | 0,45 |
| 29 | Интерна скрипта вежби:<br>-Политички систем (1*2,4)<br>- Компаративни политички системи (1*2,7)<br>- Менаџерски техники во односите со јавноста (1*2,7)<br>- Локална самуправа и локална управа (1*2,7)<br>- Техники на кампања во односите со јавноста (1*2,7) | 6,32 |
| 30 | Пакет материјали за одреден предмет: Современи политички системи, Локална самоуправа, локална управа, Кампања во односите со јавноста, Политички маркетинг (4*1) | 4 |
| | **Вкупно** | **35,07** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Монографија<br>Радуловиќ. Македонка. 2014. *„Традицијата во европските и македонските семејства“, Култура,* Скопје (1*8) | 8 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Radulovic, Makedonka. 2014. „The Effectivnes of European Union Measures for Reconciliation of Work and Family Life” *Proceedings on Law and Politics,* ISBN 978-9941-0-6551-4, 10, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 107-114, Istanbul, Turkey (1*3) | |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Радуловиќ, Македонка.. 2014. „Иднината на науката за семејството во Република Македонија“ *Conference Proceedings, International Scientific Conference „The science and Social Development"* Europen University, Republic of Macedonia, ISBN 978-608-4574-62-0, Skopje, 2014 (1*3) | 3 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Radulovic, Makedonka. 2014. „Protection of the right to health; as a part of human rights in the republic of Macedonia” *Proceedings in 2nd International Global Virtual Conference (GV-CONF 2014) Public service, Law, 7-14 April 2014, University of Zilna, Slovak Republic,* (1*3) | 3 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Radulovic, Makedonka. 2011. „Европската иднина како културен проект“ *Зборник на трудови, Европски Универзитет,* Р. Македонија, Скопје, ISBN 1857-6117, Скопје (1*3) | 3 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>Радуловиќ, Македонка. 2009. „Концептот на јавно здравје“ *Зборник на трудови, Европски универзитет,* Р. Македонија, Скопје, ISBN 1857-6117, Скопје (1*3) | 3 |
| 7 | Труд објавен во зборник на трудови на В.О. институција<br>Радуловиќ, Македонка. 2008. „Македонија на патот кон европското здравство“, *Зборник на трудови, Прв приватен универзитет, Европски универзитет,* Р. Македонија, Скопје, ISSN 987-9989184-75-8 Скопје, 2008 (1*2) | 2 |
| 8 | Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација<br>- *International Conference on Law and Politics,* Istanbul, Turkey<br>- *2nd International Global Virtual Conference (GV-CONF 2014) Public service, Law, University of Zilna, Slovak Republic,* (2*1) | 2 |
| | **Вкупно** | **54,0** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности: | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | -учество во обработка на податоци и презентација на резултати при процесот на евалуација на високообразовни институции при Европскиот универзитет во Р. Македонија, УРМ, 4 години по ред (4*1) | |
| 2 | Студија:<br>- Квантитативна студија за состојбата со почитување на правата на пациентите во РМ-квантитативна анализа на 150 испитаници. Студија за мерење на индикатори кои влијаат на здравјето и правото на здравје во РМ, квантитативна анализа на 300 испитаници.<br>- Односите со јавноста во профитни и непрофитни организции и менаџерските техники во македонските организации, како учесник/соработник за потребите (Факултет за политички науки при Европскиот универзитет, Р. Македонија) (2*2) | 4 |
| | Учество во промотивни активности на факултетот<br>- промотивни активности на Факултетот за правни и политички науки во средните училишта низ Р. Македонија секоја година по ред;<br>- промотивни активности на Саемот за образование, исто така секоја година (2*0,5*6). | 6 |
| | Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри<br>- Студентска дебата на тема на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на тема: Европската унија и младите/модератор.<br>- Едукација и запознавање на учениците од средните училишта во РМ со европските вредности, во рамките на активностите од Европското движење на РМ (1*0,5) | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Изготвување и пријавување на научен /образовен национален проект<br>*Како соработник при ЕУРМ*:<br>-Балканска соработка - Медиумски паралели, Медиуми и избори и Младите и образованието (4*0,5) | 2 |
| | **Вкупно** | **16,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **35,07** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **54,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **16,5** |
| **Вкупно** | **105,57** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Аница Драговиќ, претседател, с.р.

2.Проф. д-р Зоран Матевски, член, с.р.

3. Проф. д-р Јован Пејковски, член, с.р.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Земајќи ги предвид претходно посочените квантитативни и квалитативни достигнувања на кандидатите, Комисијата заклучува дека кандидатите д-р Христина Игнатовска-Димитрова, д-р Даниел Павловски и д-р Зоран Вучев не ги исполнуваат критериумите за избор во звања од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година, член 11).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Христина Игнатовска-Димитрова по сите основи остварила вкупно 14,0 поени (минимален број на поени по сите основи е 80) и нема објавено најмалку четири научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, со што Комисијата констатира дека не се исполнети сите законски и други критериуми за избор во наставно-научно звање.

Согласно членот 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Димитар Павловски по сите основи остварил вкупно 25,3 поени (минимален број на поени по сите основи е 80) и има три труда објавени во меѓународни научни публикации со што не се исполнети сите законски и други критериуми за избор во наставно-научни звања.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Зоран Вучев по сите основи остварил вкупно 44,53 поени (минимален број на поени по сите основи е 80) и еден труд во списание од меѓународен карактер и еден објавен во зборник на трудови од меѓународна конференција, со што не се исполнети сите законски и други критериуми за избор во наставно-научно звање.

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274, од 31 декември 2013 година), д-р Македонка Радуловиќ по сите основи остварила вкупно 105,57 поени (минимален број на поени по сите основи е 80), со што го исполнува едниот критериум, а со фактот дека има објавено  пет научноистражувачки труда во меѓународни научни публикации, Комисијата констатира дека се исполнети сите законски и други критериуми

за избор во сите наставно-научни звања, а нејзиното образование и досегашните нејзини активности изразени во научноистражувачката дејност упатуваат дека д-р Македонка Радуловиќ работела во сферата на семејството и образованието во контекст на европските политики и ги исполнува условите за избор по научните области (дисциплини): семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството.

Со оглед на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, имаме особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, **кандидатката д-р Македонка Радуловиќ** да биде избрана во **звањето доцент** по научните области (дисциплини): **семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството.**

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Аница Драговиќ, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Зоран Матевски, член, с.р.

3. Проф. д-р Јован Пејковски, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЛЕКСИКОЛОГИЈА И ЛЕКСИКОГРАФИЈА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Во својство на Рецензентска комисија избрана од Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ на неговата LI седница одржана на 5. XI 2014 година, а по пријавата на д-р Олгица Додевска-Михајловска, виш научен соработник на проектот „Толковен речник на македонскиот јазик“, на конкурсот објавен во весникот „Вечер“ од 27 октомври 2014 година, бр. 15704 и во весникот „Коха“ (Коха) со истиот датум, бр. 2334, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Олгица Додевска-Михајловска е родена во Скопје на 12. VIII 1956 година, каде што го има оформено основното и средното образование. Во 1980 година дипломирала на Филолошкиот факултет на Групата за македонски јазик и историја на книжевностите на народите на СФРЈ, со среден успех 8,75. Во учебната 1981/82 се запишала на постдипломски студии од областа на македонскиот јазик. Испитите ги положила во предвидениот рок со просечен успех 9,5. Во 1996 го одбранила магистерскиот труд под наслов ***Јазикот во романите на Коле Чашуле***, а докторската дисертација под наслов ***Развојни тенденции во лексиката на македонскиот јазик во периодот од 1945 до 1970 година*** ја одбрани на 6 октомвги 2006.

Во Институтот за македонски јазик д-р Олгица Додевска-Михајловска работи од 1982 година како асистент во Одделението за лексикологија и лексикографија, каде што е ангажирана на ексцерпција на лексички материјал од уметничка и преводна литература за пополнување на картотеките на *Толковниот речник на македонскиот јазик* и *Картотеката на народната поезија,* како и на обработка на лексички единици од буквата **П** за *Речникот на народната поезија*. Во 1982 година користела тримесечен студиски престој во НР Полска.

Во ноември 1992 година д-р Олгица Додевска-Михајловска е распределена на проектот *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи*. Нејзиниот ангажман на проектот започнува со ексцерпција на глаголи, како и со уазбучување, вметнување и комплетно средување на картотеката. Досега ексцерпирала 3.650 страници, одбележала 4.250 контексти и вметнала и картотекирала 71.000 единици.

По одбраната на магистерскиот труд, Олгица Додевска-Михајловска е избрана во звањето асистент и е вклучена во обработката на глаголите за *Интенцијално-синтаксичкиот речник на македонските глаголи* и обработила 113 речнички статии од буквата **С** од *спастри* до *сџрви се*. Овој материјал е објавен во том V од Речникот, Р–С, ИМЈ, 2001 год. Во том VI Т–Ш, ИМЈ, 2001, Огица Додевска-Михајловска ги обработила буквите **Ќ** - 2 речнички статии; **Ф** - 31 речничка статија, **Х** - 11 речнички статии, **Ц** - 43 речнички статии и **Ч** - 33 речнички статии. Резултатите од нејзината работа на проектот покажуваат дека

таа успешно се вклучи во обработката на глаголите. Нејзиниот материјал секогаш е изработен на многу високо ниво, така што речиси и не подлежи на корекции. За проектот *Интенцијално-синтаксичкиот речник на македонските глаголи*, проект највисоко оценет во лингвистичката јавност особено во странство, Олгица Додевска-Михајловска изработила вкупно 233 речнички статии.

Од 2001 година, таа е ангажирана на проектот ***Толковен речник на македонскиот јазик***, каде што ги поминала сите фази на обработка. Автор е на материјалот од буквите **Б** (*без* - *блостур* - 683 речнички статии) од првиот том на Речникот, **S** - 74 речнички статии; **И** (*и* - *идолопоклонство* - 83 речнички статии), **П** (*п* - *платец*; *при* - *призвук; примес* - *пристаништен*, вкупно 150 страници, односно 1540 заглавни лексички единици објавени во за четвртиот том); **С** - 96 страници или 1124 заглавни лексички единици; **Т** - *тетратка* - *тушира*, 85 страници, односно 1115 речнички статии. Вкупно 3869 речнички статии или околу 7000 обработени лексеми.

Од 2010 година наваму, со делумен ангажман, Додевска-Михајловска е вклучена и на проектот *Семантичко-деривациски речник на деминутивите, хипокористиците, аугментативите и пејоративите во македонскиот јазик*, со ексцерпција на деминутиви, хипокористици, аугментативи и пејоративи од *Речникот на македонската народна поезија* и од јазикот на уметничката литература во периодот од 1945 до 1970 година (избор од литературни дела), и анализа на тенденциите во семантичко-деривацискиот развој на македонскиот стандарден јазик, морфолошка анализа на именките со субјективна оценка во македонскиот јазик), под раководство на главниот истражувач в. н. сор. д-р Елена Јованова-Грујовска.

Во текот на 2011 година, под нејзино раководство се реализира дел од првата фаза на проектот *Дигитализација на картотеката на македонската народна проза (Изработка на индекс на зборови, А-Д)*.

Во рамките на постдипломските студии *Македонистика со комуникологија*, организирани во Институтот за македонски јазик, Олгица Додевска-Михајловска е вклучена во настава на предметите: *лексикологија и лексикографија* (задолжителен предмет) и *зборообразување*, *споредбено зборообразување на словенските јазици*, *терминологија* (изборни предмети).

Треба особено да се истакне работата на д-р Олгица Додевска-Михајловска врз работата на проектите во кои досега била вклучена: *Речник на македонската народна поезија* (под раководство на главниот истражувач н. сов. Тодор Димитровски); *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи* (под раководство на главниот истражувач н. сов. д-р Снежана Велковска); *Толковен речник на македонскиот јазик* (под раководство на главниот истражувач н. сов. д-р Снежана Велковска) и *Семантичко-деривациски речник на деминутивите, хипокористиците, аугментативите и пејоративите во македонскиот јазик* (под раководство на главниот истражувач в. н. сор. д-р Елена Јованова-Грујовска.). Нејзината посветеност на главната институтска работа, а тоа е работата на проектите чиј носител и реализатор е Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ е нејзина главна преокупација. Таа најсовесно и најодговорно им пристапува на поставените задачи во рамките на проектите и секогаш ги става на прво место, пред индивидуалната работа и пред сите други активности. Импозантниот број на речнички статии, бројот на страници на сите

проекти е повеќе од една или две монографии кои би ги напишала доколку не се занимавала со работата на проектите. Всушност, тоа треба да го прави секој научен работник, тоа е зацртано во нашите основни акти. Д-р Олгица Додевска-Михајловска е оспособена за самостојна научна работа, што го потврдува пред сè работата на научноистражувачките проекти во кои била, во кои е вклучена и кои ги работи индивидуално, а се рефлектира преку нејзините настапи на многубројните научни конференции, домашни и меѓународни.

Покрај работата на споменатите проекти, д-р Олгица Додевска-Михајловска напишала две монографии, првата (*Зборообразувачки особености во романите на Коле Чашуле,* објавена во сп. Македонистика бр. 7, ИМЈ 2000 година), а втората *Развојни тенденции во лексиката на македонскиот јазик 1945-1970*, стр. 377 (рецензиран труд за печат).

Во трудовите на Ол. Додевска-Михајловска преовладува интересот за лексичко-стилистичката проблематика. Се разбира, Коле Чашуле останува во сферата на интересирање со статиите *За развојните тенденции во лексичкото заемање врз примери од литературните текстови на Коле Чашуле*; *Кон особеностите на јазичниот израз во романите на Коле Чашуле*; *За една синтаксичка особеност во јазикот на Коле Чашуле*. Јазикот на народната поезија, проект на кој работела О. Додевска-Михајловска е инспирација за статијата *Лексичките и стилските особености во јазикот на народната поезија на македонските иселеници во Р. Турција*, потоа *Јазиците во контакт врз еден пример од развојот на македонската лексика*. Интернационалната лексика ја разгледува контрастивно со украинскиот јазик во статијата *Интернационалните лексички елементи во македонскиот и украинскиот јазик*. На парадигматските лексички односи се однесуваат следниве трудови: *Синонимните односи – карактеристика на развојот на стандардно- јазичната лексика* и *Хомонимите во македонскиот стандарден јазик*.

Интересот кон нормата на македонскиот литературен јазик, како и на неговите развојни тенденции е тема на повеќе нејзини настапи на научните собири и конференции од кои произлегле забележителни трудови: *Од речнички заемки до интернационалната (културната) лексика во македонскиот јазик; Називите за производите од месо во македонскиот јазик; Улогата на термините во развојот на македонската лексика; За некои тенденции во развојот на лексичко-семантичкиот систем на македонскиот јазик; Влијанието на општествените промени врз македонската лексика; Улогата на општествените промени во развојот на лексиката на македонскиот јазик; За развојните тенденции во лексиката на македонскиот јазик во периодот 1945-1970; Јазиците во контакт врз еден пример од развојот на македонската лексика; Народните називи на растенија од ономазиолошки аспект; За лексиката во процесот на усвојување и стабилизација; Речникот на македонскиот јазик - значајна придобивка на македонската научна мисла; Лексичко-семантичките групи именки со погрдно значење во развојот на македонската стандарднојазична лексика; Српскохрватскиот јазик – посредник во лексичкото заемање на македонскиот јазик (1945–1955); Двокомпонентните фитоними во народната медицина; Блаже Конески и развојот на стандарднојазичната лексика*; *Лексикографскиот пристап кон прашањето на (полу)сложенките во македонскиот јазик.*

Фразеологијата е една од областите на кои д-р Ол. Додевска-Михајловска им посветува особено внимание. На оваа проблематика се задржува во трудовите: *За варијантноста на фразеологизмите; За некои фразеолошки паралели во македонскиот и албанскиот јазик; Биелементните фразеологизми со симетрични структури во македонскиот јазик*, *Фразеологијата во кумановскиот говор* (коавторство со Светлана Давкова-Ѓоргиева), *Фразеологијата во романот „Крпен живот“ на Стале Попов*. Освен тоа таа се јавува и како рецензент на еден монографски труд од областа на фразеологијата.

Д-р Ол. Додевска-Михајловска учествувала на сите научни собири во рамките на манифестацијата *Денови на Бл. Корубин*, потоа неколкупати на научната конференција при Меѓународниот семинар во Охрид, на меѓународните научни собири во Институтот за македонски јазик по повод значајни годишнини: *Македонски јазик - минато, сегашност, иднина* (16-17 октомври 2003) и *Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици* (21–22 ноември 2013, Скопје), и, секако, на други меѓународни конференции: Македонско-украинската конференција, *Украинско-македонски паралели во историјата и во современоста*, МАНУ, Битола, 18-19 септември 2007; XVII меѓународен симпозиум за балкански фолклор, *Македонскиот јазик на иселениците од Македонија во европските и прекуокеанските земји (пленарна тема)*, Охрид, 6-9 октомври 2008; Меѓународен научен симпозиум, *Блаже Конески и македонскиот јазик, литературе и култура*, Скопје, 15-16 декември 2011; IV македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Македонска асоцијација за историја на медицината – Штип, 18–19 април 2013, Скопје; Меѓународен научен собир: *Конзулска Битола и историските, современите, научните, културните и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија*, Конзулат на Р. Србија во Република Македонија – Битола, 31 мај и 1 јуни 2013, Битола; Меѓународен научен собир *Лексикологијата и лексикографијата – мостови меѓу јазиците*, Денови на Благоја Корубин, 28 февруари – 3 март 2014, Битола.

Д-р Ол. Додевска-Михајловска е член и секретар на редакцијата на списанието *Македонски јазик*, орган на Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од 2003 до 2013 (10 броја на списанието). Била член на редакциските одбори на научните собири од манифестацијата *Денови на Благоја Корубин* и тоа: *Македонскиот глагол - синхронија и дијахронија; Македонската лексикологија и лексикографија*; *Македонскиот јазик во јавното општење*; *Културата и јазикот*; *Македонскиот јазик - минато, сегашност, иднина*; *Балкански јазичен светоглед*; *Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик*; *Јазикот и идентитетот*; *Современи лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик*; *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата.*

Покрај членството во организациските одбори на научните собири што веќе ги споменавме, д-р Ол. Додевска-Михајловска била член и на организацискиот одбор по повод одбележувањето на 50-годишнината и на 60-годишнината од основањето на Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", како и член на Координативното тело на Лингвистичкиот кружок во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков".

Д-р Ол. Додевска-Михајловска е рецензент на книгите *Македонската фразеологија со мал фразеолошки речник* од Снежана Велковска, „БПТ-Принт",Скопје 2008, *Студии од македонската лексикологија и лексикографија* од Снежана Велковска, ИМЈ, Посебни изданија кн. 71, 2011, а била член во неколку рецензентски комисии за избор во звање. Таа е рецензент на статии од областа на јазикот за Меѓународно списание *Филолошки студии*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје 2014.

Д-р Ол. Додевска-Михајловска ги промовирала следните книги:

1. *Функционалните стилови во македонскиот јазик*, Зборник на трудови од 10 научен собир, 14 книга од едицијата *Јазикот наш денешен* (редактор: Снежана Велковска), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје 2007.
2. Круме Кепески, *Од нашиот реч*ник, од едицијата *Јазикот наш денешен кн. 15* (редактор: Снежана Велковска), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје 2007.
3. Снежана Велковска, *Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник*, „БПТ-Принт", Скопје 2008.

Учествувала во приредувањето на книгите:

1. Благоја Корубин, *Јазикот наш денешен, книга петта* (лексика, стр. 109-205), кн. 1 од едицијата „Јазикот наш денешен" (редактор: Снежана Велковска), Скопје 2000.
2. Благоја Корубин, *Јазикот наш денешен, книга шеста* (лексика и зборообразување, стр. 109-205), кн. 5 од едицијата „Јазикот наш денешен" (редактор: Снежана Велковска), Скопје 2001.

Д-р Ол. Додевска-Михајловска учествувала во четири ТВ-емисии по повод излегувањето од печат на секој од четирите тома на *Толковниот речник на македонскиот јазик;* во емисијата по повод објавувањето на книгата *Македонската фразеологија со мал фразеолошки речник* од д-р Снежана Велковска, а подготвени од редакцијата на научната програма на МТВ; јазична редакција на неколку прилози од програмскиот проект на МТВ *Лексикомани* во текот на 2009 и 2010 година. Потоа, активно учествувала во рубриката Цртички за јазикот со четири прилози (Неделен забавник за млади „Наш свет" 1989/90); а се јавила и со свое видување за работата на Сојузот на друштвата за македонски јазик: *Неколку убави манифестации на дејноста на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на СР Македонија*, Просветен работник, XXXVI, 699-700, Скопје 15. 6. 1989, стр. 13.

Ол. Додевска-Михајловска напишала и неколку прикази, и тоа: *Прилог кон афирмацијата на македонскиот збор* (Д-р Снежана Велковска, Цртички за јазикот, Моби Арт, Скопје 1995, 128 стр.) Литературен збор, 1995, 5-6 стр.; Снежана Велковска*, Изразување на резултативноста во македонскиот стандарден*

*јазик,* Институт за македонски јазик, Скопје 1998, стр. 194; Македонски јазик LI–LII, Скопје 2001, 238-241.; *Нова книга од областа на зборообразувањето* (С. Велева, *Зборообразувањето во поезијата на Гане Тодоровски*, Менора, Скопје 2004), Македонски јазик LVII (2005); *Нов монографски труд за зборообразувањето*, Македонски јазик, LVII (2006), Институт за македонски јазик, Скопје 2007, 261-264; *Функционалните стилови во македонскиот јазик*, Зборник на трудови од 10. Научен собир, 14. книга од едицијата *Јазикот наш денешен*, Македонски јазик LVIII (2007-2008), Институт за македонски јазик, Скопје 2008, 275-283; *Трагање по убавиот македонски збор* (Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник од Снежана Велковска), Македонски јазик, (2009), 295-303 (во коавторство со Снежана Веновска-Антевска). Тука ќе ги споменеме и хрониките: *Едногодишна работа на Лингвистичкиот кружок при Институтот за македонски јазик*, Македонски јазик LIV–LV (2003-2004), Институт за македонски јазик, Скопје 2004, 291-294; *Научен собир: Македонскиот јазик, минато-сегашност-иднина*, Македонски јазик LIV–LV (2003-2004), Институт за македонски јазик, Скопје 2004, 279-283; *Кон 60-годишнината од раѓањето на д-р Снежана Велковска, научен советник во Институтот за македонски јазик*, Македонски јазик LXV (2014), Институт за македонски јазик, Скопје 2014, 29-36 (коавторство со Снежана Веновска-Антевска); *Лексикологијата и лексикографијата- мостови меѓу јазиците (прв Меѓународен научен собер во рамките на традиционалната манифестација „Денови на Блага Корубин“)*, Македонски јазик LXV (2014), Институт за македонски јазик, Скопје 2014, 443-446.

Ол. Додевска-Михајловска пројавува видна општествена активност. Во два мандата била член на Советот на ИМЈ (2000-2008), а во периодот септември 2013 – април 2014 била член, а во тој период и претседател на Советот на ИМЈ. Учествувала во изработката на повеќе правилници за работата на ИМЈ.

Ол. Додевска-Михајловска е член на Извршниот одбор на Здружението на лекторите на Република Македонија (2010-2014).

Со целокупното свое досегашно работење на проектите на кои била ангажирана, работата на магистерската и на докторската дисертација покажуваат дека д-р Олгица Додевска-Михајловска е изграден научен работник кој умее да работи самостојно, аналитички да ги проследува аргументите и на едно високо професионално ниво да донесува соодветни, така да се рече, пошироко прифатливи заклучоци. Нејзината посветеност на проблематиката доведува до конкретни резултати, така што многу често нејзината работа не подлежи на корекции. Паѓа во очи упорноста на кандидатката преку сите премрежиња да дојде до посакуваната цел.

Со задоволство можеме да констатираме дека во ликот на д-р Олгица Додевска-Михајловска имаме солиден научен работник, подготвен за предизвиците на професијата. Веруваме дека констатацијата дека Ол. Додевска-Михајловска е еден од оние научни работници на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од кои се очекуваат капитални трудови за македонскиот јазик не е пресилна, туку е сосема оправдана и очекувана.

Оценувајќи ја целокупната досегашна активност на кандидатката на стручно-научен план, можеме да констатираме дека д-р О. Додевска-Михајловска се докажува како солиден научен работник. Упатена е во методологијата на работа

пошироко во лингвистиката, а особено во работата на проектите на кои била и во моментов е ангажирана. Нејзината извонредна темелност во работата и досега покажаните резултати се гарант дека ќе ги оправда очекувањата. Поради тоа, со задоволство му предлагаме на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ да ја избере д-р Олгица Додевска-Михајловска во звањето научен советник.

Рецензенти

Н. сов. д-р Снежана Велковска   с.р.

Проф. д-р Живко Цветковски   с.р.

Н. сов. д-р Снежана Веновска-Антевска   с.р.

# ОДРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНАТА АКТИВА НА ПОЕНИ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

| | |
|---|---|
| I. Објавени трудови | |
| Монографии: | |
| Прегледан труд: | |
| Лексикографски трудови од научно-истражувачките проекти во ИМЈ: | |
| *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи,* том V (Р-С), редактор: С. Велковска, Институт за македонски јазик, Скопје 2001, 368-448. | 6 |
| *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи,* том VI (Т-Ш), редактор: С. Велковска, Институт за македонски јазик, Скопје 2001, 117-189. | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик,* том I (А-Ж), редакција: С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, Институт за македонски јазик, Скопје 2003, 101-154. | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик,* том II (З-К), редакција: С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, Институт за македонски јазик, Скопје 2005, 230-249. | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик*, том IV (П), редакција: С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, Институт за македонски јазик, Скопје 2008, 7-104; 539-554; 568-587. | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик*, том V (Р-С), редакција: С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, Институт за македонски јазик, Скопје 2011, 485-571; 613-623. | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик*, том VI (Т-Ш), редакција: С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, Институт за македонски јазик, Скопје 2014, 6-145. | 6 |
| Статии во списанија и зборници: | |
| *Повторувањата во јазичните единици во „Белата Долина" од Симон Дракул,* Зборник на трудови од Научниот собир *Македонскиот јазик од Мисирков до денес, 16-17* декември 1993, Институт за македонски јазик, Скопје, 321-326. | 2 |
| *Графостилемски примери од романескната проза на Коле Чашуле,* Литературен збор, 1996, 3-4, Скопје 1997, 55-69. | 2 |
| *Јазично-стилска анализа на* ***Свадбарска песна***, ЛЗб, 1997, 4-6, стр. 7-11. | 2 |
| *„Од речнички заемки до интернационалната (културната) лексика во македонскиот јазик“,* Литературен збор, 1997, 1-2, Скопје 1998, 99-104. | 2 |
| *За развојните тенденции во лексичкото заемање врз примери од литературните текстови на КолеЧашуле,* Прилози од студискиот ден посветен на Благоја Корубин, *Јазикот наш денешен кн. 2 (*редактор: Снежана Велковска), Скопје 2000, 7-13. | 2 |
| *Зборообразувачки особености во романите на Коле Чашуле,* Македонистика 7, Институт за македонски јазик, Скопје 2000, 5-103. | 6 |
| *Називите за производите од месо во македонскиот јазик,* Зборник на трудови од Научниот собир: Јазикот во јавното општење, *Јазикот наш денешен кн. 3 (*редактор: Снежана Велковска), Скопје 2000, 289-295 (коавторство со С. Давкова-Георѓиева). | 1 |
| *Улогата на термините во развојот на македонската лексика,* Зборник на трудови од Научниот собир: Македонскиот глагол - синхронија и дијахронија, *Јазикот наш денешен кн. 4 (*редактор: СнежанаВелковска), Скопје 2000, 112-121. | 2 |
| *Интересот на Тодор Димитровски за македонската лексичка проблематика,* Зборник на трудови од Научниот собир: Македонската лексикологија и лексикографија, *Јазикот наш денешен кн. 6 (*редактор: Снежана Велковска), Скопје 2000, 68-74. | 2 |
| *За некои тенденции во развојот на лексичко-семантичкиот систем на македонскиот јазик*, XXVIII научна конференција на XXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 13-15 август 2001, Скопје 2001, 111-120. | 3 |
| *Влијанието на општествените промени врз македонската лексика*, Македонски социолингвистички и филолошки теми, Совет за македонски јазик на Република | 2 |

| | |
|---|---|
| Македонија, Скопје 2002, 93-99. | |
| *Улогата на општествените промени во развојот на лексиката на македонскиот јазик,* Зборник на трудови од собирот: Општествените промени и јазикот, Скопје 13 март 2003, *Јазикот наш денешен кн. 10 (*редактор: Снежана Велковска), Скопје 2004, 65-72. | 2 |
| *За развојните тенденции во лексиката на македонскиот јазик во периодот 1945-1970,* Македонски јазик, LVII( 2006), Институт за македонски јазик, Скопје 2007, 183-190. | 6 |
| *Кон особеностите на јазичниот израз во романите на Коле Чашуле,* XXXIII научна конференција на XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 28-29 август 2006, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2007, 73-81. | 3 |
| *Интернационалните лексички елементи во македонскиот и украинскиот јазик,* Українсько-македонський збірник, Випуск 3, Национальна академія наук України, Київ 2008. | 3 |
| *Јазиците во контакт врз еден пример од развојот на македонската лексика,* Зборник на трудови од Научниот собир: Јазиците во контакт некогаш и денес, Скопје 4-5 април 2007, *Јазикот наш денешен кн. 16 (*редактор: Снежана Велковска), Институт за македонски јазик, Скопје 2008, 65-72. | 2 |
| *За варијантноста на фразеологизмите,* Македонски јазик LVIII- LIX (2007-2008), Институт за македонски јазик, Скопје 2008, 83-91. | 6 |
| *Народните називи на растенија од ономазиолошки аспект,* Зборник на трудови од Научниот собир: Јазикот и културата, Скопје 3-4 април 2008, *Јазикот наш денешен кн. 17 (*редактор: Снежана Велковска), Институт за македонски јазик, Скопје 2009, 131-137. | 2 |
| *За лексиката во процесот на усвојување и стабилизација,* Зборник на трудови од Научниот собир: *Македонскиот јазик, минато - сегашност - иднина,* Институт за македонски јазик, Скопје 2008, 113-119. | 2 |
| *Лексичките и стилските особености во јазикот на народната поезија на македонските иселеници во Р. Турција,* Охрид 6-9 октомври 2008, Македонски фолклор, XXXIV, бр. 66, Институт за фолклор „МаркоЦепенков“, Скопје 2008, 35-43. | 3 |
| *За некои фразеолошки паралели во македонскиот и албанскиот јазик,* Зборник на трудови од Научниот собир: Балкански јазичен светоглед, Скопје 15-16 април 2009, *Јазикот наш денешен кн. 18 (*редактор: Снежана Велковска), Институт за македонски јазик, 121-127. | 2 |
| *Синонимните односи – карактеристика на развојот на стандарднојазичната лексика,* XXXVI научна конференција на XLII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 24-25 август 2009, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2009, 59-68. | 3 |
| *Хомонимите во македонскиот стандарден јазик,* Зборник во чест на проф. д-р Кирил Конески по повод 80 години од раѓањето, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2009, 49-63. | 2 |
| *За една синтаксичка особеност во јазикот на Коле Чашуле,* Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод години од раѓањето, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2009, 125-135. | 2 |
| *Речникот на македонскиот јазик – значајна придобивка на македонската научна мисла,* Зборник од Научниот собир по повод 90 години од раѓањето на Благоја Корубин: *Современите лингвистички истражувања во македонистиката и Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик, одржан на 11-12 мај 2011 год.,* Јазикот наш денешен кн. 21, Институт за македонски јазик, Скопје 2012, 17-23. | 2 |
| *Биелементните фразеологизми со симетрични структури во македонскиот јазик, Македонски јазик (*LXIII), Институт за македонски јазик, Скопје 2012, 131-143. | 6 |

| | |
|---|---|
| *Лексичко-семантичките групи именки со погрдно значење во развојот на македонската стандарднојазична лексика,* Зборник на трудови од Научниот собир: *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата,* Институт за македонски јазик, 10-11 мај 2012, Скопје, Јазикот наш денешен кн. 22, Скопје 2013, 37-47. | 2 |
| *Српскохрватскиот јазик – посредник во лексичкото заемање на македонскиот јазик (1945-1955),* Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир: *Конзулска Битола и историските современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р Македонија и Р Србија,* Конзулат на Р. Србија во Република Македонија - Битола, 31 мај и 1 јуни 2013, Битола 2014, 321-329. | 3 |
| *Прилог кон афирмацијата на македонскиот збор (*Д-р Снежана Велковска, Цртички за јазикот, Моби Арт, Скопје 1995, 128 стр.), Литературен збор, 1995, 5-6. | 1 |
| *Снежана Велковска, Изразување на резултативноста во македонскиот стандарден јазик, Институт за македонски јазик,* Скопје 1998, стр. 194, Македонски јазик LI-LII, Скопје, 2001, 238-241. | 1 |
| *Нова книга од областа на зборообразувањето (*С. Велева, *Зборообразувањето во поезијата на Гане Тодоровски,* Менора, Скопје 2004), Македонски јазик LVII (2005). | 1 |
| *Нов монографски труд за зборообразувањето,* Македонски јазик LVII, (2006), Институт за македонски јазик, Скопје 2007, 261-264. | 1 |
| *Функционалните стилови во македонскиот јазик,* Зборник на трудови од 10 научен собир, 14 книга од едицијата *Јазикот наш денешен,* Македонски јазик LVIII (2007-2008), Институт за македонски јазик, Скопје 2008, 275-283. | 1 |
| *Трагање по убавиот македонски збор* (Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник од Снежана Велковска), Македонски јазик, (2009), 295-303 (коавторство со Снежана Веновска-Антевска). | 0,5 |
| *Едногодишна работа на Лингвистичкиот кружок при Институтот за македонски јазик,* Македонски јазик LIV-LV (2003-2004), Институт за македонски јазик, Скопје 2004, 291-294. | 1 |
| *Научен собир: Македонскиот јазик, минато - сегашност - иднина,* Македонски јазик LIV-LV (2003-2004), Институт за македонски јазик, Скопје 2004, 279-283. | 1 |
| *Кон 60-годишнината од раѓањето на д-р Снежана Велковска, научен советник во Институтот за македонски јазик*, Македонски јазик LXV (2014), Институт за македонски јазик, Скопје 2014, 29-36 (коавторство со Снежана Веновска-Антевска). | 0,5 |
| *Лексикологијата и лексикографијата – мостови меѓу јазиците (прв Меѓународен научен собир во рамките на традиционалната манифестација Денови на Блаѓоја Корубин*), Македонски јазик LXV (2014), Институт за македонски јазик, Скопје 2014, 443-446. | 1 |
| II. Учество на проекти | |
| *Толковен речник на македонскиот јазик* (ексцерпција на контексти од уметничката литература, испишување на заглавни зборови, уазбучување и картотекирање), под раководство на н. сов. Тодор Димитровски; | 6 |
| *Речник на македонската народна поезија* (делумна ексцерпција на контексти од понови збирки на народна поезија за потребите на лексикографската обработка, испишување на заглавни зборови, уазбучување, картотекирање и обработка на материјал од буквата П), под раководство на н. сов. Тодор Димитровски; | 6 |
| *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи*, том V (Р-С) глаголи, под раководство на главниот истражувач н. сов. д-р Снежана Велковска; | 6 |
| *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи* том VI (Т-Ш) под раководство на главниот истражувач н.сов. д-р Снежана Велковска. | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик,* том I (А-Ж), под раководство на главниот истражувач н.сов. д-р Снежана Велковска; | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик,* том II (З-К), под раководство на главниот истражувач н.сов. д-р Снежана Велковска; | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик,* том IV (П), под раководство на главниот | 6 |

| | |
|---|---|
| истражувач н.сов. д-р Снежана Велковска; | |
| *Толковен речник на македонскиот јазик,* том V (Р-С), под раководство на главниот истражувач н.сов. д-р Снежана Велковска; | 6 |
| *Толковен речник на македонскиот јазик,* том VI (Т-Ш), под раководство на главниот истражувач н.сов. д-р Снежана Велковска. | 6 |
| *Семантичко-деривациски речник на деминутивите, хипокористиците, аугментативите и пејоративите во македонскиот јазик* (ексцерпција на деминутиви, хипокористици, аугментативи и пејоративи од Речникот на македонската народна поезија и од јазикот на уметничката литература во периодот од 1945 до 1970 година (избор од литературни дела), и анализа на тенденциите во семантичко-деривацискиот развој на македонскиот стандарден јазик, морфолошка анализа на именките со субјективна оценка во македонскиот јазик), под раководство на главниот истражувач в.н.сор. д-р Елена Јованова-Грујовска. | 3 |
| *Дигитализација на картотеката на македонската народна проза (Изработка на индекс на зборови, А- Д),* раководител: Олгица Додевска-Михајловска. | 4 |
| III. Дисертации | |
| *Јазикот во романите на Коле Чашуле* (магистерска тема). | 5 |
| *Развојни тенденции во лексиката на македонскиот јазик 1945-1970* (докторска дисертација). | 8 |
| IV. Учество на научни собири и научни конференции | |
| *За некои тенденции во развојот на лексичко-семантичкиот систем на македонскиот јазик,* XXVIII научна конференција на XXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 13-15 август 2001, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје. | 3 |
| *Кон особеностите на јазичниот израз во романите на Коле Чашуле,* XXXIII научна конференција на XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 28-29 август 2006, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје. | 3 |
| *Интернационалните лексички елементи во македонскиот и украинскиот јазик*, Македонско-украинска научна конференција, *Украинско-македонски паралели во историјата и во* современоста, Македонска академија на науките и уметностите – Скопје, Национална академија на науките и уметностите – Киев, Битола, 18-19 септември 2007. | 3 |
| *Лексичките и стилските особености во јазикот на народната поезија на македонските иселеници во Р. Турција* (пленарна тема), Меѓународен симпозиум: XVII меѓународен симпозиум за балкански фолклор, *Македонскиот јазик на иселениците од Македонија во европските и прекуокеанските земји*, Охрид 6-9 октомври 2008. | 5 |
| *Синонимните односи – карактеристика на развојот на стандардnojазичната лексика*, XXXVI научна конференција на XLII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 24-25 август 2009, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ –Скопје. | 3 |
| *Блаже Конески и развојот на стандарднојазичната лексика*, Меѓународен научен симпозиум, *Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура*, Скопје, 15-16 декември 2011. | 3 |
| *Двокомпонентните фитоними во народната медицина*, IV македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Македонска асоцијација за историја на медицината – Штип, 18–19 април, Скопје 2013. | 3 |
| *Српскохрватскиот јазик – посредник во лексичкото заемање на македонскиот јазик (1945-1955)*, Меѓународен научен собир: *Конзулска Битола и историските, современите, научните, културните и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија*, Конзулат на Р. Србија во Република Македонија – Битола, 31 мај и 1 јуни 2013, Битола. | 3 |
| *Фразеологијата во кумановскиот говор* (коавторство со Светлана Давкова-Ѓоргиева), Меѓународна научна конференција: *Македонистиката меѓу* | 3 |

| | |
|---|---|
| *традицијата и современите предизвици*, Институт за македонски јазик, 21–22 ноември 2013, Скопје. | |
| *Фразеологијата во романот „Крпен живот“ на Стале Попов*, Меѓународна научна конференција: *Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици*, Институт за македонски јазик, 21–22 ноември 2013, Скопје. | 3 |
| *Лексикографскиот пристап кон прашањето на (полу)сложенките во македонскиот јазик*, Меѓународен научен собир: *Лексикологијата и лексикографијата – мостови меѓу јазиците*, Денови на Благоја Корубин, 28 февруари – 3 март 2014, Битола. | 3 |
| *Повторувањата во јазичните единици во „Белата Долина“ од Симон Дракул*, Научен собир: *Македонскиот јазик од Мисирков до денес*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 16-17 декември 1993. | 2 |
| *Називите за производите од месо во македонскиот јазик*, Научен собир: *Македонскиот јазик во јавното општење*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 18-19 февруари 1999. | 2 |
| *Улогата на термините во развојот на глаголската лексика* Научен собир: *Македонскиот глагол - синхронија и дијахронија*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1-2 март 2000. | 2 |
| *Интересот на Тодор Димитровски за македонската лексичка проблематика*, Научен собир: *Македонската лексикологија и лексикографија*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 15-16 март 2001. | 2 |
| *Улогата на општествените промени во развојот на лексиката на македонскиот јазик*, Научен собир: *Општествените промени и јазикот*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 13 март 2003 год. | 2 |
| *За лексиката во процесот на усвојување и стабилизација*, Научен собир: *Македонскиот јазик - минато, сегашност, иднина*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 16-17 октомври 2003. | 2 |
| *Јазиците во контакт врз еден пример од развојот на македонската лексика*, Научен собир: *Јазиците во контакт некогаш и денес*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 4-5 април 2007. | 2 |
| *Народните називи на растенија од ономазиолошки аспект*, Научен собир: *Културата и јазикот*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 3-4 април 2008. | 2 |
| *За некои фразеолошки паралели во македонскиот и албанскиот јазик*, Научен собир: *Балкански јазичен светоглед*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 3-4 април 2009. | 2 |
| *Речникот на македонскиот јазик - значајна придобивка на македонската научна мисла*, Научен собир по повод 90 години од раѓањето на Благоја Корубин: *Современите лингвистички истражувања во македонистиката* и *Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 11-12 мај 2011. | 2 |
| *Лексичко-семантичките групи именки со погрдно значење во развојот на македонската стандарднојазична лексика*, Зборник на трудови од Научниот собир: *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 10-11 мај 2012. | 2 |
| *Категориите време и простор во македонската фразеологија*, Научен собир: *Значењето низ времето и просторот*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 22–23 мај 2013. | 2 |
| Студиски ден посветен на научниот советник Тодор Димитровски, 30 ноември 2010, Институт за македонски јазик, Скопје. | 2 |
| *Именките со субјективна оценка во сферата на лексичката експресија (дијахрониски аспекти)*, Јазична работилница: *Лексиката со субјективна оценка во македонскиот јазик*, 3 април 2012, Институт за македонски јазик, Скопје. | 1 |

| | |
|---|---|
| Јазична работилница: *Анализа на лексикографската обработка на Толковниот речник на македонскиот јазик* (работна активност на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик*), 25-29 октомври 2013, Крушево. | 1 |
| Јазична работилница: *Морфолошка структура на именките со емоционална оценка* (работна активност на проектот *Семантичко-деривациски речник на деминутивите, хипокористиците, аугментативите и пејоративите во македонскиот јазик*), 16 декември 2013, Велес. | 1 |
| V. Учество во редакциски одбори и рецензентски комисии | |
| Член и секретар на редакцијата на списанието *Македонски јазик* и заменик на главниот уредник: | 2 |
| *Македонски јазик* (LIV) 2003 | 2 |
| *Македонски јазик* (LV) 2004 | 2 |
| *Македонски јазик* (LVI) 2005 | 2 |
| *Македонски јазик* (LVII) 2006 | 2 |
| *Македонски јазик* (LVIII- LIX) 2007-2008 | 2 |
| *Македонски јазик* (LX) 2009 | 2 |
| *Македонски јазик* (LXI) 2010 | 2 |
| *Македонски јазик* (LXII) 2011 | 2 |
| *Македонски јазик* (LXIII) 2012 | 2 |
| *Македонски јазик* (LXIV) 2013 | 2 |
| Член на редакциски одбор на научните собири: | |
| *Македонскиот глагол - синхронија и дијахронија,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 1-2 март 2000. | 2 |
| *Македонската лексикологија и лексикографија,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 15-16 март 2001. | 2 |
| *Македонскиот јазик во јавното општење,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје 18-19 февруари 1999. | 2 |
| *Македонскиот јазик - минато, сегашност, иднина*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 16-17 октомври 2003 год. | 2 |
| *Културата и јазикот*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 3-4 април 2008. | 2 |
| *Балкански јазичен светоглед*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 15-16 април 2009. | 2 |
| *Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик / Јазикот и идентитетот*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 15 април 2010. | 2 |
| *Современите лингвистички истражувања во македонистиката / Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик,* Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 11-12 мај 2011. | 2 |
| *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 10-11 мај 2012 год. | 2 |
| Рецензент на книга: *Македонската фразеологија со мал фразеолошки речник* од Снежана Велковска, „БПТ-Принт“, Скопје. | 2 |
| Рецензент на книга: *Студии од македонската лексикологија и лексикографија* од Снежана Велковска, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2011. | 2 |
| Рецензент на статии од областа на јазикот: Меѓународно списание *Филолошки студии*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2014. | 2 |
| Член во рецензентски комисии за избор во звање: | |
| Асистент-истражувач м-р Елена Јованова-Грујовска, јули 1998. | 0,5 |
| Асистент-истражувач м-р Фани Стефановска-Ристеска, март 2006. | 0,5 |
| Асистент-истражувач м-р Елена Јованова-Грујовска, јуни 2007. | 0,5 |
| VI. Промоции, приредувања на книги и сл. | |
| Промотор на книги | |

| | |
|---|---|
| *Функционалните стилови во македонскиот јазик,* Зборник на трудови од 10 научен собир, 14 книга од едицијата *Јазикот наш денешен* (редактор: Снежана Велковска), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2007. | 1 |
| Круме Кепески, *Од нашиот речник*, од едицијата *Јазикот наш денешен кн. 15* (редактор: Снежана Велковска), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2007. | 1 |
| Снежана Велковска, *Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник* „БПТ-Принт“, Скопје 2008. | 1 |
| Приредувач на книги | |
| Благоја Корубин, *Јазикот наш денешен, книга петта (*лексика, 109-205) кн. 1 од едицијата Јазикот наш денешен (редактор: Снежана Велковска), Скопје 2000. | 1 |
| Благоја Корубин, *Јазикот наш денешен, книга шеста (*лексика и зборообразување), 109-205, кн. 5 од едицијата Јазикот наш денешен (редактор: Снежана Велковска), Скопје 2001 | 1 |
| VIII. Организациски одбори | |
| Член на организациски одбор на научните собири: | |
| *Македонскиот глагол - синхронија и дијахронија,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 1-2 март 2000. | 1 |
| *Македонската лексикологија и лексикографија,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 15-16 март 2001. | 1 |
| *Македонскиот јазик во јавното општење,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 18-19 февруари 1999. | 1 |
| *Македонскиот јазик - минато, сегашност, иднина*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 16-17 октомври 2003 год. | 1 |
| *Културата и јазикот*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 3-4 април 2008. | 1 |
| *Балкански јазичен светоглед*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 15-16 април 2009. | 1 |
| *Студиски ден посветен на Тодор Димитровски*, 30 ноември 2010, Институт за македонски јазик, Скопје. | 1 |
| *Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик / Јазикот и идентитетот*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 15 април 2010. | 1 |
| *Современите лингвистички истражувања во македонистиката / Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик,* Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 11-12 мај 2011. | 1 |
| *Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 10-11 мај 2012 год. | 1 |
| *Значењето низ времето и просторот*, Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 22–23 мај 2013. | 1 |
| Меѓународен научен собир *Лексикологијата и лексикографијата – мостови меѓу јазиците*, Денови на Благоја Корубин, 28 февруари – 3 март 2014, Битола. | 2 |
| Член на Организацискиот одбор за одбележување на 50-годишниот јубилеј од основањето на Институтот за македонски јазик (2003). | 1 |
| Член на Организацискиот одбор за одбележување на 60-годишниот јубилеј од основањето на Институтот за македонски јазик (2013). | 1 |
| Член на Координативното тело на Лингвистичкиот кружок во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. | 1 |
| IX. Јавни настапи, радио-телевизиски емисии и периодичен печат | |
| (5x0,5) Учество во четири ТВ-емисии по повод излегувањето од печат на секој од четирите тома на *Толковниот речник на македонскиот јазик* и во една емисија по повод објавувањето на книгата *Македонската фразеологија со мал фразеолошки речник* од д-р Снежана Велковска, а подготвени од редакцијата на научната | 2,5 |

| | |
|---|---|
| програма на МТВ. | |
| (4x0,5) Јазична редакција на четири ТВ-емисии од програмскиот проект *Лексикомани* на МТВ (2009/2010). | 2 |
| (4x0,5) *Четири прилози во рубриката Цртички за јазикот*, Неделен забавник за млади „Наш свет“ 1989/90 | 2 |
| *Неколку убави манифестации на дејноста на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на СР Македонија*, Просветен работник, XXXVI, 699-700, Скопје 15. јуни 1989, стр. 13. | 0,5 |
| X. Членство во организации и комисии | |
| Член на Советот на ИМЈ (во два мандата, 2000-2008). | 0,5 |
| Член на Комисијата за изработка на Предлог-деловникот за работа на ИМЈ. | 0,5 |
| Член на Комисијата за изработка на Предлог-правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање. | 0,5 |
| XI. Студиски престој во странство | |
| Студиски престој во Р. Полска, во лингвистичките центри Краков, Варшава и Катовице, октомври-декември 1982 година. | 6 |
| XII. Општествена активност | |
| (8x0,5) Член на Советот на ИМЈ (во два мандата, 2000-2008). | 4 |
| Член на Комисијата за изработка на Предлог-деловникот за работа на ИМЈ. | 0,5 |
| Член на Комисијата за изработка на Предлог-правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање. | 0,5 |
| Член и претседател на Советот на ИМЈ (септември 2013 – април 2014). | 0,5 |
| (4x0,5) Член на Извршниот одбор на Здружението на лекторите на Република Македонија (2010-2014). | 2 |
| XIII. Награди и признанија | |
| Наградата *13 Ноември за 2002* за проектот *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи* што го доделува фондот за наградите *13 Ноември* на Град Скопје. | 5 |
| XIV. Наставна дејност | |
| Постдипломски студии во Институтот за македонски јазик: *Македонистика со комуникологија* | |
| Лексикологија и лексикографија (задолжителен предмет), 2011/2012 | 3 |
| Зборообразување (изборен предмет), 2011/2012 | 3 |
| Споредбено зборообразување на словенските јазици (изборен предмет), 2011/2012 | 3 |
| Лексикологија и лексикографија (задолжителен предмет), 2012/2013 | 3 |
| Зборообразување (изборен предмет), 2012/2013 | 3 |
| Терминологија (изборен предмет), 2012/2013 | 3 |
| Лексикологија и лексикографија (задолжителен предмет), 2013/2014 | 3 |
| Зборообразување (изборен премет), 2013/2014 | 3 |
| Терминологија (изборен предмет), 2013/2014 | 3 |
| **ВКУПНО:** | 388,5 |

Рецензенти

Н. сов. д-р Снежана Велковска с.р.

Проф. д-р Живко Цветковски с.р.

Н. сов. д-р Снежана Веновска-Антевска с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ ЕФЕКТИ НА ТРИ - ТРЕНИНГ МОДЕЛИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА НА ГОРНИТЕ И ДОЛНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ ПО СПРОВЕДЕН 8 - НЕДЕЛЕН ТРЕНИНГ КАЈ РАКОМЕТАРИ - МЛАДИНЦИ" ОД М-Р ВЛАТКО НЕДЕЛКОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје под дел. број 0201-1848/7 од 12.11.2014 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **ЕФЕКТИ НА ТРИ - ТРЕНИНГ МОДЕЛИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА НА ГОРНИТЕ И ДОЛНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ ПО СПРОВЕДЕН 8 - НЕДЕЛЕН ТРЕНИНГ КАЈ РАКОМЕТАРИ - МЛАДИНЦИ** на кандидатот м-р Влатко Неделковски. Комисијата во состав: проф. д-р Гино Стрезовски – ментор, проф. д-р Небојша Марковски – претседател, проф. д-р Вујица Живковиќ – член, проф. д-р Јован Јовановски - член и проф. д-р Милан Наумовски – член, по разгледувањето на докторската дисертација го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација е презентирана на 130 (сто и триесет) страници. Текстот е поделен во 12 (дванаест) глави: 1. Вовед (3 страници), 2. Дефинирање на применетата терминологија (8 страници), 3. Досегашни истражувања (11 страници) 4. Предмет и проблем на истражувањето (3 страници), 5. Цели и задачи на истражувањето (2 страници), 6 Хипотези на истражувањето (1 страница), 7. Методи на истражувањето (18 страници), 8.Резултати и дискусија (51страници), 9. Заклучоци (3 страници), 10. Практично и теоретско значење (1 страница), 11. Литература (5 страници), 12 Прилози (18 страници). Резултатите од истражувањето се презентирани на 40 табели.

Во **воведот**, на две страници, кандидатот ја нагласува популарноста на ракометот во светски рамки, неговата комплексност и потребата на играчите за реализација на повеќе меѓусебно зависни техничко-тактички елементи, брзо изведување на движењата во мал простор и брзина на реакција. Долготрајниот процес при создавањето на врвните ракометари, покрај совладувањето на ракометната техника и подигање на моторните способности на највисоко ниво и усогласување на психолошките особини на секој играч одделно со карактеристиките на останатите играчи од тимот, бара и специфичен интегритет на сите споменати способности.

Во втората глава, на осум страници, **дефинирани** се термините и поимите кои ги објаснуваат моторните способности, ситуационо - моторното знаење и методите за нивно развивање, како и поимот за тренинг и видовите на тренирање.

Во третата глава, **Досегашни истражувања,** авторот цитира вкупно дваесет и шест труда од повеќе автори, кои се групираат на истражувања во кои е проучувана структурата на моторните способности, ситуационо - моторното знаење во различни спортски дисциплини и развојот на експлозивната сила на рацете и нозете кај спортистите од различни спортски дисциплини и психолошките особини на личноста.

**Предметот и проблемот на истражувањето**, кандидатот ги дефинира во четвртата глава. При дефинирањето на предметот на истражувањето, кандидатот укажува

на сите потребни елементи кои треба да се обединат во една целина за да се добие врвен ракометар. Како еден од предусловите за тоа е наведена експлозивната сила како моторна способност  и од таму предмет на проучување на ова истражување е експлозивната сила на горните и долните екстремитети кај ракометари од младинските екипи во Скопје. Тргнувајќи од предметот на истражувањето, кандидатот како проблем на истражувањето го дефинира ефектот од трите тренинг - програми за развој на експлозивната сила на рацете и нозете.

Во петтата глава се дефинирани **целите и задачите** на истражувањето**.** Првата и основна цел на истражувањето е да се утврдат евентуалните разлики кои се појавуваат во иницијалното мерење помеѓу трите експериментални групи во просторот на антропометријата, моторните способности и ситуационо - моторните тестови. Потоа, кандидатот поставува цел да ги определи евентуалните разлики меѓу трите групи во финалното мерење во   простоторот на антропометријата, моторните способности и ситуационо - моторните тестови и на крајот се бараат евентуалните разлики помеѓу секоја група одделно во иницијално и финално мерење.

**Хипотезите на истражувањето** се претставени во шестата глава, каде што кандидатот има претставено вкупно девет хипотези.

**Методите на истражувањето,** се презентирани во седмата глава, во која има и четири подглави и пет подподглави.  Вкупниот примерок опфаќа 60 испитаници и тој е поделен на 3 суппримероци. Во истражувањето се применети вкупно 31 варијабла, од кои: 15 варијабли за проценка на антропометријата, 10 варијабли за процена на моторните и специфично - моторните способности и  6 варијабли за проценка на ситуационо - моторното знаење на ракометарите. За сите варијабли пресметани се основните дескриптивни статистички податоци, а нормалноста на дистрибуцијата на резултатите кај сите применети варијабли е тестирана со Колмогоров-Смирновата постапка. Разликите меѓу суппримероците во иницијалното мерење се утврдени со мултиваријантна и униваријантна анализа на варијанса, а во финалното мерење со Мултиваријантна анализа на коваријансата. Поодделното влијание на варијаблите во разликите е определено со употребата на пост хок LSD тестот, а разликите помеѓу една група во иницијалното и финалното мерење тестирана со Т тест за мали зависни примероци. Обработката на податоците е извршена со статистички пакет програми SPSS 20.0 и  STATISTIKA 6.0.

Во осмата глава, која е најобемна, презентирани се **резултатите од истражувањето и нивната дискусија**. Најпрво се прикажани основните статистички показатали за трите групи поодделно во иницијалното и финалното мерење со кратка дискусија по однос на добиените резултати. Врз основа на добиените вредности во иницијалното мерење со мултиваријантна и униваријантна анализа на варијансата **ANOVA/MANOVA,** утврдено е дека постојат статистички значајни разлики помеѓу трите групи во просторот на антропометријата, моторните, специфично - моторните и ситуационо - моторните способности. По спроведените **LSD -** тестови утврдено е дека статистички значаен придонес во разликите во просторот на антропометријата дава само варијаблата **ASKZ,**  во просторот на моториката се издвојуваат три варијабли, и тоа варијаблите **MTTEST, MHTEST  и MSP6X3,** додека во просторот на ситуационо – моторните способности се издвојуваат две варијабли кои статистички значајно влијаат на разликите кои се појавуваат помеѓу групите, а тоа се варијаблите **SMT 1  и SMT 3.** Врз основа на добиените резултати кандидатот утврдил дека хипотезата **X1** делумно се

отфрла, додека хипотезите **Х2 и Х3** во целост се прифаќаат. За да утврди дали има статистички значајни разлики помеѓу резултатите на трите групи во финалното мерење и кои варијабли придонесуваат за појавата на разлики помеѓу групите, кандидатот ја употребил методата на мултиваријантната анализа на коваријансата **MANCOVA**. Од добиените резултати утврдено е дека постојат статистички значајни разлики помеѓу трите групи во просторот на моторните, специфично - моторните и ситуационо - моторните способности, додека разлики во просторот на антропометријата не постојат. По спроведените LSD - тестови утврдено е дека статистички значаен придонес во разликите во просторот на мориката се издвојуваат три варијабли и тоа варијаблите **MFMSN, MHTEST и MSP6X3,** додека во просторот на ситуационо – моторните способности се издвојуваат три варијабли кои статистички значајно влијаат на разликите кои се појавуваат помеѓу групите, а тоа се варијаблите **SMT 1, SMT 2 и SMT 3 .** Врз основа на добиените резултати, кандидатот утврдил дека хипотезата **Х4** се отфрла, додека хипотезите **Х5** и **Х6** во целост се прифаќаат. Кај испитаниците од првата групата за периодот помеѓу иницијалното и по зададената тренинг - програма финално мерење на антропометриските параметри, статистички значајни разлики по спроведениот Т – тест за мали зависни примероци има кај варијаблите: **ATV**, **ADR**, **ARSH**, **AON**, **AOP**, **AONK** и **ASS,** додека, пак, кај моторните и ситуационо – моторните варијабли разлики има кај сите варијабли, кои се дел од истражувањето на кандидатот. Кај испитаниците од втората групата за периодот помеѓу иницијалното и по зададената тренинг - програма финално мерење на антропометриските параметри, статистички значајни разлики по спроведениот Т – тест за мали зависни примероци има кај варијаблите: **ATV**, **ADN**, **ADR**, **ARSH** , **ATEZ**, **AKNB, AKNN** , **ASS** и **ASS,** додека, пак, кај моторните и ситуационо – моторните варијабли, разлики има кај сите варијабли кои се дел од истражувањето на кандидатот освен кај варијаблите **MT20M, MOVM и SMT 2.** Кај испитаниците од третата група за периодот помеѓу иницијалното и по зададената тренинг - програма финално мерење на антропометриските параметри, статистички значајни разлики по спроведениот Т – тест за мали зависни примероци има кај варијаблите: **ATV**, **ADN**, **ADR**, **ARSH** , **AKNB**, **AKNT**, **AKNN** , **AON**, **AON**K, **ASS** , **ASKZ** и **ASSZ,** додека, пак, кај моторните и ситуационо – моторните варијабли, разлики има кај сите варијабли кои се дел од истражувањето на кандидатот. Врз основа на добиените резултати, кандидатот утврдил дека хипотезите **Х7, Х8 и Х9** во најголем дел се прифаќаат.

Деветтата глава ги содржи **заклучоците** кои произлегуваат од извршеното истражување. М-р Неделковски екстрахирал вкупно девет конкретни заклучоци кои даваат одговор на поставените хипотези. Секој од заклучоците содржи соодветни сознанија со кои може да се влијае на научната мисла и практика. Сите заклучоци ја задоволуваат методолошката поставеност и коректно ги објаснуваат добиените резултати.

Во десеттата глава е наведено **практичното и теоретското значење на истражувањето,** каде што покрај значењето за научната мисла, кандидатот истакнува дека со соодветната иницијална и етапна селекција и примена на соодветни прогрми за развој на моторните, специфично - моторните и ситуационо - моторните способности би се овозможило постигнување на подобри финални ефекти со ист или намален обем на работа во секое ниво на селекција и правилно насочување на младите ракометари .

**Користената литература** е презентирана во единаесеттата глава и во неа се наведени вкупно 40 странски и домашни автори.

Како дванаесетта глава се ставени **прилозите** каде што се наведени тренинг - програмите по кои е работено, како и графиконите

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација на тема: **ЕФЕКТИ НА ТРИ - ТРЕНИНГ МОДЕЛИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА НА ГОРНИТЕ И ДОЛНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ ПО СПРОВЕДЕН 8 - НЕДЕЛЕН ТРЕНИНГ КАЈ РАКОМЕТАРИ – МЛАДИНЦИ**, од м-р Влатко Неделковски, асистент на предметот ракомет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје. Со посебна чест и задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на наведената тема и на кандидатот да му дозволи нејзина јавна одбрана.

**К О М И С И Ј А**

1. Д-р Гино Стрезовски, редовен професор - ментор с. р.
2. Д-р Небојша Марковски, редовен професор - претседател с. р.
3. Д-р Вујица Живковиќ, редовен професор - член с. р.
4. Д-р Јован Јовановски, редовен професор - член с.р.
5. Д-р Милан Наумовски, редовен професор - член с.р.

# Р ЕФ Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ДВА НАСТАВНИКА ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14 I 130/14), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно - научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/13), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 30.9.2014 година, донесе решение за избор на два наставника во сите звања по предметот физиологија и ја формираше Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Весела Малеска Ивановска, проф. д-р Васка Антевска, проф. д-р Бети Дејанова, проф. д-р Сунчица Петровска и проф. д-р Лидија Тодоровска.

На конкурсот објавен во весниците „Утрински весник” и „Коха” од 5.9.2014 година, се пријавија кандидатите доц. д-р Слободан Николиќ и доц. д-р Људмила Ефремовска. По разгледувањето на доставените документи и познавањето на кандидатите, Рецензентската комисија има чест да му го достави на Наставно-научниот совет на Факултетот следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

***Н.сор. д-р Слободан Николиќ*** е роден во Скопје, во 1952 година, каде што ги завршил основното и средното образование (гимназија). Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во учебната 1984/85 година со средна оценка 6,53 и од 1988 година е вработен на Институтот за МЕП физиологија при Медицинскиот факултет. Во 1990 година ја започнал специјализацијата по интерна медицина и специјалистичкиот испит го положил во 1996 година. На 29.12.2004 ја одбранил својата докторска дисертација со наслов „ Антропометриска оцена на динамиката на промените на нутрициониот статус кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција поставени на хипопротеинско диетално внесување”.

### Наставна дејност

Д-р Николиќ е активно вклучен во изведувањето на редовната практична настава по предметот физиологија на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевскиот факултет, во Скопје. По отворањето на тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет за медицински сестри, техничари-физиотерапевти и рендген технолози учествува во изведувањето на наставата по физиологија. Со воведувањето на ЕКТС на додипломските студии на Медицинскиот факултет учествува во изведувањето на практична настава по предметите физиологија 1 и физиологија 2. За помлад асистент по предметот физиологија прв пат е избран во 1990 година. За научен соработник е избран во 2010, а за доцент во 2012 год.

Коавтор е на осум практикуми издадени од Катедрата за физиологија и две скрипти за интерна употреба.

При евалуацијата од страна на студентите од Медицинскиот факултет во последните 5 години секогаш има високи оценки и како предавач и како асистент. Просечната оцена од самоевалуацијата од 2014 година во зимски семестар му е 9,47 а во летниот-9,58.

**Научноистражувачка дејност**

Од вработувањето активно е вклучен во научната дејност на Кабинетот за функционални тестирања на кардиоваскуларниот систем. Во рамките на научната дејност учествувал како соработник во изведувањето на следниве проекти:

- „Влијание на протеинско диететски внес врз прогресијата на хронична бубрежна инсуфициенција" (1996-1998), под раководство на проф. д-р Ѓорѓи Масин, Клиника за нефрологија, Медицински факултет, Скопје;
- „Превентивни неинвазивни истражувања на кардиоваскуларната, респираторната, реналната функција и антропометриските параметри кај млади лица во корелација со физичката активност " (2000-2003), под раководство на проф. д-р Петар Корнети, Институт за медицинска и експериментална биохемија, Медицински факултет, Скопје.

Како автор и коавтор земал учество на повеќе меѓународни конгреси од областа на физиологијата, антропологијата и спортската медицина.

Член е на Здружението на физиолози и антрополози на Македонија, Македонското лекарско друштво како и на Европската федерација на физиолози (ФЕПС).

**Стручно - апликативна дејност**

Кандидатот активно е вклучен во рутинските дејности на Институтот за физиологија со антропологија. Во Кабинетот за функционални тестирања на кардиоваскуларниот систем учествува во воведувањето на евалуација на антропометриски параметри за структура на телото со компјутерски софтвер (одредува мускулна маса, коскено ткиво и масно ткиво).

Автор е на стручната книга од областа на спортската медицина: „Спортска медицина", 2009 , Скопје ISBN 978-9989-2594-9-4.

**Дејности од поширок интерес**

Од 2006 година, кандидатот е ангажиран како спортски лекар на женскиот кошаркарски клуб „Вигор" од Скопје. Со клубот има освоено 3 први места на државно ниво и 3 куп-натпревари на државно ниво. Бил претседател на Здравствената комисија на Олимпискиот комитет на Р. Македонија (2004-2008). Во изминатиот период, 2007-2008, бил претседател на Тендерската комисија на РЕ Институти, Медицински факултет, Скопје. Во 2012 година именуван е за член на Антидопинг комисијата при Агенцијата за млади и спорт.

До последниот реизбор за научен соработник, рефератите се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"(бр. 531/1990, бр. 683/1997, бр. 771/2001, бр. 848/2004, бр. 914/2007, бр. 979/2010, бр. 1029/2012.

**Биографски податоци**

***Н. сор. д-р Људмила Ефремовска*** е родена во Скопје, во 1958 год. Основно и средно образование завршила во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала во јуни 1984 со средна оценка 9,42. Од ноември истата година е вработена како лекар на Институтот за физиологија со антропологија. Постдипломските студии на Медицинскиот факултет и завршила со средна оценка 9,80 и успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов „Полиморфизам на ЛДЛ рецепторниот ген кај пациенти со коронарна болест", во јуни 1998 година. Во април 2008 година ја одбранила докторската дисертација од областа на популационата генетика со наслов „Генетска структура на македонската популација и популацијата на Власи од регионот на Овче Поле и Крушево"

**Наставно - образовна дејност**

Д-р Ефремовска е активно вклучена во изведувањето на редовната практична настава по предметот физиологија на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевскиот факултет, во Скопје. По отворањето на на тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет за медицински сестри, техничари-физиотерапевти и рендген-технолози учествува во изведувањето на наставата по физиологија. Со воведувањето на ЕКТС на додипломските студии на Медицинскиот факултет, учествува во изведувањето на практична настава по предметите морфологија и физиологија на клетка, физиологија 1 и физиологија 2. Во звањето асистент по предметот физиологија е избрана во 1999 година, а реизбрана е 2003 и 2009 година. За научен соработник е избран е во 2010, а за доцент во 2012 год. Коавтор е на осум практикуми издадени од Катедрата за физиологија , два учебника и две скрипти за интерна употреба.

При евалуацијата од страна на студентите од Медицинскиот факултет во последните 5 години секогаш имала високи оценки и како предавач и како асистент. Просечната оценка од самоевалуацијата од 2014 година , зимскиот семестар и е 9,54 а за летниот- 9,68.

Научноистражувачка дејност

Секојдневно активно е вклучена во научната дејност на Институтот за физиологија. Особено активно учествува во работата на Кабинетот за антропологија и популациона генетика. На полето на хуманата генетика, искуствата ги добива работејќи како надворешен соработник на Центарот за генско инженерство и биотехнологија при МАНУ во Скопје, од 1990 година. Од 1994 до 1996 работела на проектот „Молекуларни

основи на фамилијарната хиперхолестеролемија", под покровителство на ЦГИБ при МАНУ во Скопје.

Од 2000 година е вклучена како соработник од Македонија во проектот „ The genetic structure and origine of Aromuns", финансиран од ДФГ Германија, проект од областа на популационата генетика. Истиот проект од 2001 година е проширен под наслов „The genetic structure and etnohistory of Balkan population". Во рамките на овој проект престојувала на Медицинскиот факултет во Улм, Германија, на Институтот за антропологија и хумана генетика, во јули 2002 год. Во септември 2002 год. партиципирала на Европската антрополошка школа во Хвар, Хрватска, на тематска секција од областа на популационата генетика.

Вклучена била и како соработник во проектите: „Неврофизиолошки и бихевиористички испитувања на целното однесување" (1998-2000) и „Испитување на влијанието на епилепсијата врз неврокогнитивните и бихевиористички процеси" (2001-2004).

Како автор и коавтор земала учество на повеќе меѓународни конгреси од областа на физиологијата, антропологијата и популационата генетика.

Член е на Здружението на физиолози и антрополози на Македонија, Македонското лекарско друштво и Европската федерација на физиолози (ФЕПС).

**Стручно - апликативна дејност**

Кандидатката е активно вклучена во рутинските дејности на Институтот за физиологија со антропологија. Во Кабинетот за антропологија и популациона-генетика ги воведува методите за одредување на класичните генетски маркери во популационо генетските студии. Исто така, работи и на полето на одредувањето на фенотипски антропометриски параметри во популационо генетските студии.

Во рамките на Центарот за генско инженерство и биотехнологија при МАНУ во Скопје учествува во воведувањето на анализирањето на ЛДЛ - рецепторниот ген кај пациенти со коронарна болест и хиперхолестеролемија.

**Дејности од поширок интерес**

Д-р Ефремовска е организатор и претседател на „Меѓународниот симпозиум на антрополозите за Ароманците на Балканот" одржан во 2006 год. во Скопје организиран под покровителство на Институтот за физиологија со антропологија, Медицински факултет, Скопје и Унијата за култура на Власите од Македонија. Исто така, таа е и уредник на зборникот на трудови од овој собир.

Кандидатката била член на Издавачкиот совет на списанието "Македонски медицински преглед" во 2005 год. и на списанието на научното друштво на Власите - „Документи".

Од 2012 е члена на уредувачкиот одбор на списанието „ Физиоакта ".

До последниот избор за научен соработник , рефератите се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (бр. 482, бр. 572. бр. 732, 829, бр. 958 , бр. 979 и бр. 1029).

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Николиќ Милан Слободан***
**Институција:** Медицински факултет , Скопје, Институт за физиологија
**Научна област:** медицина

## Наставно-образовна дејност

| | Бодови |
|---|---|
| **Одржување на настава (теоретска)** | *5,94* |
| **Одржување на настава (практична настава)** | *58,30* |
| **Подготовка на нов предмет**<br>Анатомија и физиологија на аудиовестибуларниот апарат и говор , специјалистички студии за логопеди | *0,5* |
| **Консултации со студенти за 5 години** | *5,1* |
| **Ментор на дипломска работа - три кандидати*0,2** | *0,6* |
| **Член на комисија за оценка и одбрана на докторат - два кандидата * 0,5** | *1,0* |
| **Член на комисија за специјалистички испит – два кандидата*0,2** | *0,4* |
| **Член на комисија за одбрана на дипломска работа – осум кандидати *0,1** | *0,8* |
| **Позитивно рецензирани практикуми 5 (коавтор) * 3.0**<br>1. Практикум по физиологија за фармацевти. Сунчица Петровска и сор. 2012 . ISBN 978-608-4596-31-8 . Печати: Бато и Дивајн.<br>2. Практикум по физиологија з за студенти по стоматологија . Бети Дејанова и сор. 2013 . ISBN 978-608-4596-40-0 . Печати Бато Дивајн<br>3. Практикум по физиологија1 за студенти по медицина . Ефремовска Људмила и сор. 2012, ISBN 978-608-4596-21-9 . Печати: Бато Дивајн.<br>4. Практикум по физиологија 2 за студенти по медицина . Сања Манчевска и сор. 2012 . ISBN 978-608-4596-39-4 . Печати: Бато Дивајн.<br>5. Практикум по физиологија на спорт, под уредништво на проф. д-р Антевска Васка, 2011, ISBN 978-9989-43-287-3 , Печати: Боро Графика. | *15,0* |

| | |
|---|---|
| **Интерна скрипта за предавања**<br>Николич Слободан и сор. : Физиологија за студентите на тригодишните стручни студии , 2014 | *4,0* |
| **Интерна скрипта за вежби**<br>1. В. Малеска, В. Антевска и сор. Практикум по физиологија за студенти на стручните студии. 2012, Скопје | *3,0* |
| **Рецензент на универзитетски учебник:**<br>Спортска медицина за тригодишните стручни студии физиотерапевти – група автори, 2013 год | *1* |
| **Вкупно** | ***95,64*** |

# Научноистражувачка дејност

| | | Бодови |
|---|---|---|
| **Трудви со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | | *21,6* |
б) Кандидатката ***д-р Весна Георгиева Свртинов*** е родена на 1.8.1981 година во Тетово. Средно образование завршила во 2000 година, во економското училиште “ДСЕУ 8-ми Септември” во Тетово, каде што е прогласена за првенец на генерацијата. Во учебната 2000/01 година се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што дипломирала во 2005 година, на департманот-сметководство и ревизија. Во учебната 2005/2006 година се запишала на постиплomските студии при истиот Универзитет, на отсекот монетарна економија. Магистрирала во 2008 година, на тема: Хармонизација на банкарската регулација во Р.Македонија со регулативниот систем на Европската унија. Во февруари 2011 година, успешно ја одбранила докторската дисертација на економскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на тема: “Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност”, под менторство на проф. д-р Михаил Петковски, при што се стекнала со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Весна Георгиева Свртинов својата работна кариера ја започнала во учебната 2006/2007 година, како асистент на Економскиот факултет при Државниот Универзитет во Тетово. Во периодот од 2008 до 2011 година продолжила со работа во фамилијарен бизнис, во фирмата за ентериери "ДООЕЛ Порта Ентериери", каде што ги водела сметководствените и финансиските работи. Во периодот од мај до ноември 2011 година, д-р Весна Георгиева волонтирала во Центарот за стратегиски истражувања при Македонската академија на науките и уметностите, со цел да има пристап до современа литература, контакт со академици од областа и да ги продолжи своите истражувања во материјата во којашто се специјализирала. Од февруари до декември 2012 година работела во Секторот за комерцијално банкарство во ТТК Банка АДСкопје, како соработник за клиенти-население. Во декември 2012 година е избрана за доцент на Економскиот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на катедрата за финансии. За време на двегодишната работа на овој Факултет, кандидатката држела предавања по следниве предмети на додипломските студии: меѓународни финансии, меѓународен финансиски менаџмент, финансиски менаџмент, биланс на плаќања, микроекономија, макроекономија, монетарна економија, финансиски пазари и институции, европски монетарен систем и монетарна политика, како и предмети на последипломските студии од областа на финансиите и банкарството.

Во својата работна кариера, д-р Весна Георгиева Свртинов има учествувано во бројни научни семинари, собири, меѓународни проекти од областа на финансиите, банкарството и економскиот развој. Кандидатката зела учество во следниве национални и меѓународни проекти:

1. Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, 2013
2. Мерење на рамнотежниот реален девизен курс во Република Македонија, проект финансиран и публикуван од Народната банка на Република Македонија, Скопје, 2006-2007.
3. Проект Due Diligence, Радо Банка Скопје, финансиран од ДЗИ Групација Софија, март-мај 2005.
4. Изработка на инвестиционен план за производство на композитни материјали Procompo in Triz во Тетово, проект финансиран од PROCOMPO, Италија, 2014 година.
5. Истражување на финансиските политики и инструменти за справување со кризи во земјите од Европската унија и нивна примена во земјите кандидати за членство од Западен Балкан. проект финансиран од Community development institute-Институт за развој на заедницата, јуни 2011 година.
6. Проект за анализа на економската исплатливост на изградбата на биогасни централи од страна на BIOEN HOLDING, финансиран од страна на BIOEN Милано, 2012.

Кандидатката има одржано повеќе предавања на научни, стручни собири во областа на меѓународната економија и меѓународниот бизнис:

1. Одржано предавање на тема: *The implications of global financial crisis on developing countries-with special reference to Macedonia,*. на Четвртата меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој", Европски универзитет, Скопје. (2014).
2. Одржано предавање на тема: *Современите финансиски кризи во ерата на глобализацијата.*, на Третата меѓународна научна конференција: Промените во глобалното општество, Европски универзитет, Скопје (2013).

3. Одржано предавање на тема: *Creative and culture entrepreneurship in global business world.*, на Третата меѓународна научна конференција: Промените во глобалното општество, Европски универзитет, Скопје (2013).
4. Одржано предавање на тема: *Positive and negative effects of financial globalization on developing and emerging economies,*. на Меѓународната научна конференција "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization", Државен универзитет во Тетово ( декември 2013).
5. Одржано предавање на тема: *Liberalization of capital flows in the EU accession countries.* на Меѓународната научна конференција "The Future of Integration, the Future of the European Union". Свищдов, Бугарија (мај 2013).
6. Одржано предавање на 18 Меѓународна научна конференција "Regional Development and Demographic flows of South-East European Countries", Економски факултет, Ниш (јуни 2013).
7. Одржано предавање на тема: *Банкарските системи во земјите на Југоисточна Европа за време и по глобалната финансиска криза*", Научен собир на Економскиот Институт Љубљана (јуни 2011 година).
8. Одржано предавање на тема: *Движењето на странските директни инвестиции во економиите во транзиција по последната глобална економска криза*, Научен собир на Економскиот Институт во Белград (април 2011 година).

Д-р Весна Георгиева Свртинов е автор на повеќе научноистражувачки трудови, како во земјата, така и во странство:

1. *Cost and Benefits of Adopting Euro*, A Multidisciplinary Journal, Applied Sciences and Business Economies, October, 2014, available at http://www.bzujournal.org/Cost-and-Benefits-of-Adopting-Euro.pdf.
2. *The macroeconomic effects of remittances in Southeast Europe.* International Scientific Conference, Economic and Social Development" Belgrade, April, 2014, available at http://www.esd-conference.com/book_of_proceedings_Belgrade_2014.pdf.
3. *Излезни стратегии од режимот на фиксен девизен курс за македонската економска политика.* Зборник од Петтата меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: исток-запад, Меѓународен славјански институт, Свети Николе (2014).
4. *Contribution and problems of foreign investment to sustainable development of developing countries.* Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад" (Култура, славјанство и економија) (2014).
5. *Globalization and the income distribution between the countries.* Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој" Европски универзитет, Скопје. (2014).
6. *The information technology and science: Where is the limit and how resolving simple human problems.* Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој" Европски универзитет, Скопје."Европски Универзитет, Скопје (May 2014).
7. *Economic activity, trade flow and gravity model.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University – Stip (2013)
8. Прашања и дилеми во врска со капиталната либерализација-посебен осврт на Република Македонија. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, (2013)
9. *Capital flows to emerging and transition economies during and after the global financial crisis in 2008.* Balkan Social Science Review, (2013) Faculty of Low, University Goce Delcev, Stip.
10. *Историски развој на финансиската глобализација.* Четврта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток - запад (култура, славјанство и економија). Меѓународен славјански универзитет (2013)

11. *Strengthening institutional architecture to support the small-medium enterprises to make Macedonian economy more competitive in global challenges.* Четврта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток - запад (култура, славјанство и економија).Меѓународен славјански универзитет (2013).
12. *Creative and culture entrepreneurship in global business world.* Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. Европски универзитет, (јуни, 2013).
13. *Financial crisis in the globalization era*. Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција, јуни, Европски универзитет (јуни, 2013).
14. *Liberalization of capital flows in the EU accession countries.* The Future of Integration, the Future of the European Union, D.A. Tsenov Academy of Economics-Svishdov, Bulgaria, (May, 2013).
15. *Capital Flows and the Eurozone Crisis-Implications for Economic Policy.* 8th Annual International Academic Conference on European Integration.University American College, Skopje, (2013).
16. *The Impact of Financial Instability on FDI Dynamics.* International Scientific Conference: "Finance and Economic Accounting-the Current Situation, Trends and Prospects. Vol.1 Tsenov Academy of Economics-Svishdov, Bulgaria, (2013).
17. *International education standards for professional accountants.* Jubilee International Scientific Conference "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives". Vol. 2 Tsenov Academy of Economics-Svishdov, Bulgaria, (2013).
18. *Подобрување на деловното одлучување преку ефикасно финансиско известување.* Зборник на трудови - Економско-финансиската криза и сметководственото окружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија, Струга, (2013).
19. *The future of IFRS (Iinternational Financial Reporting Standrads).* Jubilee International Scientific Conference "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives". Vol. 2.Tsenov Academy of Economics-Svishdov, Bulgaria, (2013).
20. *The impact of capital controls on maintaining macroeconomic and financial stability in emerging market economies.* Turkish Asian Center for Strategic Studies. (2012). Available at http://www.tasam.org/en/Icerik/4797/the_impact_of_capital_controls_on_maintaining_macroeconomic_and_financial_stability_in_emerging_market_economies
21. *The macroeconomic effects of remittances in Southeast Euro*pe. International Institute for Middle East and Balkan studies, (April, 2012). Ljubljana, Slovenia www.ifimes.org.
22. *Променета улога на странските директни инвестиции по последната глобална финансиска криза*", економски весник „ Капитал", Скопје (2012).
23. *Early and recent debates on the role and efficiency of fiscal policy in stabilization of the economies.* Macedonian Academy of Sciences and Arts, MANU (2011).
24. *Македонија ќе се соочи со трилемата во економската политика,* економски весник Бизнис, Скопје (2011).
25. *Големиот прилив на капитал контра фиксниот девизен курс,* економски весник „Бизнис", Скопје (2011).
26. *Високата инфлација-детска болест на транзицијата,* економски весник „Бизнис", Скопје (2011).
27. *Флексибилниот девизен курс "чадор" за надворешните шокови",* економски весник „Бизнис", Скопје (2011).
28. *Во Македонија не е проблем инфлацијата туку нискиот економски раст,* економски весник„ Бизнис", Скопје (2011).
29. *Како Источноевропските валути ќе реагираат на кризата-Странските пари ја уриваат економијата*, економски весник „Бизнис", Скопје (2008).
30. *И Источна Европа чувствителна на криза-Најранливи новите членки на ЕУ*, економски весник „Бизнис", Скопје (2008).

31. *Добрите страни на неразвиеноста*", економски весник Бизнис, Скопје (2008).
32. *Предностите на електронското банкарство и можноста за негова имплементација*. Економија и Бизнис, Скопје, ноември 2008.
33. *Сегашна структура и перформанси на банкарскиот сисетем во Р.Македонија.* Економија и бизнис, Скопје, јули-август 2009.
34. З*начењето на стандардот Базел 2 во заштита на банкарскиот систем од ризици.* Економија и Бизнис, февруари 2009.
35. *Рецесија-дефиниција, мерки и прогноза.* Економија и бизнис, Скопје, мај 2009.

Во продолжение даваме краткок приказ на избрани трудови на кандидатката д-р Весна Георгиева Свртинов:

**Евалуација на трудот по реден број 1** *Cost and Benefits of Adopting Euro.* Во овој труд се истражуваат причините, како и условите, кои една земја треба да ги исполни за да стане дел од еврозоната. Целта на трудот е да се испитаат користите и трошоците од формирањето на Европската монетарна унија. При тоа, се истакнуваат следните користи од воведување на заедничката валута: намалување на трансакциските трошоци, поголема споредливост на цените, елиминирање на валутниот ризик, што е од значење за пораст на трговијата, како и за зголемување на инвестициите, поради намалениот ризик за инвестирање. Но, за да биде корисата од пристапувањето во монетарна унија поголема од трошоците, кои, пред се, се однесуваат на губење на можноста за водење на независна монетарна политика, земјите треба да имаат поголем степен на економска интеграција. Во трудот се прави компарација на степенот на економска интеграција меѓу Европската монетарна унија и земјите од валутното подрачје на доларот, при што се заклучува дека во поглед на степенот на економска интеграција, усогласеноста на бизнисциклусите, мобилноста на работната сила, системот на фискални трансфери, еврозоната во помала мера ги задоволува критериумите за оптимално валутно подрачје, за разлика од примерот на САД.

**Евалуација на трудот по реден број 2** *The macroeconomic effects of remittances in Southeast Europe.* Дознаките претставуваат значаен извор на девизни резерви во најголем број земји од Југоисточна Европа. Целта на овој труд е да ги анализира макроекономските ефекти на овие текови на капитал. Анализите кои се направени во трудот покажуваат дека во последните години, особено во периодот на последната глобална финансиска криза, тие беа многу постабилни за разлика од другите текови на капитал. Во некои од земјите од овој регион, како на пример, Србија, Босна и Херцеговина и Р.Македонија, тие се многу позначаен извор на надворешно финансирање, отколку странските директни и портфолио инвестиции. Поради нивната стабилност, дознаките се добар апсорбер на економски и финансиски кризи .и имаат големо значење за одржување на стабилност во билансите на плаќања, т.е. за финансирање на дефицитите во тековната сметка на платните биланси.

**Евалуација на трудот по реден број 5** *Globalization and the income distribution between the countries.* Во овој труд се анализира трендот во светската економија, кој секојдневно добива се поголемо значење. Станува збор за глобализација на светската економија. Оваа појава нуди бројни придобивки за сите учесници во глобалната економија. Имено, со драстично намалување и укинување на бројните ограничувања во меѓународната трговија, се отвори вратата за развој и на послабо развиените земји. Глобализацијата го стимулира економскиот раст, ги зголемува приходите на потрошувачите и помага во создавањето на работни места во сите земји кои учествуваат во глобалниот трговски систем. Финансиската либерализација, пак, на инвеститорите им овозможува да извршат диверзификација на своето портфолио, т.е. можност да го

дисперзираат ризикот, и да остварат највисока стапка на принос, при дадено ниво на ризик, зголемувајќи ги на тој начин благосостојбата и економскиот раст во домашните економии. Сепак, најновата генерација модели на финансиски кризи покажува дека финансиската гобализација може да биде извор на многу проблеми. Имено, во економиите во подем и во земјите во развој, големите приливи на капитал може да бидат причина за настанување на финансиска криза, особено доколку се работи за краткорочен капитал во странска валута.

**Евалуација на трудот по реден број 8** *Прашања и дилеми во врска со капиталната либерализација-посебен осврт на Република Македонија.* Во оваа статија се разгледува степенот на економска глобализација на Р.Македонија. При тоа, се истакнува дека постепената и контролирана либерализација на краткорочниот капитал, од помалку кон повеќе ризични капитални текови, е во согласнот со тековната политика на фиксен режим на девизен курс, имајќи предвид дека краткорочните финансиски средства потенцијално претставуваат опасност за одржување на режимот. Сепак, процесот на капитална либерализација и перспективно се поголемата финансиска интеграција го доведува во прашање одржувањето на фиксниот режим на девизниот курс на долг рок. Но, доколку на девизниот курс се одлучи да му се одземе улогата на номинално сидро, тогаш е потребно да се дефинира ново сидро. При тоа, во трудот се препорачува дека во услови на глобална ориентација кон стабилни цени, таква улога би можела да преземе инфлацијата, што претставува јасна ориентираност на централната банка кон одржување на ценовна стабилност.

**Евалуација на трудот по реден број 9** *Capital flows to emerging and transition economies during and after the global financial crisis in 2008.* Либерализацијата на капиталните текови претставува значаен фактор за зголемување на нивото на економски развој во економиите во подем. Сепак, додека некои од овие економии остварија значителни добивки од слободните капитални текови, дргуги се соочија со изненадни запирања и пресврти на капиталните сметки, што резултираше со финансики кризи. Имено, големите приливи на капитал може да предизвикаат кредитна експанзија и пораст на стапката на инфлација. Во трудот се анализира динамиката на различни капитални текови во економиите во подем за време и по последната глобална финансика криза. Имено, со почетокот на кризата, финансиските институции од развиените земји, започнаа масовно да го повлекуваат својот капитал од нивните афилијации лоцирани во економиите во подем, што, пак, предизвика негативен ефект на девизните резерви, на националните валути, како и на монетарната ликвидност.

**Евалуација на трудот по реден број 16** *The Impact of Financial Instability on FDI Dynamics.* Целта на овој труд е да го анализира влијанието на странските директни инвестиции на финансиската стабилност. Помеѓу носителите на економските политики нашироко е прифатено мислење дека овие инвестиции се многу постабили за време на финансиски нестабилности, за разлика од другите видови на капитални текови. Нивната стабилност се должи на фактот што тие потешко можат да бидат повлечени од земјата, отколку другите инвестиции. Но, во трудот се потврдува дека ситуацијата е многу поразлична за време на последната глобална финансиска криза, кога тие во некои земји реагираа дури многу почувствително дури и од портфолио инвестициите. Поради тоа, се заклучува дека и странските директни инвестиции не се толку стабилни и можат да демонстрираат волатилност, како и другите форми на капитал, доколку глобалната економија се соочи со финансиски нестабилности.

**Евалуација на трудот по реден број 20** *The impact of capital controls on maintaining macroeconomic and financial stability in emerging market economies.* Во трудот се анализираат начините со кои може да се редуцира негативното влијание кое капиталната

либерализација може да го има врз финансиската стабилност. При тоа, особено се истакнува влијанието на контролите на капитално-финансиските трансакции во одржувањето на макроекономската и финансиската стабилност во економиите во подем. Иако контроверзни, пред глобалната криза од 2007 година, капиталните контроли, по нејзиното избивање повторно ја добија својата легитимност во академските кругови. Како заклучок се истакнува дека капиталните контроли претставуваат корисна алатка за стабилизација на нестабилните краткорочни текови на капитал, за зголемување на независноста на монетарната политика, можност за промена на композицијата на капиталните текови во корист на СДИ и привремено намалување на притисокот врз девизниот курс.

**Евалуација на трудот по реден број 21** *The Macroeconomic Effects of Remittances in Southeast Europe*. Во овој труд се прави анализа на макроекономските ефекти од девизните дознаки во земјите од Југоисточна Европа. При тоа, се истакнува дека тие претставуваат значаен извор на надворешно финансирање во многу земји во развој од овој регион. Дознаките ја стабилизираат приватната потрошувачка, помагаат за финансирање на трговскиот дефицит и ја намалуваат сиромаштијата. На крајот се анализира влијанието кое дознаките го имаат на македонската економија. Тие претставуваат еден вид на “стабилизационен фонд” за нашата економија и заслужуваат многу поголемо внимание, како од страна на носителите на економската политика, така и во академските кругови.

**Евалуација на трудот по реден број 23** *Рани и доцни дебати за улогата и ефикасноста на фискалната политика во стабилизација на економиите*. Во овој труд во генерализирана форма се прикажуваат гледиштата на макроекономската наука за релативното значење на фискалната и на монетарната политика во стабилизација на економиите. При тоа, се анализираат следниве прашања: кои се предностите на монетарната пред фискалната политика во стабилизација на економијата, дали и колку политиките се ефикасни во услови на пролонгирани и остри рецесии, дали монетарната политика треба да испорачува многу ниски стапки на инфлација, дали е пожелна политика на нулта стапка на инфлација, дали треба да се води дискрециона фискална политика или фискална политика базирана врз долгорочни правила или пак едноставно доволно ќе биде да се пушти фискалната политика да дејствува контрациклично преку автоматските стабилизатори. По однос на овие прашања се истакнуваат и различните ставови, но и конфронтации меѓу доминантните макроекономски школи во различни периоди: периодот 1940-1950 година меѓу кејнзијанците и класичарите, периодот 1960-1970, меѓу умерените кејнзијанци и монетаристи и периодот по 1990 година, меѓу новите кејнзијанци и класичари.

**Евалуација на трудот по реден број 33.** *Сегашната структура и перформанси на банкарскиот систем во Р.Македонија*. Во овој труд се анализира поставеноста, структурата и перформансите на македонскиот финансиски и банкарски систем. Исто така, се анализира значењето на финансискиот систем за економскиот развој во земјите. Ова се однесува на можноста за најдобра трансформација на заштедите во продуктивни инвестиции, што претставува мотор за економски развој. Најголемо значење во финансискиот систем имаат банките, кои вршат трансформирање на депозитите во финансиски средства, т.е. ги канализираат средствата од ентитетите кои имаат вишок на финансиски средства, кон оние што имаат недостаток од финансиски средства на истите. Во трудот се анализира развојот на македонскиот банкарски систем во процесот на

транзиција кон пазарна економија. Исто така, се прави и компарација на карактеристиките на нашиот банкарски систем со банкарските системи на одредена група економии во подем, но и земјичленки на ЕУ и еврозоната. За таа цел се прави анализа на различни показатели: процентот на концентрација на банките, процентуалното учество на кредити во БДП, коефициентот на адекватност на капиталот, процентот на лоши заеми, стапката на поврат на капиталот, односот на нетоприходите и вкупниот акционерски капитал.

Кандидатката д-р Весна Георгиева Свртинов е автор на монографијата *Финансиска либерализација и финансиска стабилност* и на книгата *Меѓународен финансиски менаџмент*.

**Евалуација на монографијата** *Финансиска либерализација и финансиска стабилност*. Научната книга, монографија, која кандидатот д-р Весна Георгиева ја објави во 2012 година, е посветена на еден нов тренд во светската економија, кој секојдневно добива се поголемо значење. Станува збор за феноменот на економска глобализација, која нуди бројни придобивки за сите учесници во глобалната економија. Финансиската глобализација на инвеститорите им овозможува да извршат диверзификација на своето портфолио, т.е. можност да го дисперзираат ризикот и да остварат највисока стапка на принос, при дадено ниво на ризик, зголемувајќи ги на тој начин благосостојбата и економскиот раст во домашните економии. Сепак, најновата генерација модели на финансиски кризи покажува дека финансиската глобализација може да биде извор на сите проблеми. Имено, во економиите во подем и во земјите во развој, големите приливи на капитал можат да бидат причина за настанување на финансиска криза, особено доколку се работи за краткорочен капитал во странска валута. Во еден период, странските заемодаватели се оптимистички расположени и прекумерно инвестираат во овие земји. Сепак, некој непредвиден настан може да предизвика грижа меѓу странските заемодаватели, што е причина за почеток на финансиска криза. Исто така, во книгата се истакнува растечкиот тренд на капитални контроли, по последната глобална финансиска криза. Всушност, многу економии, како: Бразил, Кина, Аргентина, Тајван, Тајланд, Јужна Кореја, Перу, Индонезија и други, со цел да го намалат притисокот врз националните валути, воведоа различни форми на капитални контроли. Ова претставува враќање на кејнзијанското мислење за тоа како треба да бидат регулирани меѓународните финансиски текови.

**Евалуација на книгата** *Меѓународен финансиски менаџамент*. Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало, кое од теоретски и од практичен аспект ќе им овозможи на студентите да стекнат знаење од областа на меѓународниот финансиски менаџмент, која дисциплина особено доби значење кога земјите започнаа да ги отстрануваат препреките за движење на добра, услуги, луѓе и капитал. Овој феномен е добро познат како процес на либерализација. Како резултат на процесот на либерализација и можноста да се започне да се води бизнис на кое било место на Земјината топка, претпријатијата започнаа да ги разгледуваат можностите за работа надвор од своите граници. Овој процес, секако, беше поттикнат и од напредокот во телекомуникацијата, во транспортот и секако, од појавата на интернетот. Покрај тоа, од ден во ден, пазарите на капитал стануваат се поинтегрирани, па солидното познавање на меѓународните финансии е од круцијално значење за да можат корпорациите да донесуваат различни одлуки. Првата глава е посветена на економската глобализација, т.е. на енормниот пораст на трговијата и на инвестирањето, транснационалната интеграција на производството, зголемувањето и забрзувањето на финансиските текови, создавањето

на единствен глобален светски пазар. Во втората глава од материјалот се анализираат мултинационалните компании, како главни носители на процесот на глобализација. Во третиот и во четвртиот дел од книгата, фокусот е ставен на девизниот пазар и на неговите функции, како и на значењето на финансиските деривати, како еден вид на финансиски иновации. Особено внимание се посветува и на факторите од кои зависи движењето на девизните курсеви: ценовната инфлација, каматните стапки, психологијата на пазарот итн. Во петтиот дел се прави анализа на режимите на девизни курсеви и се анализираат позитивните и негативните страни на фиксниот и на флексибилниот режим на девизен курс. Значајно место во овој дел е анализа на излезните опции на Република Македонија од режимот на фиксен девизен курс. Шестиот дел е посветен на меѓународниот монетарен систем, со кои се детерминираат девизните курсеви меѓу националните валути. При тоа, се разгледуваат меѓународните монетарни системи, од Златниот стандард, преку Бретонвудскиот систем, до денешниот меѓународен монетарен систем. Седмиот и осмиот дел се посветени на европската интеграција и на валутното подрачје на еврозоната. При тоа, во седмиот дел се дава одговор на прашањето што претставува оптимално валутно подрачје и се анализираат користите и трошоците, кои земјите ги имаат кога воведуваат заедничка валута. Деветтиот дел е посветен на анализа на глобалениот пазар на капитал, на мотивите за инвестирање и за позајмување на странските пазари, како и анализа на позитивните, но и на негативните ефекти за земјите увознички и извознички на капитал. Во продолжение на овој дел се разгледува и феноменот познат како економска трилема, кој се однесува на тоа дека земјата не може истовремено да ги остварува следниве три цели: мобилност на капиталот, фиксен девизен курс и монетарна политика која е насочена кон остварување на домашните цели. Десеттиот дел се однесува на анализа на билансот на плаќање, причините за неговата нерамнотежа, како и методите за прилагодување (урамнотежување) на платниот биланс. Исто така, се анализира поврзаноста меѓу дефицитот на тековната сметка и валутните кризи. Значајно место во овој дел зазема и анализата на билансот на плаќање на Република Македонија, како и динамиката на либерализација на капитално-финансиската сметка на платниот биланс во нашата земја. Единаесеттиот дел е посветен на меѓународна трговија и на користа која земјите ја имаат од увозот и од извозот. Овој дел има особено значење бидејќи во светот постои долгорочен тренд на интензивирање на меѓународната размена и пораст на значењето на трговијата за вкупниот економски раст. Во последниот, дванаесетти дел, фокусот е ставен на странските директни инвестиции. Во овој дел се објаснуваат причините заради кои некои претпријатија наместо извоз или лиценцирање, преземаат странски директни инвестиции. На крајот се анализира движењето на странските директни инвестиции за време на последната глобална финансиска криза, при што се истакнува дека тие не се толку стабилни и можат да покажат волатилност, како и сите други типови на капитални текови, доколку глобалната економија се соочува со финансиски нестабилности.

Согласно со Правилникот на УКИМ за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје, кандидатката достави пополнет Образец во кој се евидентирани сите активности на кандидатката во делот на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Според тоа, кандидатката остварила вкупно 208,8 бода што е над утврдениот број на бодови за избор во наставно научно звање доцент.

**II Заклучок и предлог на Комисијата**

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и изнесените информации за научна активност на пријавените кандидати за избор на еден наставник во наставнонаучното звање доцент од научното поле Општествени науки, подрачје економски науки и во областа на меѓународните економски односи, Комисијата со задоволство констатира дека од двајцата пријавени кандидати, д-р Весна Георгиева Свртинов во целост ги исполнува барањата на конкурсот. Кандидатката докторирала во областа на меѓународната економија, поточно во областа на меѓународните финансии, има значителна научноистражувачка активност во областа, како и искуство на наставник на прв и втор циклус универзитетски студии. Исто така кандидатката приложи и Образец (табела) согласно со барањата од точка 2 на објавениот конкурс, како посебни услови предвидени со законот за високото образование.

Кандидатот Игор Тантуровски не ги исполнува условите од точка 2 на конкурсот, односно кандидатот не доставил Образец (табела) за наставно-образовни, научно-истражувачки и стручно-апликативни активности.

Според постигнатите резултати во текот на нивното образование и работно искуство на кандидатите, Комисијата го констатира следново:

1. андидатката д-р Весна Георгиева Свртинов има докторска дисертација од областа на меѓународните финансии, која соодветствува на областа за која е распишан конкурс за избор на еден наставник-доцент;
2. од списокот на објавените трудови и нивната содржина, како и досегашната научноистражувачка активност на двајцата кандидати, Комисијата утврди дека кандидатката д-р Весна Георгиева Свртинов има објавено голем број трудови од областа на меѓународната и монетарна економија во релевантни научни списанија и мошне активно работи на истражувања од оваа област;
3. преку досегашната работа на високообразовна институција, како асистент во областа на макроекономијата, меѓународните финансии, со монетарната економија, кандидатката д-р Весна Георгиева Свртинов се издвојува и според стекнатото наставно искуство.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставнонаучни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката д-р Весна Георгиева Свртинов во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор и вработување на еден наставник од областа на меѓународната економија. Оттаму, Комисијата му **предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја избере д-р Весна Георгиева Свртинов во наставно-научно звање доцент во научното поле на општествените науки , подрачје: економски науки и во областа на меѓународните економски односи.**

**Рецензентска комисија**

1. **Академик Таки Фити** , с.р.
2. **Проф. д-р Силвана Мојсовска,** с.р.
3. **Проф. д-р Биљана Ангелова,** с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Весна Георгиева Сврtинов**
**Институција: Економски институт - Скопје**
**Научна област: економски науки**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|
| **Одржување на настава**<br>**- од прв циклус студии** | **29,4** |
| Основи на финансии 9*15*0,04*1=5,4<br>Основи на финансии 6*15*0.04*1=3,6<br>Основи на финансии(бизнис информатика) 2*15*0.04=1,2<br>Меѓународни финансии (Штип)3*15*0.04*2=3,6<br>Меѓународни финансии (Струмица) 3*15*0.04*1=1,8<br>Меѓународен финансиски менаџмент 3*15*0.04*1=1,8<br>Биланс на плаќања 1*15*0.04*1=0,6<br>Микроекономија 3*15*0.04*1=1,8<br>Микроекономија (бизнис нформатика) 2*15*0.04*1=1,2<br>Финансиски пазари и институции 3*15*0.04*1=1,8<br>Европски монетарен систем и монетарна политика на ЕУ 2*15*0.04*1=1,2<br>Макроекономија 3*15*0.04*1=1,8<br>Монетарна економија 3*15*0.04*1=1,8<br>Финансиски менаџмент 3*15*0.04*1=1,8 | |
| **Одржување на настава**<br>**- од втор циклус студии** | **6,3** |
| Управување со трошоци (3*7*0.05 =1.5)<br>Глобални електронски плаќања<br>Промоција<br>Современи концепции на пари<br>Управување со финансиски институции<br>Пари и банкарство | |

| | |
|---|---|
| **Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)**<br><br>Основи на сметководство 9*15*0.03*1 = 4,05<br>Финансиско сметководство 9*15*0.03*1=4,05 | **8,1** |
| | |
| **Консултации со студенти**<br><br>Основи на финансии 150*0.002 = 0,3<br>Основи на финансии 150*0.002 =0,3<br>Меѓународни финансии 150*0.002 =0,3<br>Меѓународен финансиски менаџмент 30*0.002=0,06<br>Биланс на плаќања 30*0.002=0,06<br>Микроекономија 150*0.002 =0,3<br>Микроекономија (бизнис информатика) 10*0.002=0,02<br>Финансиски пазари и институции 30*.0002=0,06<br>Европски монетарен систем и монетарна политика на ЕУ 20*0.002 =0,04<br>Макроекономија 30*0.002 =0,06<br>Монетарна економија 100*0.002=0,2<br>Финансиски менаџмент 45*0.002=0,09 | **1,79** |
| **Ментор на дипломска работа** (15 * 0.2) | **3** |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** (4*0,3) | **1,2** |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (20 *0.1) | **2** |
| **Позитивно рецензиран универзитетски учебник- автор:**<br>"Меѓународен финансиски менаџмент"<br>Рецензенти: проф. д-р Ристо Фотов и доц.д-р Оливера Ѓеоргиева Трајковска (во печат) | **8** |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| **Вкупно:** | **60,03** |
| | |
| | |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Вид на активноста | поени |
|---|---|
| **Одбранета докторска теза:**<br><br>“Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност” , Економски факултет,Универзитет „Св Кирил и Методиј”, Скопје, 2011 | **8** |
| **Одбранета магистерска работа:**<br><br>“Хармонизација на банкарскиот систем на РМ со банкарската регулатива на ЕУ”, Економски факултет,Универзитет „Св Кирил и Методиј”, Скопје, 2008 | **4** |
| | |
| **Учесник во национален научен проект:** | **9** |
| 1. Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание, Универзитет „Гоце Делчев” Штип, 2013-<br>2. Мерење на рамнотежниот реален девизен курс во Република Македонија, проект финансиран и публикуван од Народната Банка на Република Македонија, Скопје, 2006-2007.<br>3. Проект Due Diligence, Радо Банка Скопје, финансиран од ДЗИ Групација Софија, март-мај 2005. | |
| **Учесник во меѓународен научен проект:** | **15** |
| 1. Изработка на инвестиционен план за производство на композитни материјали Procompo in Triz во Тетово, проект финансиран од PROCOMPO, Италија, 2014 година.<br>2. Истражување на финансиските политики и инструменти за справување со кризи во земјите од Европската унија и нивна примена во земјите-кандидати за членство од Западен Балкан, проект финансиран од Community development institute-Институтот за развој на заедницата. Јуни 2011 година.<br>3. Проект за анализа на економската исплатливост на изградбата на биогасни централи од страна на BIOEN HOLDING, финансиран од страна на BIOEN Милано, 2012. | |
| | |
| **Монографија:**<br>„Финансиска либерализација и финансиска стабилност”, | **8** |

| | |
|---|---|
| „Македонска Ризница", Куманово, 2012. | |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно<br>списание:** | |
| 1. *Economic activity, trade flow and gravity model.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University – Stip, (2013) (2 автори) 3,6<br>2. *Прашања и дилеми во врска со капиталната либерализација-посебен осврт на Република Македонија.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, (2013) (2 автори) 3,6<br>3. *Early and recent debates on the role and efficiency of fiscal policy in stabilization of the economies.* Macedonian Academy of Sciences and Arts, 2011. ( 2 автора) 3,6<br>4. *Сегашна структура и перформанси на банкарскиот сисетем во Р.Македонија.* Економија и бизнис, Скопје, јули-август 2009.<br>5. З*начењето на стандардот Базел 2 во заштита на банкарскиот систем од ризици.* Економија и бизнис, Февруари 2009.<br>6. *Предностите на електронското банкарство и можноста за негова имплементација*. Економија и бизнис, Ноември 2008.<br>7. *Рецесија-дефиниција, мерки и прогноза.* Економија и бизнис, Скопје, мај 2009. | **26,8** |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор[3] :**<br><br>1. *The macroeconomic effects of remittances in Southeast Europe.* Economic and Social Development" Belgrade . ISSN 978-953-6125-08-1, (2014).<br>2. *Capital flows to emerging and transition economies during and after the global financial crisis in 2008*. Balkan Social Science Review, 1. ISSN 1857- 8772.(2014).<br>3. *The impact of capital controls on maintaining macroeconomic and financial stability in emerging market economies.* Turkish Asian Center for Strategic Studies.TACAM, (2012).<br>4. *The macroeconomic effects of remittances in Southeast Euro*pe. International Institute for Middle East and Balkan studies, (2012). | **24** |
| | |
| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собер:**<br><br>1. *Liberalization of capital flows in the EU accession countries.* International Scientific Conference: The Future of Integration, the | **11,6** |

| | |
|---|---|
| Future of the European Union. Свищдов, Бугарија, (17 Мај 2013). (2 автора)<br>2. *Positive and negative effects of financial globalization on developing and emerging economies.* International Scientific Conference "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization". Државен Универзитет во Тетово. pp. 127-128. (декември, 2013) (3 автори)<br>3. *International education standards for professional accountants.* Jubilee International Scientific Conference "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives" dedicated to the 60th Anniversary of Finance and Economic Accounting Bachelor Programme, 2. pp. 222-227. ISSN ISBN 978-954-23-0910-9. Октомври, 2013 ( 3 автори)<br>4. *The future of IFRS (Iinternational Financial Reporting Standrads).* Јубилејна меѓународна научнопрактична конференција-Финансиите и финансиското сметководство-состојби,тенденции, перспективи, Стопанска академија Ценов", Свиштов, Бугарија, 2013. ISSN 978-954-23-0910-9, октомври 2013, (3 автори).<br>5. *The impact of financial instability on FDI dynamics. International Scientific Conference* "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives" dedicated to the 60th Anniversary. Свищдов, Бугарија.Октомври, 2013 (3 автори)<br>6. *Подобрување на деловното одлучување преку ефикасно финансиско известување.* Зборник на трудови - Економско-финансиската криза и сметководственото окружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија. pp. 53-71. ISSN 978-9989-747-32-8, ( октомври 2013) (3 автори).<br>7. *Strengthening culture, knowledge and innovation as drivers of economy growth.* Jubilee International Scientific Conference: Standards in and challenges to public administration in the XXI century, Бугарија, мај 2013, (2 автора). | |
| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:**<br><br>1. *Излезни стратегии од режимот на фиксен девизен курс за македонската економска политика.* Зборник од Петтата меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток-Запад, Меѓународен славјански институт, Свети Николе, (2014) (3 автори).<br>2. *Contribution and problems of foreign investment to sustainable* | **20,7** |

| | |
|---|---|
| *development of developing countries.* Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад“ (култура, славјанство и економија), (2014). (3 автори).<br>3. *Globalization and the income distribution between the countries.* Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој”, Европски универзитет, Скопје. (2014). (3 автори)<br>4. *The information technology and science: Where is the limit and how resolving simple human problems.* Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој”, Европски универзитет, Скопје. (Европски универзитет, Скопје) (Мау 2014). (2 автори)<br>5. *Creative and culture entrepreneurship in global business world.* Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. Европски Универзитет. (јуни, 2013). (2 автора).<br>6. *Financial crisis in the globalization era*. Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. Јуни, Европски универзитет, јуни 2013, (2 автора).<br>7. *Историски развој на финансиската глобализација.* Четврта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток - запад (култура, славјанство и економија). Меѓународен Славјански Универзитет. (2013) (2 автори)<br>8. *Strengthening institutional architecture to support the small-medium enterprises to make Macedonian economy more competitive in global challenges.* Четврта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток - запад (култура, славјанство и економија).Меѓународен славјански универзитет (2013) (2 автора). | |
| | |
| **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество :** | **16** |
| 9. Одржано предавање на тема: *The implications of global financial crisis on developing countries-with special reference to Macedonia.*, на Четвртата меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој", Европски универзитет, Скопје, (2014).<br>10. Одржано предавање на тема: *Современите финансиски кризи во ерата на глобализацијата.*, на Третата меѓународна научна конференција: Промените во глобалното општество, Европски универзитет, Скопје (2013).<br>11. Одржано предавање на тема: *Creative and culture entrepreneurship in global business world.*, на Третата меѓународна научна конференција: Промените во глобалното општество, Европски универзитет, Скопје (2013). | |

| | |
|---|---|
| 12. Одржано предавање на тема: *Positive and negative effects of financial globalization on developing and emerging economies.* International Scientific Conference "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization". Државен универзитет во Тетово (6 декември 2013).<br>13. Одржано предавање на тема: *Liberalization of capital flows in the EU accession countries.* International Scientific Conference: The Future of Integration, the Future of the European Union. Свищдов, Бугарија (17 мај 2013).<br>14. Одржано предавање на 18 Меѓународна научна конференција, Regional Development and Demographic flows of South-East European Countries, Економски факултет, Ниш, (21 јуни 2013).<br>15. Одржано предавање на тема: *Банкарските системи во земјите на Југоисточна Европа за време и по глобалната финансиска криза* Научен собир на Економскиот институт во Љубљана (јуни 2011 година).<br>16. Одржано предавање на тема: *Движењето на странските директни инвестиции во економиите во транзиција по последната глобална економска криза*, Научен собир на Економскиот Институт во Белград (април, 2011 година).<br><br>**Вкупно: 143,1** | |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Вид на активноста | Поени |
|---|---|
| Дејности од поширок интерес | |
| **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собер:** | **1** |
| 1. Член на Организациониот комитет на научниот собир "Економска политика, економски систем и развој",посветен на академик Никола Узунов, МАНУ, март 2011 година<br>2. Член на Организациониот комитет на тркалезна маса по повод 100 години од раѓањето на Академик Кирил Миловски на тема: "Актуелни проблеми на регионалниот развој и на пазарот на труд", МАНУ, октомври 2012. | |
| **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собер:**<br><br>1. Член на Организациониот комитет на научниот собир „6th | **1** |

| | |
|---|---|
| Balkan Communication Network, Annual Conference “Energy, Security and Human Development”- организиран од МАНУ и од Турската академија на науките TASAM, септември 2011 година . | |
| **Член на факултетска комисија:** | **1** |
| 1. Комисија за признавање на испити на студентите кои се префрлуваат од други универзитети и факултети на Економскиот факултет<br>2. Комисија на одбор за соработка и доверба со јавноста на Економскиот факултет | |
| **Член на комисија за избор во звање:**<br>1. Избор на асистент од областа меѓународна економија 0,2<br>2. Избор на асистен од областа историја на економска 0,2 | **0,4** |
| | |
| | |
| **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**<br>1. Начелни прашања за кодификација на македонското граѓанско право, проект на Владата на РМ, започнат во 2011 година. | **2** |
| | |
| **Вкупно** | **5,4** |
| | |
| | |
| ВКУПНО: | 208,8 |
| | |

Рецензентска комисија:
Академик Таки Фити с.р.
Проф.д-р Силвана Мојсовска с.р.
Проф.д-р Биљана Ангелова с.р.